ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА,
ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА
И УМЕТНОСТ

Бр. 6-7
Струмица, 2021

Конески



ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА,
КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

6-7

6-7/2021

ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

Издавач:

Друштво за наука, литература, култура и уметност

„Иван Василевски“ - Струмица

Главен и одговорен уредник

Ана Витанова – Рингачева

Уредници

Сузана Мицева
Далибор Плечиќ

Редакција

Никола Шимиќ - Тонин (Хрватска)
Марија Павловиќ (Србија)
Урсула Келер (Австрија)
Олга Лалиќ – Кровицка (Полска)
Васил Дрвошанов (Македонија)

Лектура

Васка Кирова

Дизајн на корица

Ване Костуранов

Списанието ЗЕНИТ е финансирано од Министерството за култура на Република Северна Македонија и од буџетот на Општина Струмица.

СОДРЖИНА

СЛИКА ПРВА.....7

АНА ВИТАНОВА - РИНГАЧЕВА. ГОДИНАТА 2021.....13

НЕ СУМ ОСАМЕН ВО СВЕТОТ (Интервју на Христо Петрески со Блаже Конески).....23

ГО НЕМАМЕ ГОЛЕМИОТ ЧОВЕК МЕЃУ НАС (Интервју со проф. д-р Вера Стојчевска - Антиќ.....24

ДЕЛОТО НА БЛАЖЕ КОНЕСКИ СЕКОГАШ БАРА НОВИ ПРИОДИ И ПРОУЧУВАЊА (Интервју со Атанас Конески, секретар на Фондацијата за македонски јазик „Небрегово“).....40

Олга ПАНКИНА. СО ПОЧИТ КОН ДЕЛОТО НА БЛАЖЕ КОНЕСКИ (Мој придонес во популаризацијата на делото на Конески во Русија).....44

Васил ТОЦИНОВСКИ. МОИТЕ ПРОФЕСОРИ.....51

Иван АНТОНОВСКИ. „ГЛАДНА КОКОШКА ПРОСО СОНУЕ“ КАКО КНИЖЕВНА И КУЛТУРОЛОШКА НЕСЛУЧАЈНОСТ (Обид за препрочитување на единствениот објавен драмски текст на Блаже Конески).....64

Марија ИВАНОВА. „ЈАЗИКОТ Е НАШАТА ЕДИНСТВЕНА НЕПОДЕЛЕНА ТАТКОВИНА“ (По повод 100-годишнината од раѓањето на Блаже Конески).....71

Валентина ТРАЈАНОВСКА. ЗА КОНЕСКИ ВО ТЕГЛИЧКА СО СИНТАКСИЧКА КАША.....78

Марија БРНДЕВСКА. БЛАЖЕ КОНЕСКИ ЗА НАЦИОНАЛНОТО ПРЕЖИВУВАЊЕ....83

Ѓорѓи ЗИМБАКОВ. ДОБАР КАКО МАЈКА.....85

Елена СОКОЛОСКА. НЕ ВЕРУВАМ ДЕКА НЕКОЈ ЌЕ МИ ПОВЕРУВА.....91

Милена РИСТОВА-МИХАЈЛОВСКА. НА БЛАЖЕ КОНЕСКИ.....94

Христо ПЕТРЕСКИ. АНГЕЛОТ ОД НЕБРЕГОВО (десет пеења за единствениот и неповторливиот Блаже Конески).....102

СЛИКА ВТОРА.....107

I ПОТРАГА ВО ДВА НОСА.....108

ДУХОВНОСТА Е ЕДИНСТВЕНИОТ НАЧИН ДА СЕ СПАСИМЕ ОД СÈ ПОАГРЕСИВНИОТ И ПОСТОЈАН НЕДОСТИГ И БЕДНОСТ, СО ПОВТОРУВАЧКАТА НЕПРАВЕДНОСТ И НИСКИТЕ ВИБРАЦИИ НА ЖИВОТОТ (Интервју со Владимир Зарев, писател и универзитетски професор).....110

ПИСМЕНА КОРЕСПОНДЕНЦИЈА ПОМЕЃУ МОНИК ШВИТЕР И НИКОЛА МАЏИРОВ.....119

II ПРУГА

Радмила ПЕТРОВИЌ (Србија).....128

Катарина САРИЌ (Црна Гора).....131

Искра ПЕНЕВА (Србија).....135

Бреда СЛАВИНЕЦ (Словенија).....136

Ибрахим ОСМАНБАШИЌ (Босна и Херцеговина).....138

Јернеј КУСТЕРЛЕ (Словенија).....141

Вонбјошт ВАНГ (Фарски острови).....143

Марам АЛ-МАСРИ (р.Сирија, живее во Франција).....145

Наталија НЕДЕЛКОВА (Бугарија).....147

Лејла КАЛАМУИЌ (Босна и Херцеговина).....149

Лана БАСТАШИЌ (Србија).....153

Зорница ГАРКОВА (Бугарија).....156

Лалка БЕНЃУЗОВА (Бугарија).....162

III ГУНА.....164

Љулзим ХАЗИРИ.....166

Катерина ПАНОВ-КОЖАРОВ.....170

Митко ГОГОВ.....171

Тихомир ЈАНЧОВСКИ.....173

Далибор ПЛЕЧИЌ.....174

Даниела АНДОНОВСКА-ТРАЈКОВСКА.....176

Дејан КРСТЕСКИ.....178

Павлина АТАНАСОВА....180
МартинаДАНИЛОВСКА....182
Александра САРКОСКА....184
Верица АРАПОВА....186
Тони ЏОРЛЕВ....188
Марина ДАНИЛОВСКА....190
Ѓургица КОСТАДИНОВСКА....193
Игор ПОП ТРАЈКОВ....196
ЕленаПЕТКОВСКА....200
ЗлаткаПЕТРОВА....202
ВангелиПЕТРУШУ....204
Усние АСАНОСКА....205
Михаела СТЕФАНОВСКА....207

IV П(Р)ОГЛЕДИ....208

Ана ВИТАНОВА-РИНГАЧЕВА. ЧУДОВИШТЕТО ВО НАС! (Одгласи по прочитот на романите „Пропаст“ и „Чудовиштето“ од Владимир Зарев и преведувачкиот подвиг на Бранислав Мирчевски)....210

Ариан ЛЕКА. ИСТРЕБУВАЊЕТО НА ДРУГИОТ ОД МЕТЕОРОЛОШКАТА КАРТА..224

Сузана МИЦЕВА. ИВАН КОТЕВ – ПОЛОВИНА ВЕК ЧУВАР И ЗАПИСНИЧАР НА НАРОДНИОТ БИТ....231

Соња ЕНЏЕКОВА-СОПОТСКА. ФЕНОМЕНОЛОШКИОТ АСПЕКТ НА ЖРТВАТА ВО МАКЕДОНСКИОТ ПОЕТСКИ ФОЛКЛОР....235

Стево ПАВЛОВСКИ. ФЕНОМЕНОТ НА ПЦОВКИ И ВУЛГАРНИ ЗБОРОВИ ВО ДРАМСКИОТ ДИСКУРС НА ДЕЈАН ДУКОВСКИ....245

Сузана МИЦЕВА. СТИХ УЛОВЕН ВО ОД (Кон поетската збирка „Усменија“ од Мариета Дукиќ)....256

Снежана СТОЈЧЕВСКА. КОН ПОЕТСКАТА КНИГА „ГОЛЕМАТА ПРЕГРАТКА“ ОД ПАВЛИНА АТАНАСОВА....258

V АРТитектура....261

Никола ПИЈАНМАНОВ. СТО ГОДИНИ ТВОРЕЧКА САМОТИЈА....264

Софија и Горан ТРЕНЧОВСКИ. НОВИ МОТИВАЦИИ, ДВИЖЕЊА И ПАТЕКИ. Еден пандемиски преглед на „Астерфест“....266

СЛИКА ПРВА

ДВОБРОЈОТ НА СПИСАНИЕТО „ЗЕНИТ“ 6-7 ГО ПОСВЕТУВАМЕ НА ВЕЛИКАНОТ БЛАЖЕ КОНЕСКИ И НА СТОТЕ ГОДИНИ ОД НЕГОВОТО РАЃАЊЕ.

Од редакцијата



Сум избран – сета невола и таѓа
и сета ропска потиштеност ѓрда
на еден народ да ја истрадам
молчаливо и тврдо да ја носам.

Блаже Конески

Блаже КОНЕСКИ

ТЕШКОТО

О, тешкото! Зурли штом диво ќе писнат,
штом тапан ќе грмне со подземен екот -
во градиве зошто жал лута ме стиска,
во очиве зошто ми навира река
и зошто ми иде да плачам ко дете,
да превијам раце, да прекријам лик
та гризам јас усни, стегам срце клето,
да не пушти вик.

О, тешкото! Старци излегуват еве,
на чело им мисла, во очи им влага
и првиот чекор по меката трева
е мирен и бавен, со здржана тага.
Но ‹рзнува тапан и писок се крева
и молнија светнува во секој глед,
и напред се пушта, се стрелка, се слева
стегнатиот ред.

До старците момци се фаќаат скокум;
не издржа срце - сив сокол во клетка,
не издржа пламен жив потулен во око,
не издржа младост што сака да летне!
Се залула оро! Се заврте земја,
и чиниш - се корне стресениот век,
и околу трпнат ридиштата темни
и враќаат ек.

И божем се врасло кипнатово оро
со исконска сила за земјава наша
и во него шуми на реките зборот,
и во него рика див ветер и страшен
и во него шепнат узреани житја
и вечерен мирис се разлева тих,
и земјата дише во пролетна ситост
со запален здив.
И душата, чиниш, на родот мој мачен
во тешково оро се уткала сета -
век по век што трупал сѐ попуст и мрачен

од крвава болка, од робија клета,
век по век што нижел од корава мисла
за радосна челад, за слободен свет,
од песна - за љубов што гине со пискот
ко жерав во лет.

О, тешкото! Кога во молк да те гледам,
на очиве магла ми напаѓа сура,
и одеднаш - в бескрај се растега редот
и ридја се губат в пустелија штура -
и еве кај иде од маглата матна
сѐ сенка до сенка, сѐ еден до друг -
во бескрајно оро син оди по татка,
по деда си - внук.

Времињата мрачни се нивното поле,
и нивната свирка - на прангите sвекот,
а главите им се наведени доле,
и покроце врват - сѐ чекор по чекор.
О, времиња, што ве в мрак родот мој минал,
кој збор ќе ми најде за вашата стрв?
Кој збор ќе ми најде за ужасот зинат
над пустош и крв?!

Кој број ќе ми каже на лутите рани,
на пламнати ноќи, на пеплишта пусти,
кој на срце болки ќе изреди збрани,
и на очи солзи, и клетви на усти?
О, тешкото! Синџир ти беше на робја,
од калеши моми и невести ред.
со врзани раце во плен што ги погнал
насилникот клет.

О, тешкото! Синџир ти беше на робја,
дур не стана народ во листена гора,
сѐ дури со јадот од векови собран
не поведе бујно, бунтовничко оро!
се залула танец низ крвје и огон,
и повик се зачу и грмеж во чад -
те разнесе сегде бунтовната нога
по родниот кат.
О, тешкото! Сега по нашите села
во слобода првпат штом ќе оро сретнам,
зар чудно е - солза да потече врела,

зар чудно е - жалба јас в срце да сетам?!
Од вековно ропство, мој народе, идеш
но, носиш ти в срце дар златен и пој.
Пченицата твоја триж плодна ќе биде,
И животот твој!



НИКОЛА ПИЈАНМАНОВ
„ТЕШКОТО“
комбинирана техника на платно 200x180 см

Ана ВИТАНОВА – РИНГАЧЕВА

ГОДИНАТА 2021

Се случи така, годината во која се навршуваат сто години од раѓањето на македонскиот исполин, великанот на македонската јазична и книжевна мисла, Блаже Конески, да ја дочекаме со одземена сила, на себе носејќи ги крилјата поткршени и снеможни, што да не можат да нѐ кренат во височините. А таму бевме, летавме умислени дека сме преголеми и дека висините се наши, одамна сме ги освоиле со желба да полетаме уште повисоко, поблиску до божјите предели, налик на вавилонски градители. Се случи ние, потомците на блажекоеското „смачкано племе“ на стогодишнината од неговото раѓање, повторно да го отвориме старото ковчеже, во кое со векови стои тапијата, онаа за која зборуваше Конески велејќи:„ќе ни бараат `тапија` за имотот (јазикот), како кога на селанецот што со векови од дедо-прадедо ја обработувал својата земја и го превртел и знае секое нејзино грутче му се бара поседовен лист, па и тоа дека е тешка раката што плаќа за маката“.

Цивилизираниот човек живее во воздејство со јазикот, за него сѐ е јазик и јазикот е сѐ. Во јазикот се обединува материјалната и духовна култура на човештвото, јазикот е производ на таа симбиоза, нераскинливо единство на двете материи.Тургенев рекол: „Во денови на размислување за судбината на својата татковина, јазикот ми е голема потпора; тој голем, моќен, вистинит и слободен јазик“. Еден народ зрее и созрева преку јазикот, таму во длабочините на јазикот се сокриени сите негови таги, радости, историски и лични неправди, дилеми и размисли, маки и прегрешенија. Во јазикот се чува нашето колективно паметење, јазикот ги чува песните, приказните, легендите... Сета литература создадена на македонски јазик всушност е нашиот отпечаток преку кој сме препознаени како посебен народ на Балканот, во Европа и во светот. Македонскиот јазик е архивот на македонската духовна и материјална култура. Тој е трезорот на вредното наследство, на архетипските слики наследени од нашите предци. Зарем тоа може некој да ни го земе, да го негира и обезвредни?! Во јазикот е нашето паметење. А возможно ли е да се живее без историското (колективното) и лично паметење?!

Кодификацијата на современиот македонски јазик се случува на Илинден 1944 година, донесувањето на одлуката за македонската азбука се носи на 5 мај, а за правописот на 7 јуни 1945 година. Всушност, македонскиот јазик преку чинот на кодификација се озаконува како книжевна и јазична норма во чиишто рамки ќе се одвива општествената и институционална развојна линија на новото македонско

општество, на македонскиот народ и држава како рамноправни чинители на новите цивилизациски текови. Но, македонскиот јазик не се создал во мигот на кодифицирањето, тој има своја предисторија, своја развојна линија што започнува од втората половина на 9 век до втората половина на 20 век. Јазикот живее отаде секој закон, норма, канон....Јазикот природно се раѓа низ живата народна реч, таму е врутокот, а кодификацијата е насипување на брегот и контрола на коритото каде што водата треба да тече, спокојно и по сите узуси на природата. Уште Сосир ни укажа на разликата меѓу јазикот како граматички систем и говорот како жива реч. Јазикот е народот што го зборува, додека е жив и последниот говорител, јазикот ќе постои.

Јазикот искри од народното творештво, таму е длабокиот рудник на јазично богатство, таму започнува да се создава културната меморија на македонскиот народ. Нашиот човек, сопствениот пораз го оплакувал на македонски јазик, пеел и додека војувал, се радувал на победите, тагувал, но и колнел на македонски, на јазикот на кој научил да сака, но и да НЕ заборава, кој и кога посегнал по неговото најсвето. И така, со векови ја носиме во наследство кармата дека сме во срцето на Балканот и дека злото катаноќ дреме на пусија, во страв да не пламне одново. Зарем сонот за присвојување на нешто што природно не ти припаѓа, не е само заблуда изродена од чувството на тоа дека, еден народ има надмоќ над другиот?! Зарем на Балканот не му беа доволни сите кошмари од кои се будеше средноќ, а кои веќе следното утро стануваа војна?! Нашето задумие ги чува живи сликите на колективните ни премрежија, трауми и болки. Никогаш не било, ниту денес не е лесно да се биде Македонец, без притоа постојано да си во грч и немир, дека некој одново ќе се дрзне да каже дека не постоиш.

Но, богата ни е историјата и како што вели академик Старделов *„во историјата на книжевноста, како и во историјата на еден национален јазик постојат епохални коперникански периоди“.* Според него, целокупната историја на македонската книжевност ја проследуваме низ пет историски епохи на македонската книжевност и јазик: епоха на св. Климент Охридски, на Димитар Миладинов, на Крсте Петков Мисирков, на Кочо Рацин и епоха на Блаже Конески, сите дејци на големите историски, јазични и културолошки пресврти во македонската културна историја. Последниот од нив, Блаже Конески е лингвистот, научникот, книжевникот, поетот којшто му даде смисла на македонскиот XX век. „Со него - вели Стаматоски, завршува многугодишната борба на најголемите умови на македонскиот народ за свој литературен јазик и за изградба на своја култура врз еден општоприемлив стандард, но со него истовремено започнува слободното и вистински сопственото проучување на разни аспекти на македонскиот јазик и тоа, врз солидни научни основи.“Токму тие научни основи Конески ги постави пишувајќи ги: „Македонскиот правопис и правописен речник“, „Граматиката на македонскиот литературен јазик“, „Речникот на македонскиот јазик“ , „Историјата на македонскиот јазик“, многу монографии, огромен број научни трудови, прилози и сл. Неговиот опус оп-

фаќа околу 750 авторски позиции од кои, 270 посветил на лингвистиката, 250 на книжевната наука, што за еден човечки век е премногу. Зарем е возможна толкава интелектуална издашност и колку сме способни да го осознаеме фактот дека на неполни 23 години Конески бил член на Комисијата за изготвување на македонската азбука и правопис?! Конески е човекот којшто гледаше визионерски, наспроти неговиот слаб и морен вид, дека македонскиот јазик е јазикот на една *„млада иолетна литература што со секој ден се иоиродотворно се разгранува“.*

Тој е чувар на духот на нашиот културен континуитет, поетот кој толку силно нурна во мракот на сите наши колективни и лични стравови, трауми и премрежија, оној кој со стих се обиде да ги заузда сите разбеснети буици. Конески преку својот силен збор „макар на непризнат јазик“, нè издигна високо, нè поткрена за да го видиме светот. Конески ги ископа пораките напластени некаде длабоко во „темните простори на македонското историско време“, оттаму крикна и рикна неговата песна. Конески знаел дека да се биде чувар на македонските бедеми, значи да се биде на удар од налетот на сите небулозни негирања, противречности, неправди, па и колективни трагедии. Неговата поезија е неговата битка, онаа последната, водена на присојна ледина, на Песјо Брдце. Неговите неспокојства не беа само негови лични приказни, тие беа изродени од чувството на немир поради неправедните атаци што неговиот, македонскиот народ и јазик постојано ги трпеа, а ги трпат и денес. Го обеспокојувале нападите однадвор, но ми се чини дека многу повеќе го болеле и силно го повредувале нападите од своите, од блиските, од оние кои со паганска мисла фрлале анатема врз неговото дело.

Тој неуморен копаничар на зборот сосема свесен за човековата минливост, знаел дека човекот го заслужува сопственото величие само преку делата. И тогаш кога полека го напуштале физичките сили, кога одот станувал тежок и бавен, видот морен и толку слаб, духовната сила никогаш не го напуштила. Таа дишела заедно со него, го крепела чинам и тогаш кога беспоговорно ѝ се предавал на смртта. Мојата генерација немаше привилегија лично да го запознае професорот Конески, но затоа, секојдневно читајќи го неговото дело, тој продолжува да биде наш учител. Вреди да се запрашаме: Колку врвици разгази Конески? Колку болки одболува заедно со стихот? Со колку бодликави круни го крунисаа?

Денес, погласно од кога и да било во историјата, стиховите на Конески нè опоменуваат дека не смееме да заборавиме да се свртиме назад, да погледнуваме наназад како што велеше самиот тој, таму во минатите времиња се чува она што нè обврзува сега и утре. Иронија ли е или игра на судбината на 100 - годишнината од неговото раѓање, неговиот сакан народ повторно да се соочува со рецидиви од некои минати болештини кои само навидум биле зацелени. Блажевиот народ, македонскиот народ денес се обидува да му докаже на светот дека македонскиот јазик е беспоговорна вистина и реалност и дека тоа е единственото право што безусловно му припаѓа. Делото на Конески е парадигма на којашто се повикуваме за да го

докажеме она што е чиста аксиома дека македонскиот јазик е јазик со длабока традиција и своја историја.

Блаже Конески нè откри во дамарите на нашето вековно траење. Со прометејска итрина и храброст од традицијата го украде вечниот оган на живиот збор, ни го подари за да ги узнаеме со него вистините за себе и за светот. Блаже заминува во надеж „дека не е тукутака што сум бил подложен на таков искус и на таква една мака. Таа негова мака денес е наш одвет, со неа ликуваме, и по сто години во нас одново се раѓа гордоста дека Конески не бил „сејач на глуво семе“, туку бил потомок на народ кој поседува неразбирлива безрасудна тврдоглавост да пишува на мал јазик. Нема мали и големи мемории, вели Хегел, а нашиот Митко Маџунков низ зборовите на својот лик Кирил Водочки вели: *„Малите народи“ и „малите јазици“ се како скриените птици од дрвјата: и невидливи пеат. Ние не знаеме дали нивната песна ќе стане чујна и разбирлива за цел свет, но знаеме дека духовната вредносна мерка е единствена, иста за сите.*

Конески се чита и препрочитува, над неговиот збор се бдее, од неговиот збор се раѓа чувство на страв од тоа колку тој знаел да нè прочита, читач како него македонската книжевна историја сè уште не запишала. Уште долго ќе го читаме и препорочитуваме Конески, уште долго ќе цитираме одломки од неговите песни како верник кој наизуст ги знае стихови од молитвата. *„Ние луѓето сме како тревана – ја газат, се задушува, гине, само земјата останува“* – сите ние еден ден ќе заминеме, но по нас останува нашата земја, каква ќе им ја оставиме на нашите потомци. Тие ќе судат и ќе знаат како да нè слават, но и како да нè осудат за ненаправеното. Јазикот е постар од сите, тој ќе нè надживее и ќе продолжи да дише во секој збор, на секоја следна генерација. Денес на големиот македонски празник 5 мај, денес стоте лета од првиот плач на новороденото дете на Коневци, во скромната небреговска одаја како сè уште да шкрипи звукот на стариот родан ткаејќи ја најмакедонската приказна. Затоа ќе завршам со зборовите на Славко Јаневски, *„Блаже никогаш не ќе е минато!“ Тој е и денес со нас. Посилно од кога било досега!*

Стариот џивџан Конески во песната „Македонските поети“ ќе рече:

Каква судбина!

Да ти се чини дека правиш

Најзалудна работа на светов.

А мојата маленкост, од сојот на младите голиштарци џивџани песнарии, токму со тоа чувство ја напиша песната „На Читачот“, посветена токму нему, на Конески.

НА ЧИТАЧОТ

На Блаже Конески

Јас те знам.
Не еднаш сум те сетила
како вадиш вода од тишјакот
за со неа да го полееш зборот.

Го правиш тоа ноќе
дур болот жили
дур немошница потајум
по коските лази.

Те узнавам тивко.
Стоиш пред мене
со поглед строг и јарост гласна.
Речи збор, опомена, укор!
Земи сор!
Потсечи ни ги
дивите ластари
тајум што се ластарат
во туѓ двор,
на туѓа меѓа.

И молкум мислата гине
заспива ко дете во скутина.
Зарем требало да ѝ бидеш
јарка потпора на осамата,
со голи раце црква да градиш
правејќи пат низ честакот
на душата?!

Тиши зборот,
читачу!
Ноќта е млада.
Зажарува мугра.
Ново расткајување на денот!

Штип, 5 Мај 2021 год.



СЛАВИЦА МИЛЕВА
„ВОЛК“
акрилик на хартија

Блаже КОНЕСКИ

ВОЛК

Пците неспокојно застригоа со ушите
И заквичеа.
'Ртките задраскаа со нокти
По мразот осветлен од месечината.
Негде наблизу подмолно гази
Сенката на волкот на љубовта.
Некој свика:
Уjда-да-да, по него, дрште го бре!
Зазбиван од гонењето, тој запре,
Да земе здив.
Оддалеку се слуша неговото завивање:
Ау, ауу, ауuу!
Тоа значи: пак ќе наминам.

Тоа е еден опис на обична ноќ
Во смрзнатата шума на моето срце.

НЕ СУМ ОСАМЕН ВО СВЕТОТ

Интервју на Христо Петрески со Блаже Конески

За средба и разговор со академик Блаже Конески – беше доволен еден кус телефонски разговор и веќе следниот ден, точно во закажаното време, да се сретнеме и да поразговараме. А, она што посебно сакавме да го прашаме поетот и научникот Конески, беа повеќе прашања кои ретко, или воопшто, не му биле поставувани...

Разговорот, не случајно, го започнавме со прашањето за неговото родно место:

- Дали и колку сеѓа му се навраќаше на своето родно Небреѓово?

- Јас сум роден во Небрегово, во 1921 година. Моето детство помина таму. Дури и прво одделение таму завршив, пред да се преселиме во Прилеп. Небрегово е мало село, по Бабуна, под Мукос. Во моето детство имаше 45 куќи. Инаку, се споменува уште во XVI век. Сега за селото сум врзан со многу спомени. За жал, нашето и поширокото семејство е иселено. До пред некоја година таму живееше уште една моја тетка, но и таа е сега прибрана, по смртта на својот маж, во Прилеп. Последен пат во Небрегово бев кога се отвораше патот Прилеп – Небрегово, а јас бев ангажиран во Одборот за изградба на тој пат. Населението се проретчува.

Од Небрегово понесов многу што е поврзано со селската традиција. Во Скопје дојдов непосредно по 13 ноември 1944 година. Се сместивме како било. Во почетокот спиевме наземи во сегашната печатница „Гоце Делчев“, без постилач и покривач. Јас дружев со луѓе - свои врсници, што ги познавав или од гимназијата, или од студентските денови во Белград: Владо Малески, Киро Хаџивасилев, Лазар Мојсов и др. Ние го организиравме списанието „Остен“ / тоа беше една од нашите први акции/ и издадовме само 2 броја; немавме сили да ја продолжиме таа акција. Тука беа и Славко Јаневски, Ацо Шопов, Гого Ивановски, Јован Бошковски и др. Јас работев како лектор во Народниот театар и тоа ми беше прва служба. Таму соработував со Димитар Ќостаров, Илија Милчин, Петре Богданов – Кочко. Со ова набележувам еден круг луѓе кои се ангажираа во развивањето на формите на културниот живот по ослободувањето. Од постарите, на прво место би го спомнал Васил Иљоски, потоа Ристо Крле и Ристо Проданов.

- Кажете ни нешто повеќе за судирот реалисти-модернисти, како неѓов сведок?

- Мислам дека при судирот

реалисти-модернисти имавме ситуација што не се јави спонтано кај нас, туку под влијание на ситуацијата во Белград, каде што судирот реалисти-модернисти имаше свои корени уште пред војната. Поради смената на некои политички луѓе беше можно да се искажуваат различни мислења. Дури и во политиката се инсистираше на борба на мислења и сметам дека многу нешто кај нас беше пренесено. Во една ситуација кога сигурно се јавиле некои судири и овде меѓу луѓето, често не на планот на литературата, туку на друг план – за мене тој спор беше банален. Јас не сакав да се мешам во тие конфронтирања...

- Вие лично, многу ретко сте се конфронтирале, дали од страв да не се замерите со некого, или...?

- Јас сум имал конфронтации, дури имам и текстови во кои многу остро настапувам. Јас сега нив не ги препечатувам. Особено е остар текстот за слабите преводи на македонски јазик, но и по повод други литературни текстови. Јас рано се уверив дека не треба да се крева шум, туку темелно да се гради. Полемичките победи не водат кон ништо. Во тоа време /1949-50/ го читав Декарт, кој вели дека решил уште како многу млад да не влегува во полемики. Тој вели дека да водиш полемика е исто како да се тепаш со слепец. Ти мавташ, тој отстапува, а потоа кога тој ќе те потфати...

- Се чини дека во Вашиот живот сè сте работеле постапно, никогаш преку ноќ, на прескок...

- Јас и повеќе сум работел на науката, отколку во литературата. Не сум пишувал многу во литературата. Јас сум, на пример, беспомошен, ако треба да се изјаснувам за нешто, ако не сум запознаен со сите факти. Сепак, јас сум се трудел да стекнам поширока култура. Сум читал литература на светски јазици, есеистика... Кога пишуваа бушави есеи, неразбирливи текстови, јас не можев да ги прифатам, зашто знаев како пишуваат Англичаните. Она што изгледа кај мене како постапност, се базира на информацијата што сум можел да ја добијам.

- Често се говори дека македонскиот речник не е комплетен, односно дека има зборови кои во него не се содржани?

- Јас десет години сум изгубил на Речникот, сега нека изгуби некој друг!

- Да се вратиме на некои од Вашите песни. На пример, „Есенско утро“, „Виј“...

- „Есенско утро“ е една од моите најстари песни. Таа е импресија од Небрегово. „Виј“ е од времето кога ја пишував „Везилка“. Гледам нешто во природата и некаква идентификација се врши со моите чувства во дадениот момент и така создавам двокатна песна. Првиот кат е опис, а вториот кат е веќе издигање на тој опис до порака. Целата песна е метафора.

- Имам впечаток дека Вие самите сте најдобар критичар на своето творештво?

- Јас напишав доста кратки есеи. Од печат излезе и еден избор од моите есеи. Во него, покрај „Еден опит“, се објавени и други есеи со кои ја доразвивам мојата поетика. На пример, во есејот „Очудување“ давам пример дека текстот се открива. Најјасен пример за тоа имаме кај Иво Андриќ, кој вели дека расказот не го пишува, туку дека го открива, како во крстозбор. Откривањето на песната

можеме да го наречеме и генерирање. Во „Знаци покрај патот“ и „Тетратките“ Андриќ има многу такви реченици.

Доаѓаме до идеи кои се изнесени во математиката, а тоа се процесите на Марков / верижните процеси/, се работи за тоа дека нешто што претходи во некоја верига – го стеснува изборот во следната фаза и со самото тоа нѐ води до некаква цел. Ако го земам, на пример, зборот „вода“ – јас морам да ги земам /при римувањето/ само зборовите со „ода“. Откривањето почива врз математички принцип.

- Вие сигурно не сте осамени во светот...

- Јас не сум осамен во светот. Спаѓам во еден тип или род поети. Според тоа, ако тие (во чијшто круг се вклучувам и јас) во светот успеат – имам шанси и јас да успеам. Нема модернизација само на планот на формата, туку и на планот на содржината. Формата е поподложна, додека пак, содржината /мотивите/ во поезијата се дадени, зашто не може да се измисли нов мотив. Има надворешна форма /на пример, земете го Водно по кое се качувате и избирате едно патче/. Вечните мотиви ги обновувме, како да се нови...

Интервјуто е објавено во списанието “Ревија”, јуни 1990 година.
Редакцијата на списанието „Зенит“ го реобјавува,
со дозвола на авторот на интервјуто, Христо Петрески.



ИНТЕРВЈУ БЛАЖЕ КОНЕСКИ

НЕ СУМ ОСАМЕН ВО СВЕТОТ

СКИЦИ ЗА ПОРТРЕТ ДРАГАН ЗАФИРОВСКИ

ШТИЦИ НА ЖИВОТОТ

Копија од оригиналното интервју објавено во списанието „Ревија“

Блаже КОНЕСКИ

ТОРЕАДОР

Јас долго чекав еден добар збор,
Да дојде некој што сиот ме сака.
Омразо, бику, доста твојот рог
Со годиње го извивам со рака!
Сум морен веќе од тој натиск див,
И в жили тапа рамнодушност лази,
Омразо, бику, ако потклекнам —
Сеедно, гази со копита, гази!



ТОНИ ПОПОВ
„ТОРЕАДОР“
акрилик на медијапан 30x40

ГО НЕМАМЕ ГОЛЕМИОТ ЧОВЕК МЕЃУ НАС

Интервју со
проф. д-р Вера Стојчевска - Антиќ

Во годината кога се одбележува 100 - годинината од раѓањето на Блаже Конески, не можеме да го одминеме ниту делото на професорката Вера Стојчевска - Антиќ којашто долги години се занимава со професорската, научничката, но и човечката димензија на личноста на Конески.

СМ: Дел од Вашите последни книги се посветени на Блаже Конески, а низ годините неговото дело било повод и за повеќе ваши трудови. Како се наметна Блаже Конески како интерес за ваше пишување и истражување?

ВСА: Интересно прашање, но тоа е различно кај различните индивидуи. Кај мене познанството со Блаже Конески потекнуваше уште со основното училиште и во гимназиските клупи во Битола, без да имам каков било контакт или видување физички на професорот Блаже Конески. Но, бев вљубена во неговата поезија, во неговиот збор, ги слушав неговите говори и неверојатно ме обзеде неговата длабинска смисла за егзистирањето на македонската историја, на македонскиот народ и така се заинтересирав самата без да имам некаков контакт. Сепак, тоа беше толку силно што јас навлегував колку што можев. Се сеќавам, во битолската гимназија литературната дружина беше многу богата и во тие денови уживав да разговарам за Блаже Конески со мојот повозрасен колега од таа дружина, Слободан Мицковиќ. Со него дискутиравме за Блаже Конески, после со Петре Андреевски, со Петре Бошковски, така што сознанијата растеа без да имам некаков контакт и влијание директно од професорот.

СМ: Имавте и долги години успешна соработка со Блаже Конески, но тоа беше многу подоцна. Но, која беше првата средба меѓу вас?

ВСА: Тоа беше интересна средба и јас одвај ја очекував, бидејќи се запишав на Катедрата по историја на книжевностите на народите на СФРЈ. Еден од професорите ми беше и Блаже Конески по предметот Историја на македонскиот јазик. Со нетрпение го очекував првиот час и го доживеав како што го замислував: достоинствен, скромен, но и природен. Се насмевна веднаш на првиот час, нè погледна сите, ни кажа дека ќе се гледаме цела година, ќе соработуваме заеднички,

дека не само што ќе го слушаме него, дека и тој ќе нè слуша нас и потоа нагласи дека за секое нејасно прашање можеме слободно да му се обратиме. Сите ние (студентите) бевме занемени. Тоа беше наш прв контакт со Блаже Конески. Ја знаевме неговата големина, неговата професорска важност и бевме занемени. Меѓутоа, така беше првиот час. Натамошните часови беа многу пријатни. Беше достапен, секогаш сфаќаше што го прашуваш, а што не ти е јасно и не само што ќе одговореше на прашањето, туку и ќе ни објаснеше за што станува збор и зошто тоа ни е нам некаква тешкотија. Беше многу достапен за разговор со студентите.

СМ: Како станавте соработничка на Блаже Конески? Со што ја заслуживте таа чест, но и одговорност? Тешко ли беше да се биде негов соработник, да се следи неговиот чекор?

ВСА**:** Секако дека ми беше чест, а ми беше дури и страв. Да речеме како студент дискутиравме за многу работи, се одржуваа јубилеи за светите браќа Кирил и Методиј, за светите Климент и Наум Охридски. Професорот секогаш гледаше нас што имаме посебен интерес кон таа проблематика да нè вклучи во конференции што се одржуваа во МАНУ. Тогаш тој беше претседател на МАНУ и како наш професор, штом ќе забележеше некој подлабок интерес, нè ориентираше каде да бидеме. И не само мене и другите колешки. Јас студирав заедно со Вангелица Десподова, работев со Зденка Рибарева и така натаму. Сите што се интересираме за христијанскиот средновековен период, нè ориентира кон одредени комисии, области, каде што можеме да се вклучиме уште доста рано. Така, кога дипломирав, јас станав секретар на Одборот за славистичките конгреси. Постоеше Македонски одбор за сите словенски народи и книжевности. Јас влегов во тој одбор и станав секретар, а Блаже Конески веќе нормално беше претседател. И секогаш, кога како секретар ќе требаше да напишам писмо, или да извршам некаква должност кон другите членови, ќе ми се јавеше и ќе ми закажеше состанок, да речеме во МАНУ да се најдеме во 10 часот. Јас, секако, уште во 9.30 трчав во МАНУ да не задоцнам, да бидам точна, но професорот секогаш беше пред мене. И знаејќи ја таа негова точност, се трудев да стигнам пред него. Тој тоа го ценеше, го ценеше времето на сите, па и на нас најмладите. Никогаш не дозволуваше да го чекам, или да се губи време, беше многу педантен и во тие разговори научив многу. Како треба да се водат комисии, некои одредби од одбори и така натака.

СМ: Ве слушам како го паметите Блаже Конески денес. Како го доживевавте тогаш? Дали некои претстави за него со текот на времето се промениле, смекнале можеби, добиле поинаков лик?

ВСА**:** Секако. Сето тоа што го кажувате, стои. Самата нагласив дека како почетник дури со стравопочит му приоѓав, ги извршував неговите наредби, го слушав, но, сепак со една оддалеченост од него. По неколку години, кога нашите контакти се продлабочија и зачестија, се сеќавам убаво, еднаш ми предложи: „Вера, немојте да ми се обраќате на Вие, обратете ми се на ти. Доволно се зближивме и ги знаеме славистичките проблеми за кои се среќаваме. Ве молам, обраќајте ми се на ти!“ Јас тоа го примив како голема награда, меѓутоа

никогаш не се осмелив да му се обратам на ти. Стравопочитта што ја имав до крајот на животот што го познавав не ме напушташе и не ми дозволуваше да му се обратам на ти. Мојата почит беше преголема, превисока за него, и не знам дали згрешив, но мислам и дека не згрешив. Тој повеќе никогаш не ми повтори, остави да се однесувам природно како што јас сакам. Кога тој почина почувствував страшна жал. Не можев да се смирам и си помислив како ќе се живее без професорот? На тие средби разменувавме многу мисли. Добивав големо искуство од неговото знаење, но два-три дена бев навистина очајна од сознанието дека професорот веќе не е жив. Но, наеднаш ми дојде една мисла дека треба да се живее и мора да се живее, бидејќи јас речиси го читам професорот. И во некои моменти кога не можам да одговорам на некое прашање, или кога имам двојно мислење за нешто, јас веднаш си размислувам како тоа би го решил професорот Конески и го решавам тоа. Знам што би ми рекол, бидејќи премногу бев навлезена во неговата идеологија, култура, педагогија.

СМ: Инстинктивно знаевте како би постапил тој?

ВСА: Да, веќе знаев и секогаш ќе си го поставев тоа прашање. Со години си одговарав како Блаже да ми одговорил. Меѓутоа, годинава кога насекаде се прославува неговата личност и годишнината од раѓањето, јас повторно ја чувствувам неговата отсутност. Особено сега, кога ова ни се случи со Бугарија. Почувствував дека го немаме големиот човек меѓу нас. Повторно ми се јавија тие желби да е овде професорот.

СМ: Ние што не сме имале можност лично да го запознаеме, да црпиме од неговата мудрост, од неговата добрина, го доживеваме како грамадна научна, литературна, па и политичка фигура, имајќи го целокупното значење што го има во општествено-политичкиот живот во нашата земја. Како ќе ни го претставите Вие, која со децении сте биле во неговото присуство?

ВСА: Цело време чувствував една двојност во нашата средина, во нашето општество. На пример, кога повеќето луѓе ми зборуваа дека Блаже Конески ја србизирал Македонија, јас се вчудоневидував. Човекот којшто толку убави работи напишал во својата Граматика, во својата Историја, кој го кодифицирал македонскиот литературен јазик, ја србизирал Македонија. И знаете, многу е чудно кога некои работи се случуваат и покрај тоа што луѓето го знаат. На пример, со што ја србизирал? Па, ќе речат: „Зошто студирал во Крагуевац, зошто студирал во Белград“? Јас на тоа се вчудоневидував. Зошто? Бидејќи јас знаев дека младиот Блаже како најдобар ученик во прилепското училиште бил избран да учи во Крагуевац. А, такви луѓе биле избирани мнозина. Мојсов, исто така, учел во Крагуевац и други луѓе и тоа, најодличните ученици. Зошто да не ги пуштат на едно повисоко образование што тука го немало? Немало факултети. И Блаже отишол, но што докажал? Што дека бил во Србија, тој дипломирал и во Бугарија. Интересен е неговиот став. На пример, мене ми зборувал многу долго за професорот Јордан Иванов, којшто е голем славист, познат научник за средновековието и за славистиката воопшто. Блаже Конески беше вљубен во

него, во неговите часови. Тој толку убаво им предавал и не само што им предавал, проверувал колку знаење влегло кај студентите. Конески тоа го попримил како најголема педагошка зрелост и понатаму почнал и самиот да проверува дали студентите го приемаат неговиот збор, неговите лекции. Со професорот Динеков станавме големи пријатели и тој беше воодушевен од Конески. Значи, насекаде каде што бил, дали Белград, Софија, или Москва, неговото име било прославувано, а и тој многу учел од тие средини. Нему не му сметаше да зборува најубави работи за Белиќ, за Јордан Иванов, за други бугарски автори, за Арнаудов. Него го претставуваше како професор кој е многу сериозен на катедрата, дека студентите не смееле така брзо и блиску да му пријдат како на другите професори. Блаже секогаш и секаде имал еден многу природен, нормален однос. Никогаш ништо ниту србизирал, ниту бугаризирал. И не можев да се изначудам зошто луѓето се такви. Спонтано им се спротивставував. Но, сега, кога веќе ги знаеме сите чекори на Блаже од неговото раѓање, па до смртта, мене ми е смешно дека тој доживувал страшни трауми. И не случајно, кога тој како младо дете испратено да учи во Крагуевац, заминува и сега замислете ја неговата песна „Разговор со мајката“. „Рано те испративме по туѓи градишта“, му кажува мајката. „Мал ми беше уште, уште малечок. Што ако рече-не одам! –Си велевме. А, ти не рече ништо“. И значи, тргнал. Младо дете кое во тоа време не знаело ни за србизација, ни за бугаризација. А, еве што пишува додека се возел во возот: „Еве го крајот во возбуда сина. Таму детството мое ми мина. Плачат оние планини за мене“. А јас го толкувам поинаку. Не дека планините плачеле за Блаже, туку Блаже плачел за тие планини. И тој каде и да бил, што и да бил, многу направил за Македонија. Роден во прилепското село Небрегово, седум години живеел таму со сите други селски деца, а што понесол за тие седум млади години? Сè што е најубаво во неговата поезија, носи корени од Небрегово.

СМ: Д, како тој зборуваше за Македонија, за љубовта кон родниот крај? Ние знаеме што сè тој направи, но како го манифестираше тоа?

ВСА**:** Па, еве, во тој поглед јас подготвив еден мал прилог. А тоа е неговиот однос кон сè што работел и покрај тоа што си го гледал ножот длабоко зариен од тие луѓе околу него кои во него гледале нешто што не е, тој сепак направил многу. Така, во едно свое соопштение, пишува дека многу работел на издигнувањето на македонскиот јазик, на македонската култура, го сакал својот народ, заради што многу странски слависти биле просто вљубени во него. И сакам да ви прочитам некои изјави од многу значајни светски имиња во славистиката, што значел Блаже за нив.

Еве како германскиот славист Манфред Јенихен се лекувал со песните на Блаже:

„Го запознав повеќе и поблиску Блаже Конески и мислам дека имавме иста бранова должина. Тоа многу ме зближи со него. Многу ми помагаше во совладувањето на македонистиката, знаеше добро и германски. Имавме добра кореспонденција. За целата таа дејност помаган од Конески, реферирав на симпозиумот посветен на Блаже Конески. За мене Конески беше фантастична личност - генијален човек,

а толку скромен. Во светот запознав многу значајни личности: професори, научници, уметници, но никогаш не најдов еден човек кој би бил толку генијален, а толку скромен како Блаже Конески. Неговата поезија ги допира егзистенцијалните прашања. Неговата поетика толку многу ми е блиска и возвишена и честопати, кога сум во криза (јас имам болен син), се допирам до неговата поезија и размислувам. Кога поетот Конески пее за мигот, кога човекот го губи правото да се смее".

Нуло Миниси: „Вие треба да ме извините, но јас би требало да им дадам пред сè предност на пријателите. На незаборавениот Конески, чиешто сеќавање е едно богатство и чиешто дело до ден-денес е присутно и битно. И сите ние сè уште ја чувствуваме важноста, генијалноста. Никогаш нема да изоставам да го истакнам овој факт дека Конески бил голем македонски лингвист, бидејќи бил голем македонски поет. Тоа лингвистите треба да научат: дека јазикот треба да се сфати со ситуација што не е онаа на лингвист, туку на поет, на уметник, на вреден човек. Конески бил поет, но и многу вреден човек. Да ја напишел македонската граматика некој друг, наместо него, ќе ја немавме оваа македонска граматика. Ќе имавме сосема спротивна граматика, можеби според некои теории од генералната и деформирана реторика, според шеми од латинската или француската граматика. Но, Конески со интуиција на уметник и интелигенција на лингвист знаел да му го даде вистинскиот изглед на македонскиот јазик. Ова е нешто што никој не треба да го заборави".

Професорот Збигњев Голомб од Чикаго, пред две години на Семинарот за македонски јазик, литература и култура во Охрид ми зборуваше дека ќе напише есеј за Конески и дека тоа ќе биде најдобриот и најдлабокиот есеј за него. Велеше дека штом ќе се врати во Чикаго ќе го почне есејот, а следната година ќе ми го даде прво јас да го прочитам. Следната година едвај го дочекав да дојде. Штом го пречекав, го прашав за есејот. Тој само ја наведна главата и рече: „Цела година го пишував и уште не е готов". Му велам, па тоа есеј ќе биде или книга? Ми рече:„Ќе биде есеј над есеите, што никој не ја открил и не ја видел таа огромна личност што ја има Македонија". Но, професорот почина наредната година и тој есеј не доживеав да го видам. Но, она што ми зборуваше за Конески, неговата длабока вкоренетост во делото на Конески, за мене беше феноменално. Преку него и јас учев за Конески.

СМ: Светските слависти зборуваат со пиетет за Конески и тоа е разбирливо. Вие, кои соработувавте со него, во што ја гледавте неговата генијалност, освен тоа што сите знаеме дека бил речиси момче кога учествувал во кодификацијата на македонскиот јазик, што несомнено зборува за неговата натпросечност.

ВСА**:** Јас и денес сметам дека е неверојатно еден млад човек кој штотуку дипломирал славистика во Софија, да го кодифицира македонскиот јазик на многу сличен начин како што тоа го направил и Мисирков. Без да имаат контакти, без да ја знае и да ја прочита книгата „За македонците работи" на Мисирков, тие двајцата доаѓаат со своите длабоки познавања на дијалектите, на јазиците на словенските народи, на македонските дијалекти, до иста кодификација.

Тоа ги потврдува генијалните мисли и способности и на Крсте Мисирков и на Блаже Конески. Блаже Конески, штотуку дипломиран студент навлегува во суштината на јазикот, во суштината на народот, на фолклорот, на народната бит. Феноменален човек којшто уште од детството ги восприемал корените на Македонија. Ги прикажувал на еден уметнички начин и навистина не е случајно што тој во светот доживеал толку голема слава и почит.

СМ: Да се навратиме на времето кога вие пристигнавте во Филолошкиот факултет, не бевте на иста катедра. Како ви се испреплетија патиштата?

ВСА: Најголема блискост можеби постигнав во сфаќањата и погледите на Конески кога тој ми предложи мојата дисертација за Тиквешкиот зборник да седнеме да ја преведеме на современ македонски литературен јазик, но со примеси од народниот и црковнословенскиот, за да не биде многу оддалечен текстот од црковнословенскиот јазик од Тиквешкиот зборник, ракопис од 15 век. Јас бев изненадена дека ме избра да бидеме коавтори и да работиме на таа задача. Почнавме и навистина долго работевме. Најчесто се среќававме во Клубот на пратениците, бидејќи веќе професорот имаше проблеми со очите и со одот, а таму беше рамен просторот и најпријатно му беше да се среќаваме таму. Работевме по два-три часа речиси секое попладне. Тогаш клубот беше празен, немаше гости како за ручек, или за вечера, но, честопати кога ќе завршеа нашите научни договарања како да го издадеме Зборникот на нов, современ начин, останувавме и во приватни разговори кога ќе завршеа службените. Доаѓаа негови пријатели: Трајко Стаматоски, Коце Солунски и други и тогаш почнуваа приватни разговори. Но, пак ќе кажам тие пак беа службени, пак се однесуваа на семинарот, на славистиката, на нашите контакти со странските слависти. Професорот ми предложи: „Вера, ако сакате останувајте по завршувањето на нашите службени разговори. Ќе ми биде драго. Но, покрај тоа, вие поканете го и вашиот сопруг Миќо. И тој ако сака нека повели на приватен разговор, на ќебапчиња, на едно кафе, да биде и тој со нас присутен“. Внимаваше да не бидам долго отсутна оддома, ако сака и мојот сопруг да ни се придружи, бидејќи го познаваше професорот. Мислам, човек не може едноставно да му најде мана. Дури на смешен начин се сеќавам на еден случај што на некој начин го трогна професорот. После семинарот во август, јас имав обичај да ги поканам на вечера на терасата кај мене, поблиските странски слависти: Збигњев Голомб, професорот Фридман и други. И на една таква вечера дома кај нас, професорот Збигњев којшто се спријатели и со мојот сопруг, во еден момент му рече: „Знаете, доктор Антиќ, јас најмногу се радувам на доаѓањето на семинарот затоа што ќе ја видам Вера Антиќ и ќе водам разговори со неа“. Ние сите на масата се изненадивме дека најголема радост на семинарот се разговорите со мене. Мојот сопруг му рече: „Многу ми е драго. Јас верувам во неа, секогаш има за што ново и интересно да се разговара со Вера“. И си продолжи вечерата. Јас тоа не го сфатив чудно, затоа што мојот сопруг имаше голема широчина, имавме голема доверба и разбирање

за нашите професии и тоа за нас беше природно. Но, што се случи другиот ден утрото? Доцна вечерта се разотидоа сите, а утредента во седум часот зазвони телефонот, што беше реткост толку рано да звони некој. Се јави професорот Конески. Штом слушнав дека е тој, мислев дека ќе ми закаже состанок за разговор, бидејќи тој закажуваше во кое време треба да се состанеме. И тој ми рече: „Вера, цела ноќ не сум спиел, ве молам бидете искрени, кажете ми како вашиот сопруг го прифати разговорот на Збигњев Голомб? Имавте ли проблеми? Ги донесов кај вас моите пријатели на вечера, но да не ви направив некој зулум дома“? Јас се насмеав и му реков: Професоре, вие не го знаете мојот сопруг. Ништо не ми спомна и не ни повтори. Ве уверувам дека Ви ја кажувам вистината. Сакам да кажам, замислете каква грижа! Колку водеше грижа за разговорите. Дури еднаш ми рече:„Јас утре не можам да се сретнам со вас, Вера, бидејќи треба да отворам еден мал собир. Треба да кажам пет-шест збора“. Јас го прашав: Па, цел ден ќе Ви треба? Тој ми рече: „Да, кога настапувам, ако треба да кажам и пет реченици, долго размислувам кои ќе бидат тие пет реченици. И затоа подобро да не се сретнеме“. Така сфатив дека професорот длабоко размислува за секој збор. Дури еднаш ми рече дека и кога приватно разговараме, тој оддома размислува за што ќе разговараме. Имаше длабока мисла, внимаваше никого да не навреди, па дури и луѓето со кои доаѓаше во конфликтни ситуации. Не преземаше ништо против нив, ги оставаше да си размислуваат како што сакаат и да одат по својот пат. Само ќе рече: „Исклучете ме мене, да не ви пречам“. Има многу мигови на кои се сеќавам и кои ми причинуваат радост. Затоа сега, во оваа ситуација со Бугарите што ме вознемири, не очекував дека во 21 век ќе го доживееме ова што ни се случува со Договорот со Бугарија. Но, тоа се работи за кои треба многу длабоко да се размислува. Еве, на пример, јас во 2011 година бев страшно разочарана од нашата средина. Не мора некогаш човек да е запрепастен од соседите или од некоја друга држава. Се сеќавате, таа 2011 се донесе одлука привремено да престане да работи Катедрата за македонски јазик. Јас не можев да верувам дека во слободна Република Македонија може да се донесе такво нешто. Бев многу загрижена. Кому можеше да му текне во 2011 година да мирува Катедрата за македонски јазик. Во Македонија, па каде на друго место егзистира тој јазик, како што е на таа Катедра или во Институтот за македонски јазик? Но, знаете што ме израдува? По неколку дена јас прочитав еден одличен одговор на поранешните студенти на Катедрата за македонски јазик коишто напишале отворено писмо до Владата, во кое ги образложиле своите мисли зошто тоа е недозволиво. И така, сè се прекина и намерата на Владата не се реализираше. Ме радуваат младите македонски сили коишто сфатиле што значи македонскиот јазик и македонската литература.

СМ: Блаже Конески напиша една песна „Одземање на силата“. Подоцна академик Старделов издаде книга под ова име. Дали сето ова што го зборуваме ја одзема силата на македонскиот јазик? Во контекст на ова што го зборуваме, јазичната ситуација во државата, но и со оглед на спорот со

Буѓарија? Треба ли да сме обеспокоени?

ВСА: Никако! Никој не може да ни го одземе нашиот македонски јазик! Жалосни се овие непотребни препукувања што се случуваат. По повеќе од 70 години постоење на македонска држава со признат јазик во светот, да не цитирам сега и други странски слависти. Еден Хораст Лант што рекол, па во 1952 година напишал и Граматика на македонскиот јазик на англиски јазик да се прошири низ светот? И сега ќе се плашиме дека може некој да ни го одземе македонскиот јазик, тоа е апсурд! Можеби е добро што господинот Пендаровски рече дека не мора да влегуваме во ЕУ по цена на јазик и идентитет. Што и да се случува на политичката сцена, јазикот и идентитетот никој не може да ни ги одземе.

СМ: Ова се стари превирања. Постоеле уште во времето на Конески.

ВСА: Јас уште како гимназијалка не можев да се начудам што зборуваат за Конески. Меѓутоа, тој оставил длабоки траги. Еве да ви прочитам една многу важна работа што можеби не е многу распространета. Една ситуација и едно лично становиште. Кратка статија на професорот Конески, во која кажува: „Првите мои песни на македонски јазик датираат од 1939 година. Тогаш имав 18 години. Веќе во една од тие најрани песни, јас ја искажувам горчината од реалноста во којашто требаше да настапи нашата генерација. Рика во мене маката, се вели, дека сум роден во смачкано племе. Ние не можевме да чекаме дури тие да созреат, идните генерации, кај нас настапи самостојна национална акција. Така, по силата на историските околности, се случи да станеме мал, оспоруван народ. Ние, мојата генерација, тогаш млади и неопитни, тргнавме во животот посветени на македонската идеја, готови да ѝ служиме како на нешто свето и светло, загрижени за судбината на својот народ. Ние бевме убедени дека имаме браќа во целиот свет. Кочо Рацин, кого ние го сметавме за основоположник на македонската современа поезија, во една своја песна ѝ се обраќа на мајката со молба да не жали што не стекнал свој дом, затоа што, куќа му е целиот братски свет. И, сепак, не се предавав. И мојата вера најде израз во истата моја песна во зборовите: Но, сепак се надевам, дека не е тукутака, што сум подложен на таков искус, и на таква една мака“. Значи, и пред многу години, и пред смртта и како дете, тоа што го понесол од Небрегово, Конески го прави чудо од дете. Бидејќи таму имало и други деца, но тоа што тој го визуелизирал, го објективизирал е тема на којашто сакам дури сега да запрам и да работам.

СМ: Каков беше уѓледот на Конески во тие славистички круѓови? Зборувавме за почитта кај одредени ценети слависти, но како се ценеше неѓовиот збор?

ВСА: Многу се ценеше. Еве, ќе дадам еден пример. Во 1960 година професорот Конески добил покана од Владата на САД да престојува два месеца како гостин на Владата во Вашингтон и други држави во САД. Професорот бил во повеќе места, но престојувал и во Блумингтон. Бил на Универзитетот во Блумингтон. Таму дошол во контакт со славистите и како млад човек, во 1960 година организирал тие исти слависти да дојдат во Македонија и да се одржи една средба помеѓу македонските и

славистите од Блумингтон. И таа средба ја реализира. Значи, тој наместо како гостин да ужива во сите погодности што му ги нуди Америка, тој организира средба. Јас тоа го знаев. Во 1989 година и јас бев поканета од Владата во Вашингтон. Отидов и веднаш се сетив на она што ми го раскажуваше професорот што доживеал во 1960 година и по неговите напатствија јас поминав прекрасно во САД. Сакам да кажам еден многу добар пример, како се работи во напредни земји. Во 1989 година беше голема прослава на Фулбрајт, имаше голема средба на слависти од целиот свет. Додека бев таму, ме затекна паѓањето на Берлинскиот ѕид, па и почетокот на распадот на Југославија. Таму случајно дознав дека за време на целото постоење на Југославија, се одржале над 30 српско-американски научни славистички средби. Околу 20 словенечки, хрватски и др. Чекам да кажат колку македонско-американски и не кажаа, па јас прашав. Ми велат, нема македонски. Јас се фрапирав. Во постоењето на Југославија се одржувааат официјални славистички средби меѓу републиките и Америка, а Македонија ја нема. И прашувам: Зарем е можно една развиена американска држава, да не ја покани Македонија која е рамноправна република во Југославија? И знаете што ми одговорија? Вие кога ќе се вратите во вашата земја, прашајте ја вашата влада зошто не учествувала на тие средби. Затоа што ние поканата ја пративме до Владата на Југославија во која беа вклопени сите рамноправни републики. Тогаш смело застанав, се замислив и само што не заплакав, не можев да го поимам таквото нешто, немав таква претстава за Југославија. И им реков: А, добро, ако се пропуштени толку години, можеме ли да започнеме? Тоа можеби беше и смешно и глупо на еден таков свечен дочек да поставувам прашања за Македонија да почне славистички средби. Тие ми рекоа: Да, посебно ќе разговараме со вас ако сакате. И почнаа разговорите како да се организира прва македонско-американска славистичка конференција за македонистика. Се договоривме и почнаа. Замислете во 1991 година, Американците предложија првата да се одржи во Америка, бидејќи Југославија се распаѓаше, односите кај нас не беа многу јасни, и дека тие ќе овозможат да почне на нивен трошок првата конференција во Ен Арбор. Зошто го кажувам ова? На еден мој збор, која бев јас во тој толку голем собир? Не бев ниту политичка, ниту некоја официјална личност, туку научник. Американците прифаќаат секоја година по тројца гости: еден политичар, еден уметник и еден научник. И така, започна само од една иницијатива. Втората конференција беше во Охрид, третата во Торонто, четвртата во Охрид, па петтата во Колумбос. Замислете сега! Тие таа година имаа јубилеј на Универзитетот Охајо во Колумбос, и по тој повод нè повикаа на свечената вечера, слависти од цел свет во една огромна сала. Се јавува ректорот на Универзитетот и соопштува една интересна работа. Секоја година наградувале по еден американски славист во рамките на нивниот јубилеј. Оваа година ја променивме одлуката, не мора да е американски, може да биде од која било друга земја. И оваа традиција ја започнуваме со професорката Вера Стојчевска-Антиќ, за силен развој на македонистиката во Америка. Не можев да поверувам што слушам во таа

огромна сала, седев некаде на крајот. Не можев да верувам што слушам. Меѓу сите тие бројни слависти прва сум одбрана да ја примам наградата. Одам натаму и си мислам дека ниту минута немам размислувано што да кажам во таква прилика. Ми ја врачија наградата и само што почнав да зборувам, аплаузите ме прекинаа, не дозволија да искажам колку сум задоволна и среќна за таа чест. Но, зошто го кажувам ова? Прво за изненадувањето. Очекував кој било да биде, а не јас. За тој период, од мојот предлог, до петтата македонско-американска научна конференција, тие го следеле мојот ангажман. Значи ниту еден човек, ниту еден труд во тие огромни системи не останува незабележан, но и ненаграден. Тоа ми е зборот, за тоа како се работи во тие големи, напредни земји. Не секојдневно, не со некакви врски, туку само следење со години што се случува. Од денешен аспект не би била изненадена, затоа што оттогаш започна македонско-американска славистика за македонистика што трае до денес.

СМ: Само неколку месеци по смртта на Конески вие пишувавте за Светската балканистичка конференција на Универзитетот Индијана во Блумингтон. Тоа е 1994 година. Ја издвојувате како посебно важна за вас.

ВСА**:** Пред да почине професорот, во 1993 година и двајцата имавме покана за таа конференција и се договоривме да одиме заедно. Таа беше деветтата Балканистичка славистичка конференција. Имавме една цел, да се сретнеме со тројца личности кои многу придонесле за развојот на македонистиката и на балканистиката. Значи, сакавме заедно да разговараме за една таква средба кај нас. Бев пресреќна што ќе одам со професорот и ќе имам можност да дојдам до разни личности. Но, професорот почина 1993. Дојде 1994 и размислував дали да одам. Ми беше жал што планираното одење требаше да биде со професорот, а него го немаше. Сепак, тргнав. И воопшто не се каам, зашто доживеав таква почит кон професорот. Пленарната седница ја претворија во ин меморијам седница за Блаже Конески. Настапија светски познати слависти, балканисти, а меѓу нив и најпознатиот балканист Ерих Хемп. Тој одржа такво предавање, таква почит кон Блаже Конески, што просто занемев. Замислете да не одев и да не ги слушав тие работи. Еве само еден дел од него: „Сакам да ја искажам својата жалост што меѓу нас го нема Блаже Конески. Беше првиот македонист меѓу балканистите. Многу го почитував. Секогаш се застапуваше за една чиста балканистика, без никакви пристрасности. Мене ми е важо целокупното негово дело“. Потоа настапија: Дарден, Хемфрис, Филдер, Крамен, Фридман и свеченоста во Блумингтон се претвори во прослава на Блаже Конески. Затоа не можам да преминам преку тоа што го доживеав после неговата смрт.

СМ: Последниве години сте посветени на истражување и пишување за неговото дело и неговиот живот. Досега издадовте неколку книги. Какви ви се намерите за во иднина? Во која насока би пишувале и истражувале за Конески?

ВСА**:** Книгата „Мојот професор-пророк“ не планирав да ја објавам. Знаете ли што ме натера? Еве, ќе бидам искрена пред нашата јавност да кажам по кој повод ја напишав таа книга.

Разговорите со Блаже Конески повеќе беа службени, отколку приватни, веќе реков, но во една прилика го прашав: Професоре, не забележав нешто за некој славист, и тој ми рече: „Вера, зарем кога ќе си одите дома, од сево ова што го зборуваме не фаќате белешки“? Јас му одговорив: Професоре, јас ги сметам за свети овие наши средби и не сакам да правам материјал или да запишувам кој што рекол и како рекол. Пишувам некои работи, ги чувам дома во фасцикли, но не сметам дека тие треба да ги искористам. Тој ми рече: „Вера, немојте ве молам, некои работи се забораваат и после две-три години дури нема да се сетите и за некои други работи што сега ги дискутираме“. И тогаш јас почнав да ги бележам скоро сите наши разговори, сеќавања, доживувања и така натаму, и сето тоа го чував како една моја интима со професорот што ја доживувам на разни начини. Меѓутоа, по извесно време, случајно во еден разговор, му цитирав нешто на колегата Лапе. Ми вели, ова нели го имаш запишано? Го имам запишано, реков, но сега не можам да се сетам. Тогаш, донеси го, вели, ако го имаш запишано. Го однесов, сега не се ни сеќавам за што станува збор, и тој ми вели: Па, добро, Вера, каде ги чуваш овие работи? Па, велам, ги чувам во една фасцикла дома. Мислиш ли да ги објавиш? Не, му велам, тоа се мои, свети работи што сум ги дискутирала со Конески и ми служат за мое напредување во науката. Па, ова што сега го кажа, ми рече Лапе, штета е да не го знае целиот народ и славистичкиот свет. И ми вроди една идеја дека ова сето јас можам да го објавам. А, беа интересни разговори да речеме со разни слависти, со Хорас Лант. Хорас Лант беше главниот говорник што дојде на мојата прва организирана македонско-американска конференција во Ен Арбор. По цели часови разговаравме за Конески. Потоа дојде и во Торонто на третата конференција. Па, дојде и на петтата во Охајо, во Колумбос. Такви разговори беа, што помислив, вистина, тоа е штета да не го знаат и другите. И така решив да ја објавам книгата, а особено затоа што последните години се рашири во нашата средина пак едно од оние нихилистички мислења за Блаже, какви што ги доживував цело време, дека тој е џуџето од Небрегово. Тоа беше уште еден момент што ме натера да напишам што другите, прочуени славистички имиња мислат за Блаже и ја објавив таа книга. И морам да ви кажам што се случи со таа прва книга. Само во Скопје, по првата промоција доживеав уште пет-шест промоции. Во општините, кај пензионерите, потоа добив покана од Солун, на Меѓународниот саем на книгата да се промовира таа моја книга за Блаже. Јас размислував дали да одам. Знаете што? Ме уплаши случката со Виктор Фридман кога го промовираше Грчко-македонскиот речник. Го нападнаа. И, си реков: Јас, како жена што ќе правам ако ми се случи такво нешто кога ќе кажувам работи за Конески, исто како што му се случи на Фридман? Но, сепак, тргнав. И благодарение на таа моја смелост, јас доживеав најголем успех. Тоа што го доживеав по смртта на Блаже Конески во Блумингтон, во Солун беше величествено. Беа дојдени многу важни претставници од Владата во свечената сала на Меѓународниот саем на книгата, со познати личности, писатели, уметници, научници. Тоа што беше кажано за Блаже е неповторливо.

Костас Валетас, нивниот познат поет го воздигна Блаже, да не речам, до небеса. Тој кажа дека не постои во светот толку прифатено и познато име и како поет и како лингвист од името на Блаже Конески. Заминав од Солун воодушевена од смелоста што отидов и што се враќам со вакви вести. Со таа книга доживеав толку многу промоции, повеќе од сите мои книги, а имам издадено околу 80 помали или поголеми книги. Меѓутоа, сите тие не вредеа толку колку што беше промоцијата за „Мојот професор-пророк“. Таа книга доживеа толку голем успех, што во Скопје ме срекаваа луѓе коишто првпат ме гледаа, но ме препознаваа како автор на таа книга, ме застануваа и ме молеа да им кажам уште некои работи за Блаже Конески. Тоа е вистинско задоволство. Вистинско доживување, незимислено или тенденциозно.

СМ: Понатаму, би пишувале ли за Блаже Конески?

ВСА: Да, многу. Ми поставија неколку прашања дали имам уште? Имам многу. За која песна да се фатам и за тие што не се толку познати како Везилка и слични, се открива личноста на еден благороден човек, на Блаже. Моето излагање за него би го заокружила, покрај сите слависти, лингвисти, научници, кои се застапени во таа книга, дека тој е Големиот џентлмен од Небрегово.

СМ: Во долгата професорка, научна кариера, дали Вас како интелектуалка нешто посебно Ве изненади? Би издвоиле ли таков момент?

ВСА: Па, ја споменав таа 2011 година, сегашнава година, исто така. Имаше еден проект за богомилите, работен помеѓу Бугарската академија на науките и Македонската академија на науките. Работата течеше извонредно и со големо разбирање. Од македонска страна беа вклучени повеќе научници, особено Маја Панова, Блаже Ристовски, јас. Од бугарската беа Анисава Милтенова, еден прекрасен бугарски научник, како и Ерика Лазарова. Сакам да кажам дека многу убаво соработувавме. Професорката Ерика почина, но нејзините сувенири сè уште стојат во мојот дом и ми причинуваат големо задоволство и солзи. Тогаш во Софија ја однесовме изложбата што специјално ја подготви Маја. Претседателот на БАН, професорот Воденичаров лично ја промовираше и доживеавме голем успех. Бев многу радосна што имаме една таква интимна соработка со Бугарите. Жалам што го нема и професорот Петар Динеков, којшто беше еден од главните советници во мојата работа. Не можам да сфатам што би рекол сега Динеков во една таква ситуација што ја доживеавме со Бугарија. Исто така, не можам да ја заборавам соработката со Мањо Стојанов. Беше директор на старопечатеното одделение на Народната библиотека во Софија. Замислете, во 1968 година јас бев испратена од ректорот на нашиот универзитет за учесник на семинарот за бугарски јазик во Софија. Универзитетите беа договорени идната година да дојде нивен претставник на нашиот семинар за македонски јазик. Јас отидов во Софија и тоа посебно ме радуваше, бидејќи веќе ми беше дадена темата за дисертација за Тиквешкиот зборник, а тој се чува во Софиската народна библиотека. Одвај чекав да го видам ракописот реално како изгледа. Меѓутоа, што се случуваше? Секој ден ми

одговараа дека е зафатен и дека не е тука, а петтиот пат сфатив дека не сакаат да ми го дадат. И ми дојдоа солзи. Да бидам еден месец во Софија и да не го видам ракописот што ќе ми биде докторска дисертација. Ми потекоа солзи, ја напуштам библиотеката, сфаќам дека нема да ми го дадат. Меѓутоа, на вратата ме престигнува еден повозрасен човек и ми вели: Колешке Антиќ, ве молам можете ли да дојдете утре во 5 часот во старопечатеното одделение? Јас го гледам, непознат човек, бугарски ми зборува, и го прашувам зошто? Па, сакам да ви покажам нешто. Јас имав толку многу читано и слушано за Мањо Стојанов, но физички не бев го видела и не знаев дека тој ми се обраќа. Вечерта не можев да заспијам од возбуда дали да одам или да не одам. Човекот не го познавам, зошто треба да одам во 5 часот кога завршува работното време на библиотеката? Но, сепак во умот ми се вртеше мислата дека човекот го видов токму кога ми наидоа солзи оти не ми го дадоа ракописот. И се осмелив, решив да одам и навистина не погрешив. Знаете ли што направи тој човек? Ја заклучи вратата и ми го даде ракописот да го снимам, а мене ми беа потребни водените знаци. Ги преснимав водените знаци, ми даде хартија за прекопирање, ми даде сè и јас не можев да верувам. Човекот се повлече во својата канцеларија. Јас ја завршив работата и заминав. Со години не кажував од каде ми се знаците. Знаев што би било и така натака. Но, кога почина Мањо Стојанов, јас напишав песна што ја објавив и ја пуштив во Бугарија да биде објавена за човекот којшто е научник, а научникот ако е човек, нема националност. Тој ќе биде човек. Тој виде колку се измачувам за тој ракопис и ми го даде. И јас докторирав посебно благодарение на тие водени знаци коишто направија пресврт во изучувањето на тиквешкиот ракопис. Толку многу убави примери имам да кажам! Уште кога бев млада, асистент, сè уште не бев име во науката, кој ли не од бугарските професори не размени мисли со мене, не наидов на отпор, зошто знаете, секогаш имало некои несогласувања.

СМ: Имавте ли некои непријатни моменти?

ВСА: Не, напротив, тие беа многу пријатни. Професорот Дујчев, којшто е име во славистиката, толку се зближи со моите сфаќања за Тиквешкиот зборник и слично што му кажував, така што ме покани на приватна вечера дома кај него со сопругата. За мене тоа беше посебно доживување. Која сум јас? Почетник асистент, а професорот Дујчев ме покани дома каде што ми покажа многу книги и каде што разменивме славистички работи. Кога заминував од Софија, тој ми обезбеди цел куфер со книги да ги понесам во Македонија. За жал, на граница ми ги зедоа, бидејќи внесувам можеби недозволена литература, но подоцна ја вратија откога сфатија дека е од струката што ја предавам на скопскиот универзитет. Значи, имам многу средби и убави спомени со бугарски професори, а имало и негативни. На многу конгреси каде што сме оделе, задолжителни напаѓачи на нашите реферати биле бугарските претставници.

СМ: Како излегувавте накрај во вакви дуели?

ВСА: Во Софија се одржуваше Меѓународниот славистички конгрес, а претседател на меѓународниот славистички одбор беше професорот

Петар Динеков. И тој, се разбира, постојано беше со тој одбор, заседаваше, го немаше на седниците, но кога дојде редот мојот реферат да го читам јас, на вратата се појави професорот Динеков. Се зачудив, бидејќи токму тогаш кога требаше да читам, дојде Динеков, а тој, сепак, беше авторитативно име. Го прочитав рефератот, тој ми пријде, ми кажа дека го интересирала мојата тема и дека убаво ме слушал. Но, што се случи вечерта? Се собравме претставниците од Македонија и меѓу нас беше Блаже Конески. Блаже рече: „Ќе ви кажам една многу интересна вест. Ем интригантна ем многу пријатна. Денес заседаваше Меѓународниот комитет и професорот Динеков ги започна дискусиите. Уште не беше време за пауза, а тој ни се извини и ни рече дека ќе ни нарача по едно кафе, да направиме мала пауза затоа што мора да ислуша еден реферат што го интересира. Тој си замина, нам ни донесоа кафе, но се јави интерес меѓу сите нас, чиј реферат ќе го слуша што го прекина состанокот. Кога добивме вест дека професорот ја слуша Вера Антиќ во нејзината сесија, бевме запрепастени, а јас бев особено радосен што го напушти состанокот токму за македонски славист“. Тоа е начин да се следи што објавуваат и истражуваат научниците меѓусебно што е убав чекор и убава насока. Затоа денес ме изненадуваат ваквите недоразбирања, по толку години постоење на држава, на признат јазик.

СМ: Како би требало да се одговара на ваквите напади, какви што доживеавме денес?

ВСА**:** Нема да се огласиме на провокациите и никогаш нема да ги предадеме македонскиот јазик и македонската нација по цена на што било. Секогаш ќе има доволен број Македонци коишто ова ќе го потврдат.

Интервјуто го водеше: Сузана Мицева

Блаже КОНЕСКИ

ГРАД

Ти си древен, о граде,
но бедна е твојата археологија
без твоите слоеви
овде в душа.
Овде, преку градиве, ти ме раслојуваш
по границите
на младоста,
зрелата доба
и староста.
Мислев дека се доближуваме,
а сега гледам зачуден –
бескрајно сме далеку, одеднаш.
Ме отфрли и мене како и толку други.
Јас ти приоѓав во мислите
како на родител што му се приоѓа,
а ти ме пречека со ваков тмурен ден,
иако мајски,
за да ја подвлечеш студената оддалеченост.
Каде што сум одел со широко отворени очи,
сега одам по тебе со слепечко пипање.
Никој не ме чека на старите места: па,
зошто дојдов сега кај што
сме минеле двата ние?
Секогаш каснела,
а сега нема ни да стигне.
Туѓи се аглите и ресторaните,
туѓи стреите под ненадеен дожд.
Далеку било!
Жалосна е сета присебност
и решеноста да се издржи,
па макар колку цврста.
Всушност,
како со нешто обично и разбирливо
се мирам, како на минување,
дури и со една посета на смртта.
Ти ми ги поништуваш
запаметените дни и ноќи.
И по закони груби
цел еден живот се губи,
хмурен граде!



ИЛИЈА МАЏАРОВ
„ГРАДОТ“
акрилик на панел 60x50

ДЕЛОТО НА БЛАЖЕ КОНЕСКИ СЕКОГАШ БАРА НОВИ ПРИОДИ И ПРОУЧУВАЊА

Интервју со Атанас Конески, секретар на Фондацијата за македонски јазик „Небрегово“

Поводот за овој разговор е двојниот јубилеј: 100 годишнината од раѓањето на великанот на македонската книжевна и научна мисла, Блаже Конески и 20 години од постоењето на Фондацијата за македонски јазик „Небрегово“. Овие два јубилеја се причина за одржување на повеќе настани што се разместени во различни места и термини оваа година.

СМ: Разговараме со Атанас Конески, секретар на Фондацијата за македонски јазик „Небрегово“. Подготвивте оперативен план за прослава на двата јубилеја. Што содржи тој?

- Да, така е. Годинава се совпаѓаат два јубилеи поврзани со Блаже Конески. Сто години од неговото раѓање и 20 години од Фондацијата за македонски јазик “Небрегово”. Уште минатата година подготвивме програма за своите активности, а во февруари и оперативен план за вклученоста на Фондацијата во сите активности што се содржани и во Националната програма за настани во текот на 2021 година во чест на Блаже Конески. Имавме исклучителен настан што го организиравме заедно со Универзитетот “Гоце Делчев” и Филолошкиот факултет во Штип. Предвидено е издавање на неколку изданија и нивни промоции. Ќе има соработки со повеќе културни институции во државата, но најголем дел од настаните ќе се случуваат во спомен-домот на Блаже Конески во Небрегово коешто е најсоодветно место за тоа. Во врска со ова, само таксативно ќе набројам. Фондацијата “Небрегово” со претходните пет изданија и со двете нови „Како ме поттикнува Конески“ и „Поетски пораци за Конески“, како и изданијата од едицијата „Поттикот на Конески“ создаде близу 16 книги, што претставува дело за респект.

СМ: Конкурсите завршија на 30 април. Каков беше одзивот? Задоволни ли сте од пристигнатите текстови?

- Исклучително сме задоволни. Така како што се поставени темите на двата конкурса, одзивот беше огромен. Од речиси сите градови од државата,

од многу основни и средни училишта, од неколку факултети, се пријавени ученици, студенти но и професори. Имаме и други учесници: пензионери, активисти. Неверојатен одзив од почитувачите на ликот и големото дело на Блаже Конески. Овие книги ќе бидат издадени наскоро и верувам дека ќе бидат обемни, според материјалот што го добивме.

СМ: Фондацијата за македонски јазик, како што самите споменавте, објави повеќе зборници пред сè со трудови за Блаже Конески. Сметате ли дека македонската научна мисла доволно се занимава со делото на Блаже Конески и е негов достоен продолжувач?

- Одговорот го имаме во нашите изданија. Имаме над сто различни автори со над 1.000 страници објавен материјал за Блаже Конески. Мислам дека тоа е дело за поттик и почит. Но, и тука не застануваме. Токму со настаните што ги организираме, со конкурсите во кои ги ангажираме научниците, писателите, ентузијастите, се потсетуваме дека делото на Блаже Конески треба да се чита и препрочитува. Ова е само потврда дека делото на Блаже Конески влијае инспиративно и секогаш бара нови приоди и проучувања. Заради тоа што тој со својата мисла, со своето дело, со својата мудрост, но и целокупната активност е поттик за идните генерации.

СМ: Како реагира Фондацијата на последните напади од Бугарија?

- Прашањето е секогаш актуелно и индикативно. Зошто? Затоа што Фондацијата го дава вистинскиот одговор со преиздавање на книгата од Блаже Конески „По повод најновите напади на македонскиот јазик“ издадена во далечната 1948 година. Ова го потврдува она што го спомнува и Конески во книгата, дека се појавуваат во некаков континуитет. Меѓутоа, без разлика на тоа, македонскиот јазик е непобитна вистина и сите искажувања во зборниците од Фондацијата, но и на другите изданија на научните и културните установи во државата, ни го докажуваат тоа дека делото на Блаже Конески поттикнува на вакви размисли во врска со употребата и постоењето на македонскиот јазик.

СМ: Каква е соработката на Фондацијата со научните и образовните институции (Институтот за македонски јазик, Филолошките факултети)?

- Во поглед на обележувањето на двата јубилеи годинава, соработката ни е насочена кон Министерството за култура. Пред сè, сметајќи на финансиската помош што ја добиваме од нив за реализација на програмата. Но, 100-годишнината од раѓањето на Конески достоинствено се одбележува и од Институтот за македонски јазик, и од МАНУ, и од Филолошкиот факултет. Од она што досега го гледам и го има во Националната програма и агенда, тие се вклучени со свои содржини и се разбира, ги поддржуваме да го прават со ист интензитет и во иднина.

СМ: Имаше ли слух Министерството за култура за потребите на оваа програма, или моравте да правите приспособувања?

- Напротив, нашата соработка е непосредна и со големо разбирање. Имавме целосна поддршка за оваа голема програма и благодарни сме што не требаше скратување и промени во она што го зацртавме. Но, таа соработка

не може да биде сезонска, етапна или по некои поводи, туку треба да биде континуирана и долгорочна, не само во однос на финансиска поддршка, туку и на други материјални или нематеријални прашања сврзани со Фондацијата за македонски јазик „Небрегово“. Засега имаме такво разбирање, а се надевам дека ќе се продолжи во таа насока.

СМ: Во што се состојат некои од вашите потреби за подобро и поефикасно да функционирате?

- Знаете, за да функционира едно семејство му е потребен дом. За да функционира една фирма ѝ е потребен квалитетен простор. За да функционира Фондацијата, елементарно е потребен дом. Се надеваме дека овој дом ќе биде обезбеден од Министерството за култура и Владата за да можеме непречено да функционираме. Како што рече покојниот академик Старделов, Фондацијата нема друг гарант за нејзиното постоење и смисла, освен Блаже Конески. Ако го почитуваме Блаже Конески, значи ја почитуваме и Фондацијата за македонски јазик “Небрегово”, именувана по неговото родно место.

СМ: Дел од настаните се планирани да се одржат во родната куќа на Конески во Небрегово.

- Спомен-домот на Блаже Конески навистина е едно репрезентативно здание каде што се случуваат клучни културни настани во државата. Оваа година сметаме дека треба да биде во уште понагласена форма. Покрај тоа што Фондацијата често го користи спомен-домот за своите настани, треба да истакнеме дека корисник е всушност Завод и музеј од Прилеп. Тимот на музејот предводен од директорот Благој Атанасоски, прави напори домот не само да се одржува, туку и постојано да се збогатуваат содржините во него. Многу сме среќни што најголем дел од настаните ќе се одржуваат таму. Нема посоодветна локација. На 26 мај Друштвото на писателите одржа поетска средба во Небрегово. А зошто е важен овој датум? Затоа што на 26 мај 1945 година Блаже Конески го одржал првото предавање пред студентите во тогашниот народен универзитет на тема „Македонскиот јазик и македонската литература во 19 век“. Оваа книга е преиздадена од Издавачката куќа “Култура” и ќе биде промовирана, како и “Граматичарот” и други дела. Годинава, исто така, ќе се додели Повелбата „Блаже Конески “ на академик Радован Павловски.

СМ: Сметате ли дека спомен-домот на Блаже Конески треба да биде ставен на туристичката мапа на државата, заедно со културно-историските споменици од тој крај?

- Исклучително актуелно прашање. Имам информации дека Универзитетот за туризам и менаџмент од Скопје подготвува повеќе научни трудови за културната ризница во којашто спаѓа спомен-домот, вклучително и црквите и манастирите. Се разбира дека секој влог во таа насока и од научната и од стручната фела е добредојден. Мислам дека во Прилеп и прилепско има 75 цркви и манастири. Тоа е доволно за развој на сериозен културен туризам.

СМ: Зборуваме за настаните кои го одбележуваат 20-годишниот јубилеј на Фондацијата. Но, би сакала да ве навратам две децении наназад. Кои беа настаните што претходеа на востанувањето?

- Поводот беше единствен. Оттогаш до денес ништо не е променето. И затоа да му се оддолжиме на великанот Конески со почит и сеќавање. Како што велеше покојниот Трајко Стаматоски: Блаже Конески-наддржавен авторитет. Тоа беше поводот. По неговата смрт, на неговиот роденден да се формира Фондацијата за македонски јазик. Основачи, покрај другите, се и големите имиња на македонската книжевност: Георги Старделов, Петре М. Андреевски, Атанас Вангелов, Људмил Спасов и уште неколкумина ентузијасти на чело со Трајко Стаматоски. Таму се почетоците. Фондацијата во почетокот беше сопственик на спомен-домот на Блаже Конески, но по завршувањето на реставрацијата во 2005 година, со еден импозантен настан што се одржа на 1 август, Фондацијата ѝ го подари на владеење на државата.

Интервјуто го водеше: Сузана Мицева

Олга ПАНКИНА

Претседател на РОО Македонски културен центар во Москва

СО ПОЧИТ КОН ДЕЛОТО НА БЛАЖЕ КОНЕСКИ

(Мој придонес во популаризацијата на делото на Конески во Русија)

Оваа година се навршуваат сто години од раѓањето на Блаже Конески – уникатен творец во науката за македонскиот јазик и како раскажувач и, пред сè, како поет.

Имав среќа да го запознам Блаже Конески поблизу во 1979 кога пристигнав на шестмесечното стажирање во Скопје за да ја подготвам дипломската работа под негово менторство. Ги проучував значењата на презентот и имперфектот во современиот македонски јазик. Иако имав голем пиетет кон Блаже, бидејќи веќе имав сознанија за неговата големина како научник, познавач на историјата на литературата, писател, преведувач и врвен интелектуалец, не чувствував трема во неговото присуство. Тој секогаш беше внимателен и тактичен кон мене. Ми остана во сеќавањето како многу скромен, мирен и срдечен човек со силна внатрешна моќ. Многу ми помагаше да навлезам во суштините на македонскиот јазик. Но, разговаравме и за многу други работи. Тој го разбуди и го поттикна моето внимание кон оваа прекрасна земја. Не се сомневам дека се афирмирав како македонист токму благодарение на Блаже Конески.

Вложувајќи големи напори во популаризацијата во Русија на македонската култура, посебно на македонската литература и јазик, во неколку наврати имам пишувано за Блаже Конески по руски весници и списанија.

Особено го сакам и ценам Блаже Конески како поет. Имам препеано многу песни од Блаже Конески, меѓу нив и најпознатите, исклучителни и зрели, како "Везилка", "Ангелот на Света Софија", "Стерна", "Елен самјак, "Ars poetica" и други што се влезени во сите антологии на македонската поезија во светот, како и во последниве две објавени во Москва во 2010 и 2011 година во мој превод на руски јазик.

Во 2012 година почитуваниот академик Милан Ѓурчинов ми ги подари првите две книги насловени "Поезија" од целокупните дела на Блаже Конески и тоа ме поттикна одново да ги препрочитам песните на Блаже. Уште еднаш се убедив дека неговата поезија ги допира егзистенцијалните прашања. Ја почувствував многу блиска и возвишена. Посебно ме импресионираа песните

на Конески од последната деценија од неговиот живот кои истовремено претставуваат континуитет на неговото претходно творештво, но значат и откривање на една друга, специфична лирска сфера, во која интимното, облагородено со исклучителниот сензибилитет на Блаже Конески како поет, се искрева до ранг на општочовечка вредност. Се нафатив за препев. Во 2013 година работата беше завршена. Книгата излезе од печат со тираж од 1.000 примероци (Москва, 2013, издавачка куќа "У Никитских ворот", 366 страни). Преводот го направив според изданието "Целокупни дела на Блаже Конески. Критичко издание во редакција на Милан Ѓурчинов. том 2, Ск., **2011**). Прво имав намера да правам избор, но потоа решив да го претставам творештвото на Конески во поголем обем. Направив препев на последните 6 поетски книги на Блаже Конески: **„Послание" (1987), „Црква" (1988), „Златоврв" (1989), „Сеизмограф" (1989), „Небеска река" (1991), „Црн овен" (1993) – вкупно 257 песни, со што на руските читатели** им беше дадена можност да добијат целосна претстава за спецификите и за рангот на Блаже Конески како лирски творец. Сите песни влезени во книгата "Послание" на руски беа објавени за првпат.

Значајно е дека академикот Милан Ѓурчинов за книгата "Послание" напиша предговор под наслов "Пораки и неспокојства на гордиот осаменик" адресиран токму на руската читателска публика.

Во 2021 година се одбележува јубилејот – сто години од раѓањето на Блаже Конески. По повод овој значаен настан, издавачката куќа "Македоника Литера" (управител Нове Цветановски) планира да објави избор поезија на поетот под симболичниот наслов "Сто песни на Блаже Конески" (мои составувања и препев). Книгата ќе биде двојазично руско-македонско издание.

Импресионирана од неговото поетско творештво, посебно од неговата песна "Везилка", насликав циклус слики во комбинирана техника: акрил и вез на платно, таканаречени "везени" слики. Ги изложував во Москва, Звенигород и Скопје.

Како прозен писател го застапив Блаже Конески со расказите: Лозје (Виноградник), Прочка (Прощеное воскресенье), Встреча, Блаже и Доста, Потег (Ход).

Песните и расказите на Блаже Конески што ги преведов на руски јазик се израз на мојата голема почит кон него. Убедена сум дека Блаже Конески е фигура од џиновска димензија, а делото на Блаже Конески е значајно и вредно остварување во рамките на светското културно наследство и треба нашироко по светот да се наведува како силен аргумент за значењето и суштината на македонскиот јазик, за македонскиот национален идентитет.

Се гордеам со тоа што мои заслуги во преведувачката дејност со цел популаризација на македонската литература во Русија се крунисани со медалот на Македонската академија на науките и уметностите што го носи името на Блаже Конески.

БИБЛИОГРАФИЈА

ПОЕЗИЈА И ПРОЗА НА БЛАЖЕ КОНЕСКИ ВО ПРЕВОД НА РУСКИ НА ОЛГА ПАНКИНА

ПОЕЗИЈА

Голоса у воды. Антология современной македонской поэзии. М, ИПО «У Никитских ворот», ИД «Макавей», 2010 (Перевод О. Панькиной)

Конеский Блаже Вышивальщица, Стерна, Хворый Дойчин, Ангел Святой Софии, Одинокий олень.

Современная македонская поэзия. Библиотека литературы Македонии. М., «Окоем», 2011 (Составление и перевод О. Панькиной)

Блаже Конеский Вышивальщица, Марков монастырь, Ангел святой Софии, Пословица, Стужа, Часы, Будущее, Роза, Дуб, Пчеловод, Клетка, Песня, Крик, Колыбельная больному ребенку, Отдых, Ночь, Главное, Возвращение, Ars poetica.

Переводы Ольги Панькиной из славянской поэзии. ТОДНТ, Тверь, 2011

Блаже Конеский Вышивальщица, Ars Poetica.

Блаже Конески Преводи на осум јазици. Скопје, Универзитет «Св. Кирил и Методиј», 2012

Жест, Женщина, Минарет. (Препев: Олга Панкина)

Антология современной македонской поэзии, Скопье, 2014 (Перевод. О. Панькиной)

Блаже Конеский Вышивальщица, Тешкото, Хворый Дойчин, Стерна, Марков монастырь, Вий, Красивые женщины, Отдых, Одинокий олень, Молитва.

Блаже Конеский Послание. Стихи. «У Никитских ворот», М., 2013 (368 с.) (Составление и перевод О. Панькиной)

О, поэзия, Поэтика, На могиле Поля Элюара, Над высохшим колодцем, Тень, Наказ любимых, Через много лет, Жест, Ревность, Жажда, Красавица, Преданность, Деревья, Ветка, Обняв берега, Удивление, Молчание, После холодов, Мелкие предметы, Неизбежность, Пересаживая цветы, Цветник, Птицы, Сосна, Флора и фауна, Дикие гуси, Сыч, Предзнаменования, Знак 1 (Флаг), Знак 2 (Добрая весть), Знак 3 (Любовь), Знак 4 (Щит), Волны, Рукопись, Минарет, Шепот, Точка, Ночь, Дети, Пробуждение, Возраст, Шестой ребенок, Усопшим, Мертвецы, Похороны Гуте, Дневник Гомбровича, Праматерь, Учителя, Дитя, Помощь, Чудо, Высокомерие, Звуки, Послание, Церковь, Антоний и Клеопатра, Молитва, Воробьи в тумане, Отец, Воспоминание через много лет, Читатель, Память, Предтеча, Песня, Призыв, Этот день, Семейная история, Святой Николай, Супруги, Омолаживание, Грешницы, Надпись на источнике, в монастыре Йована Бигорского, Женщина, Красота, Рука, Мраморная статуя, Прикосновение, Поцелуй, Разговор, Вторая молодость, Безумства, Декабрь, Послание, Жара, Отдых, Голубки, Связь с жизнью, Лето, Плакальщицы, Воспоминания, Расхождение, Мгновение, Сухое дерево, Старики, Защита, Ласточки, Живучесть,

Опыт, Зрение, По кромке, Смирение, Жизнь и смерть, Сюжет, Георгий Божиков, Успение Владимира Мошина, Васил Чипов, Любовь, Вино, Златоверх, Сирма, Видение Исайи Радева Мажовского из Лазарополя в дебарской темнице 8 января 1889 года в десять часов утра, Воевода Блаже в опустевшем селе Бирино, Гадание на кофейной гуще, Взгляд, Разговор с матерью, Больничная палата, Травник, Начало дня, Тень, Промедление, Пожар, Болезнь, На рассвете, Почитание покойника, Полный цикл, Осенний закат, Деревенская дорога, Маяковский, Просьба, В парке, Айва, Воспоминания, На солнце, Пенсионеры, Совесть, Могилы, Падаль, Боль, Свидание, Благословение, Хмурое утро, Свежесть, Слово, Стереотипы, Дождь, Ода разуму, Вера, Очеловечивание, Жизненный путь, Немощь, Слабость, Жилец, Моя песня, Отдых, Дикие птицы, Пасхальное яйцо, Похвальное слово, Родина, Одиночество, Создание себя, Обязанность, Годовщина I, Годовщина II, Урок, Злодейство, Привязанность, Ожидание, Судьба, Знамя, Прикосновение, Птицы, Ой, Лозена, Македонские поэты, Лжепророки, Полдень, Слава, Мать, Князь Андрей, Ремесло, Сухое дерево, Месть, Тоска, Перемены, Малодушие, Вангел, Моим стихам, Гостиницы, На отдыхе, Молитва, Ночь, Вставание ночью, Преображение, Жизнь, Вечность, Моей палке, Запрет, Беспокойство, Ледяная скульптура, Ясность, Самопознание, Закат, Предел, Внутренний диалог, Опустошенность, Именины, Стынь, Краеугольный камень, Преображение, Жизнь, Опыт, Весна, Чужой, Город, Гнев, Эпитафия солдату из Сплита, Надежда, Спокойствие, Пустота, Полуночная мысль, Садовник, Небесная река, Дойранская элегия, Новый год 1992, Личность, Песня для черного брата, Отпор, Молитва заупокойная, Противоборство, Коварство, Прилепская хроника, Кузнечик, Небо, Пробуждение, По А. С. Пушкину, Св. Пантелеймон, Календарь, Прибежище, Натюрморт, Начало осени, Золотник, Обед, Чашка чая, Внутренний вид, Античная трагедия, Урна, Одиночество, Шар-Планина, Вспоминая отца, Друзьям, Обновление, Дятел, Сокол, Предшественница, Смирение, Плач старухи, Хранители, Страх, Накануне Афанасьева дня 1993.

Рождение слова. Македонские переводы Ольги Панькиной. Серия «Мастера художественного перевода», М., «Центр книги Рудомино», 2019

Блаже Конеский Вышивальщица, Тоска, Урна, Одиночество, Ангел Святой Софии, Пословица, Ars poetica, Молитва заупокойная.

ВЕСНИЦИ, СПИСАНИЈА

Журнал ЭТНОСФЕРА М., 2006, № 12(99) с. 22-23

«Монастырь я построил в укромном месте…» Составление и перевод О. Панькиной

Конески Блаже Марков монастырь.

Журнал К ЕДИНСТВУ! М., 2007, №1 с. 14-16

Македонские стихи. Марков монастырь. Составление и перевод О. Панькиной.

Конески Блаже Марков монастырь, Пословица, Стужа, Часы, Будущее, Роза, Дуб, Пчеловод, Клетка, Песня, Шум, Колыбельная больному ребенку, Отдых, Ночь, Ars poetica, Глав-

ное, Возвращение.

Журнал МЕЦЕНАТ И МИР М., 2007, №№ 33-34-35-36, с. 28-34

Немного о Республике Македония и ее поэтах. Составление и перевод О. Панькиной

Конески Блаже Пословица, Шум, Возвращение.

Приложение к журналу Литературное содружество ИЗ ВЕКА В ВЕК Тверь, 2010 с.23-26, 41-42, 114-117, 142-144 (Перевод О. Панькиной)

Конеский Блаже Ars poetica.

Журнал Литературное содружество ИЗ ВЕКА В ВЕК Тверь, 2011 с. 28-30 (Перевод О. Панькиной)

Конеский Блаже Ангел Святой Софии.

Приложение к журналу Литературное содружество ИЗ ВЕКА В ВЕК Тверь, 2011 с. 9-13, 27-28, 37-39, 105-107, 128-130 (Перевод О. Панькиной)

Конеский Блаже Ars poetica.

Газета МОСКОВСКИЙ ЛИТЕРАТОР, М., №23, ноябрь-декабрь 2011 г.

Блаже Конеский Всё не случайно… (Составление и перевод О. Панькиной)

Вышивальщица, Марков монастырь, Ангел святой Софии, Пословица, Стужа, Часы, Будущее, Роза, Дуб, Пчеловод, Клетка, Песня, Крик, Колыбельная больному ребенку, Отдых, Ночь, Главное, Возвращение, Ars Poetica.

Приложение к журналу Литературное содружество ИЗ ВЕКА В ВЕК. Тверь, 2012 (Перевод О. Панькиной)

Конеский Блаже Ars poetica.

ПРОЗА

РАСКАЗИ

Рассказы македонских писателей. Библиотека литературы Македонии, «Окоем», М., 2009 (Составление и перевод О. Панькиной)

Блаже Конеский Виноградник. Прощеное воскресенье. Встреча. Блаже и Доста.

Антология современного македонского рассказа, Скопье, 2014 (Перевод О. Панькиной)

Блаже Конеский Ход.

«Рождение слова. Македонские переводы Ольги Панькиной». Серия «Мастера художественного перевода», М., «Центр книги Рудомино», 2019

Блаже Конеский Прощеное воскресенье.

ЕСЕЈ

Антология македонского эссе, Скопье, 2015 (Перевод О. Панькиной)

Блаже Конеский Опыт.

Блаже КОНЕСКИ

ВЕЗИЛКА

1.
Везилке, кажи како да се роди
Проста и строга македонска песна
Од ова срце што со себе води
Разговор ноќен во тревога бесна?

— Два конца парај од срцето, драги,
Едниот црн е, а другиот црвен,
Едниот буди морничави таги,
Другиот копнеж и светол и стрвен.

Па, со нив вези еднолична низа,
Песна од копнеж и песна од мака,
Ко јас што везам на ленена риза
Ракав за бела невестинска рака.

Судбинско нешто се плело за века
Од двете нишки, два созвучни збора,
Едната буди темница што трека,
Другата буди вкрвавена зора.

2.
Везилке, крени наведена лика,
Погледај в небо во претпладне златно:
Се шари таму и чудесно блика
Твојата везба на синото платно.

За тебе нема ни вечерен запад,
Ти — морно око на трепетна срна.
Две бои таму ти горат и капат,
Две шарки твои — црвена и црна.

Зар не се плашиш од јаркоста нивна,
И најмил спомен дека ќе ти згасат?
Зошто се губиш, ти строга, ти дивна,
Дните ти минат, прокоби се гласат.

— И најмил спомен што в душа ми блесна
Се гаси од нив ко цвеќе без боја.
Но, ти што ловиш звук на чудна песна,
Ти си ја кажа судбината своја.



ОЛГА ПАНКИНА
„ВЕЗИЛКА“

Васил ТОЦИНОВСКИ

МОИТЕ ПРОФЕСОРИ

Текстот за моите професори не бараше да биде напишан. Долго го носев во себе и чувствував потреба да се ослободам од него. Да седнам и да го напишам со претскажување оти само така ќе дојде олеснувањето од мислите кои ме враќаа во некои дамнешни златни времиња напишаното неминовно исполнето со сеќавања, тага и болка кои подразбираат искреност и вистина што може многумина да ги налути и навреди. Во дваесет и првиот век како епоха на технологиите и информацијата, превртеното време со разбуричкана мисла и смисла, со нарушена етичка и естетска мера со гласноговорење на лична/сопствена вистина, всушност јасно го искажуваа предупредувањето оти вистината никому не му треба и никој не ја сака. Како среќен човек што го подразбира само слободниот човек народски речено, може да си ставиш трн во здрава нога. За упокоените добриот збор е само запис, а напишаниот збор ајде да речеме оти малку се чита како поука оти за нив имаме само одбрани и добри зборови, ама за современиците ќе биде само повод за нов отстрел што лукаво и смртоносно се крие/опчекува зад секој агол. Дилемата е во сознанието оти за оние некои одамна минати и златни времиња вистината е пофално слово, како што правило без исклучок се искривените состојби, манифестации, појави и појави, профили и дела што го исполнуваат сегашното време на поразии и интриги. Древното правило оти учителите и професорите се наши *втори родители* со пандемијата има предуслов да биде избришано, зашто на негово место безгрижно заседна новото технолошко онлајн воспитување и образование.

Нови луѓе, време и простор го исполнуваат/осмислуваат еднаш и кратко дадениот човечки живот. Во него нема случајности. Во есента на 1969 година, по матурирањето во велешката гимназија *Кочо Рацин*, податок за лично достоинство и гордост со името на големиот поет, без поголеми недоумици се запишав на Филозофскиот факултет во Скопје, на групата Историја на книжевностите на народите на СФРЈ. Во поземјотресната македонска престолнина се случуваа брзи и неочекувани промени во кои не остануваше време за изненадување и прашање, размислување и дилема зашто молневито се обновуваше или поточно се создаваше нов живот и коктел од менталитети и карактери како ново постоење. Минатото брзо се престоруваше историја потајно и со љубов сочувана/сокриена во фотографии кои брзо, брзо пожолтуваа и се престоруваа во непребол. Но, тука нема лек, зашто единствено правило е да се оди напред, да се освојуваат иднината и убавината,

со новиот изум за поглед кон перспективата (кому како му било пишано или претскажано на третата вечер). Факултетското образование имав голема среќа да биде во прегратките и љубовта на генерацијата професори автори и авторитети кои, за жал, останаа едни и единствени. По нив не се јави ниту ронка повеќе педагог со такви дарби и знаење, со родителска грижа за своите студенти, во минута точни на предавањата и во испитните сесии, секогаш елегентни и од тоа време изразот дотерани лични мажи. Нивниот збор беше симфонија на македонскиот литературен јазик со кој се пресоздававме и креативно се вградувавме во големото светско семејство на културни народи. Колективно се мемориравме со испишување и посведочување на вистините за нашите македонски традиција и континуитет, идентитет и непокор, заитани како сонцељубиви и правдољубиви општествени битија кон новите бели мугри со срце во кое умеевме да го збереме целиот свет како аманет од нашиот Рацин.

Во тие времиња доминантен авторитет беше професорот Харалампие Поленаковиќ. Со него ги почнувавме и завршувавме студиите слушајќи предавања по стара или средновековна македонска книжевност, дубровничка литература и секако мојот омилен предмет македонската литература во деветнаесеттивек. Испитите имаа писмен и устен дел. Значи, имавме извонредна можност добро да го запознаеме својот строг и правичен професор, но и тој извонредно добро ги помнеше и препознаваше своите студенти. Употребата на присвојните придавки има карактерно значење за дадените време и простор. Со страв и почит очи в очи со професорот се најдов на усниот дел од испитот Македонска литература 19 век. Одважен и духовит ми се обраќа со: *Ајде, ти Василе, да ми ја кажеш ако знаеш библиографијата за твојот соѓраѓанин Јордан Хаџи Константинов - Џинот.* Ми олесна, се израдував, па ако нешто сакав да ме праша тоа беше токму интригантниот, чуден и противречен Џинот. Почнав да ги редам авторите, книгите, издавачите и времето, страниците, најзначајните теми и прашања на проучувања и коментари и едно време професорот ме прекина со прашање дали имам уште некој автор што би требало да го спомнам. Не, нема, одговарам брзо и решително, а точно знам оти никако не треба да го спомнам *забранетиот* професор Георги Шоптрајанов за кого Поленаковиќ строго и бескомпромисно забрани да се чита и споменува. Соѓраѓанинот на народниот учител Џинот, Шоптрајанов откри и објави труд за неговата библиотека што предизвика јавна нетрпеливост и негација позната и премолчувана јавно. Тука Поленаковиќ немаше милост, а нетрпеливоста се преторила во злоба и омраза. Како студент тоа посебно го исчитав и секако ја добив можноста за одбегнување на каква било стапица или непријатност. Впрочем, многу нешта научив токму од професорот Поленаковиќ и тоа беа мои патишта и резултати во личното профилирање како истражувач, да се согледа комплексот прашања и со математичка прецизност фуснотата да ги одреди изворот, карактерот и целовитоста на поставеното прашање со конкретен одговор, став и оценка. Тој, како и професорот Блаже Конески, беа вистински наши татковци коишто се интересираа за

своите студенти (вработување, семејни и лични проблеми, помош и совет). И по завршување на студиите како млад новинар во Телевизија Скопје редовно со мојот професор се среќававме на тогаш престижните Струшки вечери на поезијата и Рацинови средби. Секогаш тоа беа пријатни мигови во кои професорот не забораваше и му благодарам што секогаш имаше време да ме праша како сум и што работам сега.

Еден ден бев повикан да појдам во Македонската академија на науките и уметностите сместена во чудесната Шкаперда во срцето на градот. Секретарката ми рече дека ме очекува потпретседателот академик Харалампие Поленаковиќ. Кафето дојде заедно со прашањето на професорот дали знам зошто сум повикан. Од каде би знаел?! - си велам во себе, а ме јаде јанsа што тоа можеби сум згрешил нешто. Ми олесна, оти тој секогаш го кажуваше задолжението/обврската како наредба со најдобра намера. Како претседател на Советот на научниот собир посветен на животот и делото на Јордан Хаџи Константинов - Џинот добив задача да напишам реферат и со него да учествувам на симпозиумот. Ги имав публикувано своите први научноистражувачки трудови и поканата беше добредојдена. На 9 септември 1982 година, во големата сала на Собранието на општина Велес се одржа симпозиумот *Животот и дејноста на Јордан Хаџи Константинов - Џинот* на кој настапив со темата Џинот како литературна инспирација. Текстот беше објавен во *Прилози*, год. VIII, бр. 1-2, 1983, стр. 87-95.

Посебна приказна е професорот Блаже Конески. Знак, мисла и смисла, идентификација на македонскиот дваесетти век и точно одредено македонствување како иднина. Студентите не се плашеа од професорот чијшто предмет Историја на македонскиот јазик не беше ниту едноставен ни лесен, тие го сакаа својот професор. Во него имавме човек од душа. Професионално како новинар можев катадневно да го следам по разни поводи. Тивок и скромен, речиси незабележлив, а секаде и секогаш добредојден, почитуван и омилен авторитет. Ја имав честа да бидам меѓу тројцата македонски новинари, заедно со Лилјана Мазова од Нова Македонија и Кемал Комина од Радио Скопје, на манифестацииите по повод доделувањето на Његошевата награда на академик Конески во Црна Гора. Вистински празнични денови на величеството на историјата за ликот и делото на црногорскиот владател и поет Петар Петровиќ Његош. Неколку денови бевме постојано во опкружувањето на наградениот автор, имајќи ја можноста да го запознаеме одблиску. Во големата хотелска сала на кафе разговор се Конески и големиот македонски пријател академик Сретен Перовиќ. Блаже, прашањето е гласно поставено и како да одѕвонува во празниот салон, како се чувствуваш сега? Неколку секунди во очекување на одговор, следува спонтана речиси детска смеа: како млада невеста! Наредниот ден на свеченостите во Цетиње го остваруваме интервјуто со мојот професор за централниот ТВ весник на Телевизија Скопје во 19.30 часот. И многу години потоа, во 1988 година, како член на тричленото жири, едногласно престижното Рациново признание му го доделуваме за Дневник

по многу години. Од тие многубројни настани секако треба да биде забележан и разговорот со Конески по повод доделувањето на најголемото поетско признание во светот Златниот венец на Струшките вечери на поезијата во 1981 година. Меѓу неговите верни пријатели беше и директорот на Новинско-издавачката организација Студентски збор Насте Стојкоски, вистински и назаменлив татко на повеќе генерации македонски новинари. Професорот често навратуваше на посета и разговор во бараките на редакцијата кои беа зад Техничкиот факултет. Како извонредно средечна ја имам запаметено дружбата по повод објавувањето на неговата есеистичка книга Македонски места и теми.

Во двете последни децении од дваесеттиот век моите престои на научно-истражувачка работа поврзани со една од најактуелните теми за дводомните писатели беа чести и траеја подолго во бугарските библиотеки, архиви и приватни збирки. Меѓу нив посебно време и љубов им посветив на браќата Димитар и Кочо Г. Молерови. Дел од тие истражувања како посебно значаен труд е томот Димитар Г. Молеров, Драми, изд. Мисла, Скопје, 1991, стр. 439. Тоа и беше повод да ја замолам колешката Евгенија Мицева од Институтот за бугарски фолклор да ме поврзе со угледниот и гласовит професор Петар Динеков. Кога слушнал оти сака да го види еден млад Македонец, со задоволство го прифатил предлогот за средба и за ден-два бевме заедно во кафе-слаткарницата во приземјето на зградата во којашто живееше во непосредна близина на Софискиот универзитет. Му кажав дека тешко доаѓам до материјали во бугарската книжевна историја за животот, за богатото и разновидно творештво на Молеров. Ништо чудно, коментираше академикот, станува збор за теми што не ѝ припаѓаат на бугарската книжевна традиција и континуитет. Значи, имаме автори и книжевни творби коишто имаат туѓа национална идентификација. Се интересираше како се неговите македонски колеги и посебно како е Блаже Конески. Тој бил негов студент две години (трета и четврта) и трајно останал во сеќавањата како една ретка и генијална личност. Го именуваше како совршенство и постојано посакувал и очекувал да има уште еден таков студент, но за жал тој никогаш не се појавил, така Конески останал еден и единствен. Тоа имав можност и лично да го почувствувам во поетовиот дом во бараката на Водно, каде што нѐ пречека неговата и наша македонска мајка Доста, кога за Втората програма на Телевизија Скопје го снимавме документарно-играниот филм од серијата Македонска поетска антологија. Ги имав честа и задоволството да бидам водител на уметничката вечер по повод 1.100 години од смртта на св. Методиј на Телевизија Скопје, на 23 мај 1985 година, двочасовна емисија во ударниот термни од 20 часот, и да бидам со авторитетите Блаже Конески, Франтишек Вацлав Мареш од Виена и Јири Марија Весели од Рим. И сега по толку години протекува нова топлина на среќа и задоволство од она што било и поминало. Да не се заборави.

Меѓу најверните соработници и пријатели на најстарото и угледно македонско книжевно списание Современост првото место му припаѓаше на професорот Конески. Две децении

бев уредник во неговата редакција (1982-1992) заедно со Александар Алексиев, главен и одговорен уредник и Евтим Манев, секретар. Меѓу многуте пријатни мигови во таа соработка и пријателствување посебно сум ги запомнил традиционалните средби со почитуваниот и сакан професор во редакцијата непосредно во деновите пред Нова година. На тие средби доаѓаше и професорот Георги Сталев, претседател на Советот на Современост. Со ослабнети здравје и вид, не смееше да пие, ама насмеан и со само нему тивко спокојство ќе кажеше: Ајде Тимчо (Манев), дај да се напиеме по една-две чашки жолта! Тоа беа времиња кога беше напаѓан од разни страни и по разновидни поводи, навредуван и омаловажуван, именуван со погрдни зборови и најразлични вулгарни додавки. Не одговори, уште помалку можеше да прифати дијалог, но човечките и човечни душевни немири искрено и гласно, исповедно и болно со немушт крик ги запишуваше како тестамент во своите песни. Со возбуда и немир бевме нејзини први читатели пред да се објават на страниците од Современост. Со леснотија и спокојство гласно говореше: Остави, секој има право да мисли како умее и да каже што сака, тоа е негова работа! Му верував и се восхитував на храброста и доблеста на мојот професор, иако душата и мислите беа чемерни, па се обидов тој однос да го вградам во својот карактер. И подоцна како главен и оговорен уредник (2003-2012) не сакав ниту да прочитам, а не да објавам валканици за великанот Конески.

Најпосетени од студнетите беа предавањата по Теорија на литературата. Се одржуваа во една од предавалните на вториот кат од тогашната Педагошка академија (Педагошки факултет) во четврточните. попладневни часови. Доаѓавме порано за место, се носеа столови и многу студенти на нозе ќе ги ислушаа двете предавања на професорот Димитар Митрев. Од него блескаше посебна елеганција и достоинство, секогаш во црн костум, бела кошула и пеперушка. Точен и прецизен, говореше слободно без да има кај себе некоја книга, белешки или каков било потсетник. Моќта на гласот и чистата дикција беа уверлив аргумент за карактерот на академикот како даровит човек и зналец, стабилна и одмерена личност. Но, исто така/толку беше критичен и отворено умееше да критикува и да укажува оти некои негови колеги се здодевни, не умеат да предаваат и да пренесуваат знаење на своите студенти, повикувајќи да не бидат наш пример. Човекот сам по себе е стил, нагласуваше почесто. Ниту професорот, ни предметот не беа опасност, но сите му имавме посебна почит и уважување. По завршување на студиите немав можност за некои почести контакти со професорот. Како новинар и автор на книгоиздателството Наша книга го среќавав во канцеларијата на Славко Јаневски, кој демонстративно беше заминат од Македонска книга и Видое Подгорец. Во 1970 година, беше објавен избор од творештвото на Митрев во седум книги што беше и остана издавачки проект со трајна вредност. Од него беше поттикнат интересот за блескотното поглавје во македонската литература Македонскиот литературен кружок во Софија (19838-1941), и од нашите повеќегодишни истражувања беа публикувани повеќе од

десетина томови за Кружокот и неговите членови.

Во богатата и разновидна дејност на Културно-просветната заедница на Македонија посебно место и значење имаше традиционалната и популарна манифестација Месец на книгата. Тоа беше повод за разговор со Митрев, претседател на Републичкиот одбор за централниот ТВ - дневник на Телевизија Скопје. Се слушнавме телефонски со професорот кој со задоволство прифати да ни гостува, замоли ако е можно оддома да го земеме со кола и веднаш потоа да го префрлиме до Универзитетот. Беше задоволство да се биде со глаголивиот и благороден академик, роден и блескотен оратор. На пат кон Нерези ме прашува како сум и дали подготвувам нешто ново. Но, мислам оти твоето место треба да биде на факултетот, ти таму припаѓаш, а ова нека биде само попатна станица. Нашето збогување имаше творечки карактер. Неочекувано се упокои на 24 февруари 1976 година, и за вечерното информативно телевизиско издание на 25 февруари, беа емитувани два мои прилога, првиот од две минути и вториот од три минути и четириесет секунди. Минутажата потврдува кои/какви биле местото и значењето на овој врвен интелектуалец во македонската колективна меморија.

Во плејадата бележити професори на тогашниот Филозофски факултет беше и Кирил Пенушлиски. И тој како неговите колеги е познат научник фолклорист од европски/светски формат. Она што оставаше посебен белег и го формираше неговиот профил беа две работи: убав, строен, елегантен и мил човек и професор кој имаше мошне интересни, разбирливи и интригантни предавања. По тоа мислам оти беше омилен меѓу студентите. Подоцна кај него слушавме предавања по Народна книжевност и на постдипломските студии по македонска литература. Предавањата се одржуваа во доцните попладневни часови. Од двајцата постдипломци тоа попладне на настава бев сам. Васко, ме прашува професорот откако завршивме, како дојде до тука! Со автобус, одговарам. Тогаш, додава, да се средам и со колата те носам до дома. Не помогнаа моите молби да не се мачи со мене, а беше кочан студено и замрзнато, па така со неговиот бел фијат 1300 спокојно и брзо стигнавме во населбата Аеродром. Молам да не ми биде забележано/префрлено за запишувањето на овој детал, зашто моја единствена намера е само да ја потврдам древната мудрост дека нашите професори се и наши родители. Со професорот ме поврзуваа и роднински врски. Нашите контакти продолжија и потоа. Во периодот од 1989 до 1992 година, бев привремен управник на Институтот за фолклор Марко Цепенков и посетите на мојот професор ми беа вистински празник. И пак нека ми биде простено за искреноста. Состојбите во институтот не беа добри и по завршување на привремните мерки гледај да си најдеш подобро работно место зашто ова не смее да ти биде трајно решение. Така и се случи; со вработување во Институтот за македонска литература што тогаш беше во состав на Филозофскиот факултет.

Професорот Кирил Пенушлиски и како пензионер, човек кој имаше проблеми со видот, беше и остана идеален пример оти по човекот остануваат да се споменуваат само

неговите дела, да се слават и да се говори за трудот и работата, за резултатите кои го вбројуваат во челните редови на знаменитата елита светски фоклористи. Едноставно беше жива институција, со посебна чест и достоинство до кои секакво посегнување беше недопустливо. Помнам кога беше предложен за прием во Македонската академија на науките и уметностите и оттаму дојде аберот, исказ во негов стил, оти е одбиен. Тогаш јавно побара, да не речам забрани, во таа и таква нечиста игра никогаш повеќе да не се споменува неговото име. Ќе дојдеше во мојата канцеларија и со кафе останувавме во долги пријатни и творечки раговори. Говореше за своите проекти и истражувања, за сомнежите како да ги реши вулгаризмите во македонските еротски приказни кои имаа неколку изданија, за потребата на целосна обработка и афирмација на делото на Марко Цепенков и советот да си ја гледам само својата работа. Нагласувајќи ја притоа потребата да се сочуваме од интриги и омразија на оние од нашето професионално опкружување, зашто има за тоа мајстори кои ако нѐ избербатат ниту Вардар нема да нѐ испере. Со време тие и таквите специјалисти се накотија и беа унапредени во почесни арбитри. Зад себе не оставија дела, но затоа пак таму каде што фати нивната рака, трева повторно не никна.

Велешкото родољубие беше нитка на творечка врска со професорот Александар Спасов. Под негово менторство беше работен и одбранет магистерскиот труд Драмскиот писател Богдан Сираков (6 април 1986). Наредната година беше објавена монографијата Живот и сцена, изд. НИО Студентски збор, Скопје, стр. 271. Нашите средби најчесто на Рациновите средби, Семинарот за македонски јазик, литература и култура во Охрид, по разни поводи во Македонската академија на науките и уметностите, продолжија во неговиот дом на Водно, а одново како велешка нитка со името на улицата "Ганчо Хаџи Панзов", шпански борец, новинар и поет. Секоја седмица ќе се јавеше академик Спасов и одредувавме нова средба која, како по некое непишано правило, траеше два до три часа. Заеднички теми и подрачја на истражувања ни беа Кочо Рацин (тој беше меѓу првите Рацинолози), докторатот за Рајко Жинзифов и посебно браќата Константин и Андреја Д. Петкович. Книжевната традиција на Велес, исто така, беше заедничка опсесивна тема. Не може нашиот град да нема свое книжевно списание, тоа е грев и треба што поскоро нешто да се сработи на тој план, говореше професорот. Тој веќе имаше свои визии за него; темите и прашањата треба да бидат целосно поврзани за регионот што ќе му даде сопствен автохтон белег, неговото име да биде Велес и како издавач би било тогаш активното и перспективно Друштво за наука и уметност. Користејќи го француското искуство над податоците за изданието да стои забелешката (на македонски и на француски јазик): Списанието Велес на Друштвото за наука и уметност од Велес излегува од 1997 година. Списанието е покренато по иницијатива на академик Александар Спасов, д-р Вера Весковиќ-Вангели и д-р Васил Тоциновски. Во 1994 година, се подготви проектот со кој конкуриравме во Министерството за култура. Три години не добивме материјал-

на поддршка и да признаам, не гледав причина да се продолжува ваквата игра.

Но, така не мислеше професорот и повторуваше оти треба да бидеме упорни. И беше во право, зашто се случија некои кадровски промени во Министерството за образование и наука и секако, благодарејќи на старите пријатели, во 1997 година беше добиена или поточно освоена материјалната поддршка. Среќата немаше крај. Со Вангели требаше да го почнеме прибирањето материјали за првиот број, се одреди редакцијата и предложивме академик Спасов да биде главен и одговорен уредник. Тоа бара многу труд и напори, самопрегорно жртвување, значи потребен е помлад човек со авторство и авторитет, па додавајќи оти тој ќе биде секогаш со нас, пресече оти таа работа треба јас да ја преземам. И така, велешкото списание со по еден број годишно излегува и нè радува до денешни дни. Взаемната почит и доверба датира од поодамна. Понекогаш работите сами се наредуваат и доаѓаат како убаво изнедување одненадеж, неочекувано. Во 1981 година, бев именуван за главен и одговорен уредник на Втората програма на Телевизија Скопје. Блескотно поглавје во историјата на националната институција, но и златен период во моето професионално и креативно постоење и дејствување. Тогаш професорот Спасов во бројни средби и разговори едноставно упорно настојуваше да се пријавам на конкурсот за негов асистент. Јас требаше само да ги поднесам документите, а другите работи тој би ги завршил. Новата работна обврска во телевизијата ме радуваше и исполнуваше, бев најмлад раководител и тоа на престижна програма, и ги имав сите подобности и привилегии што можеа само да се посакаат. Меѓу телевизиската и факултетската плата имаше голема разлика во корист на првата позиција. Таа значеше и соодветно признание на сработеното во телевизиското новинарство, а почеток во наставно-образованиот систем. Професорот беше настојчив човек; за некоја година заминува во пензија и сака неговиот наследник да биде вистински и достоен за професијата во која, со негова помош и според мојот карактер и амбици, брзо би магистирал и докторирал. Сегашноста ни беше позната, но иднината никој не може да ја предвиди. И денес не знам дали тогаш добро одбрав или погрешив, постапив така како што не требало да биде.

На заминување од годината на 12 декември 1989 година, ја одбранив докторската дисертација Атанас Раздолов – живот и дело под менторство на професорот Гане Тодоровски. Сакам да запишам некои малку познати, но интригантни детали околу тоа. На Филозофскиот факултет веќе ја имав пријавено како тема во која опстојно би биле разгледувани, толкувани и вреднувани животот и делото на Коле Неделковски. Имав собрано вистинско богатство на материјали за животните врвици на овој револуционер и поет, многу непознати ракописи, сеќавања и спомени, фотографии и документи што фрлаа нова светлина и даваа можности за едно ново книжевно-историско толкување. Од уво на уво допреа до мене гласовите како може да се одобри теза за творештво составено од две малечки книшки. Требаше да ги претрчам сомнежите и да не оставам простор за непотребни расправи и расправии.

Професорот Томислав Тодоровски, мој добар пријател, ги сослуша дилемите и ме упати да одам кај професорот Гане Тодоровски кој имал одлична тема/понуда за монографско претставување на Атанас Раздолов. Задоволството беше обострано; јас имав и тема и ментор авторитет, а професорот беше исто така пресреќен зашто бев негов одбран студент. Свечниот миг на докторирањето меѓу другото, ќе биде трајно запомнато со тонот и убавината што ги втисна менторот и го возвиши во вистински научен и културен настан. Потоа, на ручекот во хотел Панорама, задоволен и среќен гласно кажува оти не верувал оти имам толку пријатели, познати и почитувачи.

Додека се работеше тезата честопати одев на консултации кај мојот професор. Предлогот беше готов, ама никако да биде завршен, зашто не можев да најдам или поточно да го смислам завршното поглавје. Нема проблем, вели тој, тоа ќе биде светот на идеите на Атанс Раздолов и веднаш ги набројa авторите со кои треба да се компарира. Во 1990 година, докторатот беше публикуван и насловен Зборот куршум и динамит со посвета за професорот со почит и љубов во која нема ниту ронка куртоазија/додворување според некои почитувани колеги. Наредната 1991 година, трудот беше закитен со наградата Гоце Делчев како општествено признание за особено значајни остварувања во интерес на Републиката во областа на науката. Монографскиот труд за Коле Неделковски се објави во 1997 година (изд. Матица македонска, Скопје, стр. 309) и во наредната 1998 година, Друштвото на писателите на Македонија ми ја додели наградата за критика и есеистика Димитар Митрев. Награди и признанија кои посебно ме радуваат и обврзуваат со имињата што ги носат, а кои имале сопствен влог во моето формирање како човек и творец. Сакам тука да споменам уште еден податок кој, како по некое правило, е заборавен во нашето кратко македонско сеќавање и меморирање на аргументите. Томислав Тодоровски го покрена издавањето на собраните дела во шест тома на Кочо Рацин, и како претседател на редакцискиот одбор, меѓу другите нè ангажираше Гане Тодоровски да го подготви првиот том Поезија, а мене ми припадна обврската за избор, редакција и предговор на вториот том Проза и публицистика. (Наша книга, Скопје, 1987, стр. 202). И да допишам оти во животот нема случајности.

Така, дружењето и соработката со академик Гане Тодоровски потоа беше доградувана и збогатувана со многу нови форми и содржини. Ќе треба многу време и толкупати повеќе страници само за нивно набројување. Но, секако треба да се одбележат неколку значајни мигови на взаемна доверба, почит, разбирање и соработка. Темата за Македонскиот литературен кружок во Софија од која произлегоа десетина томови беа вистинско откритие и целосно ги поместија дотогашните сознанија за ова блескотно поглавје во македонската книжевна историја и воопшто во културната традиција и континуитет. Тие ми донесоа многу пофалби и признанија, човечки и творечки среќа и радости, но и доста полугласни и потајни непријатности. Единствената и долго очекувана книга Македонскиот литературен кружок од Михаил Сматракалев (изд. Мисла, Скопје,

1993, стр. 383) со мој превод и поговор, беше комплетен и комплексен труд што ја создаде новата приказна за Кружокот, но тоа беше и ново поглавје во мојата професионална работа. Во 1994 година, Советот на Меѓународната средба на книжевните прведувачи во Тетово ми ја додели наградата Ванѓа Чашуле за преводот од бугарски на македонски јазик за овој публицистички труд. Ново значајно дело за македонската литература е книгата Творби од Антон Попов (изд. Мисла, Скопје, 1994, стр. 554). Пишувајќи за книгата, Гане Тодоровси именува: Васил Тоциновски е археолог на македонската книжевна историја. Тоа беше повод делегација на книгоиздателството Мисла во која бевме, меѓу другите, професорот Тодоровски и јас да престојуваме во Софија и првите примероци да му ги врачиме на нашиот чичко Михаил Сматракалев. Сочувани се доста фотографии од средбите и дружењата со оваа легенда, како и од престојот на Карамфила и Михаил Сматракалеви во Македонија.

Престојувањата во Софија го донесоа и пријателството со Ганка Најденова, внука на гласовитиот поет и голем пријател на Македонија Пејо К. Јаворов. Со неа нè запозна нашиот сонародник проф. д-р Георги Радулов. Средбите во нејзиниот дом кој беше вистински музеј и се наоѓаше во непосредна близина на Софискиот универзитет карши Софиската библиотека, беа срдечни и пријателски. Најчеста тема на разговор беа Јаворов и големата љубов Македонија од кои како документ останаа фотографии со домаќинката, професорот Тодоровски, Радулов и јас. Од тие средби и нови сознајби напишав неколку интересни текстови кои опфаќаа помалку познати фрагменти од животните и творечки врвици на Гоцевиот верен пријател и соработник. Како соработник на академик Тодоровски на проектот за Павел Шатев за МАНУ, заедно истражувавме во софиските библиотеки и архиви. Во десетината дена престој ги призавршував и истражувањата за драмскиот писател крушевчанецот Никола Хр. Дренков. Љубопитниот професор ги прочита во еден здив книшките и задоволно соопштува како тој би ги започнал пишувањата за Дренков. Во книжевноста има многу примери кога имаме биографски податоци за писателот но немаме негово дело, како што постојат заокружени книжевни опуси за чијшто потписник немаме или постојат оскудни податоци, група на која ѝ припаѓа и Дренков. Токму тоа беше и го презедов/стана почеток на неколкуте текстови за овој дводомен автор, македонски патриот, општественик, револуционер и културен деец. Тука е, ми се чини, место да се спомене и нашето македонствување во времето кога Гане Тодоровски и Анте Поповски како нова свест и совест или почеток на некое ново време со обновување на сонцељубиви идеи и идеали ја формираа гласовитата политичка партија МААК и јас сум потписник број седум на листата на нејзините основоположници.

Пишувајќи ги овие страници како надојдена река потекоа сеќавањата за некои одамна минати и златни времиња. Сè било и поминало, ама останале спомените за човековото возвишување и изодениот пат од трње кон ѕвезди. Одбраните професори се дел од колективот трудбеници на тогашниот Филозофски факултет со

кои непосредно по мерата на срцето и разумот се заврзале пријателства и соработка. Тие знаеја да се јават кај своите некогашни студенти кои имаа директорски и други раководни позиции и да побараат вработување за новодипломираните професори; притоа Поленаковиќ не замолуваше, туку поставуваше конкретно барање и почит кон него. Авторитетниот и строг втемелувач на македонската книжевна критика кој народски речено немаше влакна на јазикот Митрев велеше оти и пет добри песни се доста да се објави стихозбирка и младата современа македонска литература да биде збогатена со ново и надежно име. Тие ги следеа и читаа книжевните обиди на своите студенти, разговараа со нив и советуваа, ни дава крилја да полетаме и надеж да се возвишуваме кон иднината. Не знам каков и што би бил без моите професори!? Од Поленаковиќ научив оти фуснотата е најпрецизна математика и таа е единствениот научен аргумент, книжевно-историските анализи и синтези како крај и украс/убавина на текстот и денес ги користам од искуствата/пишувањата на Конески, патот до облагородување на податоците и вдахнување живот, топлина и своевиден творечки восхит со кои се избегнува сувопарноста на текстот го покажа Тодоровски и секако строгото правило оти секој човек е стил што го преферираше Митрев.

Така било некогаш, но бидејќи ништо не е како некогаш зашто во сегашноста се други луѓе, времиња и простори, состојбите имаат нови димензии, поинакви етички и естетски вредности. Други/поинакви се и професорите и студентите. Владеат нови форми и содржини. Слободни однесувања и непосредни дијалози во кои честопати не може да бидат спознаени/идентификувани дистанцата со другите и другото. Неминовно тие се дел од нашето катадневие во кое немаш кому да му кажеш и посакаш добар и убав ден. Збогатено со политикантство, интриги и манипулации; превртено време со поместени вредносни критериуми за етичкото на субјектот и за естетиката на делото. Последниот ред нека биде извинување на искреноста и вистината ако некого навредат или вознемират. Тие денес не се одраз на почит и разбирање, доверба и соработка, но секако останува природно дадената придобивка за слободата на човекот и можноста да го каже она што сака како благодарност што му носи слобода, мир и спокојството со олеснување од некои мисли и животни искуства. Големо, големо благодарам за моите почитувани и сакани професори!

Блаже КОНЕСКИ

ШАР ПЛАНИНА

И во идниот живот ќе те носам тебе
во погледот,
снежен Љуботенски вису,
зошто се плашам
можеби безрасудно
дека никој веќе нема да ја сети
во целата вечност
олку остро оваа бела убавина
како мене сега
во сончев неделен ден
во светиниколскиот месец



ИЛИЈА МАЏАРОВ
„ШАР ПЛАНИНА“
туш на хартија

Иван АНТОНОВСКИ

„ГЛАДНА КОКОШКА ПРОСО СОНУЕ“ КАКО КНИЖЕВНА И КУЛТУРОЛОШКА НЕСЛУЧАЈНОСТ

(Обид за прeпрочитување на единствениот објавен драмски текст на Блаже Конески)

При анализа на целосната, неселектирана библиографија на Блаже Конески, меѓу другото се воочува фактот дека бројот на неговите текстови / дела објавени во првата година по Ослободувањето, односно во 1945 година е импозантен – дури 20 текстови, и тоа без меѓу нив да се вбројуваат текстовите објавени во „Остен“. Најголемиот дел од нив се од областа на лингвистиката, како и од областа на книжевната историја, естетиката и журналистиката, но покрај нив и двете публикации во коишто се јавува како редактор, се и четири преводи и две објавени уметнички дела – поемата „Мостот“ и драмолетката „Гладна кокошка просо сонуе“. Нагласувањето на импозантноста на бројноста на текстовите од опусот на Конески се потпира на перцепцијата дека таа се има случено во една клучна, пресвртна година на непрекинати обиди и настојувања за засилено остварување на македонската како современа национална култура и за развој на македонскиот литературен јазик како нејзин суштествен елемент, и тоа како што посведочува самиот Конески, преку оригиналната и преводната литература, преку театарот и радиото, весниците и учебниците, како и преку другите форми на културно-општествениот живот. А тогаш, речиси штотуку дипломираниот Конески има само 24 години и објавува 20 текстови од коишто не мал дел и денес се едни од клучните референци не само во историографското, хронолошко проследување на современата македонска култура и на развојот на македонската лингвистика и книжевна наука, туку и во критичкото, научно вреднување на некои дела и прашања за коишто се осврнува младиот Конески. Се чини дека и квалификативот „импозантен“, недоволно го истакнува влогот на Конески во тогаш-

ниот општествен и културен контекст, од аспект на устројувањето на македонското културно, но и научно живеење, особено ако се има предвид и неговата севкупна улога во оформувањето на Македонскиот народен театар и на новиот, македонски универзитетски центар – на Универзитетот во Скопје.

Ама сепак, ако се анализира колкаво внимание е посветено на секој од тие текстови на Конески при валоризацијата на неговото севкупно дело, се доаѓа до констатација дека се чини најмалку внимание е посветено и пред сè само попатно се споменува „Гладна кокошка просо сонуе“. Оттука се наметнува дилемата зошто низ годините, толку скромно внимание се посветувало на оваа драмолетка, особено ако се има предвид дека таа е првиот објавен (како книга) и на официјална сцена одигран драмски текст од македонски автор напишан по Втората светска војна. Впрочем, ако критички се согледа што сè било сегмент на сцената во тој период на и во преносна, и во буквална смисла партизанско настојување за остварување македонска сценска уметност, „Гладна кокошка просо сонуе“ се издвојува и како еден од ретките обиди за автентичен, драмски текст од македонски автор којшто не клони само кон догматска, дидактичка постановка.

Неспорно е дека со оваа драмолетка, Конески не постигнува творечки резултат којшто е еквивалентенен на оној што го постигнува со други сегменти на неговото творештво од тој период, заради што и не може да се перципира со истите високи вредносни оцени од книжевната наука. Но едновремено, исчитувајќи ја од временска дистанца којашто овозможува перцепција без обременетост од диоптријата на општественополитичкиот контекст, сепак се доаѓа до констатација дека станува збор за постигнат завиден творечки резултат, па дури и импозантен за тоа време – творечки резултати којшто не е така лесно одминлив. Како што Конески, сеќавајќи се на своите средби со Вапцаров ќе рече дека во тој период, на него се гледало како на поет-почетник, а дури подоцна во неговата поезија се препознале вредностите што таа ги поседувала (Андреевски 2020), така и за „Гладна кокошка просо сонуе“, денес може и треба да се рече дека е драмски текст со квалитети и одлики коишто не дошле до израз во критичката перцепција во периодот на и по неговото настанување, но може да се забележат со микропрочитот што би се остварил со денешното книжевно искуство.

„Тоа е хумористичен текст, во еден чин. Се работи за една комична ситуација, во која ги поставувам некои привржаници на монархијата. Тогаш беше актуелно избирањето на формата на државата. Се разбира, се знаеше дека тоа ќе биде република, федерално установена. Но сепак, во меѓународниот контекст не беше без значење да се крева глас против монархијата.“ (Андреевски 1991: 160) Вака Конески говори за „Гладна кокошка просо сонуе“, и тоа четириесетина години по нејзиното настанување. Токму ваквиот контекст којшто го претставува и хронотопот на драмското дејство во едночинката се чини придонесува за нејзиното перципирање како ангажиран драмски текст, при што фокусот се става исклучиво на ангажираноста, а не и на анализата на текстот на други интерпретативни рамништа, секако книжевно-теориски.

Ваквото стојалиште се потпира и

на малку познатите информации коишто Конески ги споделува во разговорите со Цане Андреевски: „На премиерата случајно се најде и Радован Зоговиќ, тогаш дојден во Скопје по некоја работа. И Радован оценил дека е многу добра едночинката, ама дека не е опортуно баш во тој момент да се инсистира врз таа тема. И посоветувал да не се прикажува натаму. Веројатно била меродавна политичката клима во тој момент. Почнале разговори со Шубашиќ во тој момент и не требало да се иритира другата страна или некои луѓе, што на некој начин биле сврзани, можеби не цврсто, со другата страна. Таа едночинка доживеа само една премиера. Но во провинцијата, јас случајно знам, еднаш во Струга, и подоцна, ја слушнав преку гласноговорникот. На улица се слушаше. Го читаа текстот.“ На тоа и Андреевски додава дека „со сигурност може да се рече дека таа живееше на сцената, но преку активноста на аматерските драмски групи.“ (Андреевски 1991: 161)

Имајќи ги предвид позициите на Зоговиќ во т.н. „судир на книжевната левица“, јасно е на кое интерпретативно рамниште е вреднуван и доживуван овој драмски текст од страна на тогашниот книжевно-политички естаблишмент. Но, од друга страна, се чини, интересот за текстот од страна на „обичното граѓанство“ во тој период не се должи само на потребата од своја сцена и на поврзаноста со самодентификацијата во перцепцијата за Другиот што им се припишува на ликовите (иако тоа е во преден план), туку и на книжевните елементи на коишто почива текстот, а коишто иако интуитивно го прават привлечен за публиката.

* * *

Овојпат ќе посочиме само неколку од тие книжевни елементи – особености на текстот, коишто впрочем се и појдовни точки за натамошни навраќања и нови исчитувања на оваа драмолетка на Конески.

Во функција на формата – едночинка, Конески исклучително и изненадувачки вешто структурира текст во којшто заплетот претходи на драмското дејство. А за заплет избира добро позната книжевна стратегија – недоразбирањето и погрешното толкување на знакот. Драмското во текстот се засновува врз погрешно протолкуван, инаку долго очекуван, знак од страна на главните ликови. Неспорно е дека ваквата „драмска стапица“ ја има и во „Ревизор“ на Гоголь и во „Сомнително лице“ од Бранислав Нушиќ. Но, Конески оди и чекор понатаму. Од една страна, во заплетот што претходи на дејството на сцената е присутно, како што констатира Димитар Пандев, „непомирливо несфаќање на промената, како заслепено отсуство на слух за промената и на можноста од поинакво „читање“ на знаците: ‘пукотницата’ како етнокултурен знак, во дадена типична средина, со значење “веселба’ наспроти ‘пукотницата’ како знак во услови на војна. Станува збор, значи, за семиотичко читање на знаците во зависност од сопствените (личните) очекувања на нови ситуации (говорни чинови), за толкување на знакот во согласност со сопствениот поглед на свет, за некоординирана комуникација на ликовите со стварноста.“ (Пандев 2012: 33)

Но, од друга страна, во текот на самото дејство се појавува познатиот драмски момент на погрешна идентификација на дојденец врз основа на претходно добиена „доверлива“ информа-

ција – во овој случај пијаниот „четник“ во домот на главниот лик. Сепак, вакво-то „драмско решение“ како стапица и за ликот и за публиката, употребено од Конески, иако претходно видено кај Гоголь и кај Нушиќ, а не помалку и во „Па-рите се отепувачка“ од Ристо Крле, веќе познат елемент-ситуација во драмската книжевност, во конкретниот книжевен моментум, не може да се смета за ана-хроно, бидејќи впрочем, само една го-дина пред објавувањето и изведувањето на „Гладна кокошка просо сонуе“ го има и во „Недоразбирање“ од Албер Ками. Дури, без хиперболизација, ваквата по-ставеност на „драмска стапица“ пред и во дејството е и своевидно посебно значајно остварување во македонската драмска традиција, имајќи го предвид дотогашниот тек на развојот на маке-донското драмско творештво, доминант-но свртен кон битовата драма. Оттука, евидентно е дека во осмислувањето и остварувањето на драмскиот текст, Ко-нески го има ползувано своето знаење и искуство со драмските текстови како филолог, но евидентно, не станува збор за грубо шаблонизирано ползување на теоријата за оформување на текстот, затоа што се евидентни и отстапки од канонизизираните матрици. Сепак, пол-зувана е можноста таквата „драмска ста-пица“ да се искористи и за остварување хумор, што се чини во тој период има и културолошки, не само книжевни побу-ди – обичниот човек да се привлече кон театарот.

Семантички полни, но нестатични ликови, коишто не доживуваат иници-јација, туку преку драмското дејство се јавуваат во едно книжевно промислено, грубо реално издание. Доминантното интерпретирање на ликовите, најве-ројатно, во досегашните исчитувања се темели на атрибутите што им се при-пишуваат од самиот автор. Но, за да се вреднува од книжевен аспект, до поте-мелита интерпретација се доаѓа ако се оствари деконструкција на ликовите и ако тие се интерпретираат во својата суштина – како карактери. Односно, со деконструкција којашто вклучува и десекција на ликот што подразбира и деидеологизирање на текстот и негово перципирање без обременост со хро-нотопот, тие пред сè се ликови на секое секојдневје – тие не се само четници и бугарофили, туку пред сè се ликови коишто се слика, критика и исмевање на ка-рактерите без суштинска подготвеност за борба и идеи, парадни карактери со лукративни побуди, коишто во општест-вото егзистираат само преку вклопу-вање во општествената конвенција. Тие се критика и на карактерите, а само на површинско рамниште, интерпретира-но во тогаш актуелниот хронотоп се и критика на конкретните монархистички и големодржавни идеали, коишто им се припишуваат заради одредена анга-жираност на текстот. Но, ангажираност којашто не е „книжевно зло“, односно не ги менува или одредува естетските димензии на текстот.

Неслучајно, во драмскиот текст покрај македонскиот, се јавуваат и српскиот, и бугарскиот јазик коишто ја имаат функцијата и на етикета на лико-вите, во рамките на ангажираноста на текстот. Како што констатира и Пандев, „од јазичен аспект, оваа агитка го при-влекува вниманието на читателот преку воспоставената диглосија кај одделни македонски родени зборувачи, прет-ставени во драмата преку соодветни ликови како приврзаници на туѓи идео-

логии (српската, бугарската) по однос на употребата на македонскиот народен јазик наспроти употребата на српскиот односно на бугарскиот јазик. Целта на агитките, бездруго, била да се исмеат реакционерите на револуцијата.“ (Пандев 2012: 33)

Но, конкретната агитка, чијашто успешна инкорпорираност во драмскиот текст, повторно ја отсликува и филолошката претходна наобразба на Конески, сепак е „данок на времето“ и на потребата / идејата за ангажираност на конкретниот текст. Зад таа агитка е второто и од оваа временска перспектива, од книжевен аспект посуштинско интерпретативно рамниште на ликовите, коешто повторно упатува кон поимањето на карактери, дури и изворно согласно со античкиот книжевен модел на ликот.

„Гладна кокошка просо сонуе“ е драмски текст којшто се одликува со отсуство на класичната дидактична завршница, карактеристична за догматизираните ангажирани текстови. Имајќи ги предвид и развојните процеси на македонската книжевност, во случај на класично ангажиран текст, од него, во тој период би се очекувала груба дидактика. Ама во овој драмски текст ја нема, иако може да се препознае суптилна хротнопски контекстуализирана порака ако се отвори прашањето: ***која е примерната цел и потреба на ликовите на Конески?***

Оттука, се отвора и прашањето, дали при читањето на „Гладна кокошка просо сонуе“ без обременетост од општественополитичкиот контекст на времето на нејзиното настанување, ако се направи обид за деидеологизација на текстот и тој се помести во друг хронотоп, во книжевната анализа ќе доминира подготвеноста на Конески преку драмски текст со класични, познати и препознатливи драмски стапици и елементи на структурирање на текстот и дејството, да отвори прашања за деконструкција на карактери, а не (само) на идеологии. Но едновремено се отвора и дилемата дали во конкретниот случај, таа подготвеност втемелена на филолошка ученост и авторската идеја се искористени во функција на ангажираноста на текстот или пак потребата од ангажираност е искористена за да се оствари многу посуштински драмски приказ на еден „вредносен систем“ на карактери. Несомнено, за која од двете алтернативи и да се одлучиме, ако се има предвид дотогашниот книжевен контекст и општественополитичките околности во коишто се развивала македонската култура, од книжевен аспект, „Гладна кокошка просо сонуе“ е мошне успешно, солидно книжевно остварување коешто содржи атрибути на еден подготвен драмски автор, со познавање на структурата на драмскиот текст. Но, и автор којшто веќе умеел да води „игра во драмскиот текст“, со заплет пред дејството и пред појавување на ликовите на сцената, со кулминација којашто всушност во текот на дејството го „заменува“ класичниот заплет итн. Оттука, релевантно и издржано е и ако се запрашаме какви драмски остварувања ќе се случеа од неговото перо, ако Конески од авторска перспектива и натаму бил посветен и на драмскиот израз.

* * *

Неспорно е дека при денешното препрочитување, овој текст се чини одново актуелен. Таа актуелност се должи и заради сегменти коишто се припишуваат на неговата ангажираност (односот

кон македонскиот народ и македонскиот идентитет од страна на приврзаниците на балканските големодржавни интереси), што упатува на една културолошка димензија за уште тогашна авторски посведочена свесност за крucијалното значење на овие едновремено општественополитики и културолошки прашања. Но сепак, актуелноста може да биде остварена и надвор од таквиот контекст и надвор од конкретната културна средина, затоа што зад првото интерпретативно рамниште се драмата на карактери и драмски отворените прашања коишто не нужно мораат да имаат (само) национална или идеолошка обоеност. Тие може и треба во натамошните исчитувања на ова дело на Конески да се согледуваат и интерпретираат и мултидисциплинарно, при што конкретните идеологии во прочитот може се заменат со некои други, од друг хронотоп. А тоа убедени сме ќе доведе до заклучок дека мошне посуштинско интерпретативно рамниште е она во коешто „Гладна кокошка просо сонуе“ е едночинка – драма на карактери.

Иако за овој текст не можеме да говориме како за пресвртен во историјата на македонската драма, се чини од културолошки аспект, според запишаните сведоштва, тој бил исклучително соодветен за привлекување на „обичниот човек“ кон театарската сцена. Дополнително, ја најавува и натамошната посветеност на Конески и на кратките форми и на фолклорот, на што сигнално укажува насловот „Гладна кокошка просо сонуе“, којшто остварува длабока семантичка врска со содржината на драмскиот текст, и тоа не на првичното интерпретативно рамниште.

Едновремено, преку повторното исчитување на овој драмски текст, одново може и треба да се отвори темата за приврзаноста на Конески кон хуморот – приврзаност за којашто и самиот тој посведочува не само преку личниот ангажман во „Остен“, туку и преку споделените ставови во разговорите со Цане Андреевски. Во тие разговори, тој наста-пува од позиција од којашто хуморот се согледува и перципира како суштествен за книжевното дело (Андреевски 1991). Накусо, драмолетката на Конески се вбројува меѓу книжевните дела коишто се негација на тезата за естетската (не) вредност на хуморот, којашто долго беше присутна во книжевната наука, реферирајќи уште на античките гледишта дека хумористичното е одлика на т.н. ниска книжевност, наспроти високата уметност на трагичното.

* * *

Се чини неспорна е констатацијата дека за „Гладна кокошка просо сонуе“ не може да се говори / пишува со вонсериски и глорификаторски оцени за творечкиот резултат на естетски план во севкупниот контекст на дотогашната јужнословенска книжевност, а и ако се имаат предвид искуствата од натамошното македонско драмско творештво. Но со сите книжевни и културолошки особености коишто се одлика на „Гладна кокошка просо сонуе“, овој драмски текст не е и не треба да се перципира како книжевна, творечка осцилација на младиот Конески и да се „заобиколува“ во опсервирањето и валоризирањето на неговиот творечки опус. Впрочем, доколку се имаат предвид околностите коишто го окружуваат книжевниот развој во втората половина на четириесеттите години на минатиот век, од книжевна перспектива, оваа

драмолетка е значајно остварување, и тоа не само во македонскиот, туку и во севкупниот јужнословенски контекст, бидејќи како творечки резултат е далеку над просечноста на тогаш актуелниот ангажиран книжевен текст.

Иако е јасен поводниот карактер на „Гладна кокошка просо сонуе“, со своите книжевни квалитети, ова дело е и додадена вредност во опусот на Конески. Сепак, тоа е согледливо само со микрочитање на текстот, со книжевна и културолошка диоптрија. Но, напомените и констатациите од овој прочит се само увод во микрочитањето на единствениот објавен драмски текст на Конески. Микропрочитот ќе треба допрва да се случи, бидејќи „Гладна кокошка просо сонуе“ е книжевна и културолошка неслучајност...

Библиографија

Андреевски, Ц. (1991). *Разговори со Конески.* Скопје: Култура.

Калсон, М. и др. (1998). *Теорија на драмата и театарот.* Скопје: Детска радост.

Конески, Б. (1945). *Гладна кокошка просо сонуе*. Скопје: Државна штампарница „Гоце Делчев“.

Пандев, Д. (2012). Заложбите на Блаже Конески за македонскиот јазик и литература. *XXXVIII Научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 14-15 јули 2011) – Литература.* Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, 27-47.

Марија ИВАНОВА

„ЈАЗИКОТ Е НАШАТА ЕДИНСТВЕНА НЕПОДЕЛЕНА ТАТКОВИНА“

(По повод 100-годишнината од раѓањето на Блаже Конески)

„Македонскиот јазик треба да биде строен и изразит, да биде вистински белег на македонската нација, зашто преку литературниот јазик се закрепнува најздраво свеста за припадност кон нацијата. Македонскиот литературен јазик треба да биде навистина македонски“.

Блаже Конески

Јазикот е нашето најголемо духовно богатство и наследство, аманет оставен од нашите предци , аманет оставен од нашиот голем Блаже Конески, голем човек роден од мал народ. Секој обид да се направи макар и куса ретроспектива на неговите дела и заслуги за македонскиот јазик, литература и култура е недоволен и невозможен. Блаже Конески е најграндиозната наша фигура воопшто од аспект на лингвистиката. Тој е личноста што се нурна најдлабоко во македонското минато и што се извиши највисоко во македонската иднина. Со него станавме препознатливи во светот. Во исклучителни времиња за еден народ, се раѓаат и исклучителни личности. Блаже Конески е роден на 19 декември 1921 година во с. Небрегово (Прилепско), а починал на 7 декември 1993 год. во Скопје. Потекнува од познатиот прилепски сој Љаме (Љамев(ци), Љамески), од гранката Конески (по поглаварот Коне, неговиот дедо). Родната куќа на Блаже Конески што се наоѓа во прилепското село Небрегово во Општина Долнени денес е значаен споменик на културата и припаѓа на руралната архитектура. Куќата на Конески е реконструирана и официјално пуштена во употреба како музеј на 1 август 2005 година. Главен иницијатор за изградба на овој спомен

- дом е прилепчанецот Миле Спирковски кој вели : „Сме имале гости кои го бакнувале прагот пред да влезат во неа. Славистите од целиот свет ја знаат величината на нашиот Блаже, голем и учен човек од Небрегово“. Во своето родно Небрегово, Конески живеел до својата осма година. Потоа, целото семејство се преселило во Прилеп и таму Конески учел основно училиште и нижа гимназија. Виши класови гимназија завршил во Крагуевац, а студиите по славистика ги започнал во Белград, а ги завршил во Софија 1944 година. По ослободувањето дошол во Скопје и развил богата културна и научна дејност. Блаже Конески е најграндиозната наша фигура во времето на слободен живот. Конески е вонсериски лингвист, меѓународно реномиран славист, еден од најзначајните протагонисти во процесот на кодификацијата на македонскиот стандарден јазик. Конески по ослободувањето активно се вклучил во стандардизирањето на македонскиот јазик и ја изработил Граматиката на современиот македонски јазик. Го составил и Правописот на македонскиот литературен јазик, а исто така бил уредник на „Речникот на македонскиот јазик“. Конески е втемелувач на студиите по македонистика на Филолошкиот факултет во Скопје, кој денес го носи неговото име. Во периодот од 1958 до 1963 година бил ректор на универзитетот. Во 1967 год. станал член на Македонската академија на науките и уметностите и нејзин прв претседател (до 1975). Бил член на академиите на науките и уметностите во Загреб, Белград, Сараево, Чикаго, Лоѓ. Исто така, бил и еден од основачите на Друштвото на писателите на Македонија во 1947 година и негов прв претседател.

Тој е суптилен лиричар, автор на 13 поетски книги. Тој за своите песни ќе каже: „Јас песните ги берев од дрвото на животот“, а за зборот: „Чувај го зборот добро врзан како необучен коњ што знае да каса, да клоца, да мава. Чувај го, зашто ако го пуштиш така разоглавен по чаирите, којзнае која луда глава ќе посака да го јава“. Конески е лауреат на значаен број македонски и меѓународни награди и признанија (Хердерова награда, Његошева награда, Златен венец на Струшките вечери на поезијата итн.). Не може да се остане рамнодушен на неговата „проста и строга “ македонска песна „Везилка“ , која отежната од симболиката на двете бои, два конца што „горат и капат“, црвениот и црниот, на двете шарки што се вгнездија за момент во нашите души таму каде што тој, големиот Конески, со секој збор посадува семе од кое се раѓа љубов кон македонскиот јазик. Не може да се остане без здив „зурли штом диво ќе писнат/ штом тапан ќе грмне со подземен екот“, ниту без солза во окото од „Тешкото“ прашувајќи се „во градиве зошто жал лута ме стиска/ во очиве зошто ми навира река/ и зошто ми иде да плачам ко дете/ да превијам раце, да прекријам лик/ та гризам јас усни, стегам срце клето/ да не пушти вик.“

„Судбината на јазикот е и судбина на народот“

Гане Тодоровски

Македонскиот стандарден јазик е општо прифатен, кодифициран пред сè на народна основа и сосема е видлива неговата блискост со народниот јазичен израз. Освен тоа, таа кодификација се темели на старословенската традиција, на нашата писмена традиција низ вековите, која преку Преродбата и Мисирков

ги изразува гласовните особености на современиот македонски јазик. Најдобра потврда за успешноста на нормата е големата литература напишана на македонски јазик. Стандардниот јазик се формира најчесто по пат на договор. Неговата форма се кодифицира во граматиката, речникот и правописот, така што тој станува јазик на државната управа, образованието, на средствата за масовна комуникација и најголемиот дел од литературата. Македонскиот стандарден јазик е општо прифатен, кодифициран веднаш по завршувањето на Втората светска војна и за таа цел е избрана Комисија во која најголема улога одиграл токму Блаже Конески. Таа Јазична комисија е избрана на Првото заседание на АСНОМ (2 август 1944 г.) во манастирот "Св. Прохор Пчински" (Втор Илинден,) кога е донесено и Решението за воведување на македонскиот јазик како службен јазик во македонската држава. Јазичната комисија била задолжена да изработи македонска азбука и правопис и за таа цел интезивно работела. На 5 мај 1945 г. е усвоена Македонската азбука-кирилица, од страна на Народната влада на Федерална Македонија. На 7 јуни 1945 г. е одобрен и Правописот на македонскиот литературен јазик.

Основни принципи коишто биле поставени од страна на Комисијата при донесувањето на азбуката и правописот:

- Во македонскиот литературен јазик треба пред сè во најголем степен да се изрази неговата народна основа и Речникот на литературниот јазик да се збогатува со зборови од сите наши дијалекти.
- За основа на македонскиот литературен јазик да се земаат централните говори, кои се најчисти македонски, кои се подеднакво оддалечени од соседните јазици и нивните влијанија.
- Македонската азбука да биде составена од толку букви колку што има и гласови (еден глас-една буква), односно да се изработи врз фонетски принцип.

Обвинувањата дека нашиот стандард е тенденциозен потег со политичка цел, дека е вештачка творба на една личност, ги побива реалноста повеќе од половина век. Тука треба да се одбележи и назначи особено големиот придонес на Блаже Конески во нормирањето на македонскиот јазик и во понатамошниот негов развој, како и во одбраната на македонскиот јазик по повод нападите врз македонскиот јазик, особено од страна на бугрската научна и пред сè, политичка фела. Македонскиот јазик е признат во светот, а преку него е признат и потврден македонскиот народ, бидејќи јазикот претставува составка од првостепено значење за националната свест и култура, а неговиот стандард претставува влезница во светот на модерната цивилизација. Од тие причини, грижата за неговата примена мора да биде постојана и на сите рамништа. Иако е донесен *Законот за примена на македонскиот јазик (1998 г.)*, сепак таа грижа за примената на македонскиот стандарден јазик во сите негови сфери не е секогаш подеднаква и на потребното ниво.

Јазикот е жив систем, постојано се развива, се менува, се збогатува и во таа насока неговите промени се природни, но промените што ги носи времето, не смеат да го нарушуваат системот на македонскиот јазик. Нашата лексика треба да се збогатува со зборови, пред сè од народниот јазик, да ги оживотворува

убавите зборови од нашите дијалекти, да се богати со неологизми, но секогаш водејќи сметка за системот на јазикот, за неговите правила. Разбирливо е дека секое време носи нови специфични и дотогаш непознати поими за кои се потребни нови лексеми. Но, многу често се нудат несоодветни решенија, или без размислување се преземаат од други јазици, не водејќи сметка за правилата и за духот на македонскиот јазик. Во образованието, во многу учебници, честопати, преголема е употребата на странските зборови што доведува до банални ефекти и импровизации. Во овој контекст треба да се истакне огромната улога и значење на образованието како појдовен и еден од најзначајните фактори во совладувањето на македонскиот литературен јазик. Но, не се работи само за учебните помагала, туку и за наставниот кадар. Многу често само се декларира улогата на стандардот без да се даде пример како тој треба да се применува. Македонскиот јазик во јавното општење подразбира примена на македонската литературнојазична норма како кодифицирана јазична материја што задолжува на свесен и одговорен однос. Голем е напливот на интернационализми. Нашиот јазик никогаш немал чистотнички однос кон интернационалната лексика, но и не може да биде отворен за сè што ни доаѓа од оваа страна! Во последно време, застрашувачки е пробивот на зборови од англосаксонското јазично подрачје: *имѫичмен҃т*-отповикување; *кам-бек*-враќање; *бек-гра҃унд*-основа; *҃тајминг҃*-пауза; *брифинг҃*-кратко обраќање; Убаво би било кога уште пред пуштање на некој англицизам да се направи обид за негова замена со наш, додека тој сè уште не фатил подлабоки корење. Тука новинарите и лекторите по новинарските куќи имаат првенствено збор. Тие се оние што, поради карактерот на информирањето-брза реакција, му даваат на некој збор употреба, го пуштаат во циркулација. Неспорно е дека во посегањето по ваквата лексика, треба да има мера. Ако се загуби таа мера, постепено ќе влегуваме во глобалната јазична зависност, притисокот на глобалната култура ќе го засегне и посебниот јазичен интегритет. Неприкосновена е улогата на методиката по македонски јазик и литература како основен предмет за корекција на јазичниот израз во наставно-образовниот процес. Таа со својата естетска функција преку убавата реч, има огромно влијание во поглед на запазувањето на стандарднојазичната норма во наставниот процес, како во изразувањето, така и во збогатувањето на лексичкиот фонд кај ученикот. Бројните тестови, усни јазични вежби, работилници, писмени работи, како и читањето лектирни изданија, директно влијаат во развивањето на љубов, почит и негување на својот мајчин македонски литературен јазик. Преку доброконципираниот методски пристап наставникот може да ги насочи учениците во градењето на свеста за стандарднојазичната норма и нејзината практична примена во секојдневната службена комуникација. Кога се изучува областа дијалектологија, од клучно значење е улогата на наставникот во креирањето на јазичниот израз кај ученикот, особено ако и тој е роден говорител на определен дијалект каде што го предава предметот Македонски јазик и литература. Тој може преку различни методи и техники да им ја покаже разликата меѓу стандардниот јазик и дијалектот и на тој начин да ги поттик-

не учениците за самостојно градење на сопствениот јазичен израз во духот на македонскиот стандарден јазик, а истовремено да им го открие значењето и богатството на роденият дијалект. Мора да бидеме свесни дека се гради и негува правилноста на јазичната норма во јавната комуникација и наставно-образовниот процес преку лични примери, но и со организирана „акција“ во која главни актери се наставниците, родителите, јазичните стручњаци, соодветни државни институции и на крајот, медиумите. Она што ни недостига, не е свест за стихијата што ни се случува во врска со употребата на стандардниот јазик, туку засилена пропаганда. Секое време располага со свои методи на пропагирање на некои идеи. Денешното време располага со изобилство на средства за пропагирање, првенствено тоа се интернетот и телевизијата, но вклучителна е улогата на наставно-образовниот процес и филолозите. Поддржани од државните институции, јазичните стручњаци, филолозите, наставниците, мора лично да се ангажираат, да се наметнат во создавањето јазична култура и навика за правилна употреба на јазичната норма во јавната комуникација и наставно-образовниот процес преку лични залагања на часот и во други училишни активности, преку групи на Фејсбук, ТВ-емисии, но не со застарени и неинвентивни, туку креативни и свежи идеи! Во основното образование се поставуваат темелите на македонската јазична артикулациска основа, се поставува и зацврстува јазичната база, свест и навика за практикување и љубов кон својот јазик. Низ понатамошниот воспитно-образовен процес, се дооформува јазичната писменост и самосвест за плодот од практикувањето на стандарднојазичната норма, како во јавната, така и во секојдневната комуникација, со што, преку јазикот си ја запазуваме нашата посебност, идентитет и култура. Со јасна свест за неговото значење и со постојана нега, ќе имаме и правилен развој на нашиот јазик и негова сигурна иднина. Мора да се негува и правилно применува македонскиот литературен јазик, кирилското писмо, тоа е нашата основна цел и да се укаже на фактот дека самите сме, на некој начин, „*стихијни убијци на нашиот стандарден јазик*“, како негови практикувачи, наставници по македонски јазик и воопшто сите наставници, филолози, кои ја имаат најголемата одговорност, во тој поглед.

„О, еве ја таа проста земја од грч
и од чекање што ги научи и ѕвездите да
шепотат на македонски...“

(„Македонија“ Анте Поповски)

Оваа година е 100-годишнина од раѓањето на Блаже Конески. 100-годишнината од раѓањето на Блаже Конески УНЕСКО ја запиша во календарот за значајни јубилеи во светот за 2021 година. Тоа е огромна шанса за уште една глобална афирмација на македонскиот јазик, наука и култура ако се знае дека Конески е кодификаторот на современиот македонски јазик и еден од неговите најголеми чувари и бранители, кој на целиот свет му покажа дека нашиот јазик е различен од сите останати.

Вечна ти слава, голем човеку!

Блаже КОНЕСКИ

ДЕТЕ ЗАСПАНО КРАЈ ЕЗЕРО

Ти спиеш малечко
А езеро се замислило —
Езерото ја подготвува твојата судбина.
Ти спиеш, а тоа
Со неусетно потплиснување ти влегува в душа
Како во заливчите со бели камчиња
Во кое секое камче се гледа.
Ти спиеш
Но и најситното негово набирање
Како нишка води до оние гласни таласи
Што еднаш ќе се родат, ќе заплачат и ќе те понесат.
Спиј си, детенце
Езерото ја создава твојата душа
И мисли за твоите идни возбуди.



ВЛАДИМИР ИЛИЕВСКИ
„ДЕТЕ ЗАСПАНО КРАЈ ЕЗЕРО“

Дете спие крај езеро, безгрижно, бидејќи има доверба во универзумот, му верува на сè она што се случува околу него.

Валентина ТРАЈАНОВСКА

ЗА КОНЕСКИ ВО ТЕГЛИЧКА СО СИНТАКСИЧКА КАША

Минатиот век од развојот на современата македонска книжевност е време во коешто се отвораат различен вид прашања и во врска со развојот и класификацијата на македонската книжевност, а со тоа и на македонската поезија, но и во врска со значењето на самата поезија. Дваесеттиот век на македоснкото тло е обележан со повеќе стилски формации што меѓусебно се испреплетуваат како резултат на каскањето во однос на нивната појава во другите европски литератури. Станува збор за експресионизмот, симболизмот, надреализмот и рационализмот како импулси во современата македонска книжевност. Но, токму симболизмот е тој што подетално почнува да зборува за сржта на поезијата. Ќе се обиде да го долови јадрото на творечкиот чин чијшто резултат е песната. Конески, во чиешто творештво е неоспорно присуството на симболистички елементи, со својата, литерарна актива, што ги отсликува неговите лични ставови во врска со прашањето на песната, дава огромен придонес во (условно) дефинирањето на повеќе аспекти на тоа прашање.

Конески, синот на хармонијата (назив со кој рускиот симболист Александар Блок ги именува поетите што творат со техники карактеристични за симболизмот) не зборувал многу за техниките и начините на кои тој ги создавал своите песни. Како што вели Милан Ѓурчинов, а и самиот Конески во својот есеј „Еден опит“, Конески попатно, во некои интервјуа ќе каже збор два за методот или методите со кои твори, но ништо поконкретно и попрецизно. Малку повеќе се изразил во програмската песна *Ars poetica*, каде што, всушност преку призмата на метафората зборува за односот традиционален наспрема модерен начин на творење. Песната е една раширена метафора со која, преку гласот на стариот џивџан, Конески се залага за епското т.е. за традицијата приближувајќи се на ставовите на Радован Павловски и Богомил Ѓузел, изнесени во нивниот манифест „Епското на гласање“.

Како што еден чевлар има утврдени постапки во процесот на создавање еден чевел, така и Конески при везењето на милјето песни има свои автентични постапки што се нивен препознатлив белег. Во својот есеј „Еден опит“ на кој Конески му дал функција на предговор во збирката песни „Стари и нови песни“ од 1979 година во делот „За традицијата и иновацијата“, а многу повеќе во делот „За откривањето на песната“ Конески поопширно ќе се изрази во однос на постапките со кои тој жонглира. И во право

е кога вели дека песната не се создава, туку се открива како што се открива закопан предмет, дел по дел. Сѐ што човекот создава, всушност веќе некаде постои. Од делокругот (каде што тој тапка) и светогледот, условно, на оној кој создава зависи што ќе одбере т.е. ќе пронајде и на кој начин одбраните нешта (елементи) ќе ги соедини, односно ќе ги состави. И не е безначаен овој нов спој, нов состав, нова целина, како што тврдат романтичарите при објаснувањето на поимот откривање на песната. Иако новото е кохезија од нешто што веќе некаде постои, тоа има и своја автентичност. Во таков случај не може да се рече дека станува збор за обично пресликување, бидејќи и во бојата на дело со алузии на други дела т.е. со интертекстуален набој има една нијанса плус и таа нијанса е онаа што го прави посебно и единствено. Во теоријата на светската литература се вели дека по создавањето на епот за Гилгамеш во литературата не е кажано ништо ново. И, да, во ова тврдење има доза вистина. И покрај тоа што темите на обработка во делата што надоаѓаат подоцна во основа се истите или слични, не може да се рече дека сѐ се дели на бело и црно. Темите се тие, но начините и постапките на кои тие се обработуваат се бесконечно различни и уникатни. Та, дали ќе се рече дека врвни дела, како што се „Дон Кихот“, „Мајсторот и Маргарита“, „Госпоѓа Даловеј“ и слични на нив се неоригинални дела?

Поетиката на Конески заговара и простост и строгост на песната. Ова начело, што во основата се темели на симболистичката поетика за првпат ќе го изнесе во песната „Везилка“ во истоимената збирка. Строгоста е сито преку кое се сее магичната прашинка што ја составува песната, а простоста односно едноставноста, во чеховска и лотмановска смисла, е неедноставна едноставност, едноставност што е синтеза на сложеноста. Простоста е како птицата Феникс што повторно се раѓа, се отелотворува од сопствената пепел. Пепелта што по горењето на Фениксот е распрсната, повторно се соединува во новиот Феникс. Па, така и простоста ја синтетизира сложеноста и израснува врз нејзиниот фон.

Во поезијата на Конески, од аспект на обид за типолошка класификација се изделуваат две струи, а тоа се лирско-интимистичка струја и епско-лирска т.е. историско-национална струја во поезијата. Тие две струи, иако навидум си опонираат, сепак произлегуваат една од друга, се надоврзуваат една на друга и меѓусебно си упатуваат. Поетот митското, колективното, национално-историското, со еден збор општото го сведува на поединечното односно индивидуалното. Но и во песните каде што во преден план е индивидуалното се наѕира колективното и универзалното. Тие две струи се црвениот и црниот конец со кои везилката ја везе едноличната низа, тие се две куќи во ист двор, а Конески час е во едната, час во другата. Во нив се настанува, но и постојано се сели од едната во другата. Всушност, двете струи се како патот што Сизиф го минува туркајќи го каменот со кој е казнет. Кога е во подножјето Сизифот во Конески е на тлото на интимното и индивидуалното, а кога е на врвот е на полето на колективното. И, како што Сизиф го истуркува каменот, а тој постојано паѓа за пак да биде истуркан, така и Конески поаѓа од интимното за да стигне до колективното коешто ќе се врати пак на интимното и

така постојано, така до бескрај, како незнаен воз што јури низ брда и долини.

Сите овие белези на поетиката на Конески се застапени и уште поизразито се нагласени во неговата поезија со подоцнежен датум. Таква е, пред сè песната „Трактат за зачетокот на песната“објавена во стихозбирката „Чешмите“ 1984 година, која е во духот на програмската песна. Таа е сливница во којашто се сталожени сите претходни поетови искуства при творечкиот чин. Во неа се гледаат строгоста и самокритичноста на поетот кон самиот себеси во однос на творењето и едноставноста на изразот кој во секоја тула (во секој стих) ја сочинува нејзината арматура. Песната тематизира и прифаќа уште еден од белзите на симболистичката поетика, а тоа е музикалноста на стихот т.е. принципот звучност што треба да биде оска околку којашто ќе гравитира песната. Во песната, како во никоја друга претходно, се става акцент токму на интимата на поединецот во осамата. Имено, во осамата никој не е сам ако кај себе ја повика песната, таа добра вила му ги испира сите рани на човека. Конески за поезијата ќе рече: „На поезијата ѝ е присушта некоја друга сила што го обезбедува нејзиното трајно присуство во животот на човештовото.“ Ова ќе го подене прашањето за тоа како се третира осамата, а со тоа и осамеништвото, дали како нешто што го деградира човекот или како нешто што му дава можност повеќе да си се посвети себеси? А одговорот на песната, што не е експлицитно посочен, туку му се остава на читателот-интерпретатор, е дека осамата е исклучиво позитивно нешто. Филозофската порака на оваа песна е универзална и е во допир со општопознатото „За да ги сакаш другите, најпрво треба да се сакаш себеси“, односно „За да се оствариш на ниво на колективот, треба да се оствариш на индивидуално ниво“. Накусо речено, ова е иницијација на единката.

Прличев при својот говор во Солун во 1888 година по повод илјадагодишнината од смртта на Свети Методиј ќе рече: *„Мајка Македонија е многу ослабната. Откако го роди големиот Александар, откако ги породи светите Кирил и Методија, оттогаш мајка Македонија лежи на своето легло ужасно изнемоштена. Но, мајка што роди вакви синови, во иднина ќе роди и други како нив“.* И навистина, оваа мајка роди такви синови. Еден од нив, што со пиетет зборува за неа низ и во својата поезија, е блаженик синот Блаже Конески. Тој со своите залагања и активи во прилог на нејзино докажување, афирмирање..., всушност создаде еликсир со кој ја излекува и ѝ ја врати живоста. А песната „Трактат за зачетокот на песната“ е капка во шишенцето со еликсирот.

Блаже КОНЕСКИ

ПЕПЕРУГА

Девојченцето: Мајчице, си фатив пеперуга
пред врата. Види колку е убава и бела! Таа не
стоеше на цвеќе, си лежеше наземи, вака, на едната страна.
Јас си ги собув наланчињата да не
тропаат, одев полека, полека, да не ме чуе, и ја
стиснав со двете прстиња. Ама таа не преташе
со крилцата како што претаат пеперугите во паркот
кога ќе ги фатат. Таа си беше мирничка. Мајчице,
нели нема да ме караш дека ја отепав?
Мајката: Не, сине, ти си ја оживела.



ВЛАДИМИР ИЛИЕВСКИ
„ПЕПЕРУГА“
Девојчето ја забележува, ѝ дава внимание, и со тоа ја оживува мртвата пеперуга

Марија БРНДЕВСКА

БЛАЖЕ КОНЕСКИ ЗА НАЦИОНАЛНОТО ПРЕЖИВУВАЊЕ

„Какви ѝорази сме морале да издржиме,
какви срамови,
какви ѝоруѓи.
Боже, умоѿ дури ми се свр҃тува!“

Од океанот стихови на поетскиот бард Конески, песната „Преживување“ можеби најесенцијално и метафизички го претставува колективниот пат на издржување. Но, ни се чини дека во горенаведените почетни стихови од стихопеењето „Преживување“, доаѓа до израз таа „сложена едноставност“ на Конески, којашто навидум едноставно и ненаметливо, стилски строго и просто, без поетски кич и китење, се испреплетува националното со индивидуалното. Веќе се знае дека поезијата на Конески претставува своевиден палимпсест, па оттука невозможно е да бараме палимпсестни слоеви: интимистички, егзистенцијални, историски и метафизички, затоа ние ќе се обидеме само да претпоставуваме што предвидел поетскиот визионер со својата поезија.

Какви порази сме морале да издржиме? – за кое НИЕ, Конески прашува или констатира? Дали за нашата нација, за нашето „смачкано племе“ или тоа НИЕ е толку универзално, толку метафизичко, исчистено од обопштување? Подолу пак, ќе навезе: Какви срамови, какви поруги? И повтор ние ги читаме овие стихови повеќе како прашање, отколку како констатација за некои веќе изминати срамови. Можеби Конески бил свесен дека дотаму, до моментот кога ќе запраша или констатира, тие срамови нема да престанат, туку циклично ќе циркулираат низ националното и општочовечко живеење.

Но, нели се согледува можеби тој наш национален, пирејски силен и издржлив македонски код? Тоа наше македонско издржување низ вековите, низ најразличните голготи што Македонецот ги носи врежани длабоко до срж. А, Конески секако дека ја познава добро нашата историја, секако дека ги познава и

човечките индивидуални судбини, го познава и јазикот, за да може да се слее со колективот, за да може со толку едноставен израз, толкава ерупција од чувства да проникне кај читателот. Подолу, лирскиот субјект ќе го обелодени неговото присуство и ќе се јави со свој одговор во вид на констатација или можеби блага осуда за сите неправди, за сите срамови, за сите снебидувања? ,,Боже, умот дури ми се сврtува!“ - ќе запише Конески во следниот стих, во кој толку лично и интимно ќе изнесе толкава болка, скрб и неутеха за преживеаното колективно и национално. Во овој стих, Конески како да има имагинарен дијалог со Господ, од кој свесно не очекува, ниту бара одговор, туку од наталожената тага едноставно крикнува, од свое име и од името на целиот свој поразен и посрамотен народ.

,,Ни помагало нешто, нѐ крепело нешто, некаква смешка, некаква површност...“

Конески ќе продолжи со везењето на строгите и прости стихови, па во втората половина од песната ни предочува слика на невидлива светлина во душата на колективот, којашто довела до душевна припомош, крепење на духот и преживување на секоја неволја и опасност. ,,Ни помагало нешто, нѐ крепело нешто“ - Конески како одговор на претходните стихови, ќе го срочи овој стих. Овде си го наметнуваме прашањето: Што е тоа што ни помагало и крепело? Дали Конески сакал да ја истакне библиската референца на Македонија, па оттаму и нејзината закрила, нејзиното искупување од злото? Или тоа е можеби неговиот ,,нем соговорник“, Бог, кој не бил само негов личен соговорник, туку и на колективот, а доаѓал ,,невидливо“ да помогне и да ја поткрепи душевната состојба на нацијата.

Во следниот стих се навестува и антиципира некаков оптимизам, преку ,,смешката“ или насмевката и покрај сиот очај и раскин на душата. Неретко човек и кога му е најтешко ќе се насмее, било тоа да е и површна насмевка. Таа ,,површна” насмевка, всушност во себе има кондензирано огромна сила и издржливост, огромно човечко искуство и наталожен бол. И на ова место од песната ,,Преживување“, Конески го потенцира и мајсторски го отсликува тоа преживување, национално ил индивидуално. Со не многу зборови, но одбрани толку селективно, ќе ја навезе нашата македонска историја, нашите патила, но и нашиот непокор.

,,...и по сето тоа во нас некаква надеж, некаква желба, некаква скриена смисла безрасудно пак из’ртува!“

Во последните стихови, лирскиот субјект, повторно се слева и овоплотува со колективот и по избавувањето од сите гилотини и јанси, доаѓа преродувањето, доаѓа надежта. Можеби, во овие последни стихови, Конески го величи македонскиот народ, истакнувајќи ја неговата титанска сила за повторно ’ртење, способност да се крене на нозе и покрај сите историски урнатини и разнебитувања. Видовитиот Конески, исклучителен познавач на јазикот, ќе си поигра со зборовите кога ќе напише: ,,некаква скриена смисла / безрасудно / пак из’ртува!“. Сметаме дека неговата играрија навестува: барање смисла за бесмислено, непромислено, неразумно и можеби безумно повторно раѓање, кога веќе дошла смртта како неминовност.

Ѓорѓи ЗИМБАКОВ

ДОБАР КАКО МАЈКА

Искрено кажано, на крај од паметот што го поседувам, не ми доаѓаше мислата дека еден ден ќе се дрзнам, ќе се обидам да напишам нешто за човек кој е толку грамотен, за личност која е толку перфидна во својата стручност, за поет чијашто величина и квалитет можат да се мерат само во космичка димензија; јас, мојата маленкост Ѓорги Зимбаков, да пишувам за човекот, лингвистот, поетот од светски ранг, академикот Блаже Конески. Еден краток и спонтан разговор со една драга личност ме потстрекна да се вратам назад во годините, да ја одврзам торбата на минатото, широко да ги отворам дисаѓите на спомените и да ги раздиплам токму оние убави спомени од моите студентски денови, спомени кои од тие дисаѓи на животот почнаа да надоаѓаат како пороен поток после летна бура.

Многу спомени довлечка матната вода од тој пороен поток, многу доживувања беа носени од тој споулавен порој, но јас го уловив најубавиот, најслаткиот и никогаш незаборавен спомен; моментот кога го запознав професорот Блаже Конески како ЧОВЕК, бидејќи претходно цели две години го запознавав како професор. Знам, јас не можам и не сакам да зборувам за Блаже Конески како уметник на зборот кому цел свет му симнува капа, не сакам и не можам да зборувам за Блаже Конески како личност за која неговите современици и познавачи на неговите дела, вклучувајќи ја и мојата маленкост, признаваат дека тој со своите џиновски чекори на полето на лингвистиката и поезијата направи втемелување на македонскиот народ и македонскиот јазик како никој претходно, го кодифицира, го жигоса македонскиот литературен јазик како посебен, издвојувајќи го од сите словенски и светски јазици. Затоа јас ќе зборувам, ќе се обидам да го претставам ЧОВЕКОТ Блаже Конески, само со еден пример, со едно мое доживување со него коешто ми остана во мојата меморија до ден денешен. Тогаш најубаво и најцелисходно го запознав професорот Конески за кого сите ние студентите велевме: добар е како МАЈКА.

Ако добро се сеќавам, беше месец јуни 1977 година. Испитна сесија. По тесните ходници на тогаш новиот објект на Филолошкиот факултет вриеше од студенти. Бетонот од зградата беше загреан и зрачеше топлина како под вршник, а климите не беа ниту мисловна именка, а не реалност. Јас бев апсолвент на групата Југословенска книжевност со македонски јазик и требаше да го полагам последниот испит Дијалектологија кај проф. д-р Божидар Видоески. Испитот го имав подготвено за полагање во априлската испитна сесија, но тогаш ни рекоа дека професорот Видоески е на

боледување и дека испитот ќе се изведе во јуни. Јас го сфатив тоа како неминовност, се вратив назад во Штип, бидејќи некоја година бев гостин кај мојата тогашна и сегашна сопруга Елена и 10-месечниот син Павле.

И еве сум во јуни, како сега да се гледам, исправен пред кабинетот на професорот Видоески, а вратата од неговиот кабинет беше повторно заклучена. Се обидов и тропнав неколкупати, но за жал вратата не се отвори, а слушнав и дофрлување од некои студенти дека професорот Видоески сè уште е на боледување. Јас кога го слушнав тоа се фатив за мојата испотена глава, почнав да шетам по тесниот ходник во кој не можат да се разминат еден ипол човек ако не се стават во позиција странично. Чекорев така бавно, малку и избезумен, се потчукнував со колегите студенти и си зборував самиот со себе: „Мајко мила! Што ме снајде повторно? Зарем е можно да сум толкав баксуз? Како ќе кажам дома повторно, дека професорот е сè уште на боледување?“

Во тој момент почувствував нечија рака на моето испотено рамо, јас се залепив со грб за ѕидот да направам место да помине личноста зад мене, а таа личност беше, никој друг, туку професорот Блаже Конески. Јас се штрекнав во мигот и изустив:

- Извинете професоре, еве поминете! - покажувајќи со раката на празниот простор пред мене а тој ми се обрати гледајќи ме право во очи:

- Колега, да не имате некаков проблем?

Тогаш сфатив дека јас додека се држев со рацете за глава и додека си зборував како споулавен сам со себе, професорот не можејќи или не сакајќи да ме размине, одел зад мене во тесниот ходник и го слушнал моето зборување и мојата мака.

- Молам, професоре? - реков, гледајќи го во очи.

Тој повторно со неговиот смирен и кадифен тон ме праша:

- Да не имате некаков проблем, млад колега, ако можам да ви помогнам? Јас целиот облеан во пот, во моментот ги проколнував во себе архитектите на зградата што не оставиле повеќе прозорци по ходниците, се соземав и реков: Професоре, јас сум Ѓорги Зимбаков, ако се сеќавате одамна полагав и положив кај Вас, сега имам проблем со испитот Дијалектологија. А во што е проблемот? - ме праша тој, гледајќи ме како јас се обидувам да се ослободам од потта што ме навјаса како пороj. И додека јас се обидував да му го кажам проблемот, професорот Конески повторно ме потчукна по рамо и ми рече:

- Смирете се, колега и дојдете во мојот кабинет да поразговараме! Професорот тргна напред, јас по него.

Влегов по него, ја затворив вратата зад мене, а професорот повторно со смирен тон ми рече:

- Седнете, колега и кажете ми во што е проблемот! Спуштајќи се на столот, почнав со растреперен глас: Професоре, во април требаше да го полагам испитот и да дипломирам бидејќи го имав добро научено, а изготвив и семинарска работа што му ја предадов на професорот Видоески на разгледување. Јас сум оженет човек, имам жена и дете, а имам и родители кои сè уште ги финансираат моите студии. Во април ми поверуваа кога им реков дека профе-

сорот е болен и рекоа: Дај Боже да оздрави што побргу! Но, сега ако повторно го кажам истото, не знам дали ќе ми поверуваат, а и не сакам со месеци да ми се одложи дипломирањето.

Во негов стил, каков што го знаеме и паметиме сите негови студенти, тивко, смирено, од устата му протекоа зборовите како алтани:

- Не се вознемирувај, колега, ќе најдеме некое решение! Рековте дека ви е подготвен испитот и дека имате изработено и предадено семинарска работа.

- Да, професоре! - реков, но гласот сè уште ми трепереше, а не знаев дали од нервоза или од возбуда што професорот Конески ме повика во неговиот кабинет.

- Дали е индексот со вас? - ме праша и ја подиспружи раката кон мене. Јас го држев индексот во книгата, го извадив и му го поддадов. Професорот Конески го зеде индексот и почна да го прелистува од првата до последната страница. Тоа прелистување од една до две минути ми се виде вечност. На последната страница беа забележани двете семинарски работи, првата со потпис лично од професорот Конески, а втората без потпис од професорот Божидар Видоески. Пред да ми го врати индексот, ме праша за темата на семинарската работа, јас му ја кажав како рафал: „Сличности и разлики помеѓу штипскиот и струмичкиот говор.“ Така беше напишана и во индексот. Професорот се поднасмеа и ме праша: Зошто? Му ја објаснив врската Штип - Струмица, а тој со блажена насмевка на лицето ме праша:

- Колега, кога сакате да го полагате испитот, веднаш или за ден-два, за да се соземете малку? Јас, со подзината уста од среќа, прашав:

- Ќе дојде ли професорот Видоески?

- Колегата Видоески сè уште не е закрепнат, но ти штом си подготвен, можеш да го полагаш испитот кај мене, се разбира, ако сакаш.

Јас не можев да се соземам од тоа што го слушнав. Рацете почнаа да ми се тресат, но и гласот и едвај изустив:

- Професоре, може ли да дојдам утре, секако ако Вам Ви одговара?

Професорот Блаже Конески кого со право сите го нарекувавме МАЈКА, стана од столот, јас исто така во истиот момент, ги испружи двете раце кон мене, јас ја испружив десната, бидејќи во левата ги стискав книгата и индексот, ми ја стегна раката и ми рече:

- Колега, утре во 10.30 часот во овој кабинет!

Излегов од кабинетот потчукнувајќи се со колегите студенти, излегов и од факултетот и чинам за миг се најдов на огромното плато помеѓу филолошкиот, правниот и економскиот факултет и длабоко воздивнав, а во главата ми простру мислата: „Господе, ќе има ли спас?“.

Ноќта ја преспав во Скопје кај роднини, но не знам дали и колку сум спиел.

Наредниот ден во 10.15 часот јас бев пред вратата од кабинетот на професорот Блаже Конески. Беше сабота и гужвата по ходниците ја немаше. Стоев счучулен пред неговата врата, но не се осудував да тропнам пред 10.30 часот. Во еден момент случајно се закашлав и за неколку секунди се отвори вратата од кабинетот. Се појави професорот и рече:

- Колега, па вие сте дошле. Што не влезете?

- Професоре уште не е 10.30 часот.

- Ако не е - рече тој и ја испружи левата рака кон мене давајќи ми знак да влезам. Додека влегував во кабинетот тој застана пред неговото биро, ме погледна со неговите мајчински едри очи од кои мислиш излегува виножито и рече:

- Колега, јас денес немам обврска на факултетот, но дојдов само заради Вас.

Јас пак, сè уште во стоечка позиција, нозете ми се затресоа, а во душава ме обли чудесно блаженство од тоа што го слушнав. Веднаш потоа со тивок тон ми се обрати:

- Седнете, колега и ослободете се од тремата, па да почнеме!

Во главата ми се стори ветрушка од прашања, бидејќи не беше негов предметот, каков критериум ќе зазеде професорот, што ли ќе ме прашува, колку ќе ме испрашува и секакви други мисли набрзина ми прелетаа низ главата. Седнав на столчето пред малото масиче што беше поставено пред неговото биро и испитот почна.

Испитот почна и заврши, за околу 40 до 50 минути како што посакував, но во негов стил, без класични прашања, спонтано и спокојно без да почувствувам дека сум на испит, се сеќавам само на последното прашање:

- Колега, сам ли ја одбравте темата за семинарската работа или професорот ви ја одреди?

- Заедно ја одбравме со професорот Видоевски кога му кажав дека сум струмичанец, а оженет со штипјанка и живеам некоја година во Штип.

Професорот Конески ме погледна со чудесна милина што во мене проструи некакво спокојство и сигурност дека сè е во ред, потоа ја внесе оценката во индексот и поддавајќи ми го истиот изусти, со неговиот кроток, спокоен и кадифен глас:

- Честитам, колега, дипломиравте!

Мене повторно ми се сврте во главата, барем такво чувство имав. Го зедов индексот в рака и до денес не знам како сум изгледал во тој момент. Пред да му се заблагодарам, професорот Конески ме праша:

- Колега, да не не сте задоволен од оценката?

- Како не сум, професоре!? - изустив со треперлив глас. Па, јас сум најсреќниот човек на Земјината топка во овој момент. Го оставив индексот на масичката пред мене, ги испружив двете раце кон него да му се заблагодарам од срце што тој ден дојде на факултетот само заради мене.

До ден денешен мислам дека задоволството беше обострано, бидејќи додека излегував од кабинетот на професорот Конески, неговото лице беше облеано со блаженство. Откако го напуштив факултетот, па сè до Штип, имав чувство дека низ целото тело, не само во стомакот, ми летаат пеперутки. И тогаш сфатив дека пеперутките не летале во човековото тело само кога човек е заљубен.

На крајот, морам да кажам дека, не случајно, ами со право ние студентите, професорот Блаже Конески го нарекувавме МАЈКА, бидејќи неговиот однос со сите студенти беше пред сè родителски, па потоа професорски, службен. Неговите предавања беа мевлем за душата, а

музика за ушите. На испит тој никогаш не бараше да го улови студентот колку не научил туку обратно, колку успеал да ја совлада материјата.

И само за него, за никој друг професор, ние студентите знаевме да кажеме **„ДОБАР Е КАКО МАЈКА“.**

Блаже КОНЕСКИ

НЕБЕСКА РЕКА

Една браздичка од небеската река
тече и низ мојата душа,
нејзината свежест сè уште ја чувствувам,
нејзиниот шум сè послабо се слуша.
Понекогаш дури ми се чини
дека молкнал
и дека полека водичката секнува.
Тогаш, пред крајот,
пред штура суша и пустелија,
ужас ме штрекнува.



БУБА СОЛАК
„НЕБЕСКА РЕКА“
комбинирана техника

Елена СОКОЛОСКА

НЕ ВЕРУВАМ ДЕКА НЕКОЈ ЌЕ МИ ПОВЕРУВА

Не верувам дека некој ќе ми поверува. Постои куќа во Небрегово, во чијашто прашина, онаа лебдечка прашина, што се гледа кога ќе ја дувнеш од книга под ситен сончев зрак, живее магичната уметност на купишта пишани зборови. Оние толку обични зборови, наредени во совршен редослед, како доминото на дедо ми наредени, како шаховски полиња, токму тие зборови. Тие зборови кои сè уште живеат во споменот, во споменот на ситните чекори, оние чекори кои сè уште се чувствуваат, токму во таа малечка куќа во Небрегово. Некој следен пат кога ќе ве навее некое ветренце, накај најубавото Прилепско Поле, посетете ја куќата, онаа куќа во чијашто лебдечка прашина, живее споменот на вистинската уметност на пишаниот збор! Загледајте се убаво во ситните сончеви зраци што паѓаат од малечките прозорци, тогаш верувам и ќе речам: Сите ќе ми поверуваат.

„Поетите се чудење во светот“ - вели Антун Бранко Шимиќ. Конески на ова рекол: „Поетот треба пред секој факт, колку тој и да изгледа обичен, сив, па дури и банален, да застанува до него со едно чудење, откривајќи во него нешто необично“. Можеби ова е најточното објаснување за поетот како човек, можеби и воопшто за секој уметник. Што ако вистинското поттикнување на Конески е во тоа чудење пред обичните факти? Инспирацијата негова ја чувствував уште при првите песни што ги прочитав за оние полиња, чии и мои, и негови детски очи ги гледале. За оние планини, што од возот се гледаат. За оние планини каде си беше еднаш едно дете. Биле купишта деца, кај купишта планини, ќе речам, но се знае која планина најдолго се гледа додека не исчезне од видикот од прозор. Би зборувале со часови, а можеби и денови за прикажувањето на народниот стих во неговата поезија. Магично составен, недопрен, а сепак стопен во негови зборови. После некои негови песни, се загледував во очите на девојките. Вели дека кога девојката е заљубена, очите ѝ се зголемени, замислени и влажни, дека лицето ѝ е осенчено како врз него да паѓа сенка од прозирни лисје. Долго време барав такви очи, сакав да знам дали стварно ќе сретнам. Гледав така, сè додека едно утро не погледнав во огледало. Тогаш веќе сè ми стана јасно. Сè што си кажал, било вистина. Потоа, имаше ноќи кога вода од зад две карпи ми се криеше. Ноќе, ќе речам во глуво време, кога надвор само лисје од дрва ќе се слушнат, ми течеше таа вода од под карпите. Од под карпите, директно во градите, чинам ќе ми зборнеше нешто

и ќе влезеше. Не дека јас сум ја пуштила, но ете, така си влегуваше. Се загледав така во некои твои песни и ја сетив таа вода. Сите сме ја имале, потоа сфатив. Од мене зависи сè.

Потоа мојата сестра замина на туѓа страна. По своја среќа, на свој пат. Така чинам, ќе речеше баба ми. Си дојде за Божиќ пред една година. Стоеше на влезната врата и некако чудно се загледа во домот свој. Тогаш сетив, таа не најде ништо што остави. Го гледаше само продолжениот живот на сите околу и ништо повеќе. Се отуѓуваш, велат. Така и се случи. На крај дојдоа лоши мигови, борби без борци и глуво време со глупава магла. Се даваа идеи, личности, стихови и вистини за мали пари. На улиците, меѓу дуќаните, меѓу стари и млади ко твои стихови да слушнав. Пак и сега ќе речам, никој не ќе ми поверува. Сега веќе и не ми е важно. Денес почнав да се запрашувам, во ова лудо време, што ќе ви одговори Везилка сега или ни таа не знае веќе како се раѓа проста и строга македонска песна.

Да сме го слушале Конески, кога од петни жили нè поттикнувал, како за животот, за љубовта, така и за татковината, не ќе сме стигнеле дотука каде што сме сега. Полека се испуштаат неговите стихови како слаб ветер во пролетно утро. Се плашам дека полека и тој ќе ни сврти грб, ќе речам со право и ќе замолчам.

Блаже КОНЕСКИ

ЕЛЕН САМАК

Мизерни мршојадци му одат по трагите,
напрегнато го демнат.
Нема да го домамат кон стадото
витите кошути со сребрен звон на копитата.
Неговите рогови се заплеткуваат во гранки
кога повтува да игра,
ноќе,
и наурез ја гледа месечината, —
за потоа да сети поголема бесмисленост на
животот.
Тој мора сепак да живее
и како извор да тече,
сè дури не го свие тој, не за сон, а за смрт,
своето десно колено.



ВЛАДИМИР ИЛИЕВСКИ

„ЕЛЕН САМАК“

Еленот ја знае својата судбина, но мора да остане плен, да плени, несвесен за својата убавина, бидејќи во моментот кога ќе стане свесен, ја губи.

Милена РИСТОВА-МИХАЈЛОВСКА

На Блаже Конески

1.
Колку сум достојна врз стихови твои,
прескромни стихови свои да везам?
Колку сум премала за во тие бои
од ритмишје на слогот твој да влезам?

Ти си доказ - база на мој'та теза неизлишна
дека во поезијата математика има.
Ти си потврда колку вкрстената рима е вишна
и како слогобројноста, чиста статика си прима.

2.
Те читам од дете. „Ружа" наглас и насамо кришум
в душа ми се сплете и си ја рецитирав.
Несвесно, а така катаден беше,
од стихот твој молкум, лекции, ука и убост си збирав.

Татко ми од работа беше зел комплет книги на рати.
Години регал ни красеа само,
а јас преку нив животна определба си сфатив,
та ми станаа и сопатник верен, и рака и рамо.

3.
Зелени тврди корици со букви златни.
Од таа корица првиот збор го прочитав сама.
По него сите ми станаа јасни, чисти, а не матни,
та сите други ангажмани ми се сторија попатна страна.

Кирилометодиевистиката ја раслојував
и резимиравуште како средношколка.

Барав врски меѓу старините и сегашноста,
анализирав и симболика на секоја тревка, пчелка, богомолка.

И правилна одлука сторив
кога стапнав на Факултетот[1] име што ти носи.
Тоа ми беше почеток и порив
што секој ден денешен ми го краси.

Првиот испит го положив прва,
учејќи од таа книга
со златни букви и зелена корица.
За историјата на јазикот освоив знаење
полни два-три врва,
стасав колку што се стига
до Бобошчица, Корча, Долна и Горна Горица.

4.
И сега, еве, во „Тешкото“
симболи за расчитување барам,[2]
во „Речникот на симболи“
низ херменевтика шарам,

се думам
некоја микроструктурна поетика
да скројам,
а кај тебе сè на макро - план
си има смисла своја.

Што да навезам
кога ти и „убавите жени“ ги опеа мудро,
кога и на сивите конотации
им тури светло ведро,
кога и на македонската песна
ѝ скрои севременска дефиниција,
преку Крали Марко, битовите слики
и топонимите наши
ја проткаи в песна македонската традиција?

1 Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ-Скопје.
2 Се подготвувам за интерактивно предавање по повод 100 години од раѓањето на Конески и така се раѓа исповедта, април-мај 2021...

5.
Мене ми остануваш вечна и силна,
а на студентите мои – сега вилна инспирација.

Со џивкањето на врабецот, „соговорникот“ твој,
посочи како речи да бираме низ зборореден бој
и повешти да твориме.

Пред 100 години роден
со живот прогресивно оден,
ни остави аманет за што да се бориме.

6.
Ветришта туѓи и ден-денес сакаат
стебла да ни скршат
ама црви не се, та до коренот пирејски
не можат да ни допрат и да нѐ збришат.

Малку сме
ама се држиме до твојата ука,
ама и силни сме –
твојот дух низ поколенија идни
продолжува да чука.

7.
Не заминуваме од груткава,
останuваме тука
да градиме тули
врз твојот влог во земјава света!

Да ти е вечно името –
синоним за македонскиот јазик и книжнина
од искона што цвета,

сега за век и веков и уште многу лета!

2021 лето ГОСПОДОВО[3]

1.
Година на великани.
Година на премрежја.

Месеци - биолошки војни.
Невидлив противник, орудија бојни...

365 дена борба,
365 пати ниски удари по речниците.
Стапови кршење за јазиците.

2.

2.1.
Пред еден век и скоро пет децении повеќе
во Постол изникна негорливо цвеќе.[4]

„За македонцките работи"
„неколку" силни „зборои" рече...

Себе си тој сам си зазида од вечност храм.
Поддржан од дружина во национален склад,

напиша историја што на сите бури пожарски
денес им е и одбрана, и свежина, и лад.

3 Година на јубилеи, година на великани...
4 За Крсте Петков Мисирков, роден 1874 год. во Постол, Еницевардарско, а упокоен точно пред 95 години - во 1926 год.

2.2.
Хомера го препеа македонистички,
кованиците му ги помакедончи стилистички[5],

пред 110 години му блесна духот
за да се поистовети и со Прличевиот,

за да вдахне во Одисеја,

да ги премости и книжевно поврзе
Македонија и Елада,

да се вдуши, внушувајќи, во Илијада.

2.3.
Пред скоро 100 години,
под исарски градски дворови[6]

крај вода и „очи"[7] бистрени на Л'џите,
Шопов[8] и долета и трагостапна и збидна.

Тишина творечка му стихој изрече,
занает од дипломатија и поезија испече.

2.4.
До ниво на смисла на постоење,
Деницијa ја опеа,

атрибути за сеприсутност и сеопфатност
за неа излеа.

Пирејската сила на народот свој му ја прикотви
оти низ маки од обрач умее да се избави...

Андреевски му презиме,
пејачко-раскажувачка му оставнина.

5 Во чест на 110 години од раѓањето на Михаил Петрушевски. Роден е во 1911 година во Битола. Се упокојува во 1990 год.
6 Метафора за Штип, градот под Исарот.
7 Според истражувањата на Блаже Китанов, песната „Очи" од Ацо Шопов истовремено ги отсликува очите на болната мајка на Шопов, чиј нем поглед толку силно го погодувал токму во моментите кога ја носел мајка си кај термалните води од Бања „Кежовица", чиј извор се нарекува „Л'џи„ во штипско Ново Село.
8 Ацо Шопов, еден од основоположниците на современата македонска поезија.

2.5.
Пред сто лета
се роди Блажета.[9]

Небрегово му родна лулка,
Конески му презиме,

историјата на јазикот македонски
од земјава библиска,

кодификацијата и книжнината севременска -
и дело му и темел.

2.6.
Пред век без една деценија
Анте[10] лоза плодоса,
в Лазарполе фамилија се доброса.

прогонот - му тема стожерна,
земјата света, изодена од Петар и Павлета,
в стихотворенија родописно му слета...

Поповски му презиме,

Лекар му професија
поезијата му живот.

2.7.
Исусова вера ги денес воскреснува
оти тие и други ко нив редум

дела оставија,
творби составија,
на јазик македонобиблиски твореја,

Фениксова сила
ги в оган - инспирација
претвори.

9 Во чест на 110 години од раѓањето на Блаже Конески. Роден во 1921 година во с. Небрегово, прилепско. Упокоен во 1993 год. во Скопје.
10 Во чест на 90 години од раѓањето на Анте Поповски. Роден е во 1931 година во Лазарополе, а упокоен во 2003 год. во Скопје.

3.
Ќе живеат
низ реките на јазикот,
низ печатот на литературата

низ дамарите на татковината
низ парчињата мозаик
од Егејот, Вардарот и Пиринот

ќе живеат
ко стиховите од Библијата
ко Христа низ човештвото
ко в Лесново, Бигорски и Света Гора - монаштвото...

4.
Ниедна епидемија
не ќе ги зарази,

ниту пандемија
ќе ги убие.

Лек за лекот си изнајдоа,
плодни ниви оставија.

Колку повеќе ги читаш,
толку повеќе се плодат.

Ќе дојде ден
со секој јубилеј
повтор
да се родат,

реизданија да им се
изродат...

5.
Ќе живеат
преку мене,
преку тебе,

преку мојот учител
и оној јас што го учам,

преку дедовци и прабаби,
внуки и правнуци...

6.
Ќе течат долго
колку Вардар (што) ќе тече.

Ќе глаголат јасно
колку сите води на векov
што се врволат

оти
песните им се проширена метафора
стиховите им се со поента – круна,

речта им е чиста причест
од вино и анафора,

звучи и значи
низ мелодично - семантичка струна...

7.
Ќе живеат
докај ни родот живее

ќе живеат
(оживеат)
ќе нѐ надживеат....

Христо ПЕТРЕСКИ

АНГЕЛОТ ОД НЕБРЕГОВО

(десет песни за единствениот и неповторливиот Блаже Конески)

1.
Во дождлив, влажен и м(р)ачен ден
Јас смислувам песна за еден ангел нов
О, да беше жив, ех да беше дрен
Со гранитен ков и челичен оков

2.
Беше ангел и светец со небеска лика
Ми лебди везден пред очи таа иста слика
Со чекор бавен и стамен везден што ита
Каде мислата таму и окото и воздивот скита

3.
Нашата земја е испустена и сува
Простете, но нема веќе кој да ја чува
И зборот гласен никој веќе не го слуша
Се струполи и урниса престолот ко круша

4.
А Ти чии синори сега демнеш
Да не згазне душман каде ли дебнеш
Го слушаш ли нашиот немоќен и притивнат глас
Сал Ти знаеш ќе има ли некогаш за векутума спас

5.
А што е тоа што светов и веков го зафати ко стија
Та не заврзува ни шуплив орев и лисјето е зијан
И кој ја распосла над земјава таа гнасна мрежа
Па и јас на самиот себеси толку ли да си тежам

6.
Не удира тапан, не се гласи свирка
Зад портите и вратите нема кој да sирка
Не заплака дете во столетна лулка
Не пркнува корен ни крвава булка

7.
Нека дувне ветер и нека фркне ровја
Да однесе молк и лишај од заборавени гробја
Па белки и стројници овде одново ќе се гласат
И невини рожби од магии, клетви и јанsи ќе се спасат

8.
Во бовчава носам и темјан и крст
Кон никого те молам не вперувај прст
Сал со очите гални дооден старец и непроодено дете
Таа најголема добрина од тебе ја посакувам сега ете

9.
Не, разговоров е прек, охол и срчен
Мојот опул не е веќе ни стрвен ни дрчен
Мојата снага е премалена, скаменета и тврда
Не гледам ни овци, ни волци, ни долови, ни брда

10.
Слушам сал нејасен испрекинат детски лелек
Тој ми дразни душа и ми прави упрек
А по зајдисонце насоне јас повтор ќе ветам:
Во Небрегово јас и вечерва кришум ќе слетам

Блаже КОНЕСКИ

ПРЕДЕЛА

Оставете ме најпосле на мира, вие луѓе,
со вашите планови и нови проекти,
со вашите собири, тела, симпозиуми,
со сета врева, јагма и шум.
Јас се борам за уште малку разговор
со птиците
и се борам за уште малку тишина
меѓу тревките.
Оставете ме да си починам!
Што сум имал важно да кажам,
сè е кажано,
понекогаш со толку звучни зборови,
што дури ми иде срам.



НИКОЛА ПИЈАНМАНОВ
“СЕЌАВАЊЕ“
акрилик на панел 60x50

„Сега сме тука за да се простиме не само од предан и стрплив, константен учител, дури и од скапоцен, ненадоместлив пријател. Се осмелувам така да кажам затоа што умееше, по единствен, а природен начин, да ни ја покаже нашата сила тогаш кога сме помислувале дека само слабоста е нашиот имот. Премалку е да се каже дека има нешто збунувачко, неразбирливо и, дури, невистинито во еден толку разбирлив и логичен гест. Така е затоа што крикнува човечкото во сите нас кога се простуваме од величественоста, од ведрината, од стрпливоста, од темелноста и од сеопфатноста што ги растури по Македонија и по светот, како што ги растури во сите нас. Тоа се обилни и штедри дарови од една раскошна и неповторлива личност, но и недостигот е таков. Онака, како што нему сè му недостигаше во неговиот живот и онака како што од тој траен недостиг ја искова својата недостижност, така ќе ни недостига и нам. Дали ќе можеме, дали ќе знаеме и дали ќе имаме доволно сили, доволно верба во самите себеси, од еден таков недостиг да се упатиме, како народ и како култура, кон недостижноста на која ѝ го посвети својот живот. Тоа е немата завет на неговото дело, а пак во него се: нашата енергија, нашиот полет и нашата сигурност“.

Од прошталната беседа на проф.д-р Атанас Вангелов, 19.12.1993 г.

СЛИКА ВТОРА

ПОТРАГА ВО ДВА НОСА

Првиот филтер на мислата е-јазикот.Чистите зборови се дестилат на разумот.

Ѓорѓи П. Панов

ДУХОВНОСТА Е ЕДИНСТВЕНИОТ НАЧИН ДА СЕ СПАСИМЕ ОД СÈ ПОАГРЕСИВНИОТ И ПОСТОЈАН НЕДОСТИГ И БЕДНОСТ

Интервју со Владимир Зарев, писател и универзитетски професор

Владимир Зарев е син на големиот бугарски интелектуалец, академик Пантелеј Зарев, кој ќе му го даде највредниот совет, секогаш да биде слободен, независен, да опстои на своето. На прашањето: *Кој ќе ми помогне?* Одговорот на таткото бил: *Читателите*! Германската критика го нарекува „бугарскиот Балзак“, а неговиот роман „Пропаст“ е наречен „роман на промената во цела Источна Европа“.

АВР: „Пропаст“ е роман за изгубениот рај за човекот, роман за заслужениот, но недофатлив живот во неговата најубава, најтопла форма, роман за страдањето. Една Ваша случајна средба со Вашиот некогашен професор, ќе биде причина да започнете со пишување на романот.

ВЗ: Во право сте! Романот „Пропаст“ е роман за страдањето, за тоа како беа понижени и отфрлени луѓето со високи духовни квалитети, а на светлото на денот и општественото внимание се појавија *мутрите*, јавните кратци и измамници со сета своја криминалност, нахалност и простотија. И уште: “Пропаст“ е роман за начинот на кој беше ограбена и обескрвена Бугарија на почетокот на транзицијата, уште во првите години на демократијата, повест за оние механизми со чија помош оние бескрупулозните и дебеловратлестите ги презедоа најважните институции, ги корумпираа политичките партии, корупцијата ја претворија во основен економски принцип, придобивајќи ги полицијата, судиите во свои слуги, го поткопаа и уништија имуниот систем на секоја државност.

Но, да се вратам на Вашето прашање. Ја паметам таа студена, маглива, непријатна есенска вечер. Ромонеше студен, бесмислен дожд. Се враќав од

една понижувачка средба со еден од, тогаш, најбогатите бизнисмени, инаку мој пријател кого го молев финансиски да го поддржи списанието „Современик“, на кое и сега сум главен уредник. Тој ме нагости со виски што чинеше повеќе од мојата месечна плата и .... се разбира, ми откажа. Кога наближив до моето живеалиште, забележав човек, небаре сенка, надведен над контејнерот за ѓубре и понижувачки рошкаше нешто во него. Го сторив познат, се вгледав во него и сиот истрпнав. Тоа беше мојот учител по географија, еден од моите најомилени и најпочитувани професори, кој беше пример за достоинство и слобода. Господе, до каде стасал – да се храни од кантите за ѓубре! И двајцата ги извртевме главите, преправајќи се дека не се познаваме. Потресен, отрчав дома и без да се соблекувам, седнав пред мојот тогашен компјутер купен на старо и со најголемите букви на екранот испишав „ Разруха“ („Пропаст“)

АВР: Колкав е духовниот потенцијал на човекот кој е фрлен во машината на современиот капитализам и дали духовноста може да нè спаси? Каква е судбината на малиот, трошен човек чиешто достоинство е потиснато и згазено?

ВЗ: Единствениот начин да се спасиме од сè поагресивниот и постојан недостиг и бедност, од повторувачката неправедност и ниските вибрации на животот е духовноста. Едноставно, да останеме со високите неодминливи вредности на Словото, на уметноста, да ги сочуваме во себеси стремежот кон благородноста и убавината. Како што беше рекол Достоевски – „убавината ќе го спаси светот“. Но, не убавината на сегашниот, материјален свет, туку онаа којашто животот го претвора во духовно доживување, што го облагородува човекот и помага да живееме во еден поинаков живот исполнет со творечки дух.

АВР: Името на еден од Вашите последни романи е „Чудовиште“. Кои се чудовиштата што го населуваат современиот свет? Ги препознаваме ли? И колку човекот е свесен дека токму во него чудовиштата си прават дом!?

ВЗ: Во секој еден од нас живеат секакви помали и поголеми, покротки и поопасни чудовишта што нè измачуваат и со коишто треба да се пребориме. Навистина, има чудовишта што нè напаѓаат, коишто се општочовечки и го засегаат целокупното човештво. Во романот “Чудовиштето“ тврдам дека Антихристот веќе слегол на Земјата, дека тој е насекаде околу нас и нè опсипува со својата разрушувачка енергија. Се мислам, дека тој можеби не е човек, некаква посебна личност, туку појава. Таа појава, според мене, е Интернетот, виртуелните мрежи во сите свои налудничави форми. Влезете ли во метрото, во трамвајот, во некој ресторан, можеби сте на нечија свадба или на погреб, гледате дека речиси сите присутни surat во своите мобилни телефони, потонале во нив, како таму да наоѓаат некаква магична разрешница или утеха како спас. Всушност тие четуваат, четуваат глупости. Младите современи луѓе не можат да комуницираат нормално, тие претпочитаат да четуваат зашто средбата во живо со некого значи обид да се бендисаш некому, да се докажеш пред другиот, да го вклучиш разумот и сите свои расположливи квалитети. Четувањето, всушност, ја заштитува твојата анонимност, сета твоја површност и неодговорност. Ќе прашам едноставно.... можно ли е човек да има илјада прија-

тели? Нели пријателството е како љубовта, прашање на грижлив и долготраен одбир, на загатливото, понекогаш магичен избор што ќе треба да ја издржи пробата на времето. Јас почитувам стотина луѓе, но моите пријатели се бројат на прстите на двете раце, и тие се важен дел од мојот најинтимен живот. Луѓето со помошта на интернетот привидно се во постојан, непрекинат контакт, но се одучија да општат. Тој, интернетот, е најопасен за децата, зашто ја сакати нивната вообразба и ги вовлекува во еден прост и еднозначен до глупост виртуелен свет. Во свет без проблеми, во нереален свет. Вистина, во мрежата има огромна недогледна информација, која и јас сум ја користел повремено, но таа информација е сомлена и површна и не може да го замени вистинското познание од простата причина што познанието, освен информација, ги содржи и нашите духовни усилби да достигнеме до него, освен елементарна информација и емоција да ја преоткриеме и осознаеме длабочината на проблемот што нè засега. Смело тврдам дека по две-три децении овој виртуелен стрвен и гладен свет ќе биде огромен, нерешлив проблем каков што е денес проблемот со климата, предизвикана од безумието на човекот.

АВР: Во романите „Пропаст“ и „Чудовиштето“ екстрахираат три доминантни опозити: љубов/омраза, живот/смрт, владетел/поттчинет. Како се раѓаат идеите за Вашите романи во кои овие три опозити наоѓаат своја форма во ликовите?

ВЗ: Веројатно веќе споменав дека мене зборовите постојано ме тревожат. Тоа е состојба на внатрешен немир, на *копнеж да споделуваш нешто што не постои, но секак, веќе го има!* Во такви моменти насетувам душевна тревога и несигурност, сè што е околу мене како да ме смалува и ми одзема од слободата. Тоа не е незгода или болест, а некаква форма на безделно лидање и кога тоа чувство ќе ме обземе и завладее, знам дека е време за мојот нов роман. Тогаш во себе ја чувствувам густата драматична силуета на еден далечен маглив конфликт, или ме овладува филозофска идеја што дотогаш останала недофатна, но дури и една случајна метафора и досетка може да ја преточи во текст, во расказ. Таа тревога ме преследува како озарување што треба да биде втврдено со интересни ликови и човечки судбини, да ја пронајде својата драмска смисла и јазичен израз. Веднаш по несвесниот духовен напор, во првичниот творечки чин не ме раководи чувството за верност и вистинитост, *ами способноста на идејата да создаде судир, драматизам... во тоа сум сигурен, страдање!* На пример, во основата на романот може да лежи идејата дека Злото е движечката сила во Вселената, дека тоа е дејството, промената, развојот, разнообразноста, мускулот на Битието и така да го оплодува безличното и здодевно Добро. Но, идејата може да биде и сосем обратна, дека стапувајќи во бој со Злото, Доброто, всушност, се мумифицира, се собира во себе, губи од сопствената свитливост, личното учество во дејствието, во разнообразноста, зашто ако не го стори тоа, ќе се претвори, несвесно, во својата противречност, во жолчното Зло. Сакам да кажам *дека до овој момент, не се грижам за докажаното и вистинското, ме интересира необичното и многуправи апсурдното!* Допуштам дека во тој навистина драматичен момент во кој узрева мојата внатрешна одлучност,

сознанието надвладува над очевидната консеквентност, „причината раѓа последица“, што по себе е причина за нова претрага. Оваа неизбежна логична последователност подоцна ќе се појави во осмислувањето на романескното сиже. Фабулата, реалната продолжителност на дејството е вторичната компонента на творечкиот чин. Таа толку доцни што кај мене стасува дури откако ќе се образуваат сите карактери. Колку и да е убава и необична една идеја, каква и неверојатна филозофска длабина да поседува, таа треба да биде „симната“ од својата универзална смисла и облечена во нечија индивидуалност, во карактер, во судбина, ако сакате во распознавањето и нераспознавањето на човекот. Градбата на ликовите во еден роман е една од најсложените и најтешки работи. Да оживее ликот во мене, значи се преборил тој со својата слобода, го фатил сопствениот пат, сам да ги искажува своите желби, надежите, животниот опит и стратегија, станува сам одговорен за комплексите и за личните квалитети како амбиции, волја, способност да се биде и да се биде непобедлив. Спомнете си за класичната изјава на Пушкин, дека Татјана го намамила и го изиграла, се омажила, но не според неговите писателски очекувања.

АВР: Што мислите за современиот човек и начинот на којшто го ползува сопственото рацио? Која е вистинската пандемија од којашто е заразен човекот на новото време?

ВЗ: Современиот човек, за жал, е постојано манипулиран и е длабоко неслободен. Тој е изнасилен, направо дресиран од либералната филозофија, од американското вјерују дека среќата на човекот зависи од успехот, а успехот зависи од парите. Среќата е нешто многу повеќе од тоа, пообемно од успехот и парите, среќата е да бидеш здрав, да бидеш во хармонија со себе и со околниот свет, среќа е да бидеш сакан и уште поважно е ти да сакаш, среќа е да го сочуваш своето достоинство под секакви услови, да отстоиш на себе си, да бидеш свој. Либералната филозофија изискува современиот човек да биде не премногу образован, по можност обездуховен, за да може полесно да се манипулира, но во исто време, да располага со едно важно и определувачко својство... да консумира, да консумира и пак да консумира. Тоа е добро за пазарната економија, но ресурсите на планетата не се бескрајни, тие бргу се арчат и јас предвидувам дека набрзо ќе има војни не само за енергетските ресурси, туку и за водата за пиење, на пример. Нека не звучи фатално, но со својата бескрајна, недалекувидна алчност, *разумот како да е канцерот на природата,* тој го уништува организмот што самиот го создал. Во својата глупост некои луѓе трупаат бесмислени, виртуелни и неупотребливи пари (се тврди дека пет проценти од населението поседуваат деведесет проценти од материјалните блага на светот!?!), и го водат човештвото кон неминовната пропаст. Добро е секој еден од нас да се присети на мудроста на апостол Павле: „Никој од вас ништо нема да однесе од овој свет, зашто никој од вас ништо и не донел во него!“

АВР: **Проблемот на власта и како човекот ја восприема и практикува и дали неконтролираниот либерализам го свртува човекот против самиот себе? И како материјалниот човек го уништува духовниот?**

ВЗ: Благодарам за ова прашање,

тоа е навистина многу важно за мене. Да почнеме од изборот, зашто тоа е навистина голема тема во моето творештво, а најмногу во моето расудување. Постојано, во секој еден миг од својот живот ние сме исправени пред некаков обичен, безначаен или, пак, стратешки, судбоносен избор. Без да го насетиме, несвесно голем дел од битието ни поминува во отфрлање на одредени предизвици и прифаќање на други. Таа испарливост, непостојаност, талкање на умот, воведена и анализирана од будизмот, всушност го пројавува нашиот непрекинат и дури ни за миг несвршен избор, дури ни учеството во некаков си избор. Според мене, еден од недостатоците на будизмот е што низ продолжителните секојдневни медитации, низ постојаното наметнато обезличување и бришење на личното јас, тој се обидува да ни го одземе правото на избор, да нè врати во тоталната автентичност, непринуденоста на природата, која впрочем, постои само кај мртвото. Водата во ракавецот, облакот, правецот на ветрот, неподвижноста на каменот не знаат за избор, тие се движат по законите на природата, но секое друго живо суштество е обземено од постојаниот и никогаш незавршен избор. Колебањето, вибрацијата на животот, се природни состојби на живото суштество низ кои тоа се токми и и се адаптира кон промените во околната средина за да опстане. Убеден сум дека не само трудот на човекот, како што тврди Дарвин, туку и несвршената колебливост, усилбата постојано да се избира, постепено го довеле до разум, а потоа и до уште потешка и вдахнувачка задача, да изгради своја цивилизација. За разлика од животното, кај човекот тој процес е посложен и е сврзан директно со сомнежот и страдањето. Секогаш кога правиме некаков фатален избор, претпочитаме една од насоките, од расположливите можности, отфрлајќи, судбински ги губиме сите останати! Оттука произлегува и таа егзистенцијална „повторливост“ кај моите херои, тие постојано прават избор и страдаат.

Власта е една од нејвеличествените и безгранични теми, до кои сум се допрел со мојот ум и мојата вообразба и којашто, без сомнение, е најважната во моето творештво. Несвесно, но сепроникнувачки таа е насекаде во природата, дури и во мртвата материја и заедно со творечката суштина таа изгледа е најважниот атрибут на Господ Бог! Власта ги припитомува хаосот и ентропијата, таа го уредува и подредува светот, создава правила, вселенски закони и ред. Најповршно можеме да споредиме со гравитацијата - Земјата се врти околу Сонцето, тоа самото обиколува околу центарот на галаксијата, таа, пак, уколу блиската галактичка група итн.

На своите дваесет и седум години собрав храброст да ја започнам епската трилогија (се простира на 2.700 страници) „Битието„, „Егзодусот“, „Законот“ токму заради тоа што веќе бев сознал дека најважниот и сложен егзистенцијален проблем на човекот е проблемот на власта! Уште како дете се судрив со нејзиниот агресивен карактер. Имавме мала викендичка на падините на Витоша, во селото Бистрица. Во јулските и августовски врелини, ние децата се капевме во студеникавиот вир на реката, а кон четири часот доаѓаше горјанинот чичо Нако – стробјак, со нажежено лице и врат на бик, со поглед веќе водлест од постојано суреље и алкохол. Облечен во волнена зеленкава униформа, пропиена

со пот и со човечки страв, чичо Нако никнеше одненадеж од никаде или поточно како да се појавуваше од својата пусија директно со намерата да улови и да казни. Со решително движење, без најмало колебање ја отфрлаше блузата и панталоните, јуначката фанела, којашто сонцето му ја беше отпечатило на грбот, ги зафрлаше широките гаќи од асе, потреперуваа влакнестите бедра моќни и заповедни како самиот него, обгледуваше наоколу за да нѐ види со погледот на важен човек, ја оставаше дури и пушката на брегот, карабинот манлихерка со полна цевка, ама никогаш, по никаква цена не ја вадеше капата – оветвена, со поткршена кокарда од желади и рогови на елен. Таа загатка, чичо Нако потопен до брадата во ледената вода, но со капата на главата, ме измачуваше со години. Најсетне, доразбрав дека тој останува-ше со капата на главата зашто таа беше последниот и бесценет знак на власта и со неа тој и понатаму беше препознаван како *закана и сила. Не се кайеше кој и да е, се кайеше Власта!* Така, постепено осознав дека трајниот наш, макар и често непрепознатлив копнеж по власта, го определува сето наше човечко однесување, желбите, илузиите, житејските стратегии и стремежи. Парите се слобода, скапоцена слобода, но вистински големите пари се најголемата човечка власт. Замислете! Љубовта и омразата се форми на власт, секој наш судбински избор говори за нашиот копнеж по власта. Бебето плаче не затоа што е гладно или помочано, туку на таков начин го предизвикува вниманието на околните, така се учи да владее над родителите, преку љубовта. Жестокоста е власт, но правејќи од нас сострадалници, прави и скрбта да е власт. Убавината исто така е власт, но и грозотијата е власт, дури и страдањето и понизноста се форми на власт. Сакатиот просјак умислено ја разголува отсечената нога и низ своето страдање прави обид да завладее над нас, принудувајќи нè да го забележиме и да му дадеме милостина. Повеќепати сум кажал дека уметноста исто така е обид да владееме едни над други; низ силата на Словото секој надарен писател е еден восхитувачки тиранин! Научив уште дека на почетокот власта го менува човекот и го прави удобен за себеси, а подоцна почнува да се стреми да ја промени власта и да ја направи удобна за себе. И уште дека во јавниот живот проблемот со власта е нерешлив, зашто дури и во најдемократските општества, оние кои управуваат се секогаш помалку од оние кои се управувани, а тоа неизбежно пораѓа противности, конфликти и судири. Власта, силата, механизмите на нивното дејствување и нивната проникнувачка, неизбежна природа во тоталитарното општество се основната, движечка тема во семејната сага „Битието“, „Егзодус“, „Законот“. Но, таа се појавува и доразвива и во моето подоцнежно творештво - власта на словото *(зборот)* во „Лето 1850“, величествената и непобедената власт на смртта во „Поп Богомил и совршенството на стравот“ итн. Оваа тема се јавува во секоја моја наредна книга, зашто, веројатно, продолжува да се множи во мене, да ме гиба и да ме теши во сопствената животна единственост, да ме спаси од личниот мој страв од смртта!

ДВР: **Во едно Ваше интервју говорите за насилството од неслободата и неизвесноста? Колку таквиот нов начин на манифестирање на насилство го убива индивидуалното во човекот и го пра-**

ви т.н. глобален човек, за кој Вие имате Ваше видување?

ВЗ: Убеден сум дека слободата, човечката слобода најмногу е форма на разлика. Колку е човек поразличен, толку е тој послободен и веројатно посреќен. Насилството во сите негови најразновидни форми што предизвикуваат одвратност, се стреми да го направи токму тоа, да ни ја одземе разликата, прекрасната индивидуалност на секој еден од нас и да н потчини, честопати до нетрпеливост, до правила без смисла, ненужни норми и апсурдни закони, привидно по мерка на човекот. Со насилство, државата како институција се стреми кон ред, но по својата суштина, насилството е груб инструмент, напати жесток и површен, но нѐ обединува во стравот и потчинетоста, но не и во величието на љубовта. И уште нешто важно, насилството секогаш се стреми да ни ја одземе индивидуалноста, да нѐ направи вештачки еднакви како што беше во времето на социјализмот, но таа измислена и невозможна еднаквост всушност е форма на безличност и бездарност. Ќе додадам уште дека понекогаш несовладаната, претерана, т.н. наметлива слобода во современиот живот, исто така е форма на насилство!

АВР: **Колку стравот го дефинира човекот и возможно ли е да постои Доброто без Злото? Чести теми во литературата, но исклучително добро обработени во еден од Вашите најдобри романи „Поп Богомил и совршенството на стравот“.**

ВЗ: Втората најзначајна тема во моето творештво е проблемот за стравот и смртта. Не знам дали сте се запрашале зошто Бог ги протерува Адам и Ева од Рајската градина? Ако сакаше тие да не вкусат од плодот на познанието можеше Тој тоа судбоносно и најдраматично дрво да го изнесе вон Рајот или да ги заштити со непристапен ѕид. Уште нешто: убеден сум дека Бог самиот ја испраќа змијата да ја соблазни Ева, самиот го инсценира гревот на двете човечки суштества и ги навлекува со соблазна. Зошто? Бог е Образот, а Адам и Ева се негово олицетворение. Во својата битност тие располагаат со еден од најважните атрибути на Бог – бесмртноста. Но, бивајќи бесмртен, Бог е постојано подвижен, безграничен и *најважното – постојано творечки!* Адам и Ева се надарени со вечен живот, но во Рајот тие немаат никаков непријател – климата е топла и пријатна, никогаш не почувствувале глад, зашто околу нив течат „мед и млеко“, немаат врагови, живеат во средина на безгрижно спокојство и исто таква сигурност. Дните течат еден по друг до бескрајот, сите исти како зрнцата песок во морето, ништо не ги напаѓа, ништо не се случува и постепено тоа отсуство на секаков отпор, повторувањето на еднообразноста без крај и тафталогијата ги претвора најпрвин во мрзеливи суштества, а постепено, со текот на времето тие заглупуваат и буквално дегрдираат. Счудоневиден, во неверица, Бог забележува дека Неговото создание не само што ја губи смислата, туку е и очигледен неуспех. И заклучува дека единственииот начин да ја спаси идејата е да им ја одземе бесмртноста и да ги заточи во *стравот за нивното опстојување, да ги врати во смртта.* Зашто стравот од смртта неизбежно ги претвора во разумни, во *творечки суштества.* Тие треба да го измислат огнот за да преживеат, да ја оддалечат смртта од себеси, да ги измислат кожите со кои ќе се завиткаат,

да ги претворат пештерите во свој дом, да го измислат лакот и стрелите, подоцна тркалото, начинот како се топат металите и најодзади да го измислат електрицитетот и атомската енергија. Имено, идејата ми е дека стравот од смртта, тој подол, невидлив, ползечки потсвесен страв, кој во младоста ретко го чувствуваме, нѐ претвора во творечки, т.е. разумни суштества. Но, во неминовноста на смртта Бог внесува уште една важна промисла. Ако се замислите, единствено во смртта се остварува единствено можната еднаквост, зашто умира болниот, но и здравиот, бедниот, но и богатиот, несреќниот, но и среќниот... Додека го пишував својот последен роман „Чудовиштето“, наеднаш ме обзеде убедувањето дека веројатно во својата сакрална суштина, нашиот вроден страв од смртта и несопирливиот стремеж кон власта, се всушност едно исто. Просто, инстинктивниот, потсвесен страв од смртта го засилува повтежот да владееме, да владееме над некого или над нешто!

ДВР: „Без уметност, вулгарната реалност ќе го направи светот неподнослив”- **вели *Бернард Шо.* Каде е книгата во еден таков свет? Возможно ли е уметноста да преживее во едно такво време?**

ВЗ: Настојувам да поверувам дека копнежот по духовното е исто така потсвесен инстинкт, како и стремежот кон власта, на пример. Ако е тоа така, ако таа претпоставка е вистинита, тогаш литературата и уметноста ќе преживеат. Пред нас видот на книгата се менува, таа сè повеќе се предлага и се чита во поинаков надворешен вид, но величието на Зборот продолжува да интригира некаков дел од луѓето. Тие се импресионирани од тоа што кога човек чита убава уметничка литература, тој реално се замислува за нејзин коавтор. Со својата естетска подготовка и висок вкус, преку својот личен животен опит, преку вообразбата, читателот ја допишува книгата, учествува во огромното задоволство да сотвори. И уште нешто, проникнувајќи во различни судбини, читателот како да го преживува не само својот, туку и множество туѓи животи.

ДВР: **Најавивте роман во кој, покрај пандемијата како мотив, се појавува исихизмот и последниот неуспешен опит да се помират православието и католицизмот. Каква е пораката што ја носи романот?**

ВЗ: Се обидувам да го напишам својот нов роман со работниот наслов „Сплетка“. Тоа е мачно сложена, ужасно тешка книга што бара префрлање на огромна историска литература, а исто така и длабински познавања од византиската, всушност на православната филозофија. Тој се состои од два сосем независни сижети и мисловни патеки. Едното сиже се одвива во современоста и раскажува за насилството и неслободата предизвикани од пандемијата, од подлиот сеприсутен низ целиот свет коронавирус. Втората линија се развива во средновековието и го засега проблемот на исихазмот (моќно духовно учење во средниот век кое пак, бара полна предаденост и аскеза) и на Фераро-флорентинската унија – последниот обид во 1437 година да се помират православјето и католицизмот. Тоа, што ги обединува и обврзува двете сижетни линии е проблемот на слободата, за величието на човечката слобода, која во голем степен го осмислува и детерминира нашиот живот.

Интервјуто го водеше: Ана Витанова – Рингачева
Превод: Бранислав Мирчевски



Владимир ЗАРЕВ е роден на 5 октомври 1947 година во Софија. Завршил Бугарска филологија на Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Софија. Од 1973 година работи во списанието „Современик", долги години, па и денес е негов главен редактор. Син е на бугарскиот академик Пантелеј Зарев. Автор е на 12 романи меѓу кои, најпознати се: *Демоното на нетрпеливоста* (1975), *Процес* (1984), *Заѓар* (1987), *Лето* 1850 (1988), *Пропаст* (2003), *Пој Богомил и совршенството на стравот* (2005), *Чудовиштето* (2019), на трилогијата: *Битие* (1978), *Исход* (1983), *Закон* (2012), како и на повеќе поетски книги. Романот *Пропаст* доживеа 12 изданија во Бугарија, а стана и бестселер во Германија и во САД. По романот е снимен филмот *Времето е наше.*

Добитник е на државните награди „Иван Вазов" и „Елин Пелин". Во 2017 година е удостоен со Државната награда „Св. Паисиј Хилендарски" за исклучителен придонес во развојот на националната културна идентификација и духовните вредности.

Неговите дела се преведени во многу земји: Германија, Русија, САД, Чешка, Полска, Романија, Украина, Турција, Србија. Хрватска и други. Неговите романи *Пропаст* и *Чудовиштето* се преведени на македонски јазик, а преводот е на Бранислав Мирчевски.

ПИСМЕНА КОРЕСПОНДЕНЦИЈА ПОМЕЃУ МОНИК ШВИТЕР И НИКОЛА МАЏИРОВ

Размената на писмата помеѓу швајцарската авторка и актерка Моник Швитер (1972, Цирих), добитничка на највисоките швајцарски книжевни награди меѓу кои и наградата „Робер Валзер“, и Никола Маџиров се одвиваа во исто време, без и двајцата да ја знаат содржината на испратените меѓусебни писма. Кореспонденцијата се одвиваше во јули и август годинава, период во кој се случуваа поплави во Германија, земјата каде што живее Моник Швитер, пожари во Македонија, бегства од Авганистан... Преводот на писмата на Моник Швитер од германски на македонски јазик го направи Ксенија Чочкова.

Прво писмо до Никола Маџиров

Девет ноќи

Само едно нешто сакам да задржам во оваа преписка од реката во која ништо не останува како што е и сè продолжува понатаму: завршокот.
Две цели ноќи дожд. Меѓу реката и поројот од небото не постои разлика (за увото).
Трипати станав да го проверам хартиеното осило, совршена обла градба во аголот под стреата. Држи. Сè уште држи. Држи сè уште.
Четири часот наутро: бурни водни маси. Уредот отворен. Светол, зеленикав подводен свет на екранот.
Недостасуваат пет млади луѓе. Сакале да отпливаат по реката на забава на другиот брег.
Дебели, тромави капки на ракописот, половина дузина оси, огромно зголемени.
Седум е омилениот број на суеверните. Нивната омилена боја е сината. Blue seven.
Осумстотини кубни метри вода, двојна норма, истекуваат сега во секундата.
Веќе е девет часот.

(еден)
Дали може да се надополни животот?
Шумоли, изминува
татковинска река
преполна од породните дождови од изминатите ноќи
целосно прекумерна, нешвајцарска
го измива случувањето
ги носи приказните
далеку оттука

(два)
Сакав да ти пишам, уште порано.
Одеднаш откината од реката
од времето
од животот
од пишувањето
не постоја веќе зборови
а само една цел.
Да преживеам и да му пишам на Никола е едно исто.

(три)
Седам покрај претекот, кој влече кон север,
во погрешна насока, и ти пишувам
го менувам текот на работите, насоката на реката;
назад кон прапочетокот во глечерскиот планински масив
кој го има своето име од пустелијата
од каде доаѓаат моите предци.
Изникнат од неплодната почва
од земјата ничија.

(четири)
Од прапочетокот го насочувам кон југозапад
брат на Ин, сестра на Дунав,
самостоен, возрасен воден тек по погрешни патишта
без самоконтрола
слушајќи го само моето инсистирање
да одиме кон тебе.

(пет)
Пишувањето значи и да се стигне само од А до Б.
Да се надминат растојанијата, да се патува, да се донесе правилната одлука на раскрсницата. Од една буква до друга. Од меѓник до меѓник.

(шест)
Пет години веќе.
Да се измијат болките, слабоста, лошите спомени; да се заборави?
Не Лета, туку Мнемозина.

(седум)
Да се раскинат мазните површини, да се раскопаат.
Клокотлива река, виглив тек. Убави отсјаи, сјајот исчезнува.

(осум)
Еднаш живеев тука покрај реката со него. Тој имаше запуштена лузна на ногата, која сведочеше за болките, потсетуваше на детство во болница, на осамени ноќи и на студените рамена на калуѓерките. Не му завидував, а сепак му завидував. Неговата повреда беше видлива.

(девет)
со ножици сечам дупки во текстот, рани
откинувам парчиња
лузни, рабови, премини: празнина и сила, тага и радост, смрт и живот.
Невидливите лузни ги раскажуваат вистинските приказни.
Цели девет ноќи се среќаваа Мнемозина и Зевс, девет
музи поставија во овој свет и ги спасија
од огрубување и скаменување
завршок, не завршеток

Моник Швитер
јули, 2021

Прво писмо до Моник Швитер

Драга Моник,

Од планината Беласица ги гледам лузните на градот во кој живеам - исушените корита на реките како незараснати рани од војните. Се трудам да ја најдам куќата што ја напуштам. Се присетувам на звукот на водата што мајка ми ја истураше зад мене кога тргнував на пат, да ми тече патот лесно како тивка река. Таа мала река го чистеше стравот од границите на непознатите простори, ме следеше и кога бев далеку од прагот, од сенката на сигурноста на домот. И пак се враќав, ги минував променливите државни граници кои како лузни од избришени тетоважи стоеја низ старите атласи. Враќањето дома е свесно помирување со сопствените отсуства, поминување низ минското поле на сигурноста, осознавајќи дека дрвјата кои го криеле твоето тело при играњето криенка, веќе не можат да ги скријат твоите лузни на искуството, и сите планирани, а никогаш остварени простувања. Кога би можел, еден ден како дете сè уште без чувство за гравитација, невешто би ја насликал „сигурноста на враќањето". Би ја насликал како куќа со отворена врата над езерото, чијшто клуч е на дното од водата.

Последната година и половина не патувам ниту надвор од очекувањата на светот, ниту низ реставрираните лични и туѓи истории. Вирусот ми ги одзеде здивот и зборовите, а ми ја остави тишината како единствено оружје за борба со гласноста на стравот. Моите сопатници во болничката соба ми го прераскажуваа целиот живот пред да починат и да бидат закатанчени во лимени ковчези, врз кои никој не го распостилаше државното знаме. Ги чувам нивните телефонски броеви, кои наскоро ќе бидат продадени некому кој не знае за нив. Нема подобар начин да се посведочи нечие отсуство од тоа да се напише порака некому кој заминал. Отсуството е јазик на историјата, која нè учи дека за секој човек и процес постои некој друг, застрашувачко ист.

Последните месеци се обидувам да изградам простор за доброволна отсутност и осаменост без сведоци. Архитектурата на осаменоста е тајновита, како куќа чијшто архитектонски план е закопан во темелите. Урбаните осаменици не се плашат од раскопани улици со кабли што пренесуваат гласови и енергии, ниту од птици што слетуваат во напуштени куќи, ниту од споменици на заборавени херои. Оние што ја поврзуваат осаменоста само со смртта, на крајот сепак одлучуваат да бидат закопани во ист гроб со некого, или сакаат да му припаѓаат на целиот свет со пепелта разнесена од ветрот.

Сите писма без адреси се осамени споменици на отсуството.

Твој, Никола
јули 2021, Струмица

Второ писмо до Никола Маџиров

Поплава и пламени

Драг Никола,

Твојата татковина гори, а тука тонеме во поплави. Германските кандидати за канцелари си обуваат гумени чизми и даваат брзи ветувања. Брзаат, стоејќи во водата, да ветат што е можно побргу повеќе пари од нивниот противник. Изборна кампања е. Не најдов слики од вашите политичари во заштитни одела како ветуваат пари во кризната област. Наместо тоа, оваа слика: Тројца пожарникари како спијат облечени во униформи од глава до пети, испружени меѓу дрвјата, целосно исцрпени. Тоа е слика која остава необичен впечаток на мир. Шумата, сè уште зона на опасности и пламен пекол, се простира мирно таму. Која би можела да се помириса сликата, не би помислиле на непомателно утринско расположение. Мирисот на изгорена трева и чад би ни навеал во носот, потхранет од тлеечки огнови и жаречки гнезда во шумската почва, низ кои минуваат брзи, наизменични ветрови и секогаш одново ги распламтуваат; помешан со лесниот мирис на екстремна, сува летна жештина. Која би можела да се чуе сликата, во секој случај ветрот би бил тој што би бил забележлив, можеби и вознемиреното црцорење на птиците или дури и завивањето на волците? Волк. Во вашите шуми е дома. Кај нас изумре, во моето детство веќе не постоеше волкот, својата пакост ја тераше само уште во шумите од бајките и во праститите легенди. Додека кај вас бил отсекогаш тука. Волчја состојба.

Во 1984 год. волкот беше маскотата на Зимските олимписки игри во Сараево. Полетно момче, леташе застанат исправено на црвените скии од една замислена скокалница секој ден по којзнае колкупати на екранот на телевизорот низ целиот свет (и низ вселената) и згора на тоа завиваше Сараево-ооооу! Како што прилега, носеше дебел црвен шал, добар за гласот, добар против студенилото. Се викаше Вучко, српскохрватски за волчко. Неговото завивање беше исто толку продорно, колку и неодоливо, и во училишниот двор стана хит. Наутро се поздравувавме како волци, завивавме заедно на големиот одмор, се збогувавме со завивање. Ние, тоа бевме оние „кул“ ученици, оние кои знаеја дека Сараево-ооу! беше новиот повик за борба на еден нов свет, на целиот свет (и на вселената), незаплирлив, гласен, екстровертен.
По многу години од Зимските олимписки игри од 1984 год. прочитав дека Вучко значително придонел волкот на Балканот да го изгуби својот лош имиџ на застрашувачко, крвожедно животно. Кај нас волкот се врати кога веќе бев речиси возрасна. Во 1990 година во едно село во кантонот Солотурн, со дозвола на Сојузната влада, беше убиен волк. Во текот на неколку недели предизвикувал штети во соседните региони. Го положија волкот во сандак во селото. Покрај него мораа да стојат учениците од тамошната заедница и да пеат „Волкот е мртов“. Кај вас кратко потоа почна хоророт, и Вучко занеме.

Вашиот министер за земјоделство, читам, зборува за тешко повредени жртви од пожарот во Струмица, и како веројатна причина го наведува опожарувањето. При екстремната суша, на температури што со недели не паѓаат под 40 степени, и со непресметливи ветрови што постојано го поттикнуваат огнот, иритираа зборо-

вите на министерот.

Пишуваш дека си на пат за Сараево. Воздухот во Сараево, прочитав, бил исклучително лош. Не можам ниту да си замислам, ниту да верувам дека е така. Вучко секогаш земаше длабоко воздух и почнуваше да завива од сето срце. Сите го дишеме истиот воздух.

Чувај се,

Моник

Почеток на август 2021 год.

Второ писмо до Моник Швитер

Драга Моник,

Реките во атласите се безопасни. Тие таму не се преливаат и не пренесуваат трупови во војните. Само срамежливо се допираат со колебливите државни граници. Вулканите во атласите спијат и кога се активни, се издигаат како надгробен споменик над градовите чиишто згради се изградени врз темелите на заборавот. Јазикот на природата нема метафори, но секоја длабочина и еруптивност во природата е опасна како и во поезијата. Ти пишувам од Сараево, чијашто река ја носи истата тишина низ вековите, а мостовите се нејзини лузни на трпението. Велат дека најдобар лек за сите убиствени болести и сеќавања е трпението. Отсекогаш сум мислел дека трпението не е пасивност, ниту доцнење на суштината на ист начин на којшто тишината не е темна сенка на зборовите. Тишината го проширува просторот, ме тера да се разбудам среде гласноста што доаѓа од болниците, од плоштадите полни протестирачи, туристи и фонтани со неважечки монети. Таа ми дозволува да ги слушнам стаиките на синот дури и кога тој спие, да го зачујам трпеливото отчукување на времето во sидниот часовник или во градите. Така му пристапувам на секој нов град во којшто влегувам - со молк пред секоја табла со името на улиците како архетипско вербално доживување на урбаниот простор. Во имињата на улиците се обидувам да најдам нешто познато, како што во секое лице на непознат минувач се обидувам да откријам позната осаменост. Современите градови, за разлика од античките, имаат повеќе порти отколку страни на светот, како што имаме повеќе клучеви отколку домови. Со секое напуштање, се зголемуваат и клучевите на вратите кои не можам да ги отворам. Додека ти пишувам, гледам слики на луѓе кои во страв ги напуштаат домовите со празнина во дланките и очите. Бегството од познатото е далеку поопасно и поболно од непознатото. Светот нè научи на далечини и на блискост на болката која ја обликуваме според историската цикличност, за полесно да ја прифатиме. Понекогаш мислам дека поетската перцепција на времето е како длабока лузна врз селективното сеќавање на историјата. Можно ли е во бегството да се препознае почеток, а не пустош? Дали најубавите дрвја растат над гробовите каде што нема испишано име врз споменикот? Кое писмо убиениот војник го чувал во џебот пред дождот да ги претвори зборовите во мали езера? Овие прашања историјата нема да ги постави, зашто таа постои за да дава различни одговори на истата стварност, на истата сегашност. Сочувствувам со сите кои од сокршените sидови на бегството треба да изградат дом и кои не можат да го сместат телото во шаторот на секојдневните ритуали. Како дете мечтаев одеднаш да пораснам за ја досегнам кваката кога почнува да паѓа снег, а дедо ми мечтаеше да се наведне за да може да ме погали. Помеѓу тие состојби на растења и паѓања го градам домот на ранливата стварност, кој со несигурност ќе го напуштам. Човек може да замине неколкупати, но да се врати само еднаш.

Твој, Никола

август 2021, Сараево

ПРУГА

ПРУГА

Секогаш кога ќе ја ослободите душата и нејзината енергија, извира љубовта и мудроста како две компоненти на просветлениот поединец!

Ѓорѓи П. Панов

Радмила ПЕТРОВИЌ

(Србија)

Девојка која не верува во митови

кај гатачка сме биле
тато, мама и јас
рекла дека ќе бидам машко
и нешто големо
ми го спасила животот

девојчињата кои вака ќе се родат
не знаат за богови
за седмиот роденден
колат петел на трупец

не користат маскара
туку масат и француски клуч
возат трактор
цедат џимиринки
и јадат кавурма

тоа се оние долгоногите девојки
кои сами шетаат
додека се топат првите снегулки
на покривот од хотел "Москва"

пристапи им само ако можеш
да го засакаш мажот во нив

Мајка ми знае што се случува по градовите

мојата мајка нема син
нема заверена здравствена книшка
нејзиното срце не е од челик

сурутка ѝ тече под прстите
самотијата се разлистува во стеблата зелка

и само мотиката ја остава без здив

таа знае дека рацете таткови се армиран бетон
зборовите кромид блиску до очите

го разбира јазикот на билките
има одговор на земјините прашања
ама молчи

тука чуден значи добар
а казма значи смрт

мојата мајка нема син да ја заштити

единствено разумно беше да нѐ напушти

зезнато, мамо
кој знае што ќе станеше од мене ако си заминеше

Зошто сестра ми плаче?

назиме Циганки свратуваа в село
велеше кој нема да биде добар
ќе го пикнат в торба и ќе го однесат
заедно со непродадените завеси
и украсите за елка

шумата листееше
твоите ќерки мечтаеја за градот
и чекор на штикла низ куќа

но тоа можеше само во ТВ серија
тука никогаш не би дозволила
да се обљуби паркетот

едно лето те прашав
зашто сестра ми плаче и зашто и се
крвави панталоните
ми рече
па знаеш, таа е девојче

некои момци подоцна
ме пресретнуваа по кафулиња
и ми велеа да бидам нивна
и една девојка исто ме рече

после кога сфатив
дека секогаш плачеш
затоа што си девојче
решив да останам онаа
што по црвени кломпи
собира полжави по дожд

Превод од српски јазик: Звонко Димоски

Катарина САРИЌ

(Црна Гора)

Футуристичка

Ако некогаш повторно те видам-
нека биде преседан
достоен за главната сцена на
некој историски блокбастер
или вестерн на крајот
на песочниот град
било кој ситуациски контекст
овде и сега
мирна прошетка граѓански протест
само нека не биде чист спруд
и тој страшен суд пред кој се збунив
затечена наивна
како од Пушкинова поема исфрлена
со очи поширoки од синилото на Балтикот

Ако некогаш повторно се крене- оваа флота потонета
белото издупчено знаме
нека биде тоа на отворено море
со полни едра! –
нека биде тоа витешки фронтално и слободно
да одиграме ферплеј
а не тој проклет дисплеј
и стакло од кое пукаат зениците
па кој каде стигнал на афтер парти
да не биде залуден сиот напор на градење кули во воздух
гадење пред сите кои не носат ни влакно од твојата коса
и не ме гледаат како да ме голтаат
како да пропаѓам во земја ослободена од гравитацијата
грижа на совеста-
за сто дена жалост

еден опеан огномет па и на кијамет-
зошто би ми било грижа за времето и тривијални теми-
грижо моја премини на друг!
Таму каде што сите звуци се исти и сите звучат ужасно
Каде симфониските оркестри завршуваат на улица
а пискливите жици сали полнат-
каде малите се големи-лажните вистински
таму каде што од тебе направив ремек-дело на својот живот
каква мегаломанија! онанија!
убавина и ужас!
и како уште гребе и мрзне поставката од твоите резбарии во мојата глава

Само уште еднаш да те видам и соблечам до под кожа
па нека ме запалат на клада
нека ме набијат на колец-
ни суви сливи спроти тебе никој!

Само уште еднаш да те видам недопрен
И на пета се свртам
Па по тебе плукнам
да ме фрлиш пцето уште еднаш во ветер – но во грбот овој пат.
.....

Фаѫаморґана

Нема да ми пријдеш со порака
на „месинџер“:
„шеќерче“
со вообичаеното прашање од каде сум, што правам

Ќе почувствуваш веднаш
дека од колоквијализми се ужаснувам
од готови формули ми се гади

Да, родена сум во март
и да ја сакам сината боја

Ќе налеташ на мене со скок на неуреден Викинг
Измачуван од главоболка
на преполн паркинг

Ќе биде недела и нема да работи аптеката
во која купувам туби со пантенол за мојата
хиперсензитивна кожа

Нема да бидеш оженет, ниту отпуштен, ниту во комплицирана врска
само на минување изморен од возење по каллив пат
Ќе врне дожд
а јас како по обичај ќе немам чадор

Ќе ме прашаш дали некогаш сум допрела желка во Индискиот Океан
почувствувала гордост или срам
Ќе ти ги покажам ноктите со коралнa боја што ги собрав под карпите од цунамито
кога беше избришан брегот на Цејлон
Ќе ме однесеш во задното сепаре
На најблискиот ресторан на чај со рум
а попат ќе ми зборуваш за твоето дружење со друмот
на очајот
Ќе измислиме некој нов non sense јазик, неизлитен од употреба
Само нам разбирлив non ти и нон јас првпат откриени први и последни
љубовници од прогонетиот рај
во двојна негација на афирмацијата

Во позадина ќе се слушне звукот на бришачите
Ќе ти го рецитирам Тристан Цара
ќе дувам во замаглената шофершајбна

Благодарна на овој дар
од небото
А ти ќе ја сокинеш мапата на патот
додека мојата оклопна куќичка ќе се скрши како да е направена од стакло
Мурано

ќе ти ги прескокнам трепките
низ бодликави жици
и со еден скок на ластовица ќе нурнам до очното дно

Ќе знаеш дека „Пеперутката“ ја премотував милион пати на оној стар
видеорикордер
сонувајќи го летот до слободата

Ќе извадиш ќесичка со златно-жолт тутун од џебот
ќе свиткаме и ќе ги испушиме сите стравови
замислените желби
ќе ги протнеме низ синкавите кругови чад
ќе ја истресеме пепелта
и врз неа ќе посадиме цвет

Искра ПЕНЕВА

(Србија)

Танц

Во собата на придушена светлина
Живеат само неопходните предмети
И новогодишните светулкави украси

Ѕидовите со твојот мирис
На тебе ме потсетуваат

Пуштам музика
Започнувам да танцувам
Со сенките на истетовираната тишина

Под ѕвездено̄то небо

Месечината ми се насмевнува
Спокојна

Велат дека со
Ноќната светлина
Ги оплодил планинските падини
И дека потоа растенијата долго воздивнувале
А птиците кришум ги одгледувале птичките

Чекорев боса по мовот
Мирисот го возбудува
Заспаниот вулкан

Горе е сребрената Месечина
Со твојот лик

Бреда СЛАВИНЕЦ

(Словенија)

Три шеснаесетгодишници
(циклус песни)

I
Кога ќе излезеш од болница без меморија
и бидејќи навиката е таква
овој пат да ти одземат само еден орган
дојди дедо ти ќе се фотографира со тебе
мајка ти ќе ти купи торта
и заборави на бајката покрај керамичката печка
подоцна често ќе ти кажуваат што сè не знаеш
и дека жените имаат свои печати
носам обемни книги со мене
ја чекам првата забранета дланка
првиот е оној што ќе те пречека во шумата
стравовите ќе ти донесат бледило поради другите
во Пајажините ја запишувам мојата тајна
размислуваш за какви наклоности разговараат на родителските состаноци

II
Патеките до долговечноста ќе донесат
углед на словенечкото со три звона
од друга страна сè има уште компири
и патничката ќе донесе кнедли од сливи
со бујна коса до болни ултиматуми
за редовно заборавање со кратка памет
чизми облечени со долги мантили и очаен цинизам
што го повикува сонувачот на само една врата

III
Легнете ги на масата
желбите упорни и скриени
отсонувани до последен детал
бидејќи четири погреби траат
до јануарскиот здив
сакајќи само некои репризи
на спомени и одговори
зашто така мораше да биде

Преѓев од словенечки на македонски јазик: Искра Пенева

Ибрахим ОСМАНБАШИЌ

(Босна и Херцеѓовина)

ФАКЕЛ ЗА САРАЕВСКИОТ РОКЕНРОЛ

Цврста
сјајна
сараевска
емоција
длабоко
под пешачката патека
во катакомбите
сокриена
од очите
на мизантропите.

Опоен
ритам
го подига човека
педа
над плочникот.
Беше Сараево
одекнуваше
низ дните, ноќите
столетијата,
зависи
кој какво уво има
и ги слуша
усвитените тонови
од последната оаза на рокенролот.

НЕМИРОТ НА ДУХОТ НА ВРЕМЕТО

Отвореното море нежно се бранува
само по некој бран дополузува до брегот
умот на потомците лебди над хоризонтот
на плажата се спуштаат колони
осветлени од пламенот на факлите
карневал летен се подготвува
во недостиг на епохални прашања
под водата се одговорите
немирот се буди
зујат портите на свеста.

Предизвикот танцува над бездната
гласот на колосалните духови згаснува во вревата
тапанарите држат опоен ритам
насмевка ги обојува движењата меки
слободата што ја слават во ноќта
рацете се преплетуваат, нозете се лизгаат
карневалски пожар се жири низ душата
девојки, момчиња, деца и старци
паднати во транс што заборав носи
не знаејќи за недостигот на епохалните прашања
чии одговори зјапаат под водата
нараснува немирот
се нишат столбовите на свеста.

Зошто вознемиреност што го разјадува срцето?
Зошто снежна бура од претчувство што ја смрзнува крвта?
Зар само во мене немирот дивее
бидејќи претчувствувам невреме во далечината
што јури кон хоризонтот?
Зар само очите мои гледаат
отворени вилици во мирното море?
Зар само моите уши слушаат
татнеж на торнадото што ги брише градовите
што зад себе остава патека од пустош
на земјата и во човечката душа?

Зошто ме тресе треска од немир
баш вечерва додека пламтат факлите
и на небото треперливи ѕвезди се ројат
додека музиката и танцот повикуваат
заборавајќи дека умот се предава?
Не, не е тоа шепотот на мигот
туку пригушениот татнеж на епохата

Преѓев од босански на македонски јазик: Ана Витанова-Рингачева



Ибрахим ОСМАНБАШИЌ е роден во 1964 година во Јања, Босна и Херцеговина. Остварува повеќедецениски општествен ангажман организирајќи бројни културно-уметнички манифестации. Тој е идеен творец и еден од основачите на Здружението за култура „Нова свјетлост“, каде е негов претседател. Уредник е на над седумдесет книги и публикации, над 50 предговори, рецензии и книжевни осврти публикувани во БИХ и во странство. Тој е еден од втемелувачите на културната манифестација „Меѓународни книжевни средби“ која во континуитет се одржува од 2007 год. Негови дела се: „Живиот пламен на поезијата“ (поезија, 2017), „Чувар на тајни“ (прозно-поетско дело, 2015), „Идеја без постојано место за престој“ (проза и поезија, 2012), „Гравитација на поезијата“ (двојазична збирка поезија на босански и бугарски јазик, 2015) и други.

Добитник е на меѓународната награда „Книжевно перо“ за 2013 година од Хрватското книжевно друштво во Риека.

Јернеј КУСТЕРЛЕ

(Словенија)

*JIĂNZHĬ**

Априлско утро во предградието
на Пекинг. Планините припиено ја носат
измаглицата. Во сивилото на небото
што патува растат сенки, шумски печурки
со сладок мирис на тутун
и сандаловина. Големиот sид се
нурнува во гребени на карпести
скелети. На камењата се
залепени зрна ориз, на нив е
накалемен животот. Пукање на коските
во кревките рибници. Брегот
навлегува во езерото. Огорчени чекори
на воените чизми ја следат
тишината. Срамежливите птици сраснати
во времето се разлетуваат над кајчето. Рибите...

...спијат.

**jiănzhĭ: традиционална кинеска техника на сечење хартија*

Парчиња од секавањата

Мирисите на напуштањата
немаат вкус на цимет,
каранфилче и варено
вино. Нивните тонови висат
некаде помеѓу застоената
утринска непријатна миризба
и токму свареното кафе.
Затоа се лупиме; од себеси
ги влечеме тапетите, за да бидеме
нови. Го затвораме
патентот. Во себе ја
запечативме музиката и од
неа се истиснавме себеси. А
сивилото на погледот не
може да се избрише со друга
ткаенина исто како со топла кожа.

Црниот лебед

Меѓу жолтите водни лилии се
движат црни вратови. Елегантни
дами со црвени шапки
се лизгаат по езерото прилепени до своите
горди господа. Над
одразот од дрвјата стојам згрчен
на мостот. Од белите камења
гледам во реката како што би гледал
во себе. Ги изгубив шумите
и близината на кафеавите костенови
лисја на зелената мов.
Открив нова убавина што цути
во златните нијанси на свенувањето;
меѓу нив ги пронајдов црните лебеди.

Преѓев од словенечки на македонски јазик: Искра Пенева

Вонбјошт ВАНГ

(Фарски Остр̄ови)

сакам да напишам книга за сонцето
за денот што постојано
се ближи кон крајот
за деловите од денот
што нѐ формираат
што го обликуваат денот
што нѐ поврзуваат со сонцето
што нѐ чинат едно со земјата
и со сѐ што носи темнина во себе

сѐ се движи
зборовите се движат
значењата се движат
реченицитe повторно почнуваат да значат нешто
бранот се измива на брегот
оставајќи траги зад себе врз песокот
како нечитлив текст
пената може да се прочита
морската трева е разбирлива
почнува да добива смисла
како и талогот кафе на дното од шолјата утрово
трагите се обидуваа да кажат нешто
но сѐ беше придушено од песните на китовите
што одекнува во черепот
насукани во мозокот
разгорувајќи незаситени значења
а браздите во мозокот значат нешто
завиените патеки слични на кората на дрвјата исцртуваат значење

прозорецот е отворен
завесите треперат на ветрот
дури и уличните светилки се чини дека чекаат
беспомошно,
убаво
пукнатина во несвесното
скок удолу во археолошките слоеви
баба - толку вечно будна

медицинската сестра го затвора прозорецот
зошто да го исклучиш денот пред да заврши?

Марам АЛ-МАСРИ

(родена во Сирија, живее во Франција)

На училиштен ѕид...

На училиштен ѕид
зборот слобода со бела креда го запишале
малите детски рачиња.

На ѕидот на Историјата
нивните имиња со крв ги запиша
слободата.

Сте го виделе ли?...

Сте го виделе ли?

Како го носи своето бебе во рацете
како оди напред со величествен чекор
главата горе, грбот исправен...

Небаре бебето треба да биде среќно и гордо
што вака го носат татковите раце...
Камо да беше и
живо.

15 марш 2013: 5.000 бебиња убиени...

Не е утробата на неговата мајка
она од што ова новороденче излегува,
туку утробата на земјата.

Не е ова праисториска фигурина,
ова е бебе закопано
од бомба.

Немаше време
ни да го вкуси своето прво
млеко.

Прејев од англиски на македонски јазик: Јулијана Величковска

Наталија НЕДЕЛКОВА

(Буѓарија)

СТАПИЦА ЗА ПОЕТСКИ СОНИШТА

Марс влеѓува во 5-тата куќа»

Сè зграпчува
стапицата за соништа.
Понекогаш е поезија –
се буди
фатена во стих.

ИЗБОР

Помеѓу
патетиката на херојскиот еп
и Ода на радоста,
помеѓу толку
интерпункциски знаци,
сакам да бидам
Прашалник
од нацртот
на Господ.

3-ЛЕМА

Некои бегаат од себе.
Други се враќаат.
Трети – заробени целиот живот
на крстопат од нив измислен
чекаат знак од височините
за вистинската насока.

ТИШИНА

БезГласност
понекогаш
е право
на Глас.

PRIMAMATERIA

Глина
Грнчарско тркало
Оган
понекогаш се раѓаат амфори
повеќето се грнци
А се чини дека
сѐ е
Prima Materia.

СНЕЖНА ПЕСНА

Штом живееме во песји времиња,
морам ли волк да бидам?
Зборуваат, дека слободниот лет над пропаста
е посладок
и од најслатката коска.

Зборуваат, дека
крзното ќе ги скрие
ангелските крилја
до денот на најубавото
лебдење.

Штом живееме во ледени времиња,
морам ли снегулка да бидам?
Неповторлива
секунди
пред да се стопи
и да се претвори
во капка жива вода.

**Песните се од книгата на македонски јазик „Стаица за поетски соништа“ (2021 год.)*

Лејла КАЛАМУИЌ

(Босна и Херцеговина)

ВИКАЈТЕ МЕ ЕСТЕБАН

На Наида

ШТО МИ Е МЕНЕ МАШИНАТА ЗА ПИШУВАЊЕ?

Дождливо утро, никаде не ми се оди. Седам на троседот и ги прелистувам весниците. Кики се склопчила покрај моите нозе и преде. На 28-мата страница болдиран наслов:

СЕ ЗАТВОРА ПОСЛЕДНАТА ФАБРИКА ЗА МАШИНИ ЗА ПИШУВАЊЕ ВО СВЕТОТ

Вторник е, 26 април 2011. Читам натаму:

Ерата на машините за пишување, главниот дел од канцелариската опрема на 20 век, е пред скончување. Во Мумбај, во Индија, последната фабрика за нивно производство престана со својата работа.

Мајка ми била дактилографка. Во времето за кое велат дека веќе не чини. Во еден краток живот, кој траел 22 години. Умрела еден дамнешен петок, 20 август 1982. Јас сум имала две години.

Во мојот живот не постои сеќавање за мајка ми. Тоа е само приказна, онаа светата, за настанувањето, за интимниот прапочеток. Додека моите врсници ги заспиваа со сказни, јас слушав за неа. За нејзината смрт се зборуваше тивко. Џагор ќе настанеше само кога на ред ќе дојдеше некоја анегдота или некоја пакост од нејзиниот живот. Тогаш исчезнатото време ќе ги зажареше гласните жици. Се валкаше помеѓу јазикот и непцата, со воздухот се претвораше во зборови, па во реченици. Приказните ги следеа нејзините патешествија. Нема врска што понекогаш една приказна ќе ја побиеше другата, што се јавуваа противречности: во светото не се чепка, во него се верува.

Тоа било време на работни акции од кои се враќало со воспаление на бубрезите. Тоа бил свет во кој се одр-

жувале натпревари за дактилографи и се носеле награди за освоено второ место. Второ место затоа што некое девојче плачело оти мајка ми била побрза и подобра. Како утеха, жирито на уплаканото девојче му доделило пехар, а мама ја испратило дома со диплома за второ место. Освен дипломата, ја надживеаја еден баде-мантил, бурмата, партиската книшка и машината за пишување.

Во станот на баба и дедо машината за пишување беше реликвија. Спомен грижливо чуван во орманот во спалната. Само моите упорни молби успеваа да ја измамат на маса. Баба и дедо ќе седнеа крај мене и ќе ме пуштеа да чукам. Острите звуци се одбиваа од ѕидовите. Мастилото во белата хартија ги втиснуваше формите на буквите, најпрво случајно бирани. А потоа зборови, реченици... Сè до крајот на редот, кога цилиндричниот валјак со свртницата ќе го вратев на почеток. Час-два така ќе си потчукнував. Кога ќе ме заболеа прстињата, ќе ја спакувавме машината во пластичното куферче, во длабоката тишина на прерапата смрт.

Дали тогаш го засакав пишувањето? Не знам. Ама знам дека сакав да си пишувкам кратки згоди и незгоди од нејзиниот живот. Кога го скршила прозорецот во дневната и се правела дека нема ништо со тоа. Или уште подобро, кога го изела целиот свински бут, па на празната чинија во рацете на баба гледала со огромно чудење, упорно повторувајќи: „Каде исчезна?“

Не знам зошто ми пречеше таа вест од Индија. Не знам ни зошто се качив на скалата и од врвот на орманот го симнав правливото пластично куферче. Го немав чепнато не памтам од кога. Наскоро ќе бидат триесет години откако умре мама. Размислувам за тоа додека го вовлекувам празниот лист харија во машината за пишување:

Што ми е мене машината за пишување?

ЧЕКАЈЌИ ГИ ГУЛАБИТЕ

Тато ги сакаше гулабите. По смртта на мама, ние двајцата се вративме во семејната куќа на Вратник, каде што живеевме со баба и со дедо. И со гулабите. И со понекоја мачка што ноќе ќе се прикрадеше во авлијата, ќе се склопчеше и подмолно предеше под гулабарникот. На дедо баш и не му беше драг таквиот соживот: перје, зрнца, смрдеа насекаде... Ама требаше отпочеток да се изгради животот, да се склепа и да се скрпи како гулабарникот од стара жица и од штици.

Дедо со денови работеше во гаражата. Испотен, во тесна маица под која му ѕиркаше набрекнатиот стомак, часови минуваше пилејќи, шмирглајќи, ковајќи...

Гулабарникот го постави на врвот од ѕидот свртен кон градината. Имавме голема скала, ама мене качувањето ми беше забрането. „Ќе паднеш, ќе се утепаш!“, ќе одговореше баба на моите молби.

Затоа моите искачувања беа тајни авантури. Се прикрадував пазејќи

дрвените скалила да не зачкрипат под моите нозе. А мачките? Ќе се затрчаа и ќе скокнеа на ѕидот. Тивко крцкаа нивните канџи по испакнатините на фасадата. Пиштејќи се стрмоглавуваа. Само највештите успеваа да се изјазат ноќе. Понекој гулаб ќе настрадаше: утрината тато ќе ги најдеше крвави, со издрпани гуши. Смртта, тоа чудовиште, ја криеја од мене како змијата нозете. Ги погребуваа мртвите гулаби во градината и со лисје ја покриваа пресната земја.

Тато в зори ги храни гулабите со разни семки. Им сипува свежа вода, тие пијат, па со мокри клунови полетуваат меѓу облаците. Заминуваат сите во исто време: тие кон слободата, а тато во Поштата, на работа. Мене ме будат гласот на баба и мирисот на храна. Баба вечно на нозе, на старото радио се крчка музика. Баба запејува; така, вели, работи побрзо и подобро. Додека го меша ручекот на ринглата од шпоретот, го трие мијалникот или ја брише правта од наткасната, се редат песните – така баба вешто ги спојува животот на домаќинка и сништата на пејачка.

Појадувам во пижами. Очите ме болат од гурелките. На бакарниот послужавник носам две намачкани кришки во соба. Седнувам на креветот, нозете ги завлекувам под јорганот, го ставам послужавникот пред себе и одгризувам големи парчиња леб. Џвакам бавно, гледам низ прозорецот. Кога ќе завршам, се облекувам пред собното огледало. За рамката е закачена фотографија. На неа тато, во син работнички мантил, се смешка. Во рацете има жица и клешти. Тато воспоставува телефонски врски, поврзува гласови. Слично како што гулабите во лет преспојуваат светови. Чорапите ги облекувам во трк. Во градината ме чека масивната камена маса. Легнувам на неа, ги ширам своите крилја и со поглед ги барам гулабите. Високолетачите ги дупчат облаците, дунеците се вртат до бесвест. Часови минуваат. Очите ми се вткаени во небото. Во висините, каде што велат дека живеат оние што веќе ги нема.

Паниката настанува кога ќе го забележам соколот. Рипам на нозе, мавтам со рацете, свирам и викам, ама мојот глас не се слуша горе, во височините. Трчам по баба и дедо.

„Сокол ќе ги изеде гулабите!“, викам. Дедо поитува од гаражата, баба се спушта низ басамаците. Плескаат со рацете. Баба му вели „Пис!“ на соколот. Кога ќе се смири небесната потера, среќно за гулабите, дедо ги проколнува птиците, перјето, гомната од гулабите... Па, ја прашува баба колку е часот. Додека заминува назад во гаражата, таа му дофрла: „Сеа ќе дое, ќе виш“.

Дома влегувам кога сонцето ќе јурне на запад. Мирисот на храна испарува во воздухот. Радиото е изгасено. Ѕидниот часовник ѕвецка.

Сенките се провлекуваат низ прозорецот. Ја раскрилувам завесата и ѕиркам кон гулабарникот. Само Мики е тука. Тој е камењар. Одличен летач! Кога оди, малку се клати. Онака како тато што се ниша ноќе кога се враќа дома.

– Види колку е часот, а него го нема - почнува дедо.

– Сеа ќе дое.

– И пред три часа истото го рече.

– Може се задржал на работа.

– Во меана е тој, знам јас. Секоја ноќ исто.

И тишината има свој глас.

– Е, не ми влегува дома вечерва.

– Не будали се! - вели баба.

Сенките бабрат. Со нив како мачка се искрадувам оддома. Вратата од гулабарникот и понатаму е отворена. Чекор по чекор, се качувам на скалата. Едно скалило, второ, трето... Горе е тивко. И подобро се гледа. Стојам така и чекам гулабите да се вратат.

Превод од босански на македонски јазик: Ѓоко Здравески

Лана БАСТАШИЌ

(Србија)

ЛЕБ

Имаш четиринаесет години. Не ги сакаш овие панталони, но некој еднаш ти кажа дека ти стојат *тој* и тоа е доволно за да ги облечеш денеска, за да постои барем идеја во огледалото, ако не и цела личност. Кога беше мала, велеше *џанфалони* и сите ти се смееја, но тоа смеење беше нежно, затоа што во себе носеше сознание дека оваа грешка секако ќе престане кога ќе пораснеш. Сега имаш четиринаесет години и стоиш во *тој* панталони и гледаш во тромавото тело во огледалото. Огледалото е мало, неговите рабови ти ги пресекуваат нозете над колената и едното рамо. Во рамката е нагрдено тело, а во тоа тело си ти. Контрадикторноста на твојот одраз е поболна од претесните панталони. Ти тече топла, густа крв од премалото тело. Меѓу крупните нозе на смотано девојче носиш остра шума што сè уште никој не ја видел. Дури ни мама, дури ни лекарот. Те плаши твојата шума, затоа што си убедена дека другите девојчиња ја немаат. Тие сигурно се мазни таму долу, а со тебе мора нешто да не е во ред. Сите се повисоки од тебе и речиси сите имаат гради. Нивните прсти веќе не се прсти на девојчиња, ги држат пенкалата како да се цигари, се нишаат додека одат, знаат да си ги кубат веќите. Ти еднаш се обиде да ги средиш своите, но претера и тато се налути. Те праша дали сакаш да бидеш курва кога ќе пораснеш. Ти одмавна со главата. Гледаше во својата чинија, мама и брат ти молчеа, ресторанот беше полн со девојчиња со совршени веѓи. Тие нема да бидат курви, си помисли. Тие немаат шума долу и во себе, внатре. Тие се мазни. Но, веѓите растат и сега повторно се огромни во огледалото. Се обидуваш да ги измазниш со прстите и тогаш си ги гледаш ноктите, исечени сè до корените затоа што свириш гитара и не смееш да имаш нокти. Еднаш ги лакира и тато се налути. Ти рече дека тој има животно искуство и дека девојче коешто ги лакира своите нокти на четиринаесет години, ќе биде бремена на шеснаесет. Затоа твоите нокти се без боја и се исечени толку многу што постојано си свесна за нив. Таа болка е болка на границата, онаму каде што месото престанува, а почнува крвта. Ја носиш таа болка во своите прсти секогаш, што и да допреш. Си ги допре усните, груби се и се лупат. Мама ти даде балсам и ти рече да го носиш со себе сето време, затоа што изгризените усни не се убави. Тоа е затоа што ги гризеш и ги стискаш секогаш кога некој те гледа. А секогаш некој те гледа: наставниците, другарките, момчиња, постари

момчиња, сосетката, мама, тато. Секогаш можеш да сметаш на туѓите очи каде и да се наоѓаш, така што секогаш ќе си ги гризеш усните. Тоа е полесно од зборување. Домаќинке, помалку зборувај за да не ти загори ручекот!- еднаш ти рече баба додека заедно правевте колачиња. И баба има испукани усни, ни таа не зборува многу, но нејзините гради се огромни над цврстиот јазол на бледата престилка. Ти не би можела да ги носиш, сигурна си дека би ти го скршиле 'рбетот. Те плашат градите на баба и оние неколку црни влакна на нејзината мала, издадена брада. За разговор и нема баш време, ручекот треба да се приготви брзо, ти кажува весело додека го отвора шпоретот. Градите ѝ стигнуваат речиси до неговите вилици. Кога беше мала, мислеше дека шпоретот ќе ја проголта баба и нејзините големи гради. Мислиш на тоа и сега додека гледаш во својот тесен дукс со натпис што не го разбираш. Кул, ти рече најубавото девојче во одделението кога минатата недела дојде на училиште во тој дукс. Не, таа не е девојче, туку девојка. Таа е веќе девојка. Би сакала да имаш коса како нејзината: долга и права, без она досадно свиткано перче над челото. Кога бевте кај фотографот, мама ги излижа прстите и го повлече перчето толку силно што почна да те боли главата. Тоа беше за семејна фотографија, таа болка во твојот череп. Сега ја чувствуваш секојпат кога ќе ја видиш таа фотографија. Имаш чувство дека ја гледаш и плунката на мама во својата коса. Еднаш си ја изми косата со нешто што се нарекува *колор шампон*, а потоа го бараше сонцето на големиот одмор за да можат сите да ги видат црвените искри на твојата глава. Сакаше да им покажеш нешто свое што не е обично, здодевно. Но, тоа не траеше долго, затоа што се плашеше дека тато ќе забележи. Ја миеше косата со жешка вода секое утро за да ја уништиш црвената боја пред тој да ја види. Жештината ти го гризеше темето, а ти го трпеше тоа затоа што и најслабиот сончев зрак ќе беше доволен да уништи уште еден семеен ручек. Сега си тука, во огледалото, повторно обична, повторно кафеава како исушен костен, со преголеми веѓи и перче во косата и со испукани усни. Твоите *тој* панталони и твојот *кул* дукс се доволно незабележителни за да се извлечат од малата соба. Поминуваш покрај мама во кујната и тато на каучот и излегуваш надвор. Затоа што денеска е сабота и треба да купиш леб. Тоа е само неколку минути одење по вашата улица, но знаеш дека твојот град е кошница со очи и дека ќе си ги изедеш усните и јазикот и образите ако некој те погледне денеска и не ја види токму онаа од тебе која беше доволно добра во рамката на огледалото, доволно добра за тато да не ја застане пред да стигне до вратата, доволно добра за најубавата девојка во одделението да ѝ каже дека е *кул*. Не е важно што се работи само за одење по векна леб. Завршиш со купувањето и сега одиш гордо со топлата кеса во раката. Тротоарите се празни, сонцето е толку силно што си убедена дека ќе ги открие последните траги на црвениот колор шампон во твојата коса. Улицата е празна и чувствуваш дека можеш да бидеш што било. Се прашуваш дали така се чувствуваат вистинските жени, високите жени, жените со гради, кога одат да купат леб. И тогаш чувствуваш тешка рака на рамото и друга на лакотот. Не ги познаваш, сигурно се од соседството, смрдат на пот и на алкохол. Близината е како твојот исечен нокот, речиси боли, крвта е

веднаш тука, зад работ. Отпрвин не ти е јасно зошто стојат толку блиску до тебе, но потоа почнуваат да зборуваат, да ти дишат во ушите, и тогаш сфаќаш. Одите по твојата улица што одеднаш е уште попразна, иако до пред малку беше сама на неа, а сега сте тројца. Остри влакна ти го гребат образот. Ти велат дека имаш добар задник, оној истиот што го гледаше претходно во огледалото, во топ панфалони, не, во панталони, задник на четиринаесетгодишно девојче коешто ја крие својата шума. Но, сега би сакала да ги запалиш сите шуми во себе и да се свиткаш како кутија во една едноставна рамнина. Сакаш да се сведеш на две димензии само за да ги снема тие зборови во твоето уво и неговата брада до твојот образ и оние раце на твојот лакот и оној здив што ти ги гризе ноздрите. Твојата улица е уште попразна, куќите се како кутии, исто како и ти. Зад нивните прозорци веќе нема очи, мајките се во кујните, татковците гледаат вести. Ќе мораш да го направиш ова сама. Тој продолжува. Сега ти зборува што би ти правел, тој и неговиот другар би ти го правеле тоа, а ти не сакаш да плачеш затоа што тогаш повторно ќе бидеш девојче коешто не знае да каже *панталони* и тогаш сето ова што се случува ќе биде уште потешко. Мораш да издржиш, како онаа жешка вода што го уништува црвенилото во твојата коса, мораш да издржиш додека не стигнеш до портата што е речиси тука, сосема близу. Мораш да престанеш: во стапалата, во нозете, во стомакот, во лактите, во белите дробови, во косата; ти мора сосема да престанеш. И успеа, сега си само одраз што оди по улицата, она тело од огледалото, но без тебе во него. Тело што е видено, допрено, изговорено, опцуено, исмејувано, фатено. Тело што оди во тие панталони и тој дукс, тело што на своите рамена ја држи неговата тешка рака. Тоа тело се приближува до портата и ја отклучува додека оние двајца си продолжуваат по својот пат со неколку последни досетки: за устата на тоа тело и за грлото на тоа тело и што сè би пикнале во телото. Телото носи кеса со врел леб, телото боли затоа што денеска од него тече крв, телото се качува по скалите и почнува да се тресе во своите две димензии како стуткана банкнота на ветер. Телото влегува во татковата куќа и сега е веќе диво, крваво, испотено, во солзи, а таткото го прегрнува и го прашува што се случило. Телото не му кажува на таткото што точно се случило, затоа што се случиле само зборови што телото не сака да ги повтори, затоа што телото се срами од самото себе во тие зборови. Телото чувствува дека телото е виновно, излезе од рамката на огледалото на улицата за да купи леб во *тој* панталони. Требаше да остане внатре, без нозе и едно рамо. Но, таткото го држи телото, таткото го сака и го чува. Го чува од улицата, го чува од шумата. Таткото му ја мазни косата и тивко вели: Кое е моето девојче? Моето мало девојче. И телото се намалува сè додека не биде доволно мало за да го собере во татковите раце и татковото прашање. Шумите венеат во телото, крвта се враќа во разорените ткива, а ноктите повторно му се меки како на новороденче. Телото се гаси во татковата прегратка додека мајката го сече врелиот леб во кујната. Затоа што денеска е сабота и е време за ручек.

Превод од српски јазик - Снежана Вулгаракис
2021 Арс Ламина – публикации

Зорница Гаркова

(Буѓарија)

Алфари и нејзиниот

Пастрмката беше поставена точно во средината на големата бела чинија. Рибата беше голема и препречените перки од опашката штрчеа вон работ. Таа го постави меѓу нив тенкиот соларник од сино стакло и се засмеа гласно, а потоа погледна загрижено наоколу дали некоја ја гледа. Изведбата изгледаше како на Поаро со штотуку напрчени мустаци. Поаро со син нос. Трпезаријата беше речиси празна, а во сјајната површина на масите се огледуваа само белите тела на абажурите. Низ големиот прозорец кон запад се гледаше врвот на Сината џамија, која ѝ служеше како некаков часовник. Беше сама во собата, но се сомневаше дека, кога се вртеше по илијадити пат во креветот, или за време на нејзината попладневна дремка, послична на смрт во последните месеци, собите околу неа се исполнуваат со бесчујни молитви.

Рибата веќе се ладеше, кога се сети дека треба да ја изеде и со едно движење ѝ го отвори телото. Некој веќе беше ја извадил грбната коска и само малите, но најиритирачките коскички беа останати по страните на стомакот. Јадеше со гадење, бидејќи знаеше дека не се храни само себеси, и на секое голтање ги затвораше очите, обидувајќи се да го потисне поривот за повраќање. Јадеше сосила во послендите две години и никој не можеше да каже уште колку ќе продолжи тоа. И дали воопшто ќе продолжи? Ѝ стана студено во големата чиста просторија, со големи чисти прозорци, под кои паркот веќе жолтееше. Ги оттурна со виљушката белите бисери од очите на рибата, и така нејзината физиономија веќе немаше морничав изглед. Од друга страна – сега е уште поморничава – размислуваше тромо додека ги подбутнуваше парченцата месо. Си стави уште еден сок од лимон и се насмевна кисело. Уште на самиот почеток, кога го откри тоа кај себе, беше прочитала на некој интернет форум дека сокот од лимон може да биде од помош, да се откаже од тоа да се храни со себе. Да го избрка од нејзиното тело. Ништо од тоа, се разбира. Од ништо немаше помош.

Кучето ѝ умре во 2009 и откако го погребаа, сметаше дека веќе никогаш нема да чува животно. Не претпоставуваше колку точна, истовремено колку погрешна е таа идеја, ако ништо друго, затоа што веќе чување нешто во себе, можеби не животно во вистинска смисла на зборот. Тогаш таа немаше претстава дека би можела да носи во себе таков

необичен кучешки дар. И до ден-денес се случува во мигови на очај, да се лути на мртвото куче, а напати во моменти на чисто расудување, сфаќа дека поминала предолго време по кучешките паркови за да добие огромно количество плен и дека тој не бил нужно преносителот на инфекцијата...Згора на тоа, никој, ни гатачка, најмалку лекарите можат да кажат како точно се случило тоа. Каков бил механизмот на заразување, колку време и пат поминало нештото за да стигне до својот последен дом.

Echinococcosis звучи егзотично и чудовишно. Малата сенка на рентген снимката, тоа дамче, блиску по вид и текстура на заболено ткиво во црниот дроб, некако тешко се комбинира со името *Echinococcosis.*

Ова е *Echinococcosis Granulosus* – соопштува главниот лекар внимателно покажувајќи на тенкиот пластичен лист. На лекарскиот конзилиум сигурно присуствуваат студенти. Не може да не присуствуваат. Таа е во болничка соба во Воена болница, каде што се претвори во ѕвезда. Размерите на нештото, на паразитот се грандиозни.

Човекот е посреднички домаќин, зар не? – прашува еден од студентите.

Обично да – потврдува лекарот. – Но, во овој случај не зборуваме за посредничка станица. На црвот му се допаднала нашата пациентка, се развива добро, расте со брзо темпо, а медикаментите повеќе се немоќни да го избркаат.

Колку време чекала оваа жена? Кога дознала? – девојчето изгледа огорчено од очигледната неодговорност на жената кон сопственото тело.

Пациентката учи за присуство на паразит во телото при рутински преглед, како и во повеќето случаи на ехинококоза. И веднаш презема мерки на лечење. – Тонот е така точен и студен, убедена е во тоа.

Основниот проблем – продолжува лекарот – тешко решлив и со операција, е што паразитот се настанил на многу специфично, тешко достапно место, опасно по животот на пациентката – завладува значајна тишина, убедена е и во ова, додека лекарот ги гледа студентите, очекувајќи реакција од нив.

До порталната вена? – студентот се накашлува срамежливо и ја повторува својата претпоставка по вторпат, сега со појасен и убедлив глас – Паразитот е до порталната вена, зар не?

До порталната вена, точно така, колега!

Таа е речиси лекар, затоа што веќе знае, дека порталната вена е јазол или поточно стебло од крвни садови, чиишто гранки и делови минуваат низ целиот дигестивен тракт. Една од нејзините притоки и е *v. Prepylorica, којашто доаѓа од пилорусот и се спојува со главното стебло на порталната вена. И се чини невозможно да има во стомакот, во телото толку многу и толку компилицирани имиња. Потоа, речиси со детска насмевка се присетува на шеќата со која сите нејзини пријатели накратко ја нарекуваат Wendy, и постојано се потсетуваат меѓусебе: „Ајде, раскажи Wendy", а кога се расположени, тоа го раскажуваат давејќи се во смеа. „Welcome to Jamaica and have a nice day!", целото тоа нешто напишано на пенисот на еден од ликовите во шеќата.*

– До порталната вена, точно така, колега.

– Welcome to Istanbul and have a nice day. – Службеникот во одделението за багаж на аеродромот "Ататурк"и ѝ се насмевнува, предавајќи ѝ го багажот. Во него се наоѓа само најнеопходното – документи, облека, малку козметика, како и една импресивна „Анатомија на човекот", со најдеталните можни илустрации. Страницата за црниот дроб е излитена и извалкана со повраќаница. Други книги нема, но со себе има тестамент заверен на нотар. Не знае зошто го носи со себе, како што не знам зошто одби придружба. Впрочем, знае, но тоа знаење е хаотично и непромислено, како и сè друго во изминатата половина година.

Местото е особено и многу деликатно. – Бугарскиот лекар ја набљудува внимателно додека зборува. Неговиот тон сега е адекватниот тон на лекар, а уште повеќе нежен и смирувачки шепот на човек, кој не знае како да постапи. – Можеме да ве оперираме, се разбира, но ризикот е огромен. Паразитот буквално се има залепено за ѕидовите на порталната вена. Свесна сте и сама дека животот ви е во опасност што и да преземеме.

А ако не се оперирам? Што ќе се случи ако решам да не се оперирам? – гласот ѝ звучи пригушено во малата канцеларија на докторот пренатрупана со книги и растенија. Разговорот тече бавно, речиси во шепот, така што и двајцата се стаписуваат од сирената на тролејбусот од булеварот.

Паразитот гради таканаречени хидатидни цисти, генерално израстоци исполнети со течности, кои всушност се поврзани со развојот на ларви во вашето тело. Во вашиот случај, карактеристично е дека видот на паразитот е Granulosus, најмалиот од сите црви во оваа група, но неговата големина далеку го надминува максимумот што се спомнува во научните трудови. Не можеме да кажеме дали вашиот гостин - овде се обидува да се насмевне - изградил стерилна циста или не. Ова е многу важно, но сликата покажува единствен ентитет. Како и да е – враќајќи се на својот студен тон и безличен јазик - мислам дека не постои болница во Бугарија што ќе ви даде гаранции за вашиот живот за време на ваков вид операција. Овие формации - прибуричка по неговото биро да ја најде нејзината рендген снимка - овие дебели сенки на фотографијата - кашла - сугерираат присуство на таканаречена влакнеста мембрана што телото на домаќинот ја формира за да се заштити од паразитот. Ова е позитивно од една страна, бидејќи може да се каже дека паразитот изградил стерилна циста, но од друга страна, може да почне да се размножува во иднина, што укажува на можноста за распрснување на стотици, па дури и илјадници плускавци или сколекси, ќерки и внуци, само првото или и двете. Оваа иднина, овој конкретен момент ни е непознат и можеме само да набљудуваме како паразитот ги користи огромните можности на својот дом. Вие сте дом за него, извинете ако звучи претерано или сурово!

Разбирам! - рече кратко, но всушност не разбираше. Нејзиниот интерес за ваков феномен во минатото пред да се разболи беше спорадичен. Се сети, на пример, на обемна статија во популарно научно списание за еден вид црви што паразитираат кај луѓето како краен домаќин. Инфекцијата, се велеше во написот, доаѓа од загадени или небезбедни води, главно во Африка и таканаречениот Трет свет. Паразитот може

да порасне во огромни размери, ако се сеќаваше точно - метар или уште повеќе - може да влезе во крвотокот уште во фазата на ларви и да се развива и да расте таму додека еден од крвните садови не се затне и следсветно не испука.

Испука е глагол што можеме да го користиме кога зборуваме за балон, а во посебна употреба се користи кога станува збор за раѓање. Пука амнионската кеса, водата тече и се појавува животот, вреска, задишан, гледајќи во овој матен свет. Пукањето е глагол за живот, а не смрт.Се прибра дома пешачејќи од Воената болница и во текот на целиот пат лесно го притискаше отеченият црн дроб, како да се надеваше дека ќе почувствува движење, процес на размножување, нешто што ќе ја насочи, нешто вон необичната тежина што ја чувствуваше во тој дел од стомакот.

Потоа дојде потрагата по опции. Сокот од лимон почна да го иритира стомакот, а болниците до кои таа испрати барање за преглед и решение, враќаа негативни одговори. Оние негативни одговори кои звучат разумно, далекувидно и оддалечено, но всушност велат сосема јасно: „Ти си веќе мртва!“

Единствено од Истанбул одговорија позитивно. Релативно позитивно, се разбира. „Можеме, мораме, но ризикот е огромен. Ако пукне порталната вена, што е 90% можност, не можеме да бидеме одговорни “.

Не е исправно некој да одговара за каприците на природата. Таа не го нарекува тоа судбина. Само повремено, откако сонуваше за големи сплескани и пулсирачки црви, таа стои покрај прозорецот наутро со шолја кафе во раката и размислува за судбината скриена во нејзината абдоминална празнина.

Октомври во Истанбул е убав и топол. Вчера таа се прошета низ пазарот и тоа искуство накратко ги потисна причините поради кои беше во овој град. Ја погодија смарагдно зелените обетки и тажните очи на жените, потсетувајќи на пустинските дини во нивната боја на тутун. За првпат, бучавата, бојата и аромата на зачините и храната не ѝ предизвикаа повраќање. Одеше бавно и веројатно на сите околу им изгледаше расеано. И самата себеси си изгледаше расеано, но тоа беше лажно чувство - внимателно и во мали порции ги вдишуваше мирисите на овој град. По некое време, долго време се концентрираше на две момчиња коишто се расправаа за мал ,рѓосан точак со помошни тркала. Нејзиниот навидум апатичен поглед се движеше како камера низ потоците од туристи, од северните албиноси до сеприсутните Јапонци. Си купи влечки од тезга од крајот на пазарот, откако доби пакет со најсветлата жолта куркума што ја најде низ тезгите. Долго време мирисаше на редови и редови од различни зачини, додека не ѝ отрпна носот. Сивите куполи на “Аја Софија”(Aya Sofya) се појавија навреме помеѓу ниските згради наоколу и чудно ја надополнија разновидноста на пазарот.

Болницата е пак апсолутен контрапункт. Голема, модерна и елегантна, со безлично љубезен персонал што игра улога на загриженост. Вечерата е лесна - ориз со задушен зеленчук. Нема да има појадок, ниту ручек, а тоа ја тера да јаде со нешто најдобар апетит со месеци наназад. Наредете ги парчињата светло портокалови моркови и турнете го купот ориз до едниот крај на чинијата! Надвор се стемнува, болничкиот стол е полупразен, а таа седи со исправен грб, гледа

како сосот од зеленчук се стврднува во чинијата. Убавите капки маснотија се сушат како портокалови бисери на сјајната површина од белата чинија. Една од нив турка со врвот на виљушката и тркалезното мрсно зрнце го претвора во неуредна портокалова дамка.

Ноќта е жешка за овој период од годината. Пред спиење, таа се капе темелно и го испитува своето тело долго време во замаглено огледало од внатрешната страна на вратата. Ќе умрам во хотел што личи на болница, или во болница што личи на хотел, помисли додека ги вртеше сјајните хромирани рачки на мијалникот, заматени и неочекувано студени. Вчудено ги разгледува збрчканите јаготки на прстите. Се чини дека кремот за лице изгледа премногу мрсно за овие горештини, но таа внимателно го нанесува. Широко го отвора прозорецот од болничката соба и го остава тестаментот на видно место на масичката. Ги фрла дневните алиштата. Нема да ѝ требаат повторно, дури и ако биде жива утревечер.

Одеднаш помисли дека во вакви мигови е добро да се има Библија, но само миг подоцна сфати колку би било тоа претенциозно. Со години влегува во цркви како во артефакти. Еве ја Библијата, си вели во себе додека ги листа сјајните страници на огромната Човечка анатомија. Ова треба да биде нејзиното тело - топло и меко, загреано со топла вода, смирено барем за некое време. Се покри со лесно памучно ќебе. Ѝ се допадна допирот на свилената ноќница што ја носеше во моментот. Ја потсетуваше на допир на машки раце што ја посакуваат. Пред да го исклучи ноќното светло, зјапаше долго во илустрацијата на човечки црн дроб. Онаму каде што порталната вена речиси се испреплетува со хепаталната артерија и жолчниот канал има темнозелена дамка, за разлика од општата нане-обоена позадина на страницата. На самиот почеток на ова лудило, врз книгата поврати зелена салата.

Во осум треба да се разбуди за сите тестови што следат, а во четири ќе биде веќе дрогирана. Потпиша претходна согласност за операцијата и веќе е детално известена за интервенциите што ќе ги преземат лекарите за да стигнат до цистата без да ја убијат неа самата.

Ноќта изгледаше потопла со секој изминат час. Низ лицето преку кремот ѝ истекуваат ситни капки пот, а телото ѝ бара ладни места меѓу чаршафите. Не се сеќава кога заспала, но ја будат рано плачливите викања на муезините. Повикот за молитва звучи тажно како погребна песна.

Некое време по молитвата, медицинската сестра доаѓа да земе крв и урина. Нозете одбиваат да ја држат додека ја полни стерилната чаша. Чека бескрајно долго пред канцелариите и салите за манипулации. Конечна МНР за повторно да се види точната позиција на паразитот, последни појаснувања направени на англиски јазик со силен акцент. Ѝ нудат молитва во мала капела до болницата, но таа категорично одбива, речиси огорчена од допуштањето на религиозност во ваква ситуација. Заспива во сон без соништа, во кој матно го чувствува присуството на другите како нешто пријатно.

Научните написи по прашање на кучешка тенија велат дека горниот, заштитен слој на капсулата на паразитот е млечно или жолтеникаво-бела боја, и густ - помеѓу 2 и 5 микрони. Влакнеста-

та мембрана што организмот домаќин ја формира за да се заштити од паразитот е дебела околу 5 милиметри. Ова го претвора отворањето на телото за операција во авантура за лов на богатство. Бисерот е силен и густ, а за лекарите коишто ја вршат операцијата, изгледа пулсирачки, можеби поради неговата тесна коегзистенција со крвните садови што функционираат добро и се здрави додека скалпелот не се обиде да го отстрани паразитот. Хирургот што го држи инструментот се сеќава на случајно прочитаната фантастична приказна што гласи:*"..алфите изгледаат како луѓе додека не ги исечете и погледнете што има внатре, а нејзините се како луѓе дури и во пресек - додека не ги погледнете во очи."**

Превод од бугарски на македонски јазик: Далибор Плечиќ

**Цитатот е од расказот „Подарокот на Кирин", Лиоко Лестикона*

ЛАЛКА БЕНЃУЗОВА

(Буѓарија)

*СЕМЕЈСТВОТО НА ФОЛКЛОРИСТОТ**

Иван беше селско дете, четврто по ред од вкупно десетте деца. Особено влијание врз него покажа мајка му со својата дарба за пеење. Својот тежок работен век таа го разведруваше со пеење. Неписмената жена знаеше над шестотини народни песни со најразлични содржини и напеви – весели и тажни, обредни, јуначки и љубовни. Доеше и пееше, месеше леб и пееше, жнееше и пееше, копаше и пееше... Нејзиниот растеретен мозок со леснотија паметеше многу стихови што ги имаше чуено и со радост ги рецитираше. Нејзината улога во сложното семејство беше важна, но не беше водечка. Таа улога ја имаше главата на семејството.

Ситен и слаб по надворешен изглед, тој беше многу силен и жилав. Зад неговата строгост се криеше доминантен карактер. И навистина никој во нивниот дом не се осмелуваше да му противречи на неговиот збор. Ја почитуваше жена си и си ги сакаше децата, но не дозволуваше да се руши редот кој тој го создал. Најпосле тој имаше свое семејство, онакво за какво копнеел како дете. А колку само страдал од недостатокот на мајчиното милување...

Немаше како да ја памети мајка си. Роден бил кон крајот на деветнаесттиот век, кога неговото село било дел од Отоманската Империја. Ја имал таа среќа или несреќа да го роди исклучително убава жена. При една обиколка на земјиштето околу селото, Турчинот чифликчија ја здогледал младата невеста на нивата. И веднаш ја посакал. Нејзиното првородено дете спиело понастрана во лулката под дрвото. Но, тоа ни најмалку не го попречило, тој ја грабнал убавицата и ја однел во својот харем во градот.

А момченцето останало во лулката. Минувачите го слушнале бебешкиот плач и го однеле кај таткото. Тој не можел да го понесе понижувањето, го напуштил домот и си заминал по светот. Туѓи луѓе го одгледале детето. Од најрана возраст со работа си го заслужувал лебот и засолништето. Не можел да ги узнае радостите на детските игри, некој да го помилува, некој да му каже нежен збор. Растел и мечтаел еден ден да создаде свое семејство и да пронајде верна и добра мајка за своите деца. Кога наполнил шеснаесет години се случило нешто неверојатно. Добил абер од родената мајка, која веќе живеела во Цариград со својот бег. Му испратила ќесе со

златници. Не го заборавила своето чедо и се обидувала да му помогне. Но, момчето не се двоумело да ги врати парите. Неговата ранета душа не можела да го прости мајчиното предавство.

Сирачето, при живи родители, израснало во прекрасен младич. Го засакала девојка од имотно семејство. Нејзините родители не се противеле оти знаеле колку е вреден нејзиниот сакан. Ги оженило. Тие си направиле мала куќичка и семејството почнало да им расте. Десет деца родила жена му и сите преживеале, пораснале и си нашле свои патишта во животот. Но, дотогаш животот во куќата се потчинувал на неговите строги закони. Родителите и секое дете имале свое место на трпезата. Зготвената кокошка се разделувала секогаш на еден ист начин според возраста – така едно дете секогаш јадело крилце, друго шија, трето тртка и така натаму. Им се допаѓало тоа или не, никој и не помислувал да се бунтува против тој ред.

Имале доволно плодна земја и нивниот труд не бил залуден. Не биле богати, но и не гладувале. Разликата во карактерите на децата се покажала подоцна, кога тие одлетале од семејното гнездо. Научени на работа, тие не се плашеле и секој од нив успеал да си изгради дом и да осигури егзистенција за семејството. Им помогна и печалбарството. Само најмалиот син останал да живее на село со родителите. Другите се распрснаа по светот.

Прв животот го напушти татко им. Но, си замина задоволен – му се беше исполнила желбата да има семејство, неговите деца се справуваа со тешкотиите. Жена му поживеа подолго, но доживеа несреќа. Ја беше удрил автомобил и таа од уплав онеме. Ја водеа по лекари, пробуваа со билки и баење, но ништо не помогна. Цели дванаесет години таа не пушти глас, не проговори, не запеа песна... А колку само многу ѝ тежеше што не може да пее! Но, како мала утеха четвртиот ѝ син Иван, кој беше школуван, се заинтересира за собирање фолклорни материјали и запиша на магнетофон околу двесте нејзини песни. Ги предаде во Институтот по фолклор, а публикуваше и мала збирка со нотирани песни. Така, синот им го продолжи животот на мајчините песни.

И не само тоа. Собирањето на богатото народно творештво од неговиот роден крај му стана страсно хоби. Песни, прикаски, загатки, обичаи, верувања... Запишуваше сè што се предавало низ вековите како усна традиција. Издаде многу книги, напиша многу статии. На тој начин Иван им се заблагодари на своите родители и го пронајде својот пат во науката.

Превод од буѓарски на македонски јазик: Наташа Василевска-Трајчевска

** Расказот е посветен на фолклористот Иван Котев*

ГУНА

ГУНА

Сонцето најмногу фали кога го нема!

Ѓорѓи П. Панов

Љулзим ХАЗИРИ

СИ ЈА БУДАМ ЉУБОВТА ВО СЕБЕ КОГА И ДА САКАМ

Си седам овде сам
И љубовта ја будам во себе кога и да сакам!
Било да си внатре или си киднала некаде
Било да ми го милуваш тилот
или ме допираш во туѓо тело
Љубовта за тебе ја будам во мене кога и да сакам!

Седам со друга
И љубовта ја будам во себе кога и да сакам
Ја чувствувам крвта твоја во жилите или меката кожа
Ме забораваш како малата сипаница или ме чувствуваш
како месо под нокти
Љубовта за тебе ја будам во себе кога и да сакам!

Седам со луѓе
И љубовта ја будам во мене кога и да сакам
Зборуваат за тебе не сакајќи или ги прашувам постојано
Ме посакуваш или ме туткаш под перница со згасната возбуда
Љубовта за тебе ја будам во себе кога и да сакам!

Таа е светлина во мене
И ја будам кога и да сакам
Сакала ти или ѕвездите не сакале...

ЛИСТ ОД ЧАЈ ДРЖАМ В УСТА

доаѓаш од далечни егзотични краишта
црн во дрвени сандачиња
made in Третиот свет
како окован роб кој го чека купувачот
во новите колонии одамна откриени

те купуваме во лимена кутија
и не му ја мислиме како те береле
дали растеш на дрво како јаболко
или од земја никнуваш како билка
не се грижиме како чекорат берачите
кога смртта ги следи како агент
за нас едноставно ти растеш во кутија

те разменуваме за два метра синтетика
за еден сандак куршуми и две пушки
за чуварот на плантажата
да ги варди берачите однатре жицата
и сонот на газдата под палмата
доаѓаш да нѐ обединиш во пет часот
(или седумнаесет како што велат на ТВ)
се собираме околу чајникот
кој подобро од штурецот песна си пее
се шеташ низ нашите пломбирани заби
заедно со зборовите што црв ги изеде
Јазикот ни го дебелееш за два прста
што не можеме ниту да ја свирнеме
мелодијата на победничката песна
„Лист од чај држам в уста“
која е хит на радио

од убавите кутии од чајот
правиме колекција
дури и ги креваме во поп-арт
таму далеку на децата на берачите
ако им паднат в раце
ги чуваат како музички кутии

Прѐев: Линдѝта Ахмѐти

Немилосрдниот студ на пишувањето

Студот со истенчен вкус
Како верена девојка
Лисјата на песните ми ги плети со чипка!

Скината му е вреќата на небото
И врне памбукот собран по полињата на студот
Над разголените висорамнини на читањето!

Ноќта на инспирација ги брои кучешките лаежи
Што не најдоа генздо од слама или великодушност
И непрестано ја гонат
Месечината во мојата соба!

Немилосрден е ветерот на писмото,
Од жица му ги краде белите чаршафи на небото
И го замрзнува секој топол дух на одобрување
Го уништува секој сон на разиграна мачка
Која не спие на топла похотлива перница!

Студот евоцира и уништува недоживеани стихови
Лавините го тресат поттикот за топли строфи на одобрување
За незгазени метафорни патишта!

Пареата од чајникот ја покрива надежта на делиримуот
И повеќе не капе кровот над патеката на пепелта
...на егзебицонизмот!

Останува само желбата
Песната да наликува на бели и студени ѕвезди
Во малото стакло на досада
Што утрата на сомневање со хукање ги топи!

Поетски Арбаин*
Седнат вкрстенозе
Ја дува над облаци кобната објава:
“Ќе дојдам повторно...
Леден...
Како инспирација ...
Чекај ме, чекај ме ти! “

*Арбаин - Според стариот албански календар, Арбаин е дел од зимата од 22 декември до 4 февруари. Најопасниот дел од зимата се оние три дена кои Арбаинот му ги позајмил на *Хамсин (месец после Арбаин)*, кога ја замрзнал старицата “со сé што имала”. Тој го замолил: “Арбаин, брате, позајми ми три дена, да ја замрзнам старицата со сé што има”.

Преведе: Аѓим Мустафаи

Катерина ПАНОВ-КОЖАРОВ

Етида на самоста

Понекогаш мислам дека ми е со декрет пропишана
Та толку послушно си ја носам;
Фазите напамет ѝ ги научив
(одлична ученичка сум)
И затоа чекорот така синхронизирано ѝ го следам
Дотаму што, однапред знам кога има намера стоичноста да си ја предаде;
Па си земам за право кога заслужува и да ја потсетам
оти не ја примив како потомок на Јуда.
Сами доаѓаме на овој свет
Сами и си одиме!
Сѐ друго е само
привремена катаракта
Колку да биде поднослив патот на болката
до Голгота...

Расѝната вистина

Ќе дојде ден
кога пак ќе ја распнеме вистината
Ќе ја заковаме на четири страни
и ќе се обидеме отпадот свој да го скриеме давејќи го
И така ќе си глаголиме за
нашите подвизи и врвови,
Ќе ги употребуваме наместо лепези
нашите пишани и непишани дипломи,
Ќе бидеме актери и публика
на нашите сопствени драми
Заборавајќи...
Заборавајќи
оти не можеме да избегаме од себе си
За да само некоја секунда пред животниот ни FIN
сфатиме оти
таму горе на крстот
сме се распнале самите себе си!

Митко ГОГОВ

.топилница на болката

позади планината секое заоѓање на сонцето
со себе ги носи атомите на будноста.
космички вибрации и малку свежо ежење
на мислите. се препотува мозокот од процесирање
на пропуштени спомени. резовите страдање
ги интензивираат бледите сеќавања на медарките.
транспортирање на слајдовите пропуштен живот.
со заборавена солза под очните капаци
и рацете блиску до срцето го чуваме
животот под дланките. внегздена е таму
целата топлина на сонот. долга е
линијата што ја испишува маката,
тежок е врзопот од пропаднати надежи
што човек го носи обесен на вратот.
п.с. сè уште немам видено дервиш
да се врти на улица за пари..

.напластени тежини. актуелни времиња

(единствено што разбираме се нашите недоразбирања)

си ги откорнуваме чувствата,
си ги закопуваме радостите,
говориме за разочарувањата
како за најголеми достигнувања во светот.
безгрижноста е луксуз. своевидна лудост.
вградена е како гаџет само кај оние кои имаат
да си ја платат својата бесчувствителност.
по целосно исцрпување на разумот,
со ладни погледи заминуваме,
се грчевито „сè најдобро“ се поздравуваме
и сè додека не ни е потребен ѕидот на плачот
сме заборавиле на подземните води во нас.
тежината на болката се поместува,
змијата си ја јаде сопствената опашка.
кругот е затворен.

.ортомато владеење и потскок

се следиме низ воздухот,
колку сме внатре се пребројуваме,
срцето ни потскокнува од болка
кога нѐ напушта некој.
страдаме паднати на колеици затоа што
животот е краток, а не постигнавме
водоскок и мир во душата.
ги следиме сопствените патеки изгубени
во шумата. нема патокази, ниту траги од мртви борци.
ангелски глас одѕвонува за да ги разбие бурите
што лудеат во нас. камења сме што се кршат
лесно, додека некој ја планира својата нова фасада.
нема тишина посилна од смртта на цвет
згазнат од невниманието на нашиот од
или живот поважен од оној на инсект
стапнат од нас во брзање да застанеме
на бесилката
нацртана во тетратката на некое дете
оти најчесто стануваме непознат збор
оставен своеволно да се обеси.

Тихомир ЈАНЧОВСКИ

Во љубов со зборовиште

Станувам рано
И дури нема никој, пишувам
Со утрото се сакаме

Се будам и запишувам
Некогаш и плачам,
И ми капат солзи
Од длабока радост
Умилие

Еволуција

Откако станав човек се дружам само со луѓе
Другите ненадејно ги нема повеќе, исчезнаа
Ако го видите Дарвин поздравете го
Таму каде што е свој оти овде го нема

И кажете му дека имал право
А со кого е и од кого постанал
Тој си знае

Далибор ПЛЕЧИЌ

Будење

Станувајќи од кревет брзо
На тегобноста од стомакот да ѝ вјаса како вода од рамна површина
Со молскавичен поглед се втурна во часовникот кој
Својата кавга со времето ја препушти на веќе зарѓаната батерија.
Студениот под не умее да смисли вистински рими како својата наклоност кон
Нејзините стапала да ја соопшти, додека левото колено
Од балконот на нејзината мазна нога се смешка на таа несмасна љубов
Меѓу студениот патос со зовриено срце
И топлото млитаво безволно стапало.
Додека со нозете скока како маче на мокар картон
Нејзините слабини се радуваат на разиграните гради
Бутовите ѝ му намигнуваат на долниот дел на прозорецот
Низ кој се вее самотија како парче од искинато едро на брод
Препуштен на намуртено незаинтересираната морска шир.
Нејзиниот напразно напуштен сон, нејзините сонливи очи, нејзината развеана коса,
Нејзините вкочанети екстремитети, нејзините лепливи трепки,
нејзиниот чуден вкус во устата, нејзините кревки глуждови уморни од скокање,
Нејзинито мрзеливо проседање...
Сето се собра, се стутка во овој чуден плач овој ден да не се расплета,
Вчерашното утро на ова утро да слета.
Прегазениот бакнеж остана на зеленото јаболко
Насмевката одлута во одразите од излозите
Глувиот воздух го згушна гласот на смеата
Солзите ги следат своите капки зад планините и хоризонтот
Пресушените мисли го гонат минатото за да го стигнат
Вртоглавиот, жестокиот и живиот...со иднина полн
Авион.

Прегратка

Ни се потсмева минатото
со пипките на идните заблуди
хартиените мисли во еден слој ни ги сложува.
Се прашува белутракот во мојата рака
како со овие наши кревки когнитивни екстремитети
со разбиените спознанија, со конкавните восприемања
сме сега опстанале во вселенската темнина.
А ете јас,
се смеам на идните насмевки
се радувам на идните радости
прозорците
на лошиот здив на дамнината моите трепки
со секое свое затворање
брзо му го затовораат.
И уште
го држам белутракот в рака
го држам како магична топка
со вреСкот и лелек и раскажувам на
големите небески тела
на сите метеори, астероиди, планети, ѕвезди,
галаксии, црни дупки, квазари
колку е убава прегратката на морето на така мазната површина.

Даниела АНДОНОВСКА-ТРАЈКОВСКА

ДЕГЕНЕРИРАН ТРИАГОЛНИК

порано трите точки
на железна конструкција беа
и секогаш кога некоја од нив
ќе ми затребаше во зол час
ја земав и пак назад ја враќав
за да биде цела
оддалеку се гледаа под око
и секоја за секоја знаеше сè
а сепак не знаеше ништо

сега лежат во единечна кружница
колинеарни
на една права
дегенериран триаголник
потпираат тие со агли од нула степени
секоја за скршените колена
на другите знае но молкот запечатен
главите им ги гушка

дегенериран триаголник
на точките свои заборава
тежиштето свое го бара
во просторот беспомошно душка

БЕЗИМЕНА КАТЕТА

цел живот се плашам од таа страна спроти мене
што се заканува да ме подигне на квадрат
и не ми дава да гледам надвор од куќата
со аглесто тело

во неа мислите ми живеат во посебни соби
и внимаваат да не се сретнат во ходниците
кога навечер стануваат за да проверат
дали е заклучена вратата
или за да видат дали се замаглени прозорците
во другите соби

цел живот се плашам од рамнината
која во две димензии ме гледа
со очите на туѓите животи
од ѕидовите на душата се плашам
од линијата на множеството
во кое зборот станува само еден обичен
елемент
меѓу многу други

цел живот се плашам од триаголникот
во кој сите мои агли коваат заговор против мене

СИНУС

Зборот што ми го кажа вчера
стои над дробната црта,
а лутината на хипотенузата
ја потпира тежината на мојата тишина

Дејан КРСТЕСКИ

ОТКАЖАНА ПРЕТСТАВА (ВЕРЗИЈА НА СЕБЕСИ)

Од зрно песок до зрно мисла,
од здрав разум до разголен универзум,
толку малку за скромен живот,
а премногу за одржување на претставата.
Птици летаат околу главата на човекот,
од нив ликот не му се гледа – заматен е,
ослободен од Бога и од сите правила
од своите изумрени клетки споменик си подига.
Сè е историја несреќен човеку,
искрените со себеси се секогаш посреќни,
карма постои за оние кои веруваат во неа,
револуција од уморни денови не се раѓа.
Генерална проба, на сцената човек во мрак,
самиот на себеси Каин,
па ова можеби и немаше ти да бидеш,
ако некој друг ти посочеше како се живее.
Попусто се обидуваш да го разбереш животот,
во него сè е возможно и сè е невозможно,
кога се раѓаме – себеси се клонираме,
па вистинскиот човек останува зад завеса.
Или целата претстава се откажува,
во театарот никогаш светла не се палат,
твојата животна улога во твојот гроб те носи
ако животот се сведе на лов на успех и земска среќа.
Претставата е откажана – гледачите разочарани,
ти си само верзија од оние кои можеше да бидеш,
трпение - еден ден се ќе заврши и замре,
оваа верзија... самиот си ја одбра, без борба.

ПОТПИС

Додека си го откопувам својот лик
од твојот поглед заматен,
создаваме неповторлива сцена,
како фрагмент од слика на Ботичели.
Живи, со крв исполнети вени,
дожд кој за нас се лепи како смола,
безгрешен израз и сомнителна тишина,
нежен отисок на ветрот по голата кожа.
Дрвја кои се извишиле до небото,
нема сенки – сè е толку нестварно,
од чувства изграден скромен декор,
тишина – па шепот со ехо.
Кој е авторот на сликата без потпис?
На небото само една молња,
тоа е вертикален потпис од Бога.

Павлина АТАНАСОВА

ДУШИТЕ НА ДРВЈАТА

сūоред фон Трир

Сега е зима, татко,
и душите на дрвјата стрчат во голата шума.

Дури и кога паѓа снег
контурите на гранките ги восприемаме веднаш,
како црти на саканата личност.

Јас никогаш не засадив дрво, татко,
но оние што никнале сами,
ги полевав и се грижев за нив.

Во студените утра, нивните гранки
го врамуваат сводот
како храм.

Бог го подава прстот.

ЌЕРКИТЕ НА ЛОТ

Нашите синови нема да бидат безимени.
Татко, не свртувај се назад.

Вино, вино, вино. Усни.
Вина, вина, вина. Успиј.

Татко, не свртувај се назад.

Спиј, малечко, спиј. Твојот плач
на пештерава е лач.

Татко, не свртувај се назад.

Спиј, татко, спиј. Спиј, сине, спиј.
Бог прати сон
врз мажот и ја создаде жената.

Што сонуваа тогаш машките очи?

ПЕСНАТА НА МОРЕТО

на Глен Гулд

За да ја чуеш
песната на морето

најди го звукот
на реките понорници.

Мартина ДАНИЛОВСКА

ЗАБРАНЕТА ПРЕГРАТКА

Чиниш за дланките надеж си сошил,
па штом ме допре заживувам,
ко свенат цвет кој повторно израснал
ко сите прекори в глава да ми ги стишал, да ги изгаснал.
Со нераскинлив јазол,
телото за своето ми го врзува
и од два нереда
нов универзум ми создава.
Возвишен и необичен.
Дури сите влакненца на телото ми се наежуваат
и по ритамот на неговото тело срцето ми танцува,
тие две дланки ме оживуваат.
Но, наеднаш чувството далечно остана
и само копнежот ми шептеше
за неговите дланки,
за нашиот јазол
и нашиот таен свет.
Прегратката забранета стана!

ПОВИК

Во длабочината
на сетилата
ми одекнува повик,
на шепот налик.
Во неговата срж
стои незадрж,
и со преќи prosирни
чиниш бисерни,
ми ги плете нишките на поривот
и го ништи заборавот.
Нежно ме целива,
бегам срамежлива,
а ме тера да се заљубам
и во целивот да се загубам.
Но срцето го изврзав
та да не го искршам,
со него војував
и за телото го заковав.
Катаден ми шепти
за љубов и свет без правила
за свет без сенки и патила.

Александра САРКОСКА

Залезот на сонцето

Сонцето тоне зад планините
заспива во сопствена тишина
се повлекувам кон маргините
на магичната глетка со милина.

Привлечена од хармонијата
на златникот сред темна коприна
растворен поглед во синхронијата
носи ем копнеж ем убавина.

Воздивнувам сред зајдисонце,
ми го краде летот на срцето,
воздишки се излеваат покроце
и бараат утеха во винцето.

Лице в лице со сончевата аура
намигнувам со око на сонувачот,
небото пресни спомени ми истура,
ги голта тишина на раскажувачот.

Месечината е сведок

Кога мракот ѕвезден сјај впива,
душава зброви на хартија точи,
слушам немирен ѕвон сонлива,
а срцево во тишина ми молчи.

Во сонот ме посетува постојано.
и експлицитни траги остава
страст тече низ удари од пијано,
во надеж се топи млада става

Кога и ѕвездите сон сонат
предвечерен молк сила ми мери
мигови ко прашинки се ронат,
штом сенката негова затрепери.

Ноќта зад завеси ко самец
соговорник во мракот бара
месечина ѕирка низ прозорец
наслушнува приказна стара.

За многу ноќи непреспани
за тажни очи и насмев редок
уморни усни и длабоки рани
месечината е таинствен сведок.

Верица АРАПОВА

1

Не можам да Ви дадам ништо што не е мое,
за да го најдам Моето,
јас морам да го Барам,
сокриено е некаде во мене,
Од мене,
или јас не можам да го видам јасно.
Секаде пребарувам,
си буричкам во свеста и несвеста.

Можеби премногу сум груба и го плашам,
го силам и го терам да се покаже,
а тоа е
премногу нежно,
на момент невидливо,
како превез свила преку очите
треба да замижиш за да го видиш.

Не знам дали сите на ист начин го бараат,
дали сите го имаат и треба да го најдат.
Ги прашувам дали го бараат,
и пак не ме разбираат.

Мојот пат не е тежок,
повеќе личи на магија,
кога не си сигурен дали постоиш стварно или не,
тоа ме прави човек со повеќе лица.

Мечтата брзо исчезнува,
ме посетува како молскавица за миг.
Премногу долго сакам да уживам во неа,
а таа е бескомпромисна,
одма заминува,
дур додека да тргнам да ја допрам во рацете и да стане Стварност.

2

Мојата Венера е таква родена
во време ретроградно,
кога се преплетуваат тајните од сите претходни постоења.
Зашто влече долг од минатото,
и секогаш е врзана да гледа наназад,
проклетство или дарба е,
од мене зависи Ми вели.
Кога се обидувам да и преговорам,
многу малку зборува со мене,
и строга е,
и отсечна е,
надмена понекогаш
и тешко достапна,
како некоја тешка карпа со остри шпици боцка,
ти се чини пуста,
и кога мислам тешко е да се сака таква,
ми дозволува да го најдам нејзиниот скриен цвет.
И кога сакам да го уживам,
целосно да му се насладувам препуштена во мигот,
Зашто сум слободна и овој живот е неврзан со сите други,
таа пак мора да ја изврши својата должност,
и да го принесе ехото од далечното минато,
да донесе малку горчина,
макар една капка,
за да ја зачини со немир пак душата која и слугува.

Тони ЏОРЛЕВ

ЗАРЕМ ЉУБОВТА

Зарем парите и лагата
Го вртат светот,
Зарем мракот – Сонцето
Ќе го замени,
Зарем слабите со терор
Ќе ги поробат посилните,
Зарем небесното синило
Магли ќе го заменат,
Зарем понизноста – гордоста
Ќе ја замени,
Зарем спокојот – стравот
Ќе го замени,
Зарем лековите – отрови
Ќе ги заменат,
Зарем домаќините – расипници
Ќе ги заменат,
Зарем духовниците – алчни
Материјалисти ќе ги заменат,
Зарем љубовта – рамнодушноста
Ќе ја замени...

ТРЕПЕРАМ

Треперам пред твојата скромност,
Твојата добрина, искреност, простодушност,
Твојата сомилост, великодушност,
Твојата повеќеслојна надареност.

Треперам пред твојата упорност,
Твоите вештини и знаење,
Твојата издржливост, истрајност,
Твојата непоколеблива волја и храброст.

Треперам за сето она што го
Премолчуваш, а како да е кажано,
Пред твојата смиреност, решеност
Во веќе донесените одлуки и решенија.

Треперам пред твојот поглед,
Проникliв, нежен и таинствен,
Пред твојата трудољубивост,
Длабоко се поклонувам пред твојата Човечност.

Марина ДАНИЛОВСКА

ИСАК ВИНКЛЕР

Исак Винклер мрзливо седеше во удобната фотелја во канцеларијата на улица "Хјустон" на Менхетн. Модерниот ентериер на просторот ги привлекуваше клиентите коишто му веруваа на мудриот старец. На ѕидот висеше старата фотографија од којашто ѕиркаа избледените лица на маж, жена и дете и сè почесто го потсетуваше на минатото. Потона во длабоко размислување. Како надојдена река се менуваа прашливите сеќавања на детството. Не сакаше да ги оттргне од себе. Беше напнат, а и главоболката го мачеше веќе два дена. Почувствува болка во градите додека зраците од сонцето продираа низ завесата и му ги осветлуваа темносивите копчиња на сакото. Денеска ја облече и новата кошула што жена му долго ја пеглаше. Но, на лицето се оцртуваше неспокојството. Цел ден го измачуваше мислата како да му каже на синот дека со внучето сака да оди во Македонија. Тој веќе имаше резервирано две авионски карти за Скопје. За два дена треба да отпатуваат. Времето одминуваше, па затоа се охрабри веднаш да зборува со возрасните за планот што го направи. Беше изненаден колку брзо се согласија и синот и снаата со неговиот предлог.

На аеродромот "Џон Ф.Кенеди" дојде цело семејство за да ги испрати дедото и внукот во далечната сончева земја. По долгиот лет од 17 часа, пристигнаа во Скопје. Се упатија кон хотел "Карпош". На белокосиот старец му беше потребен одмор, па затоа побрзаа да се сместат во собата. Легнаа на големиот кревет, тој ја спушти главата на белата мека перница и веднаш заспа. Утрото стана рано, а на дрвената масичка веќе го очекуваше утринското кафе. „Ништо не мириса толку убаво како топлото црно македонско кафе" – си помисли во себе. Уживаше додека со мали голтки ја пиеше течноста. Пред да се разбуди внукот, се обидуваше да ги заврши обврските на компјутерот, кога вниманието му го привлече писмото во чантата. Со треперливи раце го зеде жолтиот плик, го свитка и го стави во длабокиот џеб од палтото. Потоа го разбуди сонливото детенце и заминаа во ресторанот во кој се мешаа мирисите што ги подзаборавил со годините. По вкусниот појадок излегоа на прошетка. Пред хотелот ги чекаше такси. „Возете во Бутел!" - рече Исак. Стигнаа по десетина минути.

„Каде сме дедо?" - праша внучето.

„Ќе видиш" - одговори дедото.

Чекореа по патеката. Задишаниот Исак гледаше во исправените мермерни плочи како да бараше нешто. По петминутно пешачење стигнаа до вечното почивалиште на една насмеана старица.

„Која е оваа жена?" - праша малото дете.

„Ова е Цвета. Таа го спаси моето семејство. Вечно ќе ѝ бидам благодарен

за тоа“ - рече Исак.

„Од каде ја познаваш?“ - беше љубопитно детето.

„Ќе ти раскажам“ - му одговори.

Го оставија букетот со нарциси на нејзиниот гроб, запалија свеќа и седнаа на клупата. Пламенчето си поигруваше со ветрот, како да сакаше да ѝ пркоси на тишината. Невообичаено тивко беше на гробиштата и покрај тоа што беше недела. Одеднаш старецот ги поткрена широките раменици и неочекувано почна да му ја раскажува приказната на внукот.

„Јас имам две мајки. Можеби ти е чудно, но, така е. Едната ме донесе на овој свет. Таа е твојата прабаба Сара, а втората е твојата прабаба Цвета којашто ми подари уште еден живот“ - рече и трепетно ја допре нацртаната слика на мермерот. Потоа продолжи: „Бев мал кога почна војната. Живеевме во старото еврејско маало во Скопје. Тој злокобен март 1943 година имав само три години. Гледајќи го лицето на мајка ми, бев исплашен од она што може да се случи, иако не можев да ја разберам вистинската причина за нејзиниот страв, стравот дека и нас ќе нè одведат со останатите Евреи во Монополот, а потоа...“ Се стркалаа две крупни солзи низ бледото лице на старецот кој тешко воздивна и продолжи: „Но, тогаш дојде нашата сосетка Цвета. Ни рече да не се грижиме, бидејќи ќе живееме кај неа. Им помогна на моите родители да ги спакуваат неопходните работи и нè скри во подрумот на старата куќа во нејзиниот двор. Тогаш таа немаше свои деца и се грижеше за мене како да сум нејзин син, па јас и неа почнав да ја викам мајко. Во напуштената куќа останавме две години. Војната заврши. Се спасивме, преживеавме тројцата: јас, мајка ми и татко ми. Се вративме во нашиот дом, а семејствата Винклер и Стојановски, станаа најдобри пријатели. Стојановска е презимето на мајка Цвета“ - објасни Исак. Старецот тивко раскажуваше: „во повоената 1945 година таа го роди Благоја, а по две години и Ристо. Ние тројцата израснавме заедно на скопските улици. Јас секогаш бев нивниот постар брат кој ги заштитуваше. Ех, времиња, убави времиња!“ Подзастана, се замисли. Неговиот поглед немирно шеташе низ просторот. Се смееше и се смееше. Кога се измори од кикотењето ја продолжи приказната. „Но, мене животот ме одведе во Америка. Моите родители се преселија во Њујорк во 1956 година. Таму англискиот јазик го научив брзо. Школувањето го продолжив во средното училиште „Џорџ Вашингтон“, а потоа се запишав на Факултетот за архитектура. Дипломирав меѓу првите во мојата генерација и веднаш се вработив во “Кауфман Дизајн”. Во Америка запознав многу нови пријатели, а со некои од нив се гледам и денес. Се оженив, добив син - татко ти, а потоа и тебе - мојот сакан внук. Напредував во работата. Сега, заедно со твојот татко ја водиме Агенцијата за недвижности “Винклер”. И, иако сум во поодминати години, сè уште ја посетувам канцеларијата“, заврши Исак. „Дедо, каде се твоите браќа сега? Сакам да ги видам!“, посткокнуваше детенцето. Исак го извади пликот од џебот, ја прочита неколкупати адресата и рече: „Ќе одиме кај нив!“

Станаа од клупата и заминаа кон излезот на гробиштата. Потоа, дедото и внукот се упатија кон домот на Стојановски, кој се наоѓаше во Пајко Маало. Застанаа пред жолтата куќа со убаво

уреден двор. Заѕвонија на ѕвончето. Вратата ја отворија двајца мажи на шеесетина години. На нивните лица се забележуваше изненадувањето од долгоочекуваната посета.

„Внучко, да те запознаам со моите браќа. Ова е чичко Благоја, а ова е чичко Ристо! Ова се синовите на мајка Цвета. Се сеќаваш што ти раскажував? Можеби не нè роди иста мајка, но, ние, сепак, сме браќа“, се насмевна Исак.

Влегоа во дневната соба на првиот кат од куќата. Беше убаво уредена и чиста, а прозорците ги красеа саксии со разнобојни цвеќиња. На масата ги очекуваа топли кифли, младо сирење, домашен ајвар и чоколадни мафини. Мирисот на топол леб ги привлекуваше. Седнаа на масата. Ги послужија со слатко од смокви и вода. Возбудата се чувствуваше во воздухот. Браќата долго разговараа, се смееја кога се сеќаваа на детството и на случката со кражбата на црешите во дворот на соседот. Посетата заврши со долга прегратка и со по некоја солза на лицата на тројцата мажи.

...

Беше убаво пролетно утро, сонцето се издигаше над Водно. Исак погледна во далечините, како да сакаше да го запамети секој детаљ. Знаеше дека ова можеби беше негово последно патување во родната земја. Беше среќен што го оствари сонот што го сонуваше неколку децении. Беше свесен дека љубовта на Благоја и на Ристо уште долго ќе го топли во осамените дни. „Ех, колку било убаво да го видиш семејството по толку многу изминати години“, си помисли. Ги протегна рацете во воздухот, вдиша длабоко и влезе во автомобилот кој требаше да ги однесе на аеродромот. До него седеше внукот со зацрвенети обравчиња. Постојано зборуваше, беше восхитен од патувањето со најдобриот дедо.

„Убаво поминавме, но ми недостасуваат мама и тато“, рече малечкото детенце.

„И мене ми недостасуваат“, одговори старецот.

Се прегрнаа во очекување да се вратат меѓу своите.

Ѓургица КОСТАДИНОВСКА

ГОЛИОТ ЖИВОТ НА ДЕДО ГОЛЕ

Клупата се наоѓаше во центарот на градот, на тротоарот покрај најфреквентната улица, каде што загрижени лица минуваа секојдневно брзајќи да стигнат навреме на работа и да ги извршат обврските што им тежеа на плеќи. На таа улица никој немаше време за другиот, а на онаа клупа само еден за којшто доцна сфативме оти единствено тој беше свесен дека сè што имаме во животот е само време.

Го забележував и минував покрај него речиси секогаш сверејќи се. Сув и ковчест, со бела коса и долга брада, постојано наведнат над некаква книга со пожолтени страници мрмореше нешто ко за себе. Ликот никој никогаш не му го виде оти постојано беше заробен меѓу пожолтените страници. Сепак, целата негова појава никако не се вклопуваше во секојдневието на забрзаната толпа. Неговата присутност некои ја примаа со одвратност заради неговата нечистотија, некои со чудење, а некои со жалење понекогаш и само тие си знаат зошто му фрлаа по некоја паричка без да се обидат да поразговараат со него. Веројатно, затоа што тој никогаш не просеше, не досадуваше, туку само седеше таму и читаше. Или барем ние мислевме дека читаше. Си мрмореше непрекинато, како да изговара некоја молитва без крај. Молитва без амин, молитва што се врти во круг бескрајно како да сака да најде утеха и да ги освести сите оние заблудени минувачи.

А јас, како дипломиран студент по книжевност знаев дека читањето непотребно подразбира учени и компетентни читатели. Веднаш се сетив на предавањата по Теорија на книжевноста кога еден професор тврдеше дека читањето е мала смрт, дека секое читање те вади од, условно речено, реалноста и дека и тој самиот би се загрижил кога би знаел дека неговите деца само читаат и ништо друго не прават во животот. Тоа предавање го паметев сосема фрагментирано, како сцена откината од филм. И така, се сеќавав на тоа секогаш кога ќе го видев старецот што само седеше таму и шепотеше. А ликот не можев да му го видам.

Од ден на ден тој кутар старец сè повеќе ми ја разгоруваше љубопитноста и сè повеќе му придавав значење. Љубопитност примарно поради тоа што не знаев како изгледа, а подоцна и затоа што нешто одвнатре ме копкаше да ја дознаам неговата животна приказна. Иако неговата присутност во мојот видокруг траеше само две или три секунди во мојот ден преполн со обврски, тие мигови се претвораа во рутина и без некое посебно објаснување. Секогаш кога поминував таму и го гледав во неговата препознатлива положба, се уверував дека денот ќе ми биде добар и успешен. И навистина беше така.

Си одев на работа секој нормален

ден потонат во мисли и правејќи си приказни што мака би можел да има старецон и цели романи можеа да произлезат од таа моја бујна фантазија, сè додека не ја дознав реалноста. Не онаа условната реалност од предавањата на мојот професор, ами онаа вистинската, болната реалност што ја доживеал, а поарно да не ја преживеал овој старец.

Од спротивната страна на улицата забележав позната женска фигура што ненаметливо ми се приближуваше и некако срамежливо се насмевнуваше. Другарка ми Наде, ја запознав во средношколските денови на рок концерт кога бев во бунтовен филм и мислев дека сум некојаси андерграунд фаца во градот. Се испогушкавме оти прилично одамна се немавме видено ни чуено, се прашавме како сме, што сме, што има ново и слични тривијалности и продолживме да пешачиме заеднички. Кога се доближивме до клупата, Наде извади ситни парички и му ги тутна во раката на старецот со таква леснотија од која сфатив дека тоа е нејзин секојдневен ритуал. Потоа таа си запали цигара и почна да дрдори за некои пејачи, песни и рок бендови за кои искрено ми беше гајле, оти јас одамна бев излегол од тој рокерски свет. Но, начекав можност да ја потпрашам за старецот и тогаш ведрината ѝ ја снема, се сневесели некако и ја заниша главата како да сакаше да каже дека тоа е судбина и дека така требало да биде. Јас се почувствував виновно, но љубопитноста сè уште во мене тлееше оти сакав да ја дознаам таа судбина, па и да помогнам некако ако можам.

Не ѝ требаше долго на Наде, па се размуабети иако сè така тивко и со тага во гласот. Ми раскажа дека дедо Голе (така се викаше старецот) пред многу, многу години си бил најнормален и си живеел во селото тука блиску до нас, си живеел со син му, снаа му и петгодишната внука Живка. Ама, ете, не дал Господ Живка да си поживее. Токму кога полнела пет години, во најголема еуфорија ѝ дошле другарчиња растрчани по куќата, џагорливи и немирни, сè додека не станало загушливо и почнало чудно да мириса. Никој не забележал дека некое од децата некако успеало да украде свеќичка од тортата, да ја фрли некаде во ќошот, до толку да се занесе во играта и да ја заборави таму. А пак, огнот, ѓавол ќе го знае како си го нашол патот до дрвата. И додека да се свестат, пламнала цела куќа. Син му и снаа му на дедо Голе тогаш биле на нива, а тој си вршел некои работи низ дворот. Децата се уплашиле и почнале да бегаат ко да го виделе ѓаволот лично, ама се збуниле и наместо да излезат низ вратата, почнале неконтролирано да трчаат по собите. Кога забележал дедо Голе, веќе било доцна. Целиот избезумен трчал да ги спаси децата, да ја спаси внука си Живка, ама од силната светлина, од изгорениците или којзнае како, очите му паралдисале и оттогаш дедо Голе бел ден не видел. Кога се вратиле родителите на Живка и го пронашле нејзиното безживотно тело, тоа бил ужас невиден, кажуваше Наде и ги шириле очите како таа самата да ја проживува таа случка или како да ја видела, па сега одново ја визуелизира и се ужаснува. Син му и снаа му на дедо Голе целиот револт го истуриле врз него, го избркале во старечки дом, а тие се преселиле во градот и тука започнале нов живот. Животот без Живка бил само трагедија и грев, ама набрзо им се родило машко дете и колку-толку тоа им ја ублажило тагата. Од мака и јад синот го

крстиле Живко. Сега тој сигурно некаде би бил на наши години. Дедо Голе не издржал во старечкиот дом, туку се сторил голтар. Полесно му било вака да седи на клупа и по цел ден да се зверi во некои книжулиња, иако очите му беа стаклени и не гледаше нит букви, нит бутур, само судбината си ја оплакуваше. А дека така било и никако поинаку, Наде знаеше со сигурност, оти татко ѝ беше директор на старечкиот дом. Таа секој ден како да извршуваше некој задолжителен ритуал, не знам, а изгледа и самата не знаеше дали од жал или од навика, па на старецот му фрлаше по некој денар.

Ја излажав Наде дека морам да трknам нешто до банка, имам некоја итна обврска, а таа продолжи да си пешачи накај работното место. Го извадив паричникот од фармерките, а прстите ми се тресеа, ја пикнав картичката во банкомат, личната карта ми падна на тротоарот и во делот ИМЕ/NAME, ПРЕЗИМЕ/SURNAME разголени како голиот живот на дедо Голе, се покажаа буквите ЖИВКО ЈАНЧЕВСКИ.

Извадив илјадарка од апаратот, му ја пикнав во старечките раце и силно ги стегнав. Дедо Голе како да разбра сè, како да ме виде со стаклените очи кога ја исправи главата, а јас за првпат му го видов ликот. Мојот дедо Голе со несмасни движења ме погали по главата и ми ја разбушави косата како што постарите обично им прават на малите деца.

Игор ПОП ТРАЈКОВ

ЗА ОНИЕ КОИ СКРШНАЛЕ ОД ПАТОТ

Тревата на ова место е секогаш како пругоре зачешлана кон врвот на падината, очигледно налетите на ветрот така ја поставувале. Сè во погледот му се полнеше со некоја особеност; иако на ова место сè беше обраснато, запуштено, сепак му се чинеше дека е сè така поставено од некого само и само за тој да мине оттука и да потоне во восхитот кон природата којашто ја чувствуваше како своја најдлабока заштитничка. Немаше некои индивидуални потреби низ годините коишто ги проживеа тука, а и да ги имаше немаше да има кому да му ги каже, ниту пак би се нашол некој кој би му ги услишил. Всушност мораше да се живее со голема упорност и без надградбата на духот, бидејќи таа ќе го потсетеше дека не живее во оние делови на цивилизацијата каде таа владее самата со себе, туку тука каде таа е поробена од примитивизмот. По којзнае кој пат ова го мантраше додека ушите му жеднееја за наредниот наплив на ветрецот којшто успеваше како и секогаш досега да му ги разбие црните зародиши во најоддалечените дамари на неговиот таинствен, а сепак вистински идентитет. Не беше од оние кои сакаа да им побегнат на најстрашните работи, како да беше предодреден да е некаков современ рицар растргнат во балканската војна за културизам... Прв пат кога наиде на ова место беше кога го избркаа од гимназија, мислеше дека до тоа дојде затоа што е неуреден, како што му кажуваше мајка му, кошулата му беше постојано подизвадена од панталоните: „Ако не си ги поправиш навиките тие ќе те повлечат на дно синко...“ Ете се покажа дека навистина мајка никогаш не греши- го мрзеше да е педантен и еве што го снајде; барем така тогаш му се чинеше. Оттогаш секогаш доаѓаше во оваа природа, најпосле само таа се грижеше за него, единствено таа, покажувајќи знаци на нежност кон него, галејќи го како свое чедо со шумолењето, а понекогаш и со драматичното фрчење на воздухот низ масивното зеленило; за честопати да го скроти него- сиот разгневен, со прекрасната композиција од сончеви одблесоци од малечкиот поток. За што размислуваше тогаш Т. А.? За онаа своја опсесија којашто го мачеше уште откако знаеше за себе- дека сè околу него е толку валкано што би морал постојано да биде миен со водишта за да не се исушат тие калишта на него. И ете ги, пред себе ги гледа своите најдобри пријатели, камењата коишто со својата чистота потврдуваат дека сепак сè не е изгубено. Т. А. многу сакаше да биде како неговите подводни идоли- чист и единствен. За своја најголема среќа го сметаше ова запуштено место што беше всушност блиску до центарот на градот, а притиснато до едно ритче. Тој го имаше пронајдено со некоја голема случајност, кога по една прошетка успеа да им побегне на за него секогаш лажните пријатели и брзајќи да се врати

дома, бидејќи односот на родителите кон него тогаш беше дури и поригорозен од претходно - додека сè уште беше во гимназија, и мораше да биде дома секогаш точно во назначеното време, инаку ќе го избркаа на улица да питачи, така му се закануваа. Од брзање и од страв секогаш црниот дроб му продуцираше премногу жолчка и мочниот меур тогаш ужасно го печеше. Така Т. А. и тој пат како и секогаш во вакви ситуации гледаше што побрзо да пронајде место каде да се испразни; се втурна низ припраената ограда од трње, којашто го испогреба, и додека го слушаше пенењето на со киселина заситената урина смешана со земјата, ги подотвори од екстазата на олеснување подзатворените му клепки и пред него се најде оваа одаја на мирот.

Всушност не ни имаше време кога Т. А. не мислеше на ова место. Сега кога речиси 30 години се имаше наработувано како возач на меѓуградски автобус, беше среќен со работата бидејќи мислеше дека е награден со тоа што не мора да работи некоја физички премногу тешка работа- како што најчесто тоа им се случува на оние кои се без средно. Со верувањето во таа вегетативна запуштеност (каква што многу ја има низ големите градови на Балканот) тој мислеше дека развил некаков божествен штит што го пазеше од загадочната, сеприсутна смрдеа којашто доколку лакомо ја вдишуваш развива токсична зависност и те прави да бидеш како сите. А Т. А. знаеше дека не смее да стане како сите, туку ќе остане како оние(негови соседи) кои побегнаа во Канада за да се спасат од ужасот на комунизмот. Од друга страна пак кога тој систем го снема, Т. А. дозна дека бил истеран од гимназија не заради неуредноста туку заради политичката неподобност на неговиот татко, кој постојано го отпуштаа од работа бидејќи „пијан пеел непријателски песнички од дивиот Запад“. Некои му кажаа дека може да бара обесштетување, ама колку и да сакаше не можеше тоа да си го дозволи. Постојано мораше да `рмба нешто додатно, најчесто како колпортер бидејќи жена му никако не можеше да се вработи, а тој не сакаше да ја види ќерка им во некои партали како многу од децата на неговите колеги. Ќерка му постојано мораше да биде испеглана, начитана и изодена на курсеви за странски јазици и за музичкиот инструмент- флејта. Т. А. со голема горчина се присетуваше на своите некогашни соседи и како тие сосема го беа заборавиле, никогаш не контактирајќи го кога ги правеа своите кратки тукашни посети; сето тоа особено го погодуваше бидејќи целосно тежнееше кон тоа нивната судбина да му се случи и нему- да се внесе во заштитничката прегратка на Западот. *Тоа не се случи бидејќи не ни можеше да се случи, зашто постојано морав да се трудам да не умреме од глад-* се тешеше додека мислеше на <u>неговата</u> соба од природа. Сега мора да брза, да купи весник и да се врати дома кај Д. А. (неговата сопруга) за да не го мрчка пак дека се задржал 5минути повеќе...

- Здрао. Пак си во брзање.

- Здрао. Да нè задржаа таму... на работа...

- Што ќе се пофалиш?

- Немам шо да се пофалам, ама ни да се пожалам. Тоа е убаото.

- Така е, кај нас тоа е важно да нема од што да се пожалиме.

- Абе и да има нема кој да нè слушни.

- И то што велиш... Ама пак еве сосед јас те слушам тебе, ти мене...

- Еве тука, на чинијата ги оставив ситните. Каде се?

- Ги собрав веќе. Поздрави ја жена ти...

- И ти исто...

Додека се враќаше накај дома толку многу го заинтересира текстот на насловната што загледан во него ќе паднеше додека се качуваше по скалите; во којшто се велеше дека популацијата во Северна Македонија споредено со останатите балкански држави е дефинитивно во најголем процент за западните интеграции, но спротивно на ова сите влади ја спојувале државата со Русија и Замбезиња со цел да можат да профитираат од разните корупции. Дијана, жена му, постојано додека јадеа се заплачуваше, како и сега, оти пред нос ѝ ја украле работата некакви политички подлизурковци и курви, па му сугерираше на маж ѝ дека можеби не би било лошо да станат дел од некоја политичка опција; но Т. А. мислеше дека е особено важно да се истрае докрај, да се биде како оние кои не се оттука, а кои сите ги етикетираа како оние кои скршнале од вистинскиот пат. Потоа Т. А. се закашла и повторно вовлече од цигарата при што жена му почна да пцуе велејќи му дека „доколку не го послуша лекарот да престане да пуши ќе ги оставел обете без ништо, одејќи си се разбира на оној свет.“ А потоа повторно како и секој претходен божји ден му кажуваше „колку многу му се испиле образите, колку личел на мртоец, а колку бил убав порано, постојано свежо избричен за разлика отсега, не можела да му одолее и така се... така се докусурила самата себе си!“ Т. А. се привлече пред телевизорот и додека жена му така упорно касапеше со своите гласни незадоволства, тој дозволи да го обземе звукот на ветрот низ неговите растенија. Нема и сега да дозволи жена му да го направи да се чувствува ужасно, него кого природата го посвоила; ако мисли како што сака жена му ќе треба да мисли дека ни1 маж на светот нема полоши навики во споредба со него. Одеднаш се изненади дека сега не може да измедитира до тој степен да заборави на сè околу себе, бидејќи овој пат она удирање, печење во градите коешто му се појавуваше во последните 5 години денес стана вистинско татнење. Отиде во спалната и од шифоњерот извади една маичка со сиво-бели риги; всушност ригите беа избледени од многу перење, порано беа сино-бели.

Кога се шеташе додека беше уште дечко со децата на локалните гастарбајтери, забележа дека го избегнуваат бидејќи облеката му е износена. А тој многу сакаше да е како нив, да стане како нивкои секогаш беа начитани со најновите книги и нагледани со најновите филмови. Но тој и ова го реши- кога ќе купеше нова облека - а тоа беше многу ретко - тој секогаш ја пореше превртено и така таа изгледаше свежо многу долго време. Всушност тоа и беше инвенција од за него многу посакуваниот Запад- на парчињата облека кои скришно ги разгледуваше, и дури ги душкаше (бидејќи тие за него оддаваа некој хемиско-парфимиран мирис на некое надземно значење коешто доаѓаше од некоја цивилизација далеку посуперiорна од неговата, а која е веројатно од некоја друга галаксија), кога беше на некое кампување со некои кои ги имаа овие за него светии - на внатрешната страна секогаш пишуваше- да се пере превртено! Така тој постојано пред перење сè превртуваше иако наиде на монументално спротивставување од неговата сопруга која сакаше да го однесе на психијатар. Но Т. А. и ова го реши- кога немаше никој

дома тој буричкаше во корпата за валкани алишта и сите ги превртуваше. Потоа жена му кога веќе ја поминаа 40тата почна сè (тука се мисли на фрлањето веш во машина) да прави во некое панично брзање, па ова не го ни забележа... Т. А. сега ја пипка маичката, не сака од неа кога и да е да се раздели. Само таа му била искрена пријателка на патот кој го изодел верувајќи во вистинските вредности. Многу пати жена му посегнуваше да ја фрли или да ја претвори во крпа, но за среќа тука беше тој да го спречи тоа цивилизациско злосторство. Т. А. повторно внимателно, којзнае по кој пат ја напика маичката на крај на шифоњерот...

* * *

- Здрао. Пак си во брзање.

- Здрао. Да ме задржаа на работа...

- Што ќе се пофалиш?

- Нит се фалам, нит се жалам.

- Убо кажа. Важно е да не се жалиме.

- Ама ни да трпиме!

- И то што велиш! Абе ни го нема веќе возачот.

- Е го нема, бог да го прости. Пустиот многу пушеше.

- А стрико ми цел живот ни пуши, ни пие и умерено јади и на 50 години...

- Еве ти ситно...

- Јас пак уште му го чувам весникот, иако ќерка му сабајлево ми кажа. Уште не ми се верува дека го нема. Сега да знаеш од него ќе го земиш весникот...

- Ако бе, го мислевме добар чоек, тука зад зградана беше нели...

- И убави навики имаше. Сакаше природа, зеленило- неколку пати видов како излага зад оние грмушките кај стариот магацин...

- Ајде се брзам дома, жена ми не сака да ме чека, ако задоцнам се дери. Многу не ме трпи откако дозна дека сум бил за како шо вели „трулио Запад“.

- Поздрави ја жена ти и бог да го прости...

- Исто. Бог да го прости...

Муабетот меѓу продавачот од трафика и купувачот заврши. Овој купувач не беше Т. А. Вчера тој кога брзаше бргу качувајќи ги скалите, да не задоцни домапечењето во градите му стана многу силно, тој снемоштено седна на скалите за веќе никогаш да не стане. Д. А. не сакаше Т. А. да го стави во фрижидер, требаше да се почека да дојдат сите. Иако беше многу расплакана, Д. А. и сега беше многу рационална; постојано гушкајќи се со ќерка ѝ чии образи беа исто така мокри од солзи, така што солзите им се измешаа. Прво што помисли Д. А. беше да се ослободи од оној партал што ја беспокоеше со години наназад. Сега во маичката со риги стави лед и ја стави на лицето на маж ѝ, а кога сè ова ќе заврши ќе ја искористи како крпа. Кога сите кои требаше да дојдат дојдоа, Дијана ја тргна крпата. Беше тмурен ден. Едвај дека влегуваше сончева светлина во собата, но лицето на Т. А. беше стаклено сјајно како камењата во поточето на собата од растенија.

По повод годишнината од смртта на македонскиот писател, новинар и публицист Иван Василевски, Здружението за наука, литература, култура и уметност „Иван Василевски“ распиша конкурс за учениците од средните училишта на тема „Кула во соноѓ“, што е наслов на една од неговите поетски книги. На конкурсот учествуваа стотина ученици од средните училишта во земјата, а петте најдобри ги објавуваме во прилог:

Елена ПЕТКОВСКА

КУЛА ВО СОНОТ

Кула од карти. Чудна е, изменета, непрепознатлива. Илјадниците домино коцки се перфектно наредени. Тука се и птиците, цврсто стојат на една гранка. Стојат, испраќајќи повик. Звукот се шири низ хоризонтот околу нив, но како да не постои. Се слуша како низ магла, веќе е непрепознатлив или едноставно, не може да биде забележан.

Во еден миг и при најмалиот, најпрефинет допир, таа почнува да се руши. Пропорционалноста веќе ја нема, а совршенството е изгубено. Како и никогаш да не постоело или пак совршенство како поим воопшто и да не постои. Благата светлина на сончевите зраци успева да се пробие низ прозорецот. Нејзиниот пат е тежок и непрооден, но несомнено и единствениот кој постои. Полека и тивко стигнува до совршенството создадено од несовршени парчиња. Кулата е тука, сè уште стои. Изменета, но сепак, делчињата на некој начин, повторно го нашле својот пат. Истрошени се, бледа слика на некогашното совршенство. Илјадници пати оддувани од ветрот, потопени од темните капки дожд и суровоста на времето. Време кое поминало, но сè уште одбројува...

Секоја резерва во еден миг се исцрпува, исчезнува, престанува да постои или пак, ние не го забележуваме нејзиното отсуство. Единствено времето, тоа сè уште одбројува. Стрелката постојано го врти истиот круг, но никогаш не запира. И кулата е слаба, оштетена од времето, но сепак постои.

Повторно истиот круг, истата бесконечност. Таа продолжува цврсто да стои, се руши за повторно да биде составена. И Земјата се врти, за повторно да се врати во истата положба, и птиците одлетуваат за повторно да се вратат – на истото место, истата гранка, повторно со истиот глас. Се менуваат и бесконечностите, се рушат и повторно се создаваат. Во еден миг го гледаме нивното отсуство, веќе не постојат, но сепак се тука, бидејќи се бесконечни. Не можеме да ги дофатиме, но сепак се тука. Одат и повторно се враќаат, исчезнуваат, но во тој миг забележуваме дека всушност тие отсекогаш биле тука. Во еден миг ќе се исушат како есенските лисја, ќе останат само гранките, ќе подлегнат на суровоста на времето и речиси ќе ги снема. Сепак, корените остануваат тука, спремни повторно да ја вратат својата совршеност веднаш

откако стрелката на часовникот ќе го започне новиот круг.

Од кулата се гледаат само искинати ѕидови, еднолични, со блага несовршеност. Несовршеност толку совршена и силна, бидејќи таа е резултат на времето, на илјадниците сончеви зраци што ја гореле, дождот низ кој била потопувана, бесконечноста низ која поминала... Тивко и бесшумно, но со толку силен одек, таа говори за бесконечноста и сè уште стои исправена.

Веќе го нема ликот на старата совршеност, но сепак, некаде од длабочината продира светлината на стариот сјај. Бесконечноста е сè уште тука, а стрелката на часовникот го одбројува својот бесконечен крај. Птиците повторно стојат на гранките, домино коцките се перфектно наредени. И секако, тука е и таа – кулата од карти. Чудна е, изменета, непрепознатлива, но сепак постои.

ПСУ "САБА"- Битола
Ментор: м-р Бисера Бијелиќ-Стојчевска

Златка ПЕТРОВА

КУЛА ВО СОНОТ

Живеев,
за еден сон,
толку совршен,
повреден од сè на светот,
незаменлив,
сон кој беше,
моето најголемо богатство,
сон во кој беше вистинско,
моето постоење,
со кое ја градев,
кулата во сонот,
мојата кула од желби,
во која секојдневно,
додавав по еден спомен,
по едно сеќавање,
ја градев трпеливо,
со многу труд,
со многу љубов.
Кулата на желбите,
не знаеше за солзи,
болка не постоеше,
а тагата исчезнуваше,
како снегулка по сончевиот зрак.
Наликуваше на сон од бајките,
светот на фантазијата,
оживеан среде светот на реалноста,
светот на мојата реалност,
таму каде што среќата
изгреваше на изгрејсонце,
и радоста
заоѓаше на зајдисонце,
таму каде што царуваше
надежта за иднината.
И така дел по дел,

во неа го оставив,
секој дел од мене,
таму си го засолнив срцето,
си ја отворив душата,
се заштитив себе си,
и најблиските, најсаканите,
мислев дека е неуништлива,
со најцврстите темели,
кои нема да ги срушат,
невремиња и бури,
и да, ништо не можеше да ја сруши,
освен суровоста на животот,
и законите на судбината,
кои одеднаш,
ми го разнишаа сиот свет,
рушејќи ја мојата животна кула,
како кула од карти.
И со секоја карта,
што леташе во воздухот,
пред моите очи,
заедно со кулата во сонот,
се рушеше секој дел од мене.

СОУ "Јосиф Јосифовски" - Гевгелија
Ментор: Бисерка Макревска

Вангели ПЕТРУШУ

НАЈДОБРИОТ ПРИЈАТЕЛ

Се прашуваш ли често,
кој ли сред бура до тебе ќе заземе место?
Кој ли ќе ти пружи дланка,
за да не паднеш седејќи на сува гранка?
Кој ли ќе биде воден млаз
што би го гаснел пожарот во тебе?
И дали би можел да ја почувствува
и да плови низ мислата твоја?
Кој би бил ветар што ќе ги носи твоите крилја,
и рака што секогаш ќе стои на твоето рамо...

И така, осамен во ноќта,
седејќи на клупата во паркот,
се обидуваш да ја пронајдеш личноста
скриена во овие прашања.
И сосем случајно фрлаш поглед кон тревата
и здогледуваш темна силуета
те следи, ги повторува твоите движења.
Твојата сенка...
И наеднаш сфаќаш дека си го пронашол одговорот.
Гледајќи високо во далечините,
си заборавил да го спуштиш погледот,
и да се увериш дека
ТИ СИ САМИОТ НА СЕБЕ НАЈДОБАР ПРИЈАТЕЛ.

СОУ „Наум Наумовски – Борче“ Крушево
Ментор: Никола Јованоски

Усние АСАНОСКА

КУЛА ВО СОНОТ

Правдата кога ќе ти го заврти грбот,
кога душата врие и
болката невидлива те стега.
И обрачот со невистини
го чувствуваш околу себе.
Те вие и те стега
за рани да ти стори,
исполнети со гној од омраза и бес.
Оди тогаш ти во шумата
по патот нагорен.
Зборувај со тишината
во длабокиот дол.
Таму вистината е вечна!
Воздишка од тага да истуриш
под вековните крошни на дното,
таму ќе остане засекогаш.

Правдата кога ќе ти го заврти грбот.
Оди пријателе во шумата.
Олесни си ја душата своја.
Нека ги измие твоите рани
бистрата планинска вода.
Таму вистината е вечна,
природна, чиста, недопрена,
Затоа оди!
Зборувај со неа,
кажи ѝ за болката,
испразни ја главата своја.

Оди пријателе, прилегни
бидејќи, само таму,
ќе најдеш за душата мир.
Тоа е сонот- кула во сонот
изградена од болката своја.
Нека ја чува вистината,
нека остане таму закопана.

СОУ„Јане Сандански“- Струмица
Ментор:Снежана Недева

Михаела СТЕФАНОВСКА

КУЛА ВО СОНОТ

Облаците се растопуваат како новосоздаден снег во црвено-портокаловите очи
на изгрејсонцето.
Невистинитоста на ѕвездите одекнува со секое отчукување на камбаната на
времето,
закопана длабоко во реката на планети и водопади од блескав прав.
Додека расте процепот помеѓу Земјата и сонот,
искрите на непочувствуваните мириси и текстури се менува... незабележливо.
Лиминалниот простор на љубовта од соништа,
која ниту можам да ја наречам вистинска љубов -
влегува во водопадот на кулата од соништа за да се претвори во виолетова,
шеќерна река
која никогаш нема да го достигне дното.
Височината се таложи над нови височини, како мазно подредени бели тули од
воздух.
Ноќта се претопува во темен ден,
а темниот ден во ноќ со поларна светлина.
Гранките кои нежно ја држат кулата на незамисливото... тие растат, тие цутат
нови, зелени лисја и прозирни цветови ги разубавуваат нивните светли тонови.
Соништа создаваат музика,
тивка музика со силен ѕвон која се протега во бескрајни бранови.
Празнината се соединува со нови, пошироки празнини,
сè што можам да видам полека испарува од мојата меморија.
Твоето лице е создадено за мирисот на шеќерните облаци,
прочистувачките моќи на виолетовата река,
твојот безвременски поглед – за едностран натпревар со камбаната на времето,
твојата песна – да биде проследена со музиката на најдлабоките визии.
Веќе нема ниту трага од твоето лице во моите спомени,
но со нетрпение ги чекам твоите грандиозни движења поттикнати од убавините
на животот.
Не знам ниту каде си,
но со инспирација го чекам денот кога повторно ќе ме донесеш во кулата на
вечните соништа -
засекогаш, без да погледнам наназад.

ПСУ "САБА" - Битола
Професор: м-р Бисера Бијелиќ - Стојчевска

П(Р)ОГЛЕДИ

Кога ќе се сретнете со совеста, внимавајте да не се разминете!

Ѓорѓи П. Панов

Ана ВИТАНОВА-РИНГАЧЕВА

ЧУДОВИШТЕТО ВО НАС!

(Одѓласи по ѓрочиѓоѓ на романиѓе „Проѓаѓ“ и „Чудовиѓиѓе“ од Владимир Зарев и ѓреведувачкиоѓ ѓодвиг на Бранислав Мирчевски)

Со својоѓ духовен оѓиѓ, чиѓаѓелоѓ ја доѓишува книгаѓа!
Владимир Зарев

Има денови во кои човек посакува да се нурне во старата прашлива визба на сеќавањето и да се присети на подзаборавените спомени спакувани во старите, искинати кутии. Желбата за средба со минатите претстави за тоа како сме го осмислувале животот, наеднаш почнува да создава чувство на некаква потисната тага, не носталгија, туку тага по убавините на некој претходен живот. А токму тој живот носел сончевина на нашите прозорци, но и горчина од помислата дека нема доволно за да се проживее месецот докрај. Фотографии на среќни и насмеани детски лица, а до нив родителите во единствената нова облека извадена само за да се овековечи моментот на среќа. Во другата кутија фотографии од работната организација на мајка ми, некаква прослава во зачаден ресторан, луѓе, насмевки, се слави животот. Крајот на осумдесеттите и почетокот на деведесеттите години на XX век, големите фирми и индустрии наеднаш пропаѓаат, се распаѓа една огромна држава и наеднаш никнува некоја нова класа, ги викаа олигарси, што и да значеше тој збор. Буричкајќи по визбата со спомени, наеднаш пред мене се појавува Воланд на Булгаков, како со својата свита постојано ги крстосува улиците на кои лежат отсечени глави, парите паѓаат од небо, а луѓето разголени и разулавени во некаков полутранс лутаат по улиците. Малодушни и трошни, луѓето ги собираат, грабаат да земат што повеќе, стануваат себични, алчни и цинични. Се присетувам, па не е толку далечно времето кога Булгаков ја пишува „Мајсторот и Маргарита“. *„Ракоѓисите никоѓаш не ѓораѓ“* му вели Воланд на Мајсторот, книгите никогаш не можат да исчезнат, и да бидат спалени, чадот од зборовите повторно ќе ја изроди мислата.

Во едно такво духовно настроение, на домашна адреса ми пристигна пратка, романот „Пропаст“ од современиот бугарски писател Владимир Зарев. За романот првпат дознав на научен собир

во Дојран, едно пријатно септемвриско попладне. Медитеранските струи донесоа неверојатно убава свежина во мојот мисловен свет. Една сосема случајна средба, донесе разгорена љубопитност за книжевниот опит на Зарев и преведувачкиот подвиг на Бранислав Мирчевски. Прочитот на романот за мене значеше возбудливо трагање по книжевните вистини кои, како го дочитував делото, така почнаа да се трансформираат во приказни блиски, скоро препознатливи за мене и за средината во која живеам. Крајот значеше целосно соголување на мислата за тоа колку сме кревки како луѓе кога ќе ни го слечат достоинството, насилно, како кога со животински нагон мажот ја соблекува дамата што ја платил за час задоволство. Мислата на Зарев наликува на сноп светлина кој пушен во фокус, има неверојатна сила да го истопи зборот, да предизвика пожар. Од друга страна пак, зракот пуштен низ огромниот простор, кога наидува на водени капки, се раслојува во најубавата палета бои. Таква е неговата мисла, доколку присилно се компресира, станува опасна и болна, а кога се пушта да ја освојува слободата, станува божилак, украс на светот. Според германскиот литерат и преведувач Томас Фам, силата на Зарев е во тоа што ги владее регистрите на јазикот. Освен богат речник слично на катедрално тело, тој поседува многу регистри што ги избира така што максимално точно ја карактеризира дадената ситуација, времето и хероите.

Стилското обликување на мислата на Зарев, беше посебен момент. Неговото портретирање на ликовите наликува на потезите на вешт сликар кој постојано се навраќа на сликата што ја создава, додава уште боја, за детаљот да стане видлив и впечатлив, а замаглува таму каде што има премногу густина. Зарев ги исползува сите убавини на бугарскиот јазик, а Мирчевски во преводот пак, филигрански ги обработува македонските зборови, изрази и фрази, за да создаде чудесна низа. *Дӣеж од жеѓа!-* така започнува „Пропаст“, дури и сонцето е извор на болка без која ја губиме свеста за нашето физичко постоење. Болката нѐ опоменува дека сме живи, дека нашата кожа чувствува сѐ, дека ја болат дразбите, струењето на воздухот, сонцето, погледот.

Кај Зарев како теми се екстрахираат три доминантни опозити: љубов/омраза, живот/смрт, владетел/потчинет. Во романите „Пропаст“ и „Чудовиштето“ темите што ги загатнува авторот, се всушност варијанти на веќе поставените опозити. Но, за да ги обвистини, создава лични приказни на јунаците во своите дела, приказни создадени некаде во потсвеста на самиот автор. Тоа чиниш сее негови лични одболувани болки, но и болки на колективот, пришиени за ликовите во романите коишто добиваат општочовечка димензија. „Пропаст“ е роман за изгубениот рај за човекот, роман за заслужениот, но недофатлив живот во неговата најубава, најтопла форма, роман за страдањето. Во едно интервју Зарев зборува за поводот како започнува да го пишува романот:

Доцна есен, еден дождлив ден со ѕтуден леӣлив дожд, одејќи ӣо ӣаӣоӣ за дома, коѓа се чувѕтвував ӣриӣѕниаӣ од секаде, со ѓолеми лични ӣроблеми, во далечинаӣа до канӣаӣа за ѓубре, забележав силуеӣа на човек. Коѓа му се ӣриближив, ѓо ӣрейознав своѕоӣ учиӣел ӣо ѓеоѓрафија. Пребаруваше ӣо канӣаӣа за ѓубре, (дали осӣанал без ӣензија, не

знам), брадосан, пропаднат, маргинализиран човек. Тоа е мојот учител кон кого негував посебна почит заради тоа што за нас, учениците тој беше пример за слободата, слободата како форма на различноста, слободата што дава можност да бидеш различен од другите. Се препознавме, но се преправавме дека не се знаеме, а мене тоа ме уби. Кога стигнав дома, го отворив мојот стар компјутер и со огромни букви напишав РАЗРУХА (ПРОПАСТ).

Кога на човек ќе му го земете достоинството, тогаш сте му ја зеле душата, сте го убиле. Насилно земеното човеково достоинство е еднакво на свирепо убиство со умисла. Такви убиства се случија на Балканот по распаѓањето на социјализмот, за да се формираат чудовишни структури на получовек, со канџи наместо раце, џиновски стапала и глава со повеќе усти. Таквата чудовишна појава, получовек жеден за власт и пари кој граба, дере, гази безмилосно, всушност стана синоним за властите кои почнаа да ги разграбуваат државите, материјалните и духовните добра. Апостол Павле вели: *Никој од вас ништо нема да однесе од оваа земја, бидејќи никој од вас, ништо и не донел.* Но, дали таквата мисла има некаква смисла во време кога раскрчмувањето на имотот беше начин како лесно да се стигне до богатство?! Во такви времиња се случува едно насилно прелевање на еден систем во друг, со што се создава длабок рез за да се оддели едното од другото ткиво. Се поставува прашањето: Возможно ли е уметноста да преживее во едно такво време? *Без уметност, вулгарната реалност ќе го направи светот неподнослив"* вели Бернард Шо, а уметниците се некој вид спасители или исцелители на нашите длабоки душевни болки. Без уметноста, светот би бил пустина без оаза. Но, што станува со авторите и нивната храброст да пишуваат за вулгарната реалност, со тоа да ѝ дадат боја, макар и да бидат казнувани поради тоа?! Обидот на уметникот да ја пресоздава стварноста е обид за хуманизација на дехуманизираното општество и обид за реанимација на духовно мртвиот човек. Но, уметноста е и најобјективниот сведок за времето во кое се живеело, таа не познава и не признава власт и опозиција, бедни и богати, таа ги надживува и останува скаменет артефакт во времето. Тогашните генерации како да сакаа да покажат дека од нив почнува сè. Со неверојатна леснотија почнаа да го присвојуваат државниот апарат, една опасна игра, лесно запалива материја во рацете на пироманите: *Колку си појросечен и согласен, толку животот ти е посигурен и поспокоен* („Чудовиштето"). Таквите фигури се најпожелни за долгогодишно владеење на еден ум. Затоа можеби и не е чудно што германската критика изразува посебна наклонетост кон делото на Владимир Зарев, кога романот „Пропаст" го вреднува како книга која најдобро го претставува сето тоа што се случи во Источна Европа.

Во интервјуто со Наделина Анева, Зарев зборува за генијалната идеја на Томас Ман во „Буденброкови": *Првото поколение капиталисти трупа пари, второто поколение се занимава со политика, третото поколение по принцип дава интелектуалци, а четвртото, дегградира. Во Бугарија се случува симбиоза помеѓу првото и четвртото поколение.* Таквата симбиоза , за жал се случува во сите посттранзициски општествени системи на Балканот и во Источна Ев-

ропа. Можеби затоа, романот „Пропаст“ се вклопува во нашата матрица на размислување, бидејќи заеднички ни се посттранзициските трауми. Деведесеттите години на XX век Балканот ја доби слободата, но беше ли подготвен за тоа?

Во одговорот на ова прашање, Зарев ја заговара Платоновата идеја за трите форми на управување: тиранија, олигархија и демократија, а најидеалната од сите секако е демократијата. Но, доколку демократијата не се ползува во нејзината најчиста форма во која законите би важеле за сите, без исклучок, тогаш таа најлесно преминува во анархија. Анархијата во сите нејзини форми е влезена во длабоките пори на општеството, во економијата, социјалата, историјата, културата. Анархијата се негува, се храни и секој нејзин следен чекор е однапред обмислен и познат за оние на кои таа најмногу им одговара. Во романот видлив е обидот на авторот да покаже, како во еден миг се уништува сиот вложен труд и животна енергија на претходниците, кои на раменици ја издигнале државата. Нивниот труд и спомен во еден момент е згазен, уништен, понижен, онаа интелигенција која била носител на промените, сега е згазена од ногата на транзициските џинови. Ликот на интелектуалецот во едно општество скоро секогаш асоцира на втемелувач на вистинските вредности врз кои стои и се гради. Интелектуалецот е разумен, слободномислечки, луциден и критички ум, чијшто збор има тежина и смисла. Долгите години транзиција на општествените вредности, но и транзицијата на мислата, доведоа до тоа интелектуалецот да се повлече во некој свој безбеден свет и да излезе од него само ако е повикан. Таквото опасно осамување создаде слика со двојна рамка. Едната, онаа надворешната, дека интелектуалецот премолчува значајни случувања, а со тоа и тивко ги одобрува, е навидум видлива и јасна, бидејќи таквиот лик го нема по социјалните и електронските медиуми. Втората рамка е онаа протната малку навнатре, но благодарение на неа, рамката го држи платното оптегнато. Интелектуалецот создава, твори, пишува, слика, компонира, подготвува театарски претстави, дејствува преку независната уметника сцена и слично. Зарем не е тоа неговиот крик во времето?! Зарем не се тоа знаците на незадоволство што се манифестираат низ уметничките форми?! Зарем не можеме да научиме дека дешифрирањето на уметничките кодови можат да дадат подобар одговор, отколку стотици јавни дебати на кои под нозе се пуштаат дневно-политички тези? Токму таквиот интелектуалец станува надворешно тело во општествениот организам, чијшто имунитет агресивно создава антитела, кои се стремат да го исфрлат како непожелно и загрозувачко. Секогаш кога општеството е во некаков вид духовна криза, има потреба од гласот на интелектуалецот кој треба да прозвучи како ѕвоно во црковен храм во чијшто двор се собираат верниците на празник. Само политички дистанцираниот, угледен и авторитетен интелектуалец, може да ги подотвори портите за влез во индивидуалната, но и во колективната свест. Интелектуалецот-ерудит поседува морални, етички и естетски вредности што се пресликуваат во неговата појава како лик, но и во неговата дејност и нив се обидува да ги пренесе на околината. Интелектуалецот не се појавува со став тогаш кога ќе му биде наложено, напротив, тој, ползувајќи ги придобивки-

те од сопствената слобода на мислата и слободата за критичко размислување, се појавува во моменти во кои, по негова проценка, неговата мисла е неопходна. Кант рекол: „Две работи ме воодушевуваат, ѕвездената небо над мене и моралниот закон во мене“! Небото и ѕвездите се најсовршениот украс на шапката на светот, а моралниот закон во секој од нас, е нашето - јас!

„Пропаст“ е реален до болка, како читател стојам засрамено пред сопствените (човечки и нечовечки) маани, грешки, бесчувствителности, болки. Како да сакам да допишам уште еден глава, за тоа каде јас бев во тоа време, дека болката на ликовите била и моја. Многу Марии Магдалени роди и одгледа Балканот, за истите тие во таа постсоцијалистичка епоха да ги понесат лузните и по телата и по душите, за со нив и да заминат од овој свет. Најверојатно ги имаат и по коските, па и во земјата ќе се исцртуваат и ќе болат. Неверојатно е како Зарев, наместо да поттикне омраза, гнев, бунт, тој умее со својата совршена раскажувачка техника да нѐ смири, да го смири и успокои духот, како пијанист кој со првиот допир на прстите и клавишите, внесува спокој и некаква чудесна радост. Во неговите дела омразата, стравот, гневот како да се обессилени, стишени, но не и заборавени. Како противтежа на сѐ се појавува Созопол, градот на спасението, градот со исцелителска и оздравувачка енергија. Во романите на Зарев Созопол е топос на вонвременското, таму е местото за бегство од себе и светот, но и местото на очистувањето и новиот живот. Созопол е таа „друга земја“ до која душата патува на аџилак, за да се врати спокојна и чиста, осознаена и способна да го продолжи животот. Последната средба на Симеон и Нија од „Чудовиштето“ се случува токму таму, за да заврши со некакво олеснување заради изговорените и прифатени зборови за прошка. Кога на 31 година го завршува првиот роман „Битието“, авторот облекува бела кошула како поклонение пред себе, како еден вид раѓање на писателот Владимир Зарев. По сопственото огнено крштевање преку зборот, Зарев станува тоа во што верувал, а верувал во книжевноста и нејзината прочистувачка сила: *Така е и во моите книги, госпоѓице, исполнет со опијанување и осаменост, вдишувам, издишувам, вдишувам, издишувам и најпосле, кога го завршувам романот, кога сум го претворил најдобриот дел од себеси во незаборав, облекувам бела кошула за да се разбудам*, ѝ вели писателот Симеон Станимиров на убавата Нија во „Чудовиштето“.

Сè уште несоземена од налетот на емотивната бура по прочитот на „Пропаст“, пред мене се исправи „Чудовиштето“ на Зарев. Си помислив, добро е што писателите не ги зафатила творечка криза во време кога зборот „криза“ стана синоним за живеење и преживување. За да го доживеам ликот на писателот одблизу, почнав да ги следам сите негови интервјуа и на тој начин да се обидам да се доближам до неговиот светоглед. Книгите ни нудат едно емоционално проветрување, се потпирам на нивната духовност, на нивните длабочини и нивните знаења за човечкото. Романите на Зарев, раскажуваат толку топли, но истовремено и горчливи приказни за човекот кој, борејќи се со сопствените демони, на крајот ги губи сите битки. Читањето на неговото дело изискува едно повисоко ниво на спознавање на човекот и стварноста, но и на човекот-ствар-

ност како едно цело. *Со својот духовен опит, читателот ја дополнува книгата и таа станува различна. Колку читатели толку различни книги!* – вели Зарев. Колку лица има човековата пропаст, колку чудовишта бисе изродиле по мислата на Зарев?! Син на големиот бугарски интелектуалец, академик Пантелеј Зарев, кој ќе му го даде највредниот совет, секогаш да биде слободен, независен, да опстои на своето. На прашањето: *Кој ќе ми помогне?* Одговорот на таткото бил: *Читателите!*

Него го окупираат темите за човекот којшто копнее да има власт над себе и над другите, да го поседува материјалното, а да го погази духовното, за човекот кој заради првиот негов двојник е фрлен во аголот на мрачната улица, притиснат од мракот на сопствените и општествените стравови, како да моли за милостина. *За овие речиси педесетина години, додека ги пишував книгите, ме интересираа два феномени во човечкото постоење – проблемот на власта, стремежот кон власта, и стравот од смртта. Тие се вплетени во сите мои романи, зашто се вистинските двигатели на нашето човечко битие,* вели Зарев. Владетелите ја држат во потчинетост мудрата мисла или само мислат дека ја контролираат. *Секоја власт е насилство над човекот* – пишува Булгаков во „Мајсторот и Маргарита“ и низ своето писание тој веќе еднаш ја доживеал смртта. Во тие времиња интелектуалецот се замолчува, на сцена, во скапи костими и многу шминка застануваат бездарниците, корумпираните и оние чијшто желудник лесно ги вари блуткавите чорби (помии) од кујните на властодршците: *Доаѓаше времето на украдените валкани пари, на големите пари на насилството, на парите со непроверено потекло, кои носеа невидена слобода и власт, а исто така целосен презир кон државата и законот за неказнивост.* („Чудовиштето“)

Во многу трезвеност Зарев зборува за потребата на човекот постојано да владееe над некого и нешто. *Постоиме нахранети од копнежот да владееме над некого или над нешто, секој човек се стреми да владее над нешто и сите можни стратегии што ние ги правиме, сите претстави за иднината се само нашиот опит да се наместиме и да владееме над нешто. Убавината е форма на власт, форма на власт е човечкиот ум, знаењето, креативноста, творештвото се форма на власт. Секој голем писател е еден фасцинантен тиранин. Форма на власт е и несреќата. На пример, човекот инвалид намерно ги покажува своите отсечени нозе и на тој начин со своето страдание владее со нас и нè принудува да му дадеме милостина.*

За раѓањето и заминувањето, за стравот и љубовта, творештвото и слободата, но и за споменот и заборавот, за младоста и стареењето, за ЧОВЕКОТ. За тоа пишува Зарев во „Чудовиштето“. Се прашувам, зошто мора насловот да биде членуван? Или пак членувањето не е безначајна или случајна постапка на преведувачот, како што кај Зарев всушност ништо не е случајно, ни збор, ни интерпункциски знак. Ти си чудовиштето, како со прст да покажува кон секого од нас, кон сите мали и големи чудовишта што ги храниме длабоко во себе, им градиме дом за никогаш да не нè остават сами. Што би бил човекот без нив?! Колку и да е апсурдно, сепак, стравот од смртта го претвора човекот во разумно, во мислечко и творечко суштество. Што може човек да купи во последниот миг

од животот? Кому му е тоа нужно и дали купеното материјално ѝ значи нешто на душата што го напушта телото и на очите што ќе се затворат засекогаш? Желбата да се одложи смртта, а да се продолжи животот, го прави човекот творец на новото. Сведоци сме како научникот создава вакцина од опасната болест за да ја одложи смртта. Филозофските размисли за смртта, Зарев ги изложува преку ликот на писателот и тие се суштински за самиот текст. Идејата за еднаквоста на луѓето пред смртта како христијанска парадигма, идеално се вклопува во матрицата на самото дело. Имено, смртта го поставува принципот на еднаквост што животот не го познава или пак го поништува. Пред смртта се еднакви сите што имаат човечки образ, умните и помалку умните, богатите и бедните, додека животот колку и да е посакуваната состојба за човекот, му го одзема тоа елементарно право.

Зарев преку неговите ликови се бунтува против насилството во сите негови форми. Неговите ликови како постојано да имаат потреба да се изживуваат врз убавото, како Бојан со Марија во „Пропаст“ и сцената со Циганката. Да се осквернави, да се измачка со кал она најчистото во човековата душа како израз на одмазда кон болката. Да се почувствува болката до жегнување, до распарчување и растопување со сите фекалии, да се истече во каналот на животот.

Од приказната на Станимиров се раѓаат безброј слики за малиот човек со голем ум. Архитектот (неговиот татко) чиишто блескави идеи ги ползува заедницата, наеднаш е отпуштен, деградиран, омаловажен, уништен, земена му е душата, а со тоа и животот. Слика за човековата ништожност кога престрашен од големината на другиот, човекот почнува да се чувствува загрозено и сосема неважно. Тогаш во него се буди Чудовиштето кое всушност го изродува самото општество. Општеството кое не дозволува да го водат умните, креативните, храбрите, таквите не се пожелни, но пожелно е да бидат отстранети. На таквите луѓе сè може да им се прости, но не и талентот и успехот. Таквиот човек пропаѓа, станува неугледен, нема пари да му плати на фризерот, па го заложува својот омилен швајцарски часовник, кој подоцна синот ќе успее да го откупи. Роман за животот како еден ден. Стареме постепено, без да бидеме сосема свесни за тоа. Староста се населува полека, тивко, оставајќи по малку од себе, за на крајот да го запоседне телото и умот. Староста го фрла човекот во пределите на заборавот, а таму ништо не боли, ништо не потсетува на тоа дека бил некогаш еден човек, добар и лош, (не)љубел и бил (не)љубен, лажел и бил искрен, бил верен и неверен. Исповедно ѝ вели на Нија:

Социјализмот кој се обидуваше да ја оствари својата власт со привидното, со лажната еднаквост, но најмногу со насилството, со постојаноста во насилството. За да опстане, тој требаше драматично да се демократизира, да достигне до сакралната творечка идеја за покајувањето, за опростот и, се разбира, за љубовта, госпоѓице!

Симеон е лик на писател-циник, егоцентрик кој умислен во сопствената големина создал слика за себе, за сопствената надменост и недопирливост. Всушност, таа слика е само неговата надворешна појава, а под крлушките на телото спие ранливиот и недокрај реализиран човек кој можеби не успеал

преку љубовта да се осознае себеси, да ги открие сопствените светови кои како да спијат некаде длабоко во дамарите, тивко пулсираат и чекаат час. Трагедијата на Симеон е во неговата несреќа што никогаш во животот не умеел вистински да љуби. Умислен од својата големина на голем писател, тој ги убива чувствата кај жената, којашто барајќи љубов, а не само телесно задоволство, си нашла сродна душа што ја разбира. Симон ги буди во себе демоните, но со својата неизлечиво болна суета и его ги храни да се издигнат, да му го обвијат телото и душата како бурјан кога го заробува стеблото на виткото дрво. Симеон станува тиранин врз себе, жените, врз книгите. Станува Чудовиште, онаа непозната сенка од којашто децата се плашат, а не се свесни за нејзиното постоење.

Знаев, дека има најмногу три нешта кои се во состојба до крајност да го подлажат човекот, да го исполнат со неразумност, со лудост, понекогаш со гнев, со омраза и со нездрава душевна возбуда. Тоа се: љубовта, која секогаш одминува, паритe, со кои во претсмртниот час не може да се купи ништо, како и идеалите што секогаш остануваат попусти, жртвувани во реалниот живот и неостварливи.

Реални се стравовите на авторот за трите нешта што го дразнат разумот на човекот и го демнат неговиот пат удолу. Љубовта, ако не се обвистини, останува да тлее како неизгаснато жарче во пепел згазнато од боса нога. Парите имаат неверојатна моќ да фрлат магла во очите на разумниот и предизвикувајќи слепило, во неможност да види каде оди, го згазнува жарчето љубов. А идеалот е најголемата човекова заблуда за оправданоста на жртвата што ни љубовта не може да ја спаси.

Зарев пишува за нарушената хармонија на човекот со себе и со светот кон којашто човекот упорно се стреми, но без да се ослободи од демоните во себе, таквиот стремеж никогаш нема да се обвистини. Во првата сцена се претставени дедото и внукот во паркот, животот во двете негови форми, на изгревот и на залезот. Старецот ги набљудува дрвјата, размислува за нивната старост. Токму таа сцена е поставена како почетна точка за враќањето на човекот кон неговите примордијални светови, детството и природата. Таму се кријат сите одговори на вечните прашања, преку детето го гледаме чистиот и невин свет, таков каков што го посакуваме, а патот до него е во почитувањето на природните закони. *Нежна завладувачка тежбност ме обзема без причина, која, сега веќе со сигурност знам, не е страв од смртта, туку дел од најболниот и видлив дел од самата смрт. „Толку ли е близу?“ - си мислам. Во паника и ненадеен уплав го дигам и прегрнувам Симеон, го притискам во мене онаков топол, до лудило жив, сè уште со мирис на бебе и на млеко.* Сликата на дедото и внукот во паркот е прекрасен портрет на антиподот живот/смрт. Една совршена слика за двете најголеми противречности врз кои почива светот: раѓањето (олицетворено во ликот на внукот и мирисот на бебе) и смртта (олицетворена во ликот на старецот).

„Чудовиштето“ е роман за љубовта, за невозможната, безнадежна, но чиста и искрена љубов меѓу стариот писател и убавата млада новинарка. Нивните животи се испреплетуваат, но и се заробуваат во синџирите на моралната кауза. Роман за мудроста и големото прашање,

дали е доволна за разумот на разумниот да се исправи пред моралните закони во него. Злото е привлечно, неговата појава секогаш е само навидум случајна, а всушност строго испланирана и контролирана. Во овој роман на Зарев, стариот ранлив, но циничен писател Симеон и убавата новинарка ги спојува омразата. Зарев секогаш во своите романи ги вкрстува патиштата на ликовите од онаа другата страна, од страната на неморалот, омразата, суетата, болката, за од нив да се изроди љубовта. Тој како да ја бара љубовта на невозможни, непристапни места, како да бара бисер во калта, цвеќе во пустинска недоглед, така ја бара љубовта во дното на само навидум потрошеното за љубов, срце. Во потповршинските структури на овој роман е приказната за човекот пред и по вистинскиот духовен животот. Човекот чијшто живот до 10 ноември се развивал по правилата на синдромот „варена жаба“ и оној човек кој, кога ја доби слободата, не знаеше што со неа, како дете кога во рака ќе земе опасен предмет. Говорот на Симеон е vitae description (животопис) на угледен писател чиј татко бил жртва на системот во кој клеветата била алатка, тешка метална лопата со која просечните ги погребуваат интелектуалците, мудрите и слободумните. Секоја болка, неправда, повреда на егото и суетата во ликот на писателот зачнувале по едно мало чудовиште кое ќе почне да се храни за да стане многуглаво, да рикне , сè дур не ја пеплоса душата и не го распарчи телото. Така распарченото старечко тело со мирис на валеријан, се подготвува да се соочи со најголемото од сите чудовишта, стравот од смртта:

Јас навистина се чувствувам уморен, предаден и најважното крајно презрен и сакам да се повлечам од овој суетен свет и да останам како во кажаното, во своите зборови, да се приберам во големата прелолна кука на моите зборови, да го пречекорам праѓот и да ја тресnам вратата зад мене.

Болката е почетокот на секој роман, како и на секој живот. Се раѓаме со болката на мајкиното тело, првиот глас што го слушаме е нејзиниот крик, мешавина од болка и среќа, а заминуваме со сопствената болка, во меѓувреме болуваме многу туѓи болки. Владимир Зарев – соговорник на душата, исцелител на духот, ги романизира токму сите форми на болката. *Јас сум вистинско чудовиште, јас се сакам себеси,* одговара Станимиров. Но, казната доаѓа секогаш доцна, кога немаме сила повеќе да се одбраниме. Љубовта кај него тропнува кога тој веќе е на заминување, со капутот наметнат на раменици. Нија го открива кревкиот и ранлив Симеон кој ја губи сопругата, која била негов најверен читател, но недоволно сакана и длабоко повредена. Тој познат писател, надмен и дотеран господин предаден на пороците, талкач низ долгите „карамазовски ноќи“. Нивната игра е како шах во кој и двајцата започнуваат од иста позиција, но победува оној кој со мудроста и вистинските потези ќе го покори другиот. Нија, свесно кокетирајќи со него, во неговата внатрешна полупразнина ги разбуди машкоста осуетена од старечката немоќ, но и копнежот, да се наслади на убавината. Две противречности во едно тело зграбени од ковчестите прсти на стравот. И стравот е Чудовиште, она подмолно, зајдливо истоштувачки тешко чувство кое му е вечна сенка на човекот, *дека нашето постоење е еден постојан и жилав бесформен страв што нè вшмукува во себе!*

Староста носи слобода, стариот човек е наполно слободен, растоварен од грижите и обврските. Но, таа слобода е како јамка околу неговиот врат, го гуши, му го зема здивот. Тоа е слобода на отсутноста што полека го носи човекот во прегратките на заборавот. Никому не му треба неговото присуство, неговото постоење е само во картичката за подигање на пензијата во банка. Стариот циник Симеон се разоткрива како несреќен маж кој додека бил во брак, ја имал својата жена многу повеќе како парче за лично задоволство, отколку како жена која бара нежност, љубов и разбирање. Тоа што не можел да го даде, сега потајно го очекува за возврат и тоа од млада и неверојатно убава жена, раздразнител на неговата машка повтеж. Преку неа Симеон како да ја освојуваше целата слобода по која копнеел сиот свој живот, слобода на духот кој со младешки елан копнее, а никој не може тоа да му го земе или забрани. Таквата слобода е вистинска и скапоцена. Токму таа жена му го отвори патот на мислата за да може Симеон во целосна егзалтација да ги изложува своите размисли за љубовта, омразата, Бог, власта, смртта, стравот, староста.

Младата девојка со својата „нагледна непорочност“ станува негова секојдневна мисла, средбите со неа се само навидум интервјуа. Животот е игра на постојан избор, човекот е секогаш исправен пред дилемата за вистинскиот избор, но како што вели Зарев преку ликот на Станимиров, секој избор е погрешен. Но, тука има една поголема вистина, дека стравот од смртта се храни од сознанието дека го губиме правото на избор, смртта ни го одзема безмилосно и дрско. *Смртта нè дарува со совршената слобода, зашто ни ја одзема неслободата, принудата да избираме.* Фасцинантни се описите на жената, на нејзината телесна распупеност и игривост. Зарев го набљудува човековото тело како еден вид телесен затвор за душата и вистинските чувства. Старото и опаднато тело, кожа со мирис на валеријан е како оптегната тешка завеса, кулиса на театарската сцена во театарот со мирис на старо дрво и нафталин. Наспроти него, седи младата жена со долги нозе, со оптегната младешка кожа, убавина која го заробува соговорникот како мал инсект во пајакова мрежа. Двата лика како да бараат потврда за сопственото постоење во телото на другиот. Имено, Симеон, остарен писател, навидум недопирлива природа, постои, дише, живее само во деновите кога младата Нија е негов соговорник. Тогаш животот добива смисла, особено кога во разговорот со неа тој ги оживува своите сеќавања, трауми, стравови, едноставно Симеон станува тоа што никогаш не бил (или можеби бил пред 10 ноември), искрен и отворен дух. Од друга страна пак, младата новинарка Нија за којашто читателот знае многу малку, започнува една сосема друга димензија на своето постоење во моментите кога свесно го заробува остареният писател. Таа станува негова креација, се облекува како што тој очекува, нејзиниот говор на телото е во согласност со идејата да се вознемири неговата страст, а начинот на зборување е кршење на замислената бариера за влез во неговата интима. Телото на стариот циник станува обезвреднета мускулна маса што во целост е потчинето на волјата и присуството на младото моме. *Во младоста нè тревожи копнежот да владееме, а во староста,*

дека постепено ја губиме власта над другите, над животот, дури и над себеси, што е всушност стравот од смртта.

Кога животот е на својот залез, кога се сокрива зад грамадната планина, тогаш зад него, само мигум останува жар-црвена светлина што полека се губи и мракот ја проголтува. Таа аловина наликува на човекова крв што ја губи својата топлина тогаш кога животот истекува од нас. Omne animal se ipsum diligit – Секое живо суштество се сака само себе, максимата по која живеел Станимиров, но токму таа се свртува против него и станува негова карма кога во староста започнува да размислува за смислата на љубовта. Самозаборавот е последниот предел до кој патува човековата мисла пред да ја отвори портата кон другиот свет. *Се обидувам да ѝ објаснам на Нија дека веќе, речиси, не си спомнувам за себе. Момчето од толку далечното, всушност, идеализирано, дури и хербаризирано детство во моето сознание, тинејџерот, младиот, а потоа и претставителен маж сум ги заборавил, како да не сум бил јас,* вели писателот. Староста доаѓа, таа е неминовност. Но, токму тогаш во светот на писателот се појавува Нија којашто почнува како со игла да ги вади спомените од потсвеста на Симеон. Хербариумот што го прави во детството е прекрасна метафора за тоа дека откинатиот живот станува бесмислен исушен лист меѓу страниците на животот, а при мал допир се рони и уништува.

Жената со скрстени нозе пред мене е навредливо млада, веројатно нема повеќе од дваесет и пет години ...Името не моето е исто необично, се вика Нија, облечена со елеганта здржаност, блузата ѝ е со жабо и е затворена до вратот, здолништето е одмерено долго и црно, но и покрај напорот да се сокрие во таа непорочност, облеката без да предизвикува и без намера, ја потцртува стројноста на телото, како и малите високи и најрчени гради.

Станимиров започнува да ја создава сликата на идеалната и фатална жена којашто можеби некогаш ја посакувал, но никогаш не ја сретнал. Сега на залезот од животот таа се појавува низ маглите на самозаборавот. Дали е вистинска или е онаа посакувана virgo intacta (недопрена девица) од младоста?! Потрагата по совршната убавина од една страна е најбесмислената потрага по која тргнува човекот, а од друга страна пак, само така може да се стигне до вистината во која веруваше Достоевски, дека само убавината ќе го спаси светот. Младата жена доаѓа за да го казни, бидејќи со неговиот последен роман тој предизвикал силна емотивна бура во нејзината кревка душа. Таа доаѓа со изговорот дека сака да напише книга за него, но разбира дека тој што ја поднел најголемата болка на животот е самиот писател. Преку неговата и нејзината приказна, всушност како читатели осознаваме дека и двајцата ги спојува омразата, veritas odium parit (Вистината раѓа омраза), Станимиров кон егзекуторите на неговиот татко, а Нија кон истите тие кои го уништиле животот на нејзиниот дедо. И едните и другите, израстоци од главата на режимското чудовиште.

Цела една филозофија на човековото постоење се отвора пред нас. Зарев преку своите ликови размислува за Бог и неговото место во животот на човекот, за присуството на Антихристот на земјата, што тука е олицетворен во владетел, пари, Интернет. *Интернет што е сè и ништо, знаење и хаос, општење,*

пазар, искуство, забава, тавтологија, порнографија, површност, безочност, скапоцен прирачник. Чудовиште, без кое се чувствуваме отфрлени и ранливи, без кое се чувствуваме збркани и беспомошни, без кое не можеме, без кое не можам и јас, зашто ни е нужен како храната, надежта и домот!(„Чудовиштето“). Во една таква анархија, човекот е фрлен во средината на огнот и е оставен сам да се спасува. Во такви тешки денови на искушенија, се среќаваат два типа луѓе, вели Зарев: *едните кои целосно се потчинуваат на власта на Бога и другите кај кои човечкото ѐго ја дели власта на Бога со сопствената желба, со сопствената суета. Понекогаш суетата надвладува над желбата да се потчиниме. Таков сум јас, тие луѓе вообичаено го бараат Бог на друг начин, преку спознанието. А тоа е најтешкиот, најмачен пат да се стигне до него. Спознанието е бескрајно, непрекинато се развива, се зголемува, отфрла дел од себе, додава друг дел, спознанието секогаш носи колебање и сомнеж.*

Но, единственото спознание до кое човекот мора да надрасне е спознанието за љубовта и среќата. Кога среќата не би се поистоветувала со материјалното богатство, тогаш човекот би ја сфатил нејзината комплексна природа, дека среќа е да љубиш и да бидеш љубен, среќа е здравјето, семејството, создавањето. Таа е универзалната порака што се исчитува на крајот од прочитот на двете дела на Владимир Зарев. Во интервјуто со Наделина Анева, Зарев вели:

Едно од најважните нешта за мене е јазикот. Светот во кој суштествуваме е реален, но тој свет околу нас како да е во некаков постојан полусон, во некаква унесеност, и тој треба да биде повикан за да се разбуди. Јазикот е моќниот мускул што го разбудува светот околу нас и му придава смисла, длабочина и значење, му дава памет и може да го трансформира во историја. Кога бев млад имав неспокојство од мислата дека творењето е голем грев, Бог е творецот, а ние сме неговите создателства, тој е сликата, а ние ликот. Сега мислам поинаку, дека творењето го раширстранува Бог, го раширстранува неговиот свет. Преку творењето, тој ни го дава правото да се измериме со него.

Бог му го подарил умот на човекот, со тоа го доближил до сликата за себе. Човекот заборави дека токму творењето го прави суштество допрено од Божјата рака, но и го обврзува да создава за доброто на човекот и светот. Германската критика го нарекува Зарев „бугарскиот Балзак“. Не станува збор за обемноста на делото (Балзак напишал 100 книги), туку станува збор за нешто друго. Имено, Зарев е мозаичар на описот, детален, скоро минималистички пристап кон нештата што ги набљудува. Неговиот опис наликува на поврзување камчиња по боја, големина, форма за да се создаде големата слика. Читателот како набљудувач добива претстава за тоа дека авторот поседува квалитети на генијален сликар, умее да ги препознае боите и со нив да создава многуслојни описи. Кај Зарев не постои непотребен детаљ или залудно испукан куршум, неговите описи самите од себе искрат. Таквиот „балзаковски опис“ го прави авторот неверојатен набљудувач на стварноста, набљудувач кој виденото и доживеаното го трансформира во слика со форма, боја, мирис, вкус, чувство. Негова посебност се жените. Умее да ги види и опише од сите страни на нивната надворешна појава, но и да

го откриe тој толку длабок, богат, но и распукан емотивен свет, тло постојано поместувано од големите емоционални потреси. Во неговите дела жената е мајка, ќерка, љубовница, блудница, несреќница. Преку ликот на жената, мажот се осознава себеси. Таа е клучот за влез во тајните светови на машката интима. Во романите на Зарев жената не е само страст, таа е огледало за вистинскиот лик на мажот. Во нејзините очи се крие вистинскиот одраз на неговиот лик, навидум груб и насилен, а всушност нежен и гладен за вистинска љубов. Борејќи се да ја извади на површина љубовта како давеник од длабоките води на морето и тој самиот е повлечен од неа. Затоа кај Зарев ликовите се претставени во парови, сопружници, љубовници, во релации низ кои се откриваат едни со други, ги откриваат своите мрачни страни, но и својата доблест да љубат, да побараат прошка, но и да ја дадат. Ликот на Симеон Станимиров е налик на Одисеј кој на своето иницијациско патешествие назад кон домот, се соочува со Сцила и Харибда. Станимиров е Одисеј кој одејќи кон себе, всушност се враќа назад кон колевката на сопственото раѓање. На тој пат ќе се соочи со сите чудовишта кои се хранеле од неговите плот, его и суета, а до нив ќе го донесе Нија, неговата Сцила.

Во интервјуто од септември 2017 година Зарев си го поставува прашањето: Дали ќе успее да го заврши романот „Заборавот“, а кој подоцна ќе го нарече „Чудовиштето“? За бугарската критика, романот „Чудовиштето“ е лебедовата песна на Владимир Зарев. *Ништо не останува засекогаш,* вели Зарев на почетокот на „Чудовиштето“, па ни љубовта. Останува само споменот за неа, нејзината сенка, нејзиниот здив. Колку е човекот мал и ништожен кога согорува во својот копнеж да се одложи крајот, смртта да се смилостиви да го остави уште малку да се насладува на љубовта. Но, дали таа негова желба не е крајно себична и горка?! Зарем е малку еден човечки живот за да се љуби и да се биде љубен?! Булгаковски е крајот на Чудовиштето. Искупувањето доаѓа преку љубовта, оти таа е чистата есенција на постоењето. Без неа не би можеле да преживеат ни злото ни омразата, бидејќи на кантарот ќе си тежат самите на себе, ќе немаат противтежа. Вечни се битките човекови со себе, со другите, со природата, со животот и смртта. Мегдани многу, а еден живот. *„Ме погледна зачудено, а јас изненадно и сосема неочекувано сфатив дека целиот свој живот ја сакам токму таа жена”* вели Булгаков во своето ремек-дело. Таков е Симеон Станимиров кога, набљудувајќи ја Нија, се нурнува длабоко во сопствената душа за да види дали навистина таму останало нешто недолубено. Возможна ли е љубовта во време кога животот дише со асматичен тон, или пак таа нема свое време, бидејќи е категорија што доаѓа од светови лишени од темпоралноста?!

Единствениот пат по кој човекот оди за да се издигне до сферите на вечното паметење е да се вложи себеси во духовното растење на својот народ. Тоа е налик на подадена рака за поткрепа кога малото дете проодува по патеките на новиот живот. Така, уметниците и писателите се ракуваат со својот народ, нивното дело е топла дланка за потпора кога неговиот нивниот ги прави своите први сигурни духовни стапалки. Владимир Зарев ѝ се оддолжил на својата родна земја преку делата што ѝ ги остава

во наследство. Во нив е сржта на еден човечки живот изѕидан од радости, таги, страдања, стравови, душевни потреси. Цела една филозофија на краткиот човеков живот. Неговите филозофски погледи на круцијални теми како што се: смислата на животот, смртта, стравовите, владеењето ги остава на страниците на делата , оживеани преку живо портретираните ликови. Неговите романи се полифонични структури со повеќеслојни насипи на теми, богатство од зборови, раскошен израз, а едноставен и јасен стил. Таквата рамнотежа се постигнува многу тешко, а за читателот, таквите дела наликуваат на пловидба по разбранувано море. Авторот поседува една широкостраност и далекувидост за историјата, но и за иднината на својот народ.

Македонската читателска публика има можност да го чита Зарев во превод на македонски јазик направен од Бранислав Мирчевски. Воодушевувачки пристап на преведувачот кој паралелно ги владее и македонскиот и бугарскиот јазик, бидејќи се дел од неговата генетска матрица. Преведувачката постапка на Мирчевски се приклонува кон старите форми што иако се приклонуваат кон пасивната лексика, повторно оживуваат со сета своја раскош и убавина. Јазикот има длабочина од која можат да се извадат формите што имаат многу душа и многу силно го одухотворуваат текстот. Тој го набљудува текстот, а со тоа и јазикот на естетска категорија и така им приоѓа во својата оригинална преведувачка постапка. Преведувачот ја истакнува својата верзираност кон техниката на преведување, но во суштина, станува збор за нешто многу подлабоко. Имено, Мирчевски прави превод што се стреми, до величественост да ја издигне вредноста на текстот, да го истакне убавото за да стане уште поубаво, а вредното да истапи напред. Овде не станува збор само за соодветна и прецизна јазична трансмисија, туку станува збор за уметничко пресоздавање на текстот.

Ариан ЛЕКА

ИСТРЕБУВАЊЕТО НА ДРУГИОТ ОД МЕТЕОРОЛОШКАТА КАРТА

Краеви на јаже над бездната на соседството

Зборувајќи на еден англиски јазик како од ситкомот „Пријатели“, којшто почна да се прикажува во Америка една година пред крајот на војната во Босна, таа ми рече: „Јас не се чувствувам Србинка, туку Југословенка. Ме сфаќаш, my friend?“ „Иако Југославија повеќе не постои на ниту една карта, јас сум Југословенка - продолжи таа, гледајќи ме в очи и додаде: - А знаеш ли ти кој е најубавиот југословенски збор? Не? Еве, ќе ти го кажам: *ду-ш-ооо!* Ова е најубавиот југословенски збор, иако југословенството не се учи повеќе во ниту едно училиште. *Ду-ш-ооо!* Сите нации што произлегоа од распаднатата федерација го употребуваат зборот *душо!* Овој збор нè држи обединети, иако повеќе не сме заедно. Го разбираш ли значењето на овој збор? Не? Have a nice flight, *Душо*!, ми рече, и, одалечувајќи се и мавтајќи со рака, одеднаш ме праша: Дали го имате и вие на албански зборот *душо*? Не? Колку лошо! Се живее ли без зборот *душо,* пријателе мој, my Albanian friend?!“

Тоа беа последните зборови што ги слушнав од српската поетеса со која бевме на истиот поетски фестивал. Само што влегов во собата на хотелот, почнав да пребарувам на „Гугл“ за да научам што значи зборот „душо“, којшто, според мојата пријателка, ги држи сè уште обединети разделените нации на поранешна Југославија. Напишав само *duš*..., и „Гугл“ми сугерираше: „Do you mean `Dušan`? Stefan Dušan the Mighty?“

Не! Не барав ништо во врска со Стефан Душан Силниот, под чие владеење Србија го достигнува врвот на територијалната, политичката и културната експанзија. Имав прочитано за него дека умрел во албански Девол, како наследник на Стефан Дечански, име коешто се појавува секогаш кога се спомнува Дечански манастир во Косово.

Јас барав значење само на еден збор. Напишав пак *Duš....,* кога, „Гугл"ми ја сугерира втората верзија: „Do you mean Dušman?" Го прочитав објаснувањето на екранот: „Düşmen". Збор позајмен од отоманскиот турски.

Освен како топоним – во формата „Душман" – овој збор воопшто непознат за мене сум го сретнал кај Теодор Ипен, кој, како што проверив, во бројот 12/1928 година на списанието „Дитурија" на Лумо Скендо го објавил текстот „Албанија поделена на регионални владеења", каде се споменува и „Лук Душман, господар на Пулт". Години подоцна, во списанието„Хили и Дритес", Бр. 1/1936, во текстот „За што се обвинува Скендербег?", П. Марин Сирдан го споменува и Лек Душман, принцот на Задримје, кој „заедно со другите принцеви Тоски и Геги", се приклучил на Лигата на албанските принцеви, во која „Скендербег едногласно бил избран за главатар и врховен генерал на војската на федерацијата". Подолу во текстот се зборува и за еден друг „Душман", со името Ѓерѓ, кој за разлика од првиот, „ја држел страната на Венеција". Но, работите не запираат тука.

Душманите зазеле големо место во албанската култура, почнувајќи од „Епот на јунаците", каде што се пее како „Во Високите Планини [11] душманот седнат сретпат крснозе, потоа застанал до *„Лахуштата на Малесија"*[12], во која се пофалуваат албанските момци што биле „први на бојното поле" и „најсурови спрема душманите". Само што „нашите душмани" биле не само луѓе на јатаганот, туку и луѓе како бискупот на Пулт, Пал Душман, кој независно од тоа што за Папата се викал Паоло Дусо/ Дусманус, а за Србите Павле Душман, бил и автор на хроники и биографии и се верувало дека влијаел за помирувањето на Скендербег и Лек Дукаѓини.

Но, зборот „душман" не се наоѓа само во еден јазик и во една култура. Тој збор претставува бедем пред пуританските акции што стремат кон прочистување на балканските јазици од секаква трага и присуство на туѓите. Зборот „душман" се покажува многу стоички и не само што не исчезнал, туку си ја зачувал истата смисла секаде. Зборот „душман" има исто значење како за Албанците, така за Србите, Црногорците, Македонците, Хрватите, Бошњаците. И по повеќе од еден век независност од Турција, зборот „душман" продолжува да ги држи заедно балканските кандидати за Европската Унија, присеќавајќи ги на корените на непријателството. Повторно ми одзвонија во ушите зборовите на мојата српска пријателка, која ме праша дали можеби и во албанскиот јазик има скриено некое „Душо!"

Пребарав на Јутјуб и го слушнав гласот на скадарскиот пејач: „*Shyqyr Dush-o' që t'kam kojshie / Kur t'mërzitem, o vij e rrije". (Фала Богу Душо,* што си ми комшика / Кога тагувам, доаѓам кај тебе да си поседам). Два краја на јаже оптегнато над бездната на соседството:Dušo – Душо; Dušman – Непријател.

11 Топоним, во циклусот на песните на албански јазик, Епот на јунаците. (Забелешка на преведувачот)
12 Книжевно дело на албански јазик. (Забелешка на преведувачот)

Пронаоѓачите на хедонизмот и плацентата на непријателството

Кога патуваш низ Балканот, треба да бидеш подготвен за секакви случки. Во овие предели, луѓе поспособни од мене не успеале да го предвидат почетокот на светските војни, а камоли настапувањето на некоја бура, како што сакав да направам јас, обидувајќи се да го предвидам времето преку она малку небо што се покажуваше низ прозорецот. Но, последните часови на чекање се исполнети со кошмар и лоши претчувства. Што ако поради силните врнежи се откажат летовите?

Со овие сомнежи во глава, го зедов далечинското и почнав да вртам по каналите за да најдам временска прогноза. Не требаше да го познавам јазикот. Не ми требаше ниту „душо“ни „душман“. Доволни ми беа линиите на воздушните фронтови, небаре не станува збор за климата, туку за воени фронтови.

Број 1: БХТ 1– Сараево. Број 2: Војводина - ВЕСТИ Нови Сад. Потоа Љубљана, Подгорица. Пред очи ми минуваа порно со ознаката 18+, емисии за био-продукти, прескапи за луѓето од најсиромашниот европски регион, политички дебати, продавање часовници и бижутерија и рубрики за готвење без кромид и лук, што им дозволува на луѓето да се бакнат без страв од балканскиот смрден здив. Сè, но не и емисијата што ја очекував.

И неочекувано на екранот се појави оро со песна што ја имав слушнато кога патував од Скадар кон Црна Гора: „Ajde Jano, ‘ajde dušo, kolo da igramo. Ajde Jano, ‘ajde dušo, kolo da igramo! Ajde Jano, ‘ajde dušo, konja da prodamo! ‘Ajde Jano, ‘ajde dušo, kuću da prodamo! Da prodamo, Jano dušo, samo da igramo!“[13]

Беше тоа 7/8-ски ритам, смирен, меѓубалкански, ритам којшто откако Балканците почнаа да војуваат под Марсовиот ритам, остана без етничка припадност. Времето од песните, кога човек не зграпчувал оружје, туку пила за да го сече кипарисот што му го попречува погледот кон убавата сосетка, е далеку зад нас. Никој повеќе не полудува од љубов, онака како што се пее во полифонијата од југот на Албанија:

„Do marr sharrën / Do sharroj selvinë/ Thëllënxë, moj /Gush e bardhë, moj / Pse s’mëflet o me goj’ / Do sharroj selvinë, moj / Ty të t’bej sehirë / Kur mbledh trëndafilë, moj / O për dashurinë (Пила ќе земам/ Кипарис да пресечам / Еребице моја/ Гугутке бела / Што не ми зборуваш / Ќе го пресечам кипарисот / Тебе да те гледам/ / Кога собираш рози/ Во име на љубовта).

На крајот на песната, српските љубовници не го продаваат коњот, не ја продаваат ниту куќата за малку повеќе радост. Ниту албанскиот љубовник зел пила за да го исече кипарисот што му пречел да ја види убавата сосетка. Од изумител на хедонизмот и комедијата, Балканците се претворија во хранлива плацента за непријателството.

Кога почнало непријателството помеѓу соседите на Балканот? Весниците, екраните и политичарите цело време потсетуваат на вековните војни и векови-

13 *(Ајде Јано, ајде душо, на оро да се фатиме. Ајде Јано, ајде душо, на оро да се фатиме. Ајде Јано, ајде душо, коња да продадеме. Ајде Јано, ајде душо, куќа да продадеме. Да продадеме, Јано душо, и само да играме!)*

те на омраза. Сосема прифатливо е дека тие војни биле започнати во предисториски времиња, додека балканските соседи, „со омраза кон пријателството сме се раѓале/имаме помеѓу нас едно небо и земја!", како што учат во албанските училишта. Притоа, се создава впечаток дека некој едвај чека да му даде шовинистичка содржина и на случајот со Краље Марко (историскиот херој кој за сметка на султанот, со помош на самовилата, и со ножот скриен в појас, го убил Ѓето Башо Мујо – Албанецот со три срца или со три змии во градите), како што читаме во епот кај Вук Стефановиќ Караџиќ, во кој се наоѓа и покајничкиот стих: „Милостив Боже! Убив подобар од себе!" Секогаш кога ќе чуеш разговор или вест за меѓуетничка венчавка на Балканот, имаш чувство дека некој неизоставно ќе те потсети на жената на Краље Марко, која му се жали на мажа си „Барем некој жив млад Албанец да ми донесеше / на децата наши дадилка ќе го сторевме."

Држава останата без клима и непретставена на метеоролошката карта

Такви мисли ми се роеја во главата чекајќи временска прогноза, но за бељa такво нешто не се појави на ниту една телевизија. Сепак, взори, телевизиската станица што ја емитуваше „Ajde Jano", започна со вестите и веднаш по вестите, РТРС ТВ – Телевизија на Република Српска ја прикажа шпицата за долгоочекуваната прогноза.

Еден маж на педесетина години го исполни екранот со телото и почна да ги објаснува синоптичките табели за времето над Балканот. Имаше незадоволно лице од оние што животот ги тера да менуваат професија во зрели години. Што ли работел претходно човекот со темен костум? Не ми беше потребно да го знам јазикот. Доволни ми беа неколку симболи и картата на регионот. И покрај заморот на лицето, прогнозерот на времето се покажа моќник; како да ги имаше под своја контрола не само територијата, туку и оперативните зони на атмосферските притисоци. И тогаш нешто неверојатно се случи на екранот, пред мои очи.

Воздушните струи што го покриваа просторот на Балканот, ги прекрија границите. Облаците и врнежите магично ја пресоздадоа Метеоролошката федерација на бивша Југославија. Државите разделени на федеративната карта со војна, како да ѝ беа потчинети на прачката на мажот којшто ги следеше движењата на воздушните струења како офицер што го следи движењето на војската на топографска карта. Изгледаше како прогнозерот да командува со војската на облаците, артилеријата на бурите и авијацијата на грамадните дождови над немирниот балкански регион.

И штом ја заврши работата со облачноста, почна да ги чита температурите: Белград 7 Целзиусови степени. Подгорица 10. Атина 13. Софија 12. Букурешт 11. Анкара 20 степени. Будимпешта 9. Потоа прогнозерот, климнувајќи со главата, го заврши прилогот со „Hvala... i laku noć!" (Благодарам... и лека ноќ!)

Поради формалното непризнавање на независноста на Косово од страна на

Србија, можев да претпоставам зошто Приштина исчезна од метеоролошката карта на врнежите во нашиот регион. Додека прилогот се емитуваше на екранот со пари дадени од државата, и спортот и времето станаа заложници на политиката и на климата што таа ја произведува. Косово било и мора да остане Србија, не само во политичките вести, туку и во временската прогноза. Косово ни климатски не може да биде независна држава. Треба да остане со истиот статут: автономна покраина на картата на врнежите на Србија. На крајот на краиштата, зошто треба да се делат на небо оние што биле и ќе бидат засекогаш заедно на Светата Земја, како што велат милитантите на изборните митинзи и навивачите од двете страни на стадионските трибини?!

Гледајќи како една независна држава како Косово, исчезнува премногу лесно од метеоролошката карта, почнав да барам временска прогноза и на други телевизии. Љубљана. Загреб. Белград. Сараево. Скопје. Тие градови не беа исчезнати од метеоролошката карта. За нив има место на картата на врнежите. Но, кога прачката на прогнозерот требаше да застане над Тирана, тој се тргна и се насочи на Атина. Каква зла судбина ги сполетала главниот град на Албанија и еден милион негови граѓани, па да останат без клима и непретставени на карта? Како да беа бутнати под темниот ракав од палтото на прогнозерот, како некогаш Евреите во нацистичките логори, како денес африканските емигранти во Европа, за да исчезнат – најпрво од метеоролошката, а потоа и од антропогеографската карта на расите и народите? Така, денес можеш да имаш метеоролошка карта без Албанци, чиста и добро светната. Вистина, денес никој не те исфрла од политичката карта без одлуки и големи конвенции, но за да те избришат од метеоролошката карта, не е потребен голем труд. Секој кутар говорник или секоја тивка говорничка на јавните или националните екрани во Балканот може да те истреби од синоптичката карта на нискиот и високиот атмосферски притисок. Гледачите нема ни да забележат една таква ситна промена како исфрлањето од метеоролошките карти за врнежите. Згора на тоа, тие нема ни да веруваат дека е тоа работа на уцена, агресија или саботажа. Никој нема да го забележи отсуството на Албанците, на Србите, на Црногорците, на Македонците, на Бошњаците, на Грците или Хрватите од метеоролошката карта. На крајот, што се случи? Смешно е и да се помисли. Балканците не се оние од порано, кои пиеја крв и пееја дека на жив човек џигерот ќе му го изедат. Станаа толку деликатни што се жалат дека некој ги избришал од картата на временската прогноза за денес, за утре и за деновите што следуваат.

Секогаш некој недостига на картите:

Kill that Eagle! - Töte den adler!

Додека не дојде моментот за тргнување кон аеродромот, го минував времето гледајќи ги картите-страшила со исчезнати држави, над кои се испишани зборовите: „Kill that Eagle" или „Töte den adler". Тие беа трогателните алегории на Паул Хадол, на Фред В. Росе и на другите карикатуристи, во кои европските сили и балканските сили по Лондонската конференција зимата 1912-1913, по атентатот во Сараево и по анектирањата во годините 1938-1939, се олицетворуваат како мечки, мајмуни, двоглави Кербери, кукавици, ноќни лилјаци, гаврани, бувови и октоподи. Тоа некогаш била претставата за другиот и за нашите соседи. На екранот се појавија високи функционери на балканските држави кои со смрзнати насмевки и меркантилна преданост кон европската понуда, си ги стискаа дланките, повторувајќи ги слоганите за нормализирање на односите меѓу соседите и надминување на вековното непријателство.

Тргнувајќи од фактот за исчезнувањето на другиот од метео-картата, по враќањето во Тирана сакав да проверам како се третираат соседите во временските прогнози во Албанија. Дали и во Албанија има случаи на шовинизам во метеоролошки формат, каде „другиот наш" се брише од метеоролошката карта, како да се работи не за прогноза за времето, туку за стратегија за етничко чистење. За жал, во низата национални телевизии во Албанија се случуваше истата појава. Секогаш некој недостасуваше на картата на метеоролошката прогноза.

Се повторуваше секој час, упорно репризирајќи ја истата клетва. Исчезнување. Неспомнување на името. Особено на проблематичниот сосед. Телевизиските гледачи на земјите во балканскиот регион – ученици коишто ја учат историјата на омразата од изборните митинзи и националистичката географија, од спортските вести и од метеоролошкиот билтен на екранот – сега веќе го имаа тајното оружје за уништување на соседот. Процесот трае многу кратко. Како и сите анестезии. Некои невини временски делчиња посветени на секојдневното занемарување на другиот – соседот, се способни за да нè хранат со црното млеко на Паул Целан. Омразата ја консумираме секое утро и секоја вечер, *во сеќавање на твојата златна коса, Маргарета,* која стана сивкаста, *како твојата коса, Муламит.* Мислам за скриените форми, упорните пропаганди, елаборатите со геноцидна основа, кои исто како и популизмот, милитантизмот, авторитаризмот и автократијата, воскреснале силно во балканскиот регион, и покрај медиумите и социјалните мрежи.

Сега се потсетувам на една фотографија од периодот на комунистичката изолација. На неа се појавуваат двајца луѓе, целосно непознати, но слични на нашите родители, кои, за да се заштитат некако од врелото сонце на плажата со златен песок на албанскиот Јадран, не седат стуткани под сонцобран, туку во сенката на лимена табла што наликува на примитивна форма на билборд.

На лимот, со големи букви, без точка и запирка, со националните бои - црвено и црно - е испишана паролата за која се веруваше дека ќе ги заштити од зрачењето на непријателските телевизии на соседите не само оние двајца кутри луѓе, туку и сите други коишто се засолниле под лимовите на медиумските слогани. И денес може да се прочита истата порака: „ЦЕЛТА НА БУРЖОАСКО – РЕВИЗИОНИСТИЧКАТА ТЕЛЕВИЗИЈА Е ДА ГИ ДЕГЕНЕРИРА МАСИТЕ!“. Чудно како сме сè уште живи и сме го преживеале медиумското зрачење на соседите, иако тешко е да се каже дека сме се спасиле, дека сме живи и здрави и дека жариштата на омразата и на неприфаќањето на другиот згаснале и исчезнале еднаш засекогаш.

Сузана МИЦЕВА

ИВАН КОТЕВ – ПОЛОВИНА ВЕК ЧУВАР И ЗАПИСНИЧАР НА НАРОДНИОТ БИТ

Ниту една импресивна градба изградена од човекот, ниту најцврстата карпа создадена од природата, не се отпорни на силниот бран на времето. Доаѓаат денови кога, она што е создадено, се претвора во пепел. Но, човекот, тој вешт градител, наоѓа начин да зачува парче од себе, дел од своето постоење. Како гулаб гласник му патува пораката, ги минува временските бариери да им каже на оние по него кој бил и оти бил, не било пустеж сè пред него. А има ли друг начин да стигне пораката, ако не преку духовната оставнина, што како најскапоцен ковчег е пренесена во нашата суштина, честопати без и да бидеме свесни колку е важен и единствен тој товар што со себе го носиме. Истражувањата на идентитетот се многу сложени, но не постои истражувач што ќе го заобиколи фолклорот како извор, бидејќи во него се огледуваат многу колективни и лични идентитетски битки. Македонскиот идентитет може да се изведе од три темелни ентитета: античка Македонија, славјанство и христијанство. Особено за последните два, како мотиви може да се истражува во фолклорот.

Фолклорот за многумина е дел од минатото, конзервирана историја и на него честопати се гледа со симпатија, а се посветува внимание ретко и по потреба. Заеднички и општ е впечатокот на фолклористите дека државата сè помалку инвестира во проучувањето на фолклорот. Спротивно на сето ова, еден современ Дон Кихот го има за своја страст, хоби-речиси професија и втор идентитет. Многуликовен е собирачот Иван Котев, слоевит човек кој со сопствениот пример нè поучува, ни покажува како изгледаат децении трпеливо тапкање на нерамен и правлив пат. А го чекорел, го набивал тлото од Робово до Старо Коњарево, од Струмица преку Собри до Дојран, од Дабиле преку Босилово до Иловица. Нема село во кое неговата нога не стапнала, во кое не поттикнал човек да пее, да раскажува. Нема таков со кого тој не скршил муабет-два. „Работа и стари палтѝна сè ќе си има“, вели Иван на прашањето работи ли некој материјал во моментот. Во една прилика го прашав како ја плете мрежата на информатори, кој е тој таен котелец што го извлекува и му ја прави плетката вешта, посебна. Иван рече: „Информаторот мора да почувствува дека е важен. Не дека е до тебе, туку

над тебе. Не смееш да му пристапуваш со големина, со надменост, или резервиран". Јас додавам: Треба да си топол, приспособлив, кроток. Да се оформува како тестото што расте до топлото ќумбе. Дури тогаш ќе нарасне песната во градите на пеачот како погача, како пресен леб ќе му се срони од устата. За тоа како ја чекал песната, приказната, Иван има бројни анегдоти. Како што рибарот е подготвен цел ден и цела ноќ да чека рибата да го фати мамецот, така и тој не еднаш преседувал цела ноќ во некое задимено, скудно сопче за да ја слушне ветената приказна. За една песна цел ден пиел со домаќините и на крајот, информаторот се опил и песната останала неиспеана. Исто така, тој преспивал во чудни околности во домови на луѓе што првпат ги видел, само за да ја има можноста да ги орасположи, да ги одоброволи да споделат нешто од себе, нешто свое.

Тој нѐ соочува со некои важни прашања за секого од нас: Колку сме подготвени да се жртвуваме за она што ни е позив, одбран пат, сакана дестинација? Иван Котев пред сѐ ја имаа таа природна предодреденост за тој повик. Тој не е нестрплив човек и не е готован, што би рекле струмичани. Готован значи дека чека друг да му организира сѐ, а тој само да дојде и да го снима информаторот. Сам ги одредува работните, а неплатени часови, сам го диктира темпото, а тоа никогаш во овие 50 години не било ниту лесно, ниту бавно. И овие случки не се со одреден број луѓе. Туку со повеќе од 1.000, според некои забелешки на Иван. Најголем дел од таа заокружена бројка, околу 1.000 информатори е снимена во нивните домови, во домовите на блиски роднини или пријатели, во селското училиште, домот на култура и сл. Сепак, во некоја автентична и позната средина за нив. Тие фолклорни материјали снимени во стотици различни села и градови во регионот се исклучително податлив материјал што допрва ќе биде предмет на идни научни проучувања. Исказите, информативниот разговор со информаторите, пеењето на песните и раскажувањето ни даваат увид и во развојот на струмичките говори, различните дијалекти што варираат дури и од село до село и можат понатаму да послужат и за истражувања во областа на дијалектологијата. Токму народните говори се основа врз која можат да се прават истражувања, особено од перспектива на неколку децении, како и промените што тие ги имале под дејство на стандардниот јазик. Затоа што, најпосле, не постои толку изолиран говор којшто немал никакво влијание, но колку и какво, можеме да видиме токму од записите на Котев.

Во Дабиле има две личности за кои со сигурност може да се каже дека се легенди: едниот е Атанас Караманов-локален херој, војвода. Другиот е Иван Котев, архивар на херојските и не толку блескавите настани, човек што длабоко навлегол во селската историја, локалната култура на живеење, внимателно ја прочува и запишува и е познавач не само на приликите, туку на целиот некогашен и сегашен амбиент и толку многу има собрано од тамошните жители, што како да вдишал од нивниот дух и станал еден од нив. Токму затоа, за Иван може да се рече дека е роден собирач. Зашто токму како дете, самоиницијативно ја наполнил првата тетратка со песни од Робово што ги слушал од мајка си Савета, од сосетките и родниците коишто

се собирале во нивниот дом, а кога биле приликите такви и на дворот, опуштени низ песна славеле и тажеле. Најверојатно, треба да потенцираме дека Иван има најмалку 70 години собирачка дејност, што е податок за респект. За почетоците во фолклорот, Иван вели дека содржината на песната било тоа што најпрво го привлекло кон народното творештво. „Мама ја пееше песната за Ѓорги Грозникот. Девет си сина мајка имала, девет сина невени, десетти Ѓорги Грозникот. Ме фасцинираше тоа, ме тераше на размислување, каква мајка е таа да оддели едно дете. Ама кога го сторила тоа, црната чума влегла дома и сè покосила. И девет сина невени, и девет снаи невенки, и девет внучиња-невенчиња. Мајката останала сама во куќата како кукавица. Кога се вратил Ѓорги Грозникот, двајцата се прегрнале и мртви паднале. Сè уште не можам да дадам одговор на некои прашања што тогаш како дете ме замислиле“, ќе рече Иван. Но, собирајќи ги, тој добро навлегол во наравот на народниот пејач, којшто бил и праведен и благ, но и суров кон оние за кои пеел. Нивните дела и искуства понекогаш ги величел, понекогаш само ги пренесувал, а неретко и ги казнувал оставајќи ги во народната меморија како антихерои.

Она што Иван Котев го собрал во еден живот, нам ќе ни требаат уште три за да го проучиме. Но, дотогаш да му помогнеме да се издаде, затоа што не му оди лесно печатењето. Со молби, со многу одбиени барања до Министерството за култура, со бројни разочарувања. Се чини, слична судбина дели со многу други македонски собирачи. Кузман Шапкарев во Софија 1882 година, сведочи за еден таков фрагмент од судбината на Ѓорги Пулевски кога вели дека поради сиромаштија, Пулевски сакал да влезе во државна служба за да може материјално да се згрижи колку-толку и да се посвети на својата собирачка работа. „Му рекле дека се прима во служба, но да си го фрли народното облекло и да се облече во европски алишта. Старецот одговорил: “Ако вие сакате да ме принудите да си ја фрлам народната облека со којашто сум пораснал и сум работел толку време за својот народ, тогаш јас не ви ја сакам ни службата, ни платата! И така, си излегол. Оттогаш до денес овој старец стои без никаква служба во претстолнината. Се занимава пак со старини, одејќи меѓу своите сотатковинци дулѓери од Дебарско за да си ги дополнува трудовите. Тој има многу материјал, но му недостасуваат средства за да може да го издаде на свет. Само еден мошне мал дел, и тоа, материјал од новото време го издаде поминатата година во ограничен број примероци, (се однесува на книшката “Македонска песнарка”, објавена во Софија во 1879 год.н.б.) повеќето од кои што ги испрати во Русија до редакциите на весниците“. Не било полесно печатењето ниту на творбите на самиот Кузман Шапкарев. Во 1861 година тој му испратил единаесет народни песни од Охрид на познатиот бугарски писател Георги Раковски. Во пропратно писму му напишал дека има стотина такви песни, но нема средства да ги отпечати. Објаснил дека се најразновидни песни од Охрид. Како и во многу други случаи и кај него љубовта кон народната песна му се развила под влијание на блиските луѓе, поточно на вујко му Јанаки Стрезов, како и Зборникот на Стефан Верковиќ и Зборникот на Миладиновци. Слично било и со Марко Цепенков, кој досега важеше за најплоден македонски

собирач на народно творештво. Сето ова може да биде потврда за тешкиот пат на македонските собирачи на народно творештво, но не смееме ниту да помислиме дека треба да биде правило. Особено затоа што живееме во сопствена, независна земја и не постои никаква пречка да вложуваме во собирањето и истражувањето на материјалната и нематеријална оставнина. Да продреме подлабоко во нашата култура и во нашето минато. Затоа што кога науката нема други докази, за објаснување на многу историски и други факти, се служи токму со фолклорот.

А минатото понекогаш е празна соба полна со духови. Потребен е клуч за да се влезе во тој непознат простор, некој што ќе проветри ќе ѝ даде смисла, зошто таа постои, а со тоа ја полни со музика, со игра, со песна, со збор. Тоа е на некој начин работата на Иван Котев. Да го запише она што нашиот предок го оставил како свое наследство, свој белег на едно автентично живеење, но без ова сведоштво, без клучарот што во некоја рака е и Иван и информаторот, собата не е само празна, ами и глува.

Соња ЕНЏЕКОВА-СОПОТСКА

ФЕНОМЕНОЛОШКИОТ АСПЕКТ НА ЖРТВАТА ВО МАКЕДОНСКИОТ ПОЕТСКИ ФОЛКЛОР

1. Дефинирање на поимот жртва

Во храмовите на архетипското минато се сублимира праелементот наречен жртва, што во себе ја носи амбивалентната природа на животот и смртта. Жртвата во своето семантичко постоење го претпоставува ликот на божеството, свет чин којашто *„првобитно не била ништо друго освен an act of social fellowship between the deity and his worshippers, акт на другарство, на зближување на верниците со нивниот бог.* (Фројд 2006: 132) Средишната оска на секоја религија е обредот – жртвување, што претставува манифестација на светото, чин којшто ја потврдува човековата религиозност и неговото верување во силите што се над неговата природа. Жртвата се јавува како координатор меѓу човекот и природата, меѓу човекот и универзумот, меѓу човекот и божеството. *Жртвувањето во самата сушност претставува чин на испоредувана комуникација. Главните учесници во овој акт, испраќачот и примачот, можат условно да се означат како жртвувател и жртвопримател, кои сообраќаат преку својот меѓучлен - жртвата.* (Лафазановска 1996: 15) Жртвувањето претставувало јавен обред, празник на целиот клан. Совпаѓањето на жртвувањето и празниците ја потврдува тезата дека секое жртвување носи во себе празник, додека празникот не може да се слави без жртва. Основната цел на жртвата е да ја воведе хармонијата во настанатиот хаос, односно да воведе заедништво меѓу членовите во една заедница, на еден индивидуален план и заедништво меѓу заедниците и возвишените сили на едно колективно ниво. Жртвата како пресвет елемент се открива преку митолошките наслојки и историјата на она што се случило in illo tempore, со тоа митот го открива и фактичкиот настап на светото во светот. Формирањето на светото во човековата историја најдобро е прет-

ставено според Мирча Елијаде: *Манифестацијата на светото онтолошки го засновува светот...човекот „домува“во телото на истиот начин како што домува во куќата или Космосот кој за себе го создал.* (Елијаде 1986: 148) Светото како карактеристика на жртвата овозможува да ѝ се доближи профаниот дел од населението и на тој начин се здобива со својата амбивалентна природа, односно од една страна таа претставува насилство, убивање, уништување, а од друга страна таа е раѓање, создавање, прочистување. Просторот на безличното насилство се прекрива преку светото и жртвата што истовремено претставува и злосторство и благодатност. На ваков начин жртвата во себе ја сублимира смртта за да може да се оствари повторното раѓање, прочистување, мир и благосостојба. Чинот на раѓање, гледан низ призмата на архаичниот човек е единствениот чин на создавање, во кој тој има најнепосреден увид и при кој нешто се појавува, настанува, а пред тоа никаде не постоело, односно при кој нешто „настанува од ништо“. (Павловиќ 1987: 14)

2. Жртвата во македонскиот поетски фолклор

Транспонирањето на крвната жртва во бескрвна ни се открива во реминесценциите за првобитното жртвување со космогониско и иницијациско начело во доменот на македонскиот поетски фолклор, особено митолошките, обредно-магиските, календарско-обредните и религиозните песни. Реликти од жртвената пракса се наоѓаат во обредниот фолклор, иако е присутен процесот на контаминација. Циклусот обредни песни започнува со коледарските песни и коледарскиот обичај. Во сферата на социјалните односи, обичајот ја овозможува организацијата на општествениот поредок. Коледарите се јавуваат како културни херои – демијурзи кои ја овозможуваат борбата меѓу доброто и злото. Даровите кои се добиваат при дарувањето го содржат остатокот од крвната жртва со космогониско начело. Овие дарови по завршувањето на обредот се јадат на заедничка трпеза што наликува на митската гозба и ја овозможува рамноправноста, интеграцијата и иницијацијата. *Моралната моќ на јавниот жртвен оброк почива врз прастарата претстава за важноста на заедничкото јадење и пиење. Да се јаде и да се пие со некој друг било истовремено симбол и зајакнување на социјалната заедница и преземање на меѓусебните обврски.* (Фројд 2006: 133)

Коледе леде! / Добро утро домаќинке,/ Да ни дадеш колачиња./ Ако нема колачиња, / да ни дадеш паричиња, / ако нема паричиња,/ џамот оџде на парчиња. „Колачињата“, лебот или погачата присутни на бадниковата трпеза симболично ја означуваат некогашната крвна жртва којашто преминала во бескрвна. Оваа манифестација претставува повторно воскреснување на духот или богот кој умира и повторно се соединува преку замесениот леб од повеќе зрна жито и го симболизира единството меѓу човечкото и божественото. Истата улога ја имале египетскиот бог Озирис и грчкиот бог Дионис, а истата идеја постои и во христијанската идеологија на саможртвата, воскреснувањето и вечниот живот: *Добро утро, стара бабо!/*

Дај ми колач и погача!/Напиј се вино и ракија, /Појди в темна – запали ја,/Сркни каша – попари се /Косни риба – убоцај се! Деструкцијата присутна во примерот наликува на хаосот кој треба преку жртвата да премине во космолошкиот ред и хармонија. Најприсутната коледарска песна и во современи услови укажува на присуството на хаосот што се регулира повторно преку ритуалот на жртвата: ***Коледе – леде, /Паднало греде, /Утепало деде./Деде се мачи,...***

Семантичкото значење на бадниковата вечера се насетува во коренот на ритуалот, но и во митолошките наслојки на песната. Палењето на бадниковото дрвце претставува момент на ритуал, кој има профилактичка функција. Имено, старите Словени во аграрниот период верувале во дрвото како божество. Така, на пример, дабот бил свето дрво каде што се принесувале жртви. Доколку дрвото не дадело плод тоа се палело или при молитвите за плодородие му биле упатувани закани. Меѓутоа, палењето на бадниковото дрвце, како и коледарските огнови симболично го означуваат повторното раѓање на сонцето, светлината што се расфрла низ темнината добивајќи ја својата моќ. Во паганското минато за обновување на вегетацијата и новиот живот се принесувало крвна жртва, со цел божеството да им донесе плод и изобилство на луѓето. Овој обред претставува паганска прослава за раѓањето на младото сонце што ќе ја разбуди сетилноста во природата и ќе го овозможи процесот на оплодување. Таква функција во словенскиот пантеон имале божествата: Сварог, Дажбог, Хорс. Имено, принесувањето жртва на овие божества било во името на космогонијата, процесот на создавање. Новото раѓање и создавање се празнува во божиќните песни. Преминот од човековата жртва во животинска се согледува и во денешниот обичај на Божиќ да се коле прасе. *Всушност, тоа било старото тотемско животно, примитивниот бог, со чиешто убивање ја обезбедувале својата сличност со божеството,* (Фројд 2006: 137) кое во себе ја содржи семантиката на новороденият бог.

Една од причините зошто во обредот на жртвување обично жртвата била млада девојка е тоа што таа во себе ја крие плодотворната, творечка моќ и претставува поетска слика на расплодувањето и создавањето нов живот. Врската меѓу жената и земјата се овозможува преку процесот на раѓање, тајната на создавањето. Таквата врска меѓу сонцето и жената се рефлектира во народната пракса, особено во песната „Јана и сáнцето“: *Ми ја видела сáнцеа мајка, / Ми ја посврши за јасно сáнце, /Ми ја посврши и ми ја зеде.* (Миладиновци,16) Понекогаш како космогониска жртва се јавува и детето кое го принесувале родителите сè со цел да се активираат елементите на родителството, Земјата – мајка, Водата – мајка и на тој начин оваа жртва не се осудува како грозоморен и стравотен чин. Симболиката на жртвата е тоа што во себе го носи семето, даденият лик што треба да се повтори и размножи. *Создавањето е секогаш жртвување. Космогониската жртва претставува една од основните парадигми на создавањето. Таа на своевиден начин ни укажува како настанува она прво и сестрано Создавање. Во овој облик на создавање наидуваме на делење, т.е. распарчување на самата жртва.* (Лафазановска 1996: 21) Диспарагмосот на тоа праисконско битие го имаме во христијанската причест,

во која со Христовото тело и крв ја имаме крвната жртва и нејзиното транспонирање во бескрвна жртва, односно леб и вино. Така на пример, во една ригведска химна се опишува како настанал светот од човекот Пуруша, така што боговите го принеле како жртва и од деловите на неговото тело го создале светот. Во месопотамискиот мит јунакот Мардук ја убива чудовишната Тијамат и светот го создава од нејзините делови. Принесувањето жртва на божествениот олтар претставува своевиден ритуал, односно движењата стануваат носители на значењето, кое подоцна се трансформира во една нова јазична сфера, во силата на зборот, во процесот на синкретизмот. *На космоѓониските митови во развиените митологии одговара просторно развиен и структурно очигледен космички модел кој, меѓутоа, не може потполно да се изведе од космоѓониските митови и може делумно да се реконструира со примена на „имплицитна митологија“ изведена од анализата на ритуалот, од јазичната семантика.* (Мелетински 2002: 258) Имено, жртвениот обред претставува синкретички чин, бидејќи е проследен со танц, молитва со што ја имаме моќта на зборот и неговата магиска функција, притоа сето тоа е проследено со мимики и гестови. *Танцот порано бил знак, а неговите движења „говор“ кој тргнувал од најголемите длабочини на несвесното и им се препуштал на божествените пориви: занесот бил внатрешна присутност на бога. Верскиот и космичкиот танц е обред на идентификување со Творецот и создавањето.* (Чаусидис 1994: 140)

Просторот каде што се принесувала жртвата биле: храмовите, престојувалиштата на божествата, оброчиштето, местото каде се жртвувало курбан / селската жртва, капишта, напуштени светилишта кои се нарекувале требишта, кои според семантичкото значење ја претставуваат идејата за принесување на жртвата. Таа најчесто е искажана со коренот треб, што значи: дека нешто треба, дека нешто има потреба, односно на боговите им се дава она што тие го сакаат.(Леже 1904: 51) Паганските култови се изведувале и на места кои биле наречени светилишта, а тоа најчесто биле во куќата, полето, покрај дрвото кое се сметало за свето, покрај водите. Тие се раѓале во шумите, молејќи се на стеблата; живеејќи во шумите, се молеле на дрвото како на Бог. (Леже 1904: 52) Сите паганси култови се одвивале под отворено небо, со што симболички се укажува на директната врска со божеството. Кај старите Словени постојат индиции дека жртвувањето се изведувало со: фрлање во бездна, фрлање во вода, како и спалување или вsидување. На тој начин на жртвата ѝ се давала можност за спасување. Но, во себе таа ја носи симболиката на семето, односно оплодувањето и создавањето на новиот живот, бидејќи таа ја допира длабочината на земјата или на водата кои алудираат на женските гениталии. *Изораната бразда (особено првата) во ритуалите го добива значењето на отвор во плодната земјина утроба (=вулва). Во неа биле оставани разни дарови и принесувани жртви (најчесто јајца) и обредни погачи. Тоа не биле само дарови за омилостување на божицата – земја, туку обреди со имитативно – магиски карактер, со кои се сакало, низ внесување на симболите на зачетокот (јајцата), земјата да се оплоди, односно истата ситуација да се повтори наесен („како што е земјата*

полна со плодови, така да биде полна и на крајот од жетвата"). (Чаусидис 1994: 158).

Специфика на македонскиот поетски фолкор претставуваат и водичарските песни кои го содржат обичајот на фрлање на крстот во вода, кој упатува на некогашниот пагански обичај – жртвување човечко суштество на божеството на водата, Дажбог. Супститут од човечката жртва се репрезентира во ѓурѓовденските песни. На Ѓурѓовден се коле курбан – жртвено јагне што содржи траги од сточарскиот обреден комплекс и тој курбан се принесува на трпеза и имаме „ритуално јадење на тотемот" со цел да се здобиеме со божествени карактеристики: *- Што ми чинит, што ми чинит Лазаре, мојот татко, /мојот татко? – / - Ми ти колит, ми ти колит, Лазаре, рудо јагне, /рудо јагне, / Ќе те викат, ќе те викат, Лазаре, на првиче, на првиче.*(Шапкарев, 53)

Човечката жртва се репрезентира и во обичајот на Ѓурѓовден да се фрлаат девојки во река и веднаш да се извлекуваат, особено девојки – девици со цел да се измоли плодност и влага. Во нашиот поетски фолклор тоа се насетува преку фрлањето венци од страна на девојките, кои го симболизираат цикличниот вегетативен процес: *Качунчице цветнице, о Лазаре, /Дал је виде Лазара? – /И ја видов, не видов, /На бел Дунав седеше, /Вити венци виеше, / Сем лазарки даваше. . .*(Миладиновци, 576)

Велигденските обреди во себе го содржат паганскиот ритуал на причестувањето со нафора и вино кое го симболизира телото и крвта. Старите Словени се причестувале со глогов лист или пупка од леска и со тоа имаме ритуално јадење на божеството, дивинизација – да се добие божествена сила. *Како знак на оваа замена, повторно се оживува стариот тотемски оброк во облик на причестување, при што собирот на браќата зема од месото и од крвта на синот, не повеќе од татковото, и со тоа се посветува и се идентификува со него. Низ бескрајот на времето може да се следи идентичноста на тотемскиот оброк со жртвувањето животни, со теантропската човечка жртва и со христијанското причестување, и во сите нив може да се препознае ехото на она злосторство што толку многу ги притискало луѓето, а со што, сепак, многу се гордееле.* (Фројд 2006:151) Централен обичај во велигденското празнување е вапцањето јајца што претставува стар обичај и во себе ја носи симболиката на животот и космогониската жртва.

Жртвувањето на Бога доаѓа заради обновување на светот и донесување плодородност, меѓу кои, како уметнички најобликуван се јавува додолскиот обичај. Целта на овој обичај е да предизвика дожд преку кореспондирањето на обредната игра со магиски елементи и ритуално прскање со вода. Ова митско-ритуално сценарио може да се воведе во контекст со космогониската жртва во материјархалниот период на „големите - мајки" - прародителки. Овој вид жртва се среќава и во Дионизискиот култ, што се повторува секоја година во т.н. дионизиски свеченост, претставувајќи ни ја сликата на обновувањето на вегетацијата, плодноста, кој преку процесот на смртта повторно се враќа на земјата во облик на богат плод. Ритуално прскање со вода е *митемата – прскање на Перун со вода и претставува едно симболично усмртување, т.е. враќање во водата - мајка, којашто повторно ќе го роди во*

некој друг облик - дожд. (Лафазановска 1996:28) Во додолската обредна игра главен лик имала додолката - сираче обвиткана со зелени венци и го симболизирала божеството на вегетацијата што умира и воскреснува. Самата додолка или пеперуда се сметала како замена за првобитната човечка жртва упатена кон водата. Сето ова се рефлектира и се симболизира со фрлањето на зелените венци во водата. Космичкиот фрагмент за обновата на природата е реализиран преку обредната смрт на жртвата за да може нешто одново да биде создадено. Во поетската митема за грабнувањето на девојката од страна на змејот ја симболизира човечката жртва, бидејќи змејот се јавува како грабнувач на водата што предизвикува поплава или суша и со неговото убивање имаме повторно реинтерпретирање на обновата на светот: *Во езеро ажџер ненаситни, / Секои ден по еден човек јадит. /Се изредиле сите девојки, / Редот дојде на царева ќерка. / Цар ќерка си ми промени, / Ја промени свила и кадифе, /Ја однесе дури крај езеро, /Крај езеро на ажџер ненаситни; /И тој оба ми ги погалтнал.* (Миладиновци, 11)

Трагите на космогониското начело и космогониската жртва се синтетизирани во разновидните обичаи и песни, кои водат потекло од обредот на жртвување како чин на создавање. Присуството на космогониската жртва ја имаме и во митолошките песни. Симболичната реинтерпретација на жртвата е презентирана во мотивите за самовилското градење: *Град градила самовила /Ни на небо, ни наземи, / Тукутака под облака; / Што дипреци ми редеше – / Сè јунаци одбирани; / Што пармаци ми редеше – / Сè девојки одбирани; / Што пенџери ми редеше – / Сè дечиња одбирани;* (Миладиновци, 3) Во оваа песна го имаме остатокот од материјархатот кога се принесувале жртви на женските божества. На Мокош ноќе ѝ се оставало покрај ножиците и прамени волна како понуда (Васиљев 1928:48). Имено, супститутот од волната ја претставува животинската крв што го смирувала гневот на божицата. Денес, овој реликт постои во ритуалот на крштевањето, кога на новороденчето со ножици му отсекуваат дел од косата. Просторот каде што се одвивало жртвопринесувањето *ни на небо, ни наземи,* го означува преминот од еден хомоген, хаотичен свет во еден космизиран самовилски град, а тоа најчесто се случувало пред влезната порта на градот. Егзистенцијалната оска на една градба претставуваат столбовите што ги поврзуваат трите космички света: небото, земјата и подземјето и го сочинуваат човековиот микрокосмос, центарот на универзумот. Токму поради тоа, тоа е просторот каде што се втемелува човековата жртва, особено младиот неофит, кој во себе ја носи симболичката функција на иницијацијата и космогонијата, создавајќи еден нов свет, нов космос. Денес, имаме остаток од овој паганski ритуал при градењето на некоја нова градба, се коле некое животно во темелите или пак, се оставаат црвени марами што ја симболизираат крвта и милоста на божеството. Крвта секогаш обезбедува стабилност и трајност на градбата...*од суштествено значење за обредот е крвта да се излие од телото на жртвата и да се прелее во нивата, во градината, во земјата воопшто, на домашниот праг или на олтарот како нејзин симболички супститут.* (Чаусидис 1994:371) Симбол на трајност и опстанок претставува мотивот на човековата глава како супститут од чове-

ковата жртва што се принесувала при изградбата на сопствените живеалишта. Егзистенцијалната функција на жртвата се пренесува на градбата и таа се јавува како нејзин постојан чувар со тоа што ја одухотворува преку себежртвувањето. Во митолошките песни како женски божества, кои бараат жртва се јавуваат: самовилите, наречниците, како и ламјата којашто претставува остаток од некое женско божество: *Се разљути самовила / Је одврти црни очи / Црни очи од ѓлобои, / Бели раце од рамена, / Брзи нозе од колена. – / „Ето тебе, руса Стано, / Како се везиш на Велиѓден, / На Велиѓден, на добар ден!...“* (Миладиновци,5)

Самовилите ја извршуваат казната доколку не се почитуваат некои норми и правила. Натурализмот кој е присутен во казната ја претставува суровоста на женските божества. Присуството на диспарагмосот ја потврдува тезата за иницијацискатa жртва и нејзиното бележење со што се доловува симболиката на созревањето. Симбиозата на паганski и христијански елементи ја покажуваат суштината на паганската практика што долго време успеала да опстои. Наречниците ја земаат својата жртва преку прорекувањето: *Треќа велиш: „Нека растиш дете, / Да се сториш јунак за женење, / Ќе му свршеш убаа нееста, / Ќе му свршеш и ќе ја земееш; / Ко ќе одеш у црков на венчање, / **Тоѓа јунак да си ѓо земиме...**“ / Нарачае и си побеѓнае.* Иницијацискатa жртва се јавува во обредните песни, особено во описот на обичаите при свадба. Супститутивната човекова жртва како процес на иницијација се среќава во обичаите при стрижење и бричење на младоженецот што може да се сфати како негово саможртвување кое му обезбедува премин од еден социјален статус во нов, кој е повисок и посеопфатен, а жигосувањето на млада девојка или јунак ја одразуваат симболиката на зрелоста: *Зетето му куќи со четири порти, / На првата порта два лебара месе‘, / На втората порта два касапа коле‘, / На третјата порта два ахчи ѓотфе‘, / На четворта порта зето ѓо кичеа. / Зето ѓо кичеа, свадбара се радве‘.* (Шапкарев, 178) Овој ритуален процес се одвивал преку симболиката на смртта и новото раѓање, препородување. Во најархаичниот стадиум од човековиот развој, привремената смрт на неофитот се одвивала во облик на голтање од страна на некое тотемско животно, звер, демон или чудовиште, по што следувало негово исфрлање од утробата на животното и тоа во форма на ново лице:***„ . . .ми излеѓла ветерна ламја,*** */ Од длабоко море во Солунско Поле; /* ***Му ѓолтнала дете*** *од шатора.“*(Миладиновци, 66) Сето тоа ја има улогата на машкиот принцип и се смета дека потекнува од периодот на патријархатот. Симболиката на ова голтање е враќањето на почетокот во ембрионалната фаза, фазата на чистото и исконското, а утробата на животното преку сценариото на магијата му ја обезбедува зрелоста на неофитот. *Во овие случаи regressus ad uterum се извршува со цел кандидатот да се роди за нов начин на постоење или да се реѓенерира. Од структурална ѓледна точка, враќањето во матката соодветствува на враќањето на Универзумот во „хаотична“ или ембрионална состојба.* (Елијаде 1992:91) Друг начин на созревање на неофитот е преку процесот на распарчување на телото, варење, спалување и негово повторно враќање во поинаков живот: *Да искарах еѓнето од раженоѓ, / Да наденах машко дете; / Го*

наденах на раженоѿ / И ѓа накарах да ѓо ѿече! / Да ѓа исѿече и ѓ'искарах, / Да и давам да си руче. (Шапкарев, 14) Процесот на оживување е по пат на магиско - ритуални дејства со составување на распарчените делови или пак, со истурање на некоја животворна материја како што е крвта и живата вода. Осакатувањето на поединечни делови од телото се среќава во поетиката на фолклорните песни, особено во песните за самовилите: *Ајѿи Марко, ајѿи добар јунак! / Немој кални ѓора Димна - Гора, / Туку кални сѿара самовила / Шѿо собрала седумдесеѿ клаенци, / Да изнесла на врв ѿланина, / Да ѿродааѿ еден бардак вода, / Еден бардак за црниѿе очи.* (Миладиновци, 9) Просторот каде што се одвива овој мистериозен и скриен обред претставува и нејзината таинственост, која се смета за главно престојувалиште на божествата и царството на мртвите. Токму шумата е местото каде што се испраќаат јунаците од сказните за да го поминат патот на искушението и да се вратат поинакви. Целта на иницијациската жртва е да се постигне бесмртноста преку процесот на соединување на жртвата и создавањето, односно победата над смртта со помош на самата смрт. Оваа идеја е застапена и во христијанската идеологија со жртвувањето на самиот Исус Христос кој со смрт, смртта ја победи и воскресна од мртвите. Процесот на калемење на новата христијанска вера, религија бил долг што не можеле да се искоренат култовите, обредите на паганските Словени, туку само им се дало ново име со слично значење. Таков е континуитетот на жртвата, од човечка и крвна да премине во бестелесна и бескрвна.

Паганско – христијанската симбиоза е особено претставена во религиозно – легендарните песни. Постоењето на човечка жртва постои во култот на богот Тројан, која подоцна е заменета со животинска и била принесувана на св. Ѓорѓи. Потоа, оваа жртва се јадела на трпеза со голема веселба, во чиишто траги постои јадењето како религиозен чин, односно јадењето на тотемот преку кој се здобивале со божественото. Ова наликува на митската гозба, кога божеството се јаде, тоа го обновува и спасува светот, особено т.н. *ѿеизмофорски божесѿва кои ѿаѿувааѿ ѿо свеѿоѿ и внесувааѿ ред, кулѿура и благососѿојба.* (Шкрињариќ 2004:308) Реликти од таквата функција постојат во религиозно – поетскиот фолклор кога улогата на теизмофорските божества ја преземаат светците: *- Хај ѓиди мили сфеѿи Ѓорѓија. / Излеѓла ми је силнана ламја; / секи ден јадиѿ и' една девојка, / реѿ ми је дошол на мене, сироѿа!* (Шапкарев, 11)

Транспонирањето од крвна во бескрвна жртва може да се согледа во континуитет на народната песна со библиски мотиви и обредните песни. Песните со старозаветни мотиви ја содржат доброволната и родителската жртва којашто се сметала за најдрагоцена. Доброволната жртва претставува жртвување на сопственото дете – првенче. Овој ритуал имал профилактичка цел, земјата која била натопена со чиста и света човечка крв осигурувала плодородие. Со жртвувањето на сопственото дете, родителската жртва претставува еден вид себежртвување за да може да ја поттикне земјата - родителка својот пород да му го понуди на човекот. Ова себежртвување на родителот претставува и своевидно распарчување на божеството за да може подоцна тоа да ја овозможи обновата и благосостојбата

на светот. Во религиозно - легендарната песна *Аврамова жертва,* најдобро е претставен преминот на човечката жртва во животинска: *Ми донесол два црни овна анѓел божи / И велит на Аврама гостољупца: / „Опули се што имат зад тебе.“ / Тоѓа Аврама се опули, / Тоѓа виде до два црни овна. / Анѓел божии пак говори: / „Нејќит господ човека жертва / Тук заколи два црни овна.“* (Миладиновци, 29) Во оваа песна се препознава христијанската матрица којашто индиректно ја сугерира идејата дека претхристијанскиот паганскиот бог ја сакал токму крвта на човечката жртва. Чинот на паганско - христијанскиот синкретизам се среќава во мотивите за св. Горѓи и убивањето на ламјата како митолошко суштество. Овој мотив ја синтетизира борбата меѓу христијанството и паганството, истовремено и транспонирањето на човечката жртва во животинска и бескрвна. Во чинот на жртвувањето се согледува и моментот на иницијација преку процесот на голтање на жртвата и нејзино повраќање: *На сура ламиа по клето срце. / Нели избаљвљ триста и шеесет моми, / Што ´и поголтнала на таја година, . . .*

Трансцендентноста на човечката жртва се наѕира под митолошките наслојки на иницијациските мотиви: *Сура ламја мршоједна; / На стопаност сечеа таин да дават / На ден по една малка мома.* Преминот од човечка крвна жртва во бескрвна се насетува преку палењето на свеќите и темјанот, кој со неговиот мирис го намамува божеството да се сожали над човековата судбина: *Ела опа, брате, веруваше / Господа Иисуса Христоса, / Емен свеќи она на скришно палеше, / Метании биеше и се крстеше, . . .* (Миладиновци, 31) Во поетиката на народниот фолклор најчесто е присутна трансформацијата на човечката жртва во жртва супститут. Симболиката на човечкото тело е на сликовит начин предадена во обредните песни, особено свадбарските: *Донесите му бела погача, / да не ќе лудо ми легнит, / болаки младо да заспијат! – / Му донесоа бела погача; / пак немат лудо да легнит, / ишч `нема младо за заспијат.* (Шапкарев, 144)

Белата погача ја заменила човечката жртва под влијание на монотеистичките верувања. Основната функција на колачот е да обезбеди плодност и здравје. Формата на погачата е кругот кој се поврзува со сонцето, а неговите придружни симболи со кружна форма се: прстен, невестински венец, јаболко ја затвораат цикличноста на животот. Од тие причини свадбената торта во нашите современи услови претставува принесување жртва на боговите. Истовремено, таа претставува симбол на небесните сопружници, симбол на младоженци, симбол на среќа, брачен живот. Крвта што ја обезбедува сигурноста и заштитата од несреќи се транспонирала преку симболиката на црвеното вино.

Жртвувањето на коњот бил древноиндиски обичај кој се жртвувал по смртта на господарот: *Најзначајниот и најпознат ведски ритуал е „жртвувањето на коњот„, ашвамедха. Тој ритуал можел да го изврши само победнички крал, кој на тој начин се здобивал со достоинството на „Сеопшт владетел“. Но, резултатите од жртвувањето имале одраз на целото кралство; имено, се сметало дека ашвамедха ги чисти сите нечистотии и обезбедува плодност и напредок на целата земја.* (Елијаде 2005:184) Во нашата народна традиција го имаме присуството на тоа влијание, особено во циклусот песни за Крале Марко, кој

пред смртта го убива својот коњ за да не им падне во рацете на Османлиите. Овде коњот ја има кралската функција и претставува негова замена. Во овој процес на супституција може да се согледа поранешното жртвување на маж или на оној кој го изведувал ритуалот. Семантичките елементи на коњот постојат во неговото изедначување со космосот, а неговото жртвување го репродуцира чинот на создавањето. Цикличниот процес, заокружувањето на еден период од животот е вкоренето во плетењето на венецот. Венецот, во себе го носи тој синкретизам, ритуално дејство на еден обичен човечки живот.

Супститутот од човечката жртва се актуелизира во бескрвна жртва – свеќата и темјанот. Свеќата ја доловува семантиката на телото и таа е последната жртва што се принесува пред олтарот – иконата: *Аљ' не гледаш вода к'де носам, / вода носам пчејница ше ја варам; / восок топам, сфешча ше ја паљам!* (Шапкарев, 106) Мирисот што го привлекува божеството и ја овозможува хармонијата е присутно во темјанот. Во нашата народна библија темјанот го симболизира чадот на испечената животинска или човечка жртва. Темјанот ја овозможува врската меѓу двата света, но и ја покажува нивната дистинкција, нивната одвоеност.

Жртвата постои како архетип на несвесно колективното во феноменот на нашето постоење и ја дава смислата на битисувањето. Нашите дарови продолжуваат да се редат покрај олтарот на светците во различни форми: масла, крпи, цвеќиња и свеќи.! Тоа е дарот, правзорот на нашиот живот наречен жртва, кој е упатен кон длабочините и височините на постоечкиот пантеон!

Користена литература:

1. **Vasiljev, Spasoje:***Slovenska mitologija,* Srbobran, 1928.
2. **Елијаде, Мирча:** *Свето и профано,* Книжевна заедница Новог Сада, 1986.
3. **Елијаде, Мирча:** *Аспекти на митот,* Скопје, Култура, 1992.
4. **Елијаде, Мирча:** *Историја на верувањата и на религиските идеи.* Том I, Скопје**,** Табернакул, 2005.
5. **Катин-Николовски С., Златески, П**.: *Библиски речник,* Скопје, Македонска искра, 1997.
6. **Лафазановска – Стојановиќ, Л.:** *Танатолошкиот правзор на животот: феноменот на жртвување во македонската народна книжевност,* Скопје, Институт за фолклор „Марко Цепенков", 1996.
7. **Leže, L:** *Slovenska mitologija,* Beograd, 1904.
8. **Мелетински, Е. М.:** *Поетика на митот,* Скопје, Табернакул, 2002.
9. **Миладиновци:** *Зборник на народни песни,* Скопје, Македонска книга, 1983.
10. **Pavlović, M.:** *Poetika žrtvenog obreda,* Beograd, Nolit, 1987.
11. **Попова, Ф.:** *Зборот – збор отворат,* Скопје, Евро култ 2000, 2002.
12. **Саздов, Т.:** *Историја на македонската книжевност,* Скопје, Детска радост, 1997.
13. **Фројд, С.:** *Тотем и табу,* Скопје, ТНИД Ѓурѓа, 2006.
14. **Чаусидис, Н.:** *Митските слики на Јужните Словени,* Скопје, Мисла, 1976.
15. **Шапкарев, А.К. :** *Избрани дела,* Том I Скопје, Мисла, 1976.
16. **Шкрињариќ-Анастасова, Н.:** *Словенски пантеон,* Скопје, Менора, 2004.

Стево ПАВЛОВСКИ

ФЕНОМЕНОТ НА ПЦОВКИ И ВУЛГАРНИ ЗБОРОВИ ВО ДРАМСКИОТ ДИСКУРС НА ДЕЈАН ДУКОВСКИ

Пцовките, вулгаризмите и останатите непристојни зборови, според употребата во секојдневниот говор, се тема што доволно не го привлекува интересот на лингвистите и другите истражувачи, но тоа не значи дека за нив не се пишува. Од таа причина ова истражување ќе се занимава со пцовките и вулгаризмите присутни во драмското писмо на еден од најголемите и нарепрезентативните македонски драматичари, Дејан Дуковски. Целата на истражувањето не претставува посебно и детално анализирање на овој вид зборови и фрази во драмите на Дуковски, туку еден обопштен приказ на јазичниот израз на ликовите од машки и женски пол.

Во досегашните објавени теоретски трудови се елаборирани различни дефиниции за пцовките. Според Павел Пилих пцовката е говорен чин што секогаш е вклучена во комуникациската ситуација. Тој чин, најчесто е израз на вербална агресија што може (но, не мора) да биде насочена кон некого или кон нешто. Пцовката, најчесто се смета како непристоен дел во комуникацијата, бидејќи користи вулгарни и непристојни зборови, напади и навредувања. Понекогаш пцовката претставува остар, груб и хиперболизиран израз, претерана метафоричка ознака чијашто главна улога е да се намалат нечии вредности. (Pilich 2011).

Пцовките најчесто се изговараат како резултат на некоја фрустрација, гнев, омраза или желба на човекот да се опушти, но може да биде и ознака за припадност кон некоја социјална група, лошо образование и воспитување. За разлика од минатото, пцовките и вулгаризмите кои денес се употребуваат во говорот се со висок степен на емоционален набој. Пцовките потекнуваат од разговорниот јазик и тие претходно биле третирани како феномен карактеристичен само за економско подредените, маргинални групи на луѓе. Во периодот од втората половина на XX, пцовките не се повеќе карактеристични само за маргинално-социјални групации, тука тие веќе исклучително стануваат распространети во жаргонот, како и во секојдневната комуникација.

Според Стана Ристиќ, пцовките се стереотипни изрази со едноставна синтаксичка структура, со непристојни зборови во основата, чијашто вулгарна содржина е експлицитно или прикриено реализирана, во зависност од различните социолингвистички и психолонгвистички фактори на комуникацијата. Говорителот ги употребува пцовките со цел да изрази одредена комуникациска навика (што претежно е лоша), став или емоции (пред сè агресивни) кон соговорникот во контекст на тоа за што зборува. (Ristić., 20210)

Функциите на пцовките можат да бидат различни, како што се: изразување фрустрација, реакцијата на шок, манифестацијата на агресија итн.

Според психологот Ричард Стивенс пцуењето понекогаш може да ни дозволи да зборуваме за табу теми, како што се сексот и религијата, за кои во поинакви услови би ни било непријатно да разговараме. Со помош на пцуење, пишува споменатиот автор, емоциите се „проветруваат“, така што олеснувањето се чувствува веднаш по ваквиот изговорен збор.

Во контекст на претходното психологот Гордана Јурижан констатира дека пцуењето на психолошко ниво ослободува непријатни емоции и го олеснува справувањето со физичката или менталната болка, лутина и фрустрација. (Kostić)

Психологот Тамара Гроздановска, истакнува дека според лингвистот Стивен Пинкер луѓето пцујат на пет основни начини: описно, кога пцовките се именки, глаголи или придавки; идиоматично, кога пцовките се користат во неформална средина како дел од заедничка фраза или израз; навредливо, кога се обидувате да навредите некој; категорично, кога користите лош јазик за да нагласите некоја цел и катарзично, кога ќе си го удрите прстот од ногата или кога ќе добиете казна за паркинг. (Гроздановска, 2018).

Употребата на пцовките од културолошки и етнолошки апсект, пишува Стана Ристиќ се смета како карактеристика на балканската култура, бидејќи носители на дејството и неговата проектирана симболика главно се мажите и машкиот полов орган. Многуте метафори во пцовките се креирани од машка перспектива, од што може да се зборува за андроцентричност на пцовките. Оттука се продуцира и насилната компонента на истите. (Ristić 2010:203)

Во современото општење, како резултат на јазичната норма се врши замена на пцовките, непристојните и погрдните зборови со еуфемизми. Именно, еуфемизмот може да се дефинираат како нетабуизирани јазично средство со кое се заменува табуизираното јазично средство за да се посочи на ист реален елемент (*Ме боли ѓенисоѿ; Ме боли машкиоѿ ѓолов орѓан; Ме боли онаа работа.*) Оттука можеме да заклучиме дека употребата на еуфемизмите во говорот, но и нивната употреба во книжевните текстови се јавуваат како еден вид автоцензура, т.е. чувство на срам поради употреба на табуто.

Употребата на вулгаризмите во секојдневната комуникација е честа појава во нашето современо општество. Овој вид на емотивен и експресивен говор е карактеристика на луѓето од различна возраст и од двата пола, што најчесто се манифестира во вид на пцовки што се употребуваат како средство за исфрлување на фрустрациите, за изразување

агресија или како реакција на доживеан шок. (**Miholek 2020**)

Истражувачите на овој вид лексика, констатираат дека вулгарноста може да се однесува на изрази со сексуална конотација, безобразност, навредлив сленг и сè друго што се смета за несоодветно во општеството.

Вулгаризмите можеме да ги дефинираме како непристојни изрази во говорот и јазикот. Имено, за разлика од пцовката којашто има поголема цел и секогаш се упатува со одредена причина, функцијата на вулгаризмот е замена на некој збор, поим или појава со опсцен или прост збор. Оваа дистинкција е многу важна бидејќи пцовката често може да има подлабоко, преносно значење, додека вулгаризмот го задржува своето чисто иконографско обележје.

***

Во книжевниот дискурс, како и во секојдневниот говор, пцујат ликовите и од гратските и од селските средини, од женскиот и машкиот пол, а посебно се инвентивни пцовките од младинскиот урбан жаргон. Пцовките во книжевниот дискурс најмногу се јавуваат како резултат на незадоволство и бес од условите за живеење, неповолни настани и ситуации, лични пропусти и грешки. Забележливи се и примерите кога пцовките имаат функција да се понижи соговорникот, да се одвои, дистанцира или пак да се создаде и зголеми омразата кон него.

Според Јелена Лужина, вулгарниот јазик во нашите театри е одлика на т.н. нова европска драма. Театарскиот тренд, кој како своевиден „насилнички мејнстрим“ успеал да ги маркира театарските сцени во текот на 90-тите години, ја наметна драматургијата што во недостиг на „попаметна“ квалификација, критичарите и театролозите ја нарекоа драматургија на крв, сперма и пот, односно, на сите видови телесни излачувања.

Јелена Лужина, името на Дејан Дуковски, непосредно го поврзува со афирмација на театарскиот тренд наречен нова европска драма. Во однос на последново, истата авторка констатира дека праизведбата на драмата „Буре барут“ е одиграна во Скопје на 15 октомври 1994 година, што значи дека, несомнено им претходи на текстовите на Сара Кејн и Марк Рејвенхил, кои своите праизведби ќе ги доживеат неколку месеци по скопскиот голем успех на Дуковски. Со други зборови, според Лужина, оваа груба („насилничка“) драма на еден млад (и трендовски) македонски писател со подоцнежно блескаво европско реноме, радикално, ќе го најави таканаречениот новоевропски драмски/ театарски тренд. (Лужина2004:13)

Според многумина еминентни драмски истражувачи, таканаречената нова европска драма, а оттука директно и драмата на Дејан Дуковски, главно ја определуваат две еднакво важни детерминанти: експлицитна *грубост-суровост* и нејзината *профитабилност,* бидејќи овој тренед успеал да ја возбуди, вознемири, но и да ја привлече театарската публика. Директно и грубо, така што решително ја реализира својата основна намера, да ги шокира и вознемири своите гледачи, тероризирајќи ги со бесмислени и безначајни приказни преземени од вистинскиот живот, главно преземени од црните хроники од весниците.(Лужина 2003:106)

Присуството на пцовки и вулгарни

зборови во драмите: *Изгубените Германци или лов на пеперутки, Утерус, Прзен град, Другата страна, Дракула, Маме му ебам кој прв почна или голема брзина на стоење (Параноја), Буре барут, Балканот не е мртов или магија еделвајс, Џиност и седумтте џуџиња, Силјан штркот шанца, Последниот балкански вампир и Балканска 3а/II,* покрај другото, придонесуваат драмските приказни постепено да се менуваат во сурови сцени на безразложено и немотивирано насилство, студен секс и истурање на физиолошките течности.

Според структурата и ситуациите на употреба, се изделуваат следниве типови пцовки и вулгарни зборови: Пцовки со глаголот заебава/ебе; Пцовки со редукација на глагол; Пцовки со други непристојни зборови; Замена на непристојни зборови (Да јадеш гомна, Да ти се посерам на...Да ти се посерам на устата); Инвективи-навредливи зборови: Ти си/тој е: гомно сељачко, курво, сотоно, ѓубре, глупак, слепец еден, олош, бараба, стока, будало, крадец; навреди-да ме бациш во газ; Монолошки пцовки.

Во анализата на дванаесетте драми на Дејан Дуковски ќе посветиме внимание само на пцовките со глаголот заебава/ебе, пцовки со други непристојни зборови како и на инвективните, т.е. навредливите зборови. Во контекст на инвективите ќе ги наведеме и опсените-безобразните зборови што ги забележуваме во говорот на ликовите.

Изгубени Германци или лов на пеперутки

Приказната што се случува за време на Втората светска војна кружи околу шест протагонисти-антагонисти, сите со непосредна врска и потекло од окупаторската страна. Петмина се Германци (Адолф, Бенџамин, Ото, Кристијан и Марија Лили Марлен Дитрих) и еден Италијанец (Винченцо).

Пцовки со глаголот се заебава/ебе: Мене ме заебава. Гледаш дека ме заебава. Нè заебава. Се заебава со нас. Стварно е заебано. Италија си еба мајката. Ебеш политика. Еби се, Кристијан. Еби се, едноставно.

Пцовки со други непристојни зборови: Дали сте нормални, пизда ви материна. Ма пизда ви материна. Пизда ви материна на сите! Носете се у пизду материну! Тито, пизда ти материна! У пизду материну. Пизда ти материна. Кој курац? Кој курац правите овде? Курац копаме. Ма курац копаат. Кој курац они дискутираат. Од кај кур знам каде е! Од кај кур знам што бегаат внатре! Кој ти е курац тебе? Ма дај, кој ти е курац? Не знам кој ви е курац.

Навредливи/опсцени зборови: Џукела. Џукела бандитска. Џукела партизанска. Џукела комунистичка. Сионистичко-комунистичка џукела. Џукелистички еден. Џукелистички. Porca puttana-свето гомно. Дебил. Малоумен наци-дебил. Националсоцијалистички дебил. Идиот. Свиња нацистичка. Свиња плавокрвно садонацистичка, малоумно свињолистички, свињолистички, свиња нацистичка, свињолистички животни; Издрогиран, ретардиран, националмалоумен, малоумен; Декадентно левоанархистички надувани педречиња. Се дере како ненормален! Како малоумен! Како ретардиран комунистички дебил! Како ненормален, малоумен, ретардиран, комунистички дебил! Курац. Има курац.

Ут̄ерус

Насловена како Утерус со целата симболика што ја носи името, оваа драма донесува приказна на шест ликови (Чарли, Мр. Бед, MR. Good, MR. Monkey Man, MR. Boy и Бејб) коишто се слични со другите ликови на Дуковски.

Пцовки со глаголот се заебава/ебе: Еби ме. Више туцај, мање пуцај. Начукам. Бапнам. Тогаш бапни, начукај ми го. Ќе ти го бапнам. Мислам, боље да ти го бапнам.Who the fuck you think you are? Да ти го бапнам начукам одма да не се расправаме? Боље да ти го начукам. Мене сакаш само да ми го бапнеш. Јеби га. Ги заебав. Како ги заеба?

Пцовки со други непристојни зборови А, да попушиш? Жими кур разбираш. За кој курац пренесувам торби? За кој курац сум добар?

Навредливи/опсцени зборови: Курац. Курац по курац, курац. Сперма, ерекција, сереш, ми се дига, силувана.

Во оваа драма подеднакво пцујат ликовите и од машки и од женски пол.

Празен гр̄ад

Во драмата Дуковски се обидува да го прикаже односот на двајцата браќа Ѓоре и Геро кои во воени околности, се борат на различна страна, во некоја неименувана земја и неименуван град без жители. Преку духовитиот дијалог, исполнет со многу пцовки Дуковски ја открива целата бесмислена моќ на последиците од големите светски стратегии.

Пцовки со глаголот се заебава/ебе: Судбина, ебате. Ебате судбина. Од цела ебана војска, мене ме најде. Мама ми се ебе. Месечинава ме ебе во мозок. Заеби ја месечината. Да му ебам матер. Тешко тебе да те зебе човек. Секое ебено сабајле. Свириш без слух секое ебено сабајле. Ама тебе една работа те ебе цел во живот. Се заеба што дојде. Ќе ебевме Јапанки. Ебев. Тоа ме ебе. Ебате будалата, ебате. Ме дупиш, а? Знаеш едно мочање, пола ебење. Да си го бапнеме? Ме дупиш? Кој го ебе. Да ти ебем војната. Да ти ебам. Немој да ме заебаваш, молим те.

Пцовки со други непристојни зборови: Ич кур да не те боли за мене. Ич кур не ме боли за тебе. Жими кур сум наивен. Мислиш само со кур и стомак. Ич кур да не те боли, што ќе ми е. Кај кур ќе најдам динамит? Кај кур школо? Жими кур сум бил во театар. Што Марија кур кондоми? Кој кур, наши ваши.

Навредливи/опсцени зборови: Зебан играч си. Ко идиот бев, ме зеба. Курва. Најобична курва. Курва е! Девица ли е, курва ли е? Каква курождерка. Не сум педер. Дркаш? Дркам. Идиот. Заебан модел

Другата страна

ТРИКИ: Ја ќе кажам на пример, пизда ти матер или некоја друга пцовка, а ти треба да погодиш што мислам, на пример, те сакам... Разбираш, да разговараме со пцуење. Ебем ти матер.

Во драмата има вкупно четири ликови, од кои два се од машки пол (Лаки и Трики) и два од женски пол (Мала и Лили). Од спроведената анализа можеме да заклучиме дека во оваа драма, пцовки и вулгарни зборови подеднакво користат ликовите и од двата пола.

Пцовки со глаголот се заебава/ебе: После ебење нема каење? Да ти ебам животот.. Да ти ебам жените. Не се заебавај со мене. Тоа ме ебе. Ебем ти матер. Ебате трикот. Се заебаваш со Трики. Ебеш му матер. Купи спреј да те ебам. Еби се. Ќе ме ебеш? Да ти ебам градот, да ти ебам. По мирис, ебате бељата. Гадно ме заеба. Го ебеш Лаки. Сите сакаш да нѐ ебеш? Ти не еби. Да ти ебам живите да ти ебам. Да ти ебам матер, да ти ебам. Ти не се заебаваш? Ме ебеш да ти ебам будалата. Умре голубот, да му ебам мајката. Да ти ебам градот. Го знаеш оној, си ебел педер? Лили, ебем му матер. Ебеш му матер, Лаки.

Пцовки со непристојни зборови: У пизду материну. И пизду материну сум. Пизда ти матер. Пизда ми матер. Жими кур, ја сакам. Жими кур мое. Кој ти е курац човеку? Кој ми е курац? Накурчен е малку. А и кој курац бара во Америка? Пуши курац. Мислиш со кур, не со глава. Не го држи курот и главата на исто место. Можеш жими кур. Да ми пушиш кур.

Навредливи/опсцени зборови: Да те боцнам да те пушти. Кога лаже и расте курот. Курва е курва. Секоја курва сака да биде девица. Хомосексуалец сум. Не сум педер. Идиот. Педерчино глупа. Разговаравме што ве нема со курвата. Секс до смрт. Те удри курот по чело. Курот ме влече кон предели, далечини, кои морам да ги изодам. Не сум витез што умира за честа на пичката во двобој. Дркаш. Покажи ми цицка. Да ти ја бацам цицката. Срање. Сите жени се курви. Кој е поголема курва? Накурчен. Попизден. Не пипкај мечка у пичка. Курва мајка. Татко педер. Имате муда и толку.

Дракула

Вкупен број ликови во драмата која ја тертира темата за различноста е дванаесет, од кои седум машки (Дракула, Ван Хелсинг, Џонатан Хакер, Реинфилд, Артур, Џон и Морис) и пет женски (Луси, Мина и три вампирки).

Пцовки со глаголот се заебава/ебе: Нешто ми ја ебе главата константно. Ебеш. Земи и еби ме цела ноќ. Да те ебам ја. Да те ебе цел свет. Да те ебам редум. Не се ебете по ќошиња. Fuck me gentlamens. Прво да ги ебам, после да ги убијам. Да ги ебам на спиење.

Пцовки со непристојни зборови: За курово здравје. Ни за кур не си вреден. Под кур ми се скри. На мајка ти у кревет.

Имам потреба да им го начукам. Пичка ти материна. Пичка ти материна тебе.

Навредливи/опсцени зборови: /

Во оваа драма вулгарната лексика повеќе е карактеристична за машките ликови.

Маме му ебам кој ӣрв ӣочна или ѓолема брзина на сӣоење (Параноја)

Низ седумте кругови на драмата (именувани како „Смисла“, „Радост“, „Вера“, „Љубов“, „Надеж“, „Чест“ и „Грев“), дефилираат десет машки (Инкасаторот, Кловнот, Д-р Фалус, Младиот, Непознатиот, Константин, Свекорот, Третиот, Црна Арапина, Шејтанот,) и шест женски ликови (Бежанија, Балерината,Иконија, Лулу, Анѓа и Сестрата).

Пцовки со глаголот се заебава/ебе: Ја ебав мајката. Поеба сѐ живо. Со мене најде да се заебаваш? Мама си се ебал. Еби го до смрт. Дојдов да ебам малку матер овде. Само ме заебавате, а? Мајку ви ебам. Ќе те ебам.

Пцовки со непристојни зборови: Некаде у пизду материну, на патот за у курац. Пички мајчини. Дај да ти го ставам малку. Пичка ми мајчина.

Навредливи/опсцени зборови: Пичка, кур. Јас сум чесна курва. Јас сум една комплексна курва. Заебани работи. Ме боли вагина.

Балерината изговара само една пцовка. Сите останати пцовки и вулгарни зборови ги изговараат машките ликови.

Буре барӣ
Кирил: Само ӣцуеш. Кажи нешӣо убаво....
Кирил: Па шӣо ѓо ӣцуеш?
Мане: Може ме ӣцуе и ӣој мене. Од каде да знам.

Наспроти машките осуманесет ликови (Анѓеле, Димитрија, Свето, Благоја, Ацо, Симон, Андреја, Човек, Ѓорѓи, Гекла, Ѓоре, Топук, Борис, Полицаец, Кирил, Мане, Џими, Коста), се женските четири ликови (Ана, Жената, Светле и Евдокија). Од спроведената анализа можеме да констатираме дека пцовките и вулгарните зборови се својствени само за ликовите од машкиот пол.

Пцовки со глаголот се заебава/ебе: Да ѝ ебам мамата. Да му ебам мамата. Мама ми еба. Ебам ретко, ама лошо. Ја дупев.Кој ја ебе Ана. Да му ебам матер. Да му ебеш матер. Да ти ебам луѓето. Овде ни се еба мамата. Мама ни ебаа. Да ти ебам народот да ти ебам. Да ти ебам рецките. Да ти го бапне Топук со топуков. Како слушна да му ебам мајката? Не се заебавај со Борис. Да ти ебам цигарите. Ти се еба мајката од мене. Ми се ебе некое стегнато пичуле. Да ти ебам слободата без ќошиња. Да им ебам мајката на сите. Да ти ебам ножето. Да ти ебам бејзболот. Да ја ебам малку сестра ти, а? Да ти ебам сѐ по список да ти ебам. Да ти ебам светлото, да ти ебам. Да ти ебам ж‘тата. Да ти ебам црнците да ти ебам.

Пцовки со непристојни зборови: Бегаш како пичка.Удри на гас, кур те боли. Од вакви преку кур. Го боли кур. Жими кур ќе ме чекаш. Некаде у пичку материну. Секој петок кур да јадам. Пичка ти материна. Ми скурчи ѝ одгризав уво. Ме боли кур што сакаш, што не сакаш. Па кој кур бараш во Аргентина. Џими, пичка ти материна. Да ме отераш во мајчина.

Навредливи/опсцени зборови: Пее како педер. Јадеш гомна. Ти заради јадење гомна стигна овде. Копиле набиено со хормони. Има курви во Аргентина. Има пички кај нас?

Балканот не е мртов или магија еделвајс

Актерот: Нема да ви правиме зорт со оној досаден турски караѓоз! Нема да пцуеме и певаме!

Дуковски го користи сижето од познатиот драмски текст „Македонска крвава свадба“, ги презема ликовите и основните драмски судири, но истовремено создава и нова драмска приказна во која ни го прикажува светот во кој дејствуваат тринаесет машки (Осман, Спасе, Расим, Дуко, Валијата, Кемал Ататурк, Икономо, Ефтим, Трајан, Ристо, Христо, Богдан) и седум женски ликови (Цвета, Крстана, Петкана, Елени Каринте, Едис, Лолита и Благуна). Сите пцовки и навредливи зборови ги изговараат машките ликови, посебно ликот Осман. Цвета и Пепкана изговараат само по еден опсцен збор.

Пцовки со глаголот се заебава/ебе: Што го ебам. Малку ли мама ни ебавте, сега и ќерките. Ќе и се ебе мамата на турската империја. Дајте ми ја или ќе ви ебам мајката. Ми се ебе. Еби. Ќе ви ебе мамата рускиот цар. Ќе му ебеме мајката на Осман.

Пцовки со непристојни зборови: Пичка ти мајчина, Икономо! Пичка ти мајчина, султане. Пичка му мајчина на султанот. Жими кур сум бил.

Навредливи/опсцени зборови: Тука си курво. Облакај се ороспијо. Ороспија, кокона. Курот во чело ме мава кога ќе ја видам. Со големи курци. Газо‘ е за уживање.

Џиноt и седумте џуџиња

Во оваа драма не забележуваме присуство на пцовки и вулгарна лексика.

Силјан шткот шанца

Во драмата дејствуваат осум машки (Силјан, Божин, Велчо, Еснафот, Духовникот, Клајк, Пијаницата, Трпе) и три женски ликови (Евда, Силјаница, Клајковица).

Во говорот на ликовите од двата пола не детектиравме присуство на пцовки. Ликот Божин изговара следниве навредливи зборови: будала и ајван.

Последниот балкански вампир

Клучниот проблем во оваа драма е односот помеѓу индивидуата и општеството, помеѓу единката и колективот. Последниот балкански вампир се обидува да си го сочува и одбрани достоинството како човек, како индивидуа, како свесно суштество исправено против репресивниот механизам. Во драмата се воочени пет ликови, од кои чртири машки (Кртот вампир, Курта-главен воперџија, Малиот-помошен воперџија, берберот Тасе) и еден женски лик (Кртовица-жена вампирова).

Пцовки со глаголот се заебава/ебе: Марш да ве нема, ебем ви матер.Ќе го фатиме некој ден, ќе го ебеме. Да го ебеме сите! Ебати вампирот. Какви јарци, какви рогови ебем ти матер! Да ти ебам мајката!

Пцовки со непристојни зборови: Место да ми го опне онака машки, уште ништо. Ѓубре едно вампирско, импотентно и курнаско! На што ти личам јас, пизда ли ти материна?

Навредливи/опсцени зборови: Гомно пасивно, курназот, мутаво копиле, курви развратни, педери, кретени, мадиња, муда, издупени, манијаци, ебат, куре, ватродупачи, ѓубре, срање.

Од наведеното можеме да констатираме дека вулгарната лексика и пцовките се употребуваат од страна на ликовите од двата пола. Имено, сите пцовки со непристојни зборови и две пцовки со глаголот ебе/заебава ги изговара Кртовица.

Балканска 3 а/2

Драмата „Балканска 3а/2“ е црна комедија во која недостатокот на човечност во човекот е нормална појава, а човековата отуѓеност од современиот свет е секојдневие. Во говорот на четирите ликови (3 машки Потстанарот, Илија и Арслан) и (1 женски Мирна) нема присуство на пцовки. Единствено ги изделуваме следниве вулгарни зборови: ороспија, курва, пичкица, куриња, лајна, дупев и мрднат.

***

Пцовките и вулгаризмите не се задолжителен дел од разговорниот стил, но најчесто се појавуваат во него. Тие припаѓаат на сферата на емотивниот и експресивниот говор. Освен во разговорниот стил, тие се појавуваат во литературни и уметнички текстови со цел да се изврши стилизирање и вербално карактеризирање на ликовите.

Од примерите на анлизираните драми воочивме дека овој вид лексика која се забележува во говорот на ликовите, се состои од зборови кои се однесуваат на половите односи и на половите органи на луѓето. Исто така, од наведените примери можеме да констатираме дека е евидентна разликата меѓу пцовките и непристојните зборови. Имено, непристојните зборови како лексички единици, како ознаки ги имаат сексуалните или екскреторните активности и органи кои учествуваат во нив.

Примарната функција на пцовките е да се пласира агресија кон соговорникот, додека користењето на непристојните/вулгарни зборови е да се постигне ефект на навреда која се реализира со директно именување/поврзување на соговорникот со погрдните зборови. Носители на навредите не се само непристојните зборови (пичка, кур) туки и погрдните зборови, називите за општествените групи или поединци (битанга, стока, идиот, мрднат), како и зборовите од сферата на сексуалноста што означуваат професионални групи (макро, проститутка/курва, педер/хомосексуалец).

Имено, од спроведена анализа можеме да констатираме дека во сите дванаесет драми машките ролји се побројни, поактивни, поагресивни, драматуршки поразвиени и поинтересни за толкување, за разлика од женските ролји.

Сумирајќи ги најважните резултати до кои дојдов, при проучување на односите меѓу машкиот и женскиот пол од аспект на употребата на пцовките и вулгарните зборови во јазичниот израз, ќе констатирам дека машката привилегија директно ја наметнува својата волја, отворено ја покажува својата моќ и авторитет, како и желбата да се биде официјален и супериорен пол. Во овој контекст ќе се повикам и на ставовите на Симон де Бовоар, која вели дека и самата жена, признава во целина дека светот е машки. Мажите го обликувале, владеат со него и денес сè уште доминираат со него. Што се однесува до неа, таа не е инфериорна, зависна; таа не добила лекции од насилство, никогаш не се појавила како субјект наспроти членовите на заедницата. (Бовоар 1989:412).

Скоро во сите драми најбројни се пцовките со глаголот ебе/заебава. Од приложеното е евидентно дека една иста пцовка може да се јави во различни варијанти што во својата основа го содржи зборот ебе. Во групата пцовки со непристојни зборови спаѓаат оние коишто во својата структура го инкорпорираат култот кон мајката. Најзастапена е пцовката *Да ти ја ебам мајката*. Како варијантна пцовка се среќава и пцовката: *Пичка ти материна*, *Пизда ти материна.* Како други случаи се среќаваат следниве пцовки: *Иди во курац, Пуши кур, Ме боли кур.* Највисока фрекфентност имаат следниве навредливи (непристојни) зборови: ебе, кур пичка, гомно, газ,

дупе, а најдоминатен од нив е глаголот ебе.

Од наведеното можеме да констатираме дека пцовките имаат повеќе недостатоци отколку придобивки. Ако пцуењето е насочено кон друго лице, тоа е чин на напад, навреда и ја влошува врската помеѓу лицата. Потоа, пцуењето се толкува како слабост, неможноста да се надмине стресната ситуација на посоодветен начин. И на крајот, лицето коешто користи пцовки може да се класифицира како вулгарно.

БИБЛИОГРАФИЈА

Де Бовоар, Симон. *Вториот пол*. Прев. Маргатита Маленковска. Том II. Скопје: Наша книга, 1989.

Дуковски, Дејан. Драми. Избор, приредување и редакција Јелена Лужина. Скопје: Култура, 2012.

Гроздановски, Тамара. Психологијата позади нашите пцовки–и како правилно да пцуеме на различни начини. https://www.fakulteti.mk/news/29072018/psihologijata-pozadi-nashite-pcovki---i-kako-pravilno-da-pcueme-na-razlichni-jazici (16. 2.2021)

Kostić, Branislava. „Zašto psujemo?“ https://www.elle.rs/lifestyle/elle-zivot/11302-zasto-psujemo.html (преземено на 10.1.2021)

Лужина, Јелена. „Театарот како шлаканица“ во *ММЕ...:антологија нановата европска драма.* Прireди. Јелена Лужина. Преведувач Срѓан Јанаќиевиќ и др. Скопје: Магор, 2004.

Лужина, Јелена. *Театралика, пак.* Скопје: Магор, 2003.

Лужина, Јелена. „Балканска еретика на љубовта“. *Блесок.* бр. 25, март-април, 2002.

Miholek, Vladimir. „Psovke, vulgarizmi i riječi rugalice đurđevečkoga kajkavskoga govora“. *Podravski zbornik,* No. 46, 2020.https://hrcak.srce.hr/246402 (25.1.2021)

Pilich, Pavel. Psovka u hrvatskom i češkome jeziku. Brno:Masarykova univerzita v Brne, Filozoficka fakulta, Ustav slavistiky, 2011.

Stana Ristić. „Diskurs psovki u srpskom jeziku“, *Diskurs i diskursi*, ur. Vera Vasić, Filozofski fakultet, Novi Sad, 2010, 197https://dais.sanu.ac.rs/bitstream/handle/123456789/2008/ristic.diskurs.psovki.pdf?sequence=1&isAllowed=y (преземено на 2.3.2021)

https://sr.wikipedia.org/srec/%D0%92%D1%83%D0%BB%D0%B3%D0%

B0%D1%80%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D0%BC

Сузана МИЦЕВА

СТИХ УЛОВЕН ВО ОД

Кон поетската збирка „Усменија“ од Мариета Дукиќ

Прозата сообраќа со некој: од другата страна постои некој друг.
Песната е предизвик: од другата страна сум јас, среќен или понижен.
Ален Боске

Од другата страна на поезијата на Мариета Дукиќ, стојат читатели вознемирени од некои признаци од детството, бледи сенки што им минуваат низ главата кога не ги очекуваат. Во нејзините песни има предизвик, има сон и многу вистина, што понекогаш копнеењето во бунило го прави невозможно. Куси, збиени, полни со емоции, а честопати летаргични, стихови на бунтовност, но и на измирување и осамување.

И тоа веќе не ме опседнува,
провидноста стана непријатна за гледање.
Над свеќите тежи лик на осаменик...

Поезијата токму тоа и треба да биде - есенција што ќе го зачини животот, ќе ги разбуричка емоциите на читателот, а понекогаш дури и некои негови гледишта, ќе го замисли, ќе го задоволи, озловоли... Дукиќ има осет за песната, знае кога ѝ е доста. Некои нејзини стихувања се толку кратки, како да се кажани низ воздишка, куса констатација, запечатување на некоја душевна состојба. Тие честопати наликуваат на песните од нашата најстара меморија, темите се рурални а пејзажите планински, што ви се чини дека оживуваат некои доживеани слики, дури наликуваат на исечоци од елегии, распрснати илузии. Тоа се песни со сопствен фон, тивок, пригушен глас ве следи додека ги читате, шушка нешто во позадина небаре некој ги повторува по вас. Опиплив е пулсот на поетесата во голем дел од збирката, ви чука под прстите - но слаб, како пред умирање, а човек пред да згасне ја има и најголемата сила.

Ќе се видиме повторно на заминување
додека умираме како звук на нечујни камбани.

Земни се нашите тропоти врз засиданите стравови
вкопани во крвотокот на кобното страдање.

Песните од книгата со „Усменија“ се токму такви какви што ни навестува насловот. Стихови што се кажуваат наизуст, што остануваат во потсвеста и понекогаш им се навраќаме како на свои усни забелешки, болки што се кажуваат во кодови, а нивното разобличување е за секого индивидуално, лично расчленување на тагата и споделената несреќа.

Спијам струполена врз земјени води
одземајќи го скиселеното во набабрените теготби.
И не е лесно да дишеш додека ти тежи сето небо,
како крст над кој пишуваш нова религија.

Песните на Дукиќ сами за себе се вера и ерес. Контрадикторни и совршено разбирливи во своите спротивставености. Како и кај човекот, емоциите во стиховите се вибрирачки, а низ нејзиното пеење длабоко се уверуваме дека душата е бесмртна и не само тоа, туку и со многу ликови и облици. Песните се лесни, сами се кажуваат, како да се родени во од, и така се пренесуваат, како усно наследство. Потем, секој читател на песната ѝ дава нова душа и таа поприма дел од неговата суштина, неговата есенција. А знаеме дека усните кажувања биле првиот начин на литературен израз на човекот. Во недостиг на писмо, тие се пренесувале усно, народната меморија била тој архив што ги чувал уметничките изблици од заборав, но и од изумирање. Денеска, кога живееме опкружени со книги, кога уметноста и литературата воопшто ни се на дофат, на само еден „клик“, ние повторно бараме во нашата меморија и во мигови на длабока тага и на силна радост, но и некаде помеѓу овие две екстреми, буричкаме низ сеќавањата и кажуваме некој стих што им приличи на нашите расположенија. А една од насилните слики што во овој стиховен текст ги визуелизира Дукиќ е токму смртноста во која сама се нуди како објект – тело за уметничка инсталација. Смртта во нејзините песни е етерична, речиси копнеж, некаква цел...

Јас од минатиот век стареам како баба ми
без страв од смртта,
ги преклопувам рацете да не гледам ужаси,
спијам на памучен чаршаф од чеизот

Така вели поетесата, а ние гледаме отворен прозорец, лесно перденце се лулее на колешинскиот ветер, таа е испружена на некој тросед и гледа кон небото. Додека да дојде смртта, лесно ги чита душите што лебдат наоколу слободно... Овој текст, овојпат срочен во стих, има исклучителна проникливост и верувам дека ќе успее да се поврзе и да поврзе многу читателски души.

Снежана СТОЈЧЕВСКА

КОН ПОЕТСКАТА КНИГА „ГОЛЕМАТА ПРЕГРАТКА“

ОД ПАВЛИНА АТАНАСОВА

„Големата прегратка“ на Павлина Атанасова во издание на издавачката куќа ПНВ, е таква поетска книга по каква копнееме ние вљубениците во поезијата. Уште од првата прочитана песна, од првиот стих почувствував пеперутки во стомакот и желба да истражам повеќе за оваа млада авторка којашто, своето деби го има токму со оваа книга. Ѝ пристапив на книгата со возбуда, но и со неизвесност дали авторката успеала да го одржи нивото на квалитет низ целата книга во однос на песните што беа претставени на еден веб-портал. Тоа што го доживеав како поетско искуство низ оваа книга е чиста поетска радост и конекција. Вакво препознавање, преклопување и кликнување е реткост и токму затоа е бесценето. Атанасова со својата поезија ме обви во голема прегратка. Тоа е искрена, исконска, интензивна прегратка што ќе остане врежана во моето поетско битие засекогаш. Токму поради тоа, чувствувам потреба да дадам свој личен осврт кон оваа книга, како би ја возвратила прегратката што со толкава радост ја примив.

На првото читање може да се забележи дуалната природа на поезијата на Атанасова. Од една страна, таа е лесно приемчива, питка и едноставна, но ако малку повеќе навлезете и се задлабочите во неа ќе видите колку всушност е длабока, многуслојна и повеќе димензионална. Поетскиот јазик е нежен, лиричен и светол, но пишува со длабочина на некој кој ја погледнал темнината в очи. Самите термини светлина и темнина се често спомнувани во книгата, исто како и зборот снег кој е симбол за чистота, светлина, како и зборот душа како симбол за конекција со другиот свет, но и зборот дрво како симбол на животот. Во Песната посветена и инспирирна од поетот Песоа вели: *Сите бои се во очите, а, сепак, очите се очи. Темнината – темнина, светлината – светлина. А, сепак, зад светлината – темнина, зад темнината – светлина. Да се отвори прозорецот, или да се сонува отворањето на прозорецот. Да се сонува отворањето на прозорецот или да се сонува што би имало зад него? Да се сонува, тоа е важно. Сè е тука и некаде. Тука и некаде е сè.* Ако треба да ја опишам со боја, тогаш за мене поезијата на Атанасова е бела. Многу интересен е фактот што поетесата Јулијана Величковска, која воедно

е и издавач на оваа книга, поезијата на Атанасова ја споредува со синатa боја и го препознава синилото и водениот принцип насекаде низ поезијата. Оттука се наметнува мислењето дека оваа поезија, како е секоја квалитетна поезија, е огледало во кое се огледуваме ние самите. Јас ја пепознавам белината, Величковска синилото, некој трет можеби би видел некоја трета боја или пак виножито, бидејќи *Сите бои се во очите.* Но, не секоја поезија може да биде наше огледало, во некоја ќе се огледаме и нема воопшто да се видиме.

Формата е прецизна и стегната, нема вишок зборови, ниту пак непотребно се расплинува. Авторката во ниеден момент не је губи поетската концетрација. Нивото на квалитет што го поставува на почетокот на книгата го држи до крај. Книгата не е поделена на циклуси, но тоа не пречи, бидејќи претставува една целина.

Тоа што најмногу ме привлекува е филозофската и духовна димензија, но и хуманизмот и семејниот принцип во оваа поетска книга. Духовноста е сеприсутна, но не толку монашко аскетски во христијанска смисла, туку повеќе во духот на зен будизмот и источните религии. Ова се забележува не само во содржината на песните, туку и во самата форма и конструкција на песните. Ова може да се илустрира со песната без наслов за мајката што дои: *Една мајка дои дете. Детето се поддава кон птиците со трошки во рацете. Птиците одлетуваат.* Токму кратките песни ми се најфасцинантни. Во нив има рафинирана и кондензирана поетска мисла. Атанасова со малку зборови успева да каже многу, да наслика поетска слика (како во песната за мајката што дои), па дури и цела филмска сцена да прикаже во неколку стиха како што тоа го прави во песната Мртва природа: *Кога веќе сè беше спакувано и куферите стоеја до влезот, го погледнав, за последен пат, домот што го напуштавме. Остана само она што не можевме да го понесеме со нас – кружна масивна маса со цвеќе од дворот, едно пресечено јаболко, чаша вода, сеќавање на смртноста.* Сликовитоста или визуелноста е она што плени и преку кое поезијата се гравира во поетската свест на читателот. Песната што ќе ја видиме никогаш не ја забораваме. Поезијата на Атанасова е налик на бонсаи дрвце коешто не се сади в центарот, туку настрана, но расте криво и крошната повторно доаѓа во центарот и така постанува *точката во која се среќаваат небото и земјата, чинејќи ја така свето место.*

Една од најзначајните карактеристики на оваа поезија е интертекстуалноста, не само во книжевна смисла, туку на ниво на уметноста воопшто. Оттука може да се каже дека поезијата со „Големата прегратка“, Атанасова ни подарува тајна мапа на богатства која треба да ја одгатнеме и откриеме за да може да ја осознаеме повеќеслојната димензија на оваа поезија. Потребно е да имаме предзнаења, но и да истражуваме, од приказната за ќерките на Лот во Библијата, преку грчкиот мит за Ниоба, филмовите на Тарковски, песните на Џон Ленон, поезијата на Џон Китс, Песоа, Селан и тн.

Сите три карактеристики што ги издвоив, зен будизнмот во формата и стилот на изразување, сликовитоста и интертекстуалноста се испреплетуваат и истакнуваат во “Песната на морето” посветена на пијанистот Глен Гулд; *За да ја*


чуеш песната на морето, најди го звукот на реките понорници.

„Големата прегратка“ за мене е ковчеже со скриено богатство. На секое отворање ќе најдете некој нов бесценет стих што останал скриен при претходните читања. Нешто што првично не сте го забележале, ќе ви покаже и ќе ви отвори нови доживувања. Затоа може да се каже дека ова е книга што може да се чита безброј пати. За вакви поетски доживувања вреди да се живее, затоа што прават полесно да е поднослива реалноста со која сме опкружени секојдневно, давајќи и смисла на бесмислата.

АТРтитектура

Добрата уметност, добрата музика, животот и вечната промена никогаш не умираат!

Ѓорѓи П. Панов


Григорій Пецановичъ
Kiro URDIN
NIČE
Марјан Пецев-Зилов
Б.КОЧАЛИЕВ
Гощков
VANČO H.
А. ГЕЛЕВ
Панче Горгиев.
КОСТУРАНОВ
Risto
100
ГОДИНИ
СТРУМИЧКА
ЛИКОВНА
УМЕТНОСТ

Никола ПИЈАНМАНОВ

СТО ГОДИНИ ТВОРЕЧКА САМОТИЈА

Пред да си го поставам прашањето дали во еден град, едно место, ограничен простор, може во континуитет да функционира ликовната уметност без прекини и отсечки, морав да си го поставам и прашањето: зошто се твори, зошто се прават слики, скулптури, цртежи, графики, се реализираат изложби и се посветува голем дел од животот во ателјето, во галериите, бдеејќи пред секоја црта, линија, дамка од боја, како дежурни чувари на естетскиот живот во едно место, а притоа добар дел од тие творци се заборавени, скриени, поттурнати на маргините од светот, неконсултирани за ниедна одлука, чин, дејствие, културно одлучување... Вреди ли да се посвети целиот живот на уметноста, ако со неа не можеме да го промениме светот? Не само светот, не можеме да го промениме и најмалото место и опкружување во кое сме родени и во кое постоиме. Луѓето околу нас. Не! Но, вреди нешто друго, поголемо и позначајно од сè. Нешто пред кое сите можат само да останат во тивко созерцание.

Самите уметници се промениле себеси додека ги твореле своите дела и додека бдееле во ателјеата, самите уметници станале големи луѓе, длабоки, суштински, карпа луѓе, темели на кои ќе се изгради невидливата зграда на цивилизацијата! Ја слушате ли тишината на оние кои не се меѓу нас?

Не, тоа не е штама, молк, не е празнина. Слушнете колку е долга и полна таа тишина, колку е полна со слики и сеќавања. Сакам да се осврнам на оние творци со жесток творечки нагон, волшебници на колоритот во светот на сивилото, кои по наша вина двапати ја доживеале сопствената смрт. Едната физичка и неодминлива, а другата-заборавот на нивните дела. Соочувањето со првата е голема човечка трагедија. Втората смрт е голема цивилизациска трагедија. Колку ремек- дела се разградуваат по заборавените канцеларии на градските идржавните институции?! Во современиот свет се создаваат уметнички дела од рециклиран депониски отпаден материјал, а овде се случува обратниот процес. Врвните уметнички дела ние ги рециклираме во (депо) ниски материјал. Какво проклетство нè опфатило, да ослепиме пред убавината?! Можеби затоа таа сè поретко се појавува во форма, стравувајќи да излезе од сонот на творецот за да не биде заборавена во јавето. Отсекогаш сум се чудел на способноста на нашиот народ да сочува толку многу непотребни и бесмислени предмети во своите визби и подруми, а толку лесно да ги отфрли на буништето на заборавот - уметничките дела оставени од своите предци.

Кога ќе видите рамка направена за да ја разубави сликата, бидете сигурни дека тоа не е само обична декорација за украсување на ѕидовите. Рамката на сликата е одбрана на внатрешниот уметнички свет од надворешниот. Оној надворешен кој сака сè што се родило внатре да го исфрли нанадвор, кон апсурдот на постоењето. Тоа е тврдината со којашто се брани оазата на сликарот. Патот на уметникот е аскетски, духовен пат. Само правецот на движењето може дабиде различен. Целта е секогаш надземна, натсветовна, иако само навидум основната цел на уметничкото дело е да го украси и разубави светот. Мораме да знаеме, еднаш засекогаш, дека големите уметнички творби се патокази на човечката потрага по Вечноста, Вистината, Нераспадливоста и Трајноста. Затоа и жртвата што секој голем уметник ја прави е откажување од удобноста и конформизмот на овој свет. Бдеење со факелот на Прометеј. Оттаму и тој благослов на уметникот да го рефлектира (некогаш нејасно - како во огледало, некогаш бистро - како око) совршенството на Трајноста и Вечноста во своите дела.

„Мора конечно да се разбере и признае законот на постоењето според кој, човекот во својот ограничен и релативен земен живот ја создава убавината само ако верува во друг-бескраен, апсолутен и бесмртен живот", запиша Николај Берѓаев. Големата моќ на уметникот е да ги осмисли нештата кои во секојдневието станале неподнослива баналност, а во неговите дела - непроценлива скапоценост.

Денес го славиме отворањето на новата Градска галерија во центарот на градот Струмица, со надеж дека таа ќе стане вистински храм на уметноста. Храм, бидејќи како што во храмот постои правило на совршеност и непроменливост во принципите на чистотата и убавината, така и во галеријата ние сме обврзани да го сочуваме естетскиот критериум на творечката искреност и перфекција. Тука, во овој простор мора да владее апсолутна хармонија на визуелната творечка кристализација. Но, како ќе ја спознаеме новата уметност, без да ги препознаеме делата на нашите предци? Онака, како што археологијата ги откопува предметите на праисторијата, назакопаните цивилизации, ќе успееме ли да ги откриеме под прашината делата на нашите големи сликари?! Можеме ли да ги одделиме, издвоиме, селектираме од секојдневните дреболии и предмети кои толку евтино се продаваат на тезгата на потрошувачкиот свет?

Уметноста е безвремена, беспросторна река што тече од почетокот на светот до крајот на времето. Изворот на таа река е срцето на човекот. Сите ние сме само минливи

набљудувачи на течението на таа река. Од праисториските дланки во пештерите, до сликите на уметниците во денешните галерии. Истиот крик, радост, тага, трага, печат, восхит, бол, мечтаење, вистина, живот и смрт. Вечнеење. Самоспознание.

Таа вечна потреба на човекот да остави трага за себе во песокот на времето, во тишината на просторот.

И јас бев тука. И ние видовме.

Ars Longa Vita Brevis. Уметноста е вечна, животот е краток.

Никола Пијанманов, август 2021 год.

Софија и Горан
ТРЕНЧОВСКИ

НОВИ МОТИВАЦИИ, ДВИЖЕЊА И ПАТЕКИ



-Еден пандемиски преглед на „Астерфест“-

Фестивалот на краток филм „Астерфест“ последните изданија ги одржа во вонредни услови, среде добата на ковид пандемијата, при што организаторите се соочија со предизвикот за преиспитување на можностите за адаптирање на манифестацијата во новонастанатите околности. Секако дека при таквата комбинирана и хибридна реализација достаточна база беа мултикинематичките пространства и кинематографските проблесоци што овој фестивал веќе ги

практикуваше не само во Струмица и Струмичко, туку и пошироко, во балканскиот и светскиот регион на филмски фестивали од ваков формат. Основан во 2005 година, кога во опкружението доминираа два етаблирани фестивала, битолскиот „Браќа Манаки“ и Скопскиот филмски фестивал, со целосно независни технички и креативни ресурси, струмичкиот „Астерфест“ го продолжи концептот со јасна определба за изодување на одисејата и во дури најнесовладливите времиња за егзистенција на културата и уметноста, во текот на 2020 и 2021 година.

Во меѓувреме, починаа двајца лауреати на признанието „Астер“ за високи достигнувања во филмот. Едниот беше филмскиот автор Борис Геретс (Boris Gerrets, 1948-2020), чијшто кинематички пристап „содржи силна перформативна компонента и во голема мера се потпира на неговото мултидисциплинарно искуство во визуелните уметности, танцот и театарот“[14]. Вториот лауреат што ненадејно нè напушти беше популарниот актер Данчо Чеврески (1951-2020), редок и суптилен „зограф на филмското актерство“.

Како најава пред јубилејната сезона, во меѓуфестивалскиот период, на 25 август 2019 година во Велика Британија ѝ беше врачена плакетата „Астер“ на авторката Ким Лонгиното (Kim Longinotto, 1952), којашто не можеше да ги сокрие радоста и задоволството за добиеното почесно признание. Лонгиното е британска режисерка на документарни филмови, добро позната по филмовите со кои се истакнуваат маките на жените - жртви на угнетување или дискриминација. Студирала камера и режија на Националната филмска и телевизиска школа во Биконсфилд - Англија, каде што сега повремено предава. Родена е од мајка Велшанка и татко Италијанец, кој бил фотограф. На 10-годишна возраст била пратена во строго училиште за девојчиња, каде не можела да се дружи со другите деца поради управителката којашто забранила некој да разговара со неа цело едно полугодие откако се изгубила за време на една екскурзија. По период на бездомност, се запишала на Универзитетот Есекс да студира англиска и европска литература, а подоцна, заедно со својот пријател и иден режисер Ник Броумфилд, на Националната филмска и телевизиска школа. Таа е режисерка на набљудувачки документарци. Нејзината ненаметливост што е важен дел од еден набљудувачки документарец, им дава на жените во филмот одреден глас и присуство што не се присутни во друг документарен жанр. Има добиено голем број награди за своите филмови во текот на годините, вклучувајќи ги и Флерти награда за документарни филмови од BAFTA (2000) за „Развод во ирански стил“ (“Divorce Iranian Style”), CICAE награда во Кан (2005) за „Сестри по закон“ (“Sisters in Law”), RAI награда за животно дело (2012), Camerimage награда за извонредни достигнувања во режирањето документарни филмови (2014), Sundance награда за режија за „Фаќач на соништа“ (“Dreamcatcher”), My Generation награда на Загребдокс (2015) и други. Има режирано дваесетина документарци, меѓу кои и „Љубовта е сè“ (“Love Is All”, 2014), што беше прикажан на XIV „Астерфест“ во нејзина чест.

Како своевиден омаж на „Астерфест“ беше подготвена и најавена спе-

14 *Ново и старо / New & Old: Каталог на X Интернационален фестивал на краток филм „Астерфест“ – 27-31 мај 2014, Струмица*, ТФА АФ, Струмица, 2014, 24.

цијална изложба и промоција на материјали од архивата на фестивалот во неколку светски филмски центри, а за истакнување е и традиционалната соработка на „Астерфест“ со Кинотеката на РС Македонија. На 28 февруари 2020 година, во скопската Кинотека беше прикажан избор на дел од наградените кусометражни филмови од XIV издание на „Астерфест“ одржан под мотото „Кратки резови“, а програмата беше составена од: рускиот краток игран филм „Егзодус 20“ (“Исход 20”) на Јана Недзветскаја (Яна Недзвецкая) кој доби „Старозлатен проектор“, австрискиот краток игран филм „Доверба“ (“Trust”) на Јулијана Нојхубер (Juliana Neuhuber) кој доби „Бронзена потковица“, британскиот краток документарец „Последната бура“ (“The Last Storm”) на Лајам Сент-Пјер (Liam Saint-Pierre) кој доби „Сребрена потковица“ и македонскиот краток анимиран филм „Кружно патување на монахот“ на Жарко Иванов кој доби „Златна потковица“.[15]

Јубилејното петнаесеттото издание на струмичкиот интернационален фестивал за краток филм „Астерфест“ кој перманентно е посветен на кусометражната филмска форма се одржа целосно онлајн, од 28 до 31 август 2020 година, со акцент на филмските содржини. Организаторите се одлучија за вакво видоизменето издание соочени со препреките што ги наметна пандемијата, но и заради запазување на континуитетот, со план за враќање на концептот со класичните проекции следната година. Мото на XV „Астерфест“ беше „Движења, патеки“. Иако тоа онлајн Астерфестовско издание беше сосема поразлично од претходните, продолжи мисијата кон изнаоѓање нови форми и начини на прикажување во глобалните кинематографски пространства. Селекцијата беше составена од 30-тина кратки филмови од разни страни на светот, но и од македонската продукција. Во натпреварувачката програма ги имавме добитникот на Оскар, звучни наслови и имиња од Европските филмски награди, БАФТА, Трибека, како и неколку врвни дебитантски дела. Ретроспективната програма опфаќаше дел од кратките филмови кои оставиле некаков белег на Фестивалот, а имаше и три дигитализирани кратки филма[16] од опусот на Бранко Гапо (1931-2008) првиот лауреат на „Астерфест“ во 2006 година.

На самиот почеток на Фестивалот имаше кратко обраќање на познатата шкотска режисерка Мораг Меккинон (Morag McKinnon). Нејзината видеопорака беше еден од највдахновените и најинспиративните говори, додека повеќето филмски настани беа одложувани, а речиси сиот свет беше во локдаун поради пандемијата. Меккинон ни прати надеж, сила и љубов и ни посака одличен фестивал.

МОРАГ МЕККИНОН: (...) Ми претставува големо задоволство што сум поканета да го претставам и да го поддржам ова прекрасно славење на филмот, во време кога тој ни треба повеќе од кога било досега. Знаете дека 2020 се пока-

15 На 27 септември 2020 година. во Кинотека на РС Македонија во Скопје со почеток во 21 часот беа прикажани наградените филмови од XV „Астерфест“. Во програмата на оваа филмска вечер беа вклучени пет кратки филмови: „Мари“, „Потеклото на човекот“, „Зомбија“, „Телефонско дежурство“ и „Еден од многуте“.

16 Во оф-програмата на онлајн изданието на „Астерфест“ беа прикажани следниве кратки документарци на Бранко Гапо: „Птиците доаѓаат“ (1956), „Граница“ (1962) и„ Проштавање“ (1964). Изјава на Владимир Ангелов: краток осврт кон кусометражните филмови на Гапо, 28 август 2020. <https://youtu.be/jMmy-Nn1bt8> пристапено на: 30.8.2021.

жа како многу предизвикувачка година. Многу им е тешко на голем број луѓе низ светот поради ограничените слободи, а понекогаш и поради неможноста да си ги видат саканите. Тие предизвици, кои се должат на коронавирусот и климатските промени, нè принудуваат да се најдеме во ситуација кога на животот гледаме поинаку и поставуваме прашања со нова итност. Верувам дека правењето филмови е, всушност, поставување прашања. Па, затоа и во ова време, најважно од кога било досега, е да се поставуваат прашања што имаат глобално значење. Што ако не ги ставиме климатските промени под контрола, што ќе мораме да станеме со цел да го смениме нашиот свет? Толку многу прашања што можеме и мораме да ги поставиме сега. Знаеме дека науката ни кажува дека нашата клима се менува, а ако продолжиме да создаваме притисок врз природата, може да следат уште пандемии. Па, што ќе правиме? Како луѓе, имаме потреба од приказни, филмови и уметност. Како што ни треба храна за јадење, мислам дека така ни треба и душевна храна за нашите внатрешни животи и нашата добросостојба. Филмовите отсекогаш биле душевна храна за мене, која ме храни на многу уникатен начин. За мене, Тарковски беше тој којшто ми ги отвори очите за тоа што може да биде киното, покажувајќи ми свет во кој природата е присутна и е дел од поетскиот крој на човечкото битие. Мислам дека сите нам ни треба тоа чувство на инспирација и врска што киното може да ја даде. Без разлика какви филмови сакате, сега како никогаш порано ни требаат приказни и филмови кои го одразуваат она што се случува внатре и надвор од нас. Нашиот свет во 2020 година поттикнува нови прашања. А прашањата што мене постојано ми се појавуваат се како ние, како индивидуи, да најдеме смисла во сето ова, а што е можеби уште поважно, како да се поврземе со планетава на која живееме, лично, културолошки и како општество. Мислам дека тоа е централното прашање на нашето време. Зашто ако не најдеме начин да воспоставиме вистинска врска со нашата планета, туку само ја гледаме како ресурс за искористување, тогаш го ризикуваме единственото нешто кое ни овозможило нам, луѓето, да напредуваме. Мислам дека филмовите ќе поставуваат нови, многу горливи прашања за врските меѓу самите нас, како луѓе, како народи, но исто така и за нашата врска со планетата. А токму филмовите зборуваат за нашата врска со природата, каква е и каква би можела да биде, што е од вистински интерес за мене. Па, како да ги раскажуваме важните приказни што треба да ги раскажеме за да преживееме? Не го знам одговорот, но тоа е нешто кое можеме заедно да го истражуваме, па мислам дека ќе можеме да добиеме интересни изненадувања. Се надевам дека ќе најдете многу инспиративни филмови на „Астерфест“, кои ќе бидат душевната храна што ни е потребна сите нам во овие тешки времиња. Ви посакувам сè најдобро на Фестивалот и многу би сакала да можев да бидам со вас. Се надевам дека еден ден, во некои посветли времиња, ќе можам да дојдам во Македонија и да гледам филмови со вас на „Астерфест“.

Со пригодна видеопорака се обрати и режисерот Пиро Милкани (Piro Milkani), легенда на балканскиот филм, кој е дваесет и петтиот лауреат на прес-

тижната награда „Астер“[17], за неговиот монументален филмски опус. Милкани е роден во 1939 година во Корча, студирал на ФАМУ во Прага, а потоа со години работел во Албанија каде што снимил голем број играни и десетици документарни и кратки филмови.Неговиот последен игран филм „Тагата на г-ѓа Шнајдерова“ (“Trishtimi i zonjës Shnajder”, 2008; корежија со неговиот син Ено) раскажува приказна за група пријатели коишто го снимале својот дипломски филм за фабрика за мотоцикли. Тоа е воедно и првата посериозна албанско-чешка копродукција.

ПИРО МИЛКАНИ: (...) Јас, да кажам право, има веќе шеесет години како работам во кинематографијата, и сигурно дека имам реализирано мноштво филмови - играни, документарни или хроники, а имам добиено и неколку награди. Една од најважните ми беше и наградата „Гратијас агит“ што ми ја додели Чешката Република, Министерството за надворешни работи, зашто јас таму имам студирано и, на некој начин, го имам промовирано угледот на чешката школа во странство. Но и македонската кинематографија ја познавам мошне добро. Уште во деведесеттите години бев во Венеција како актер во филмот „Ламерика“ (“Lamerica”) на Џани Амелио (Gianni Amelio), кој беше номиниран за „Златен лав“ на Венецискиот фестивал. Но, тогаш победи Милчо Манчевски со филмот „Пред дождот“, кој ѝ направи голема чест на македонската кинематографија. Мошне ми е жал што не можам да бидам присутен во Струмица, но за среќа пандемијата не може целосно да нè раздели. Преку оваа снимка ве поздравувам и ви посакувам сè најубаво, а пред сè на струмичкиот „Астерфест“ каде што се спојуваат сите филмаџии од целиот Балкан, му посакувам понатамошни изданија. И најпосле, би рекол дека мојот посебен однос со Македонија е таков што родителите на мојата сопруга потекнуваат од Битола. Така што, во дамнешни времиња имам слушано и македонски јазик. Разбирам македонски, но не можам да го зборувам беспрекорно. Токму затоа ви ја праќам оваа порака на чешки јазик и верувам дека ќе ме разберете. Ви благодарам многу и до видување до следната година!

Филмската програма на XV „Астерфест“ се емитуваше од 28 до 31 август онлајн секоја вечер со почеток од 19:30 часот. Пред кусометражните филмски блокови имаше кратки видеопораци од автори од САД, Мексико, Португалија, Русија, Велика Британија, Аргентина, Бугарија, Романија...[18] Јубилејното петнаесетто издание на „Астерфест“ симболично заврши со прикажувањето на петнаесетминутниот филм „Циркуски движења“ (“Circus Movements”) на Лу-

17 Сите досегашни „Астер“ лауреати се: Јан Качер (Jan Kačer), Пиро Милкани (Piro Milkani), Данчо Чеврески, Ким Лонгиното (Kim Longinotto), Џеки Шепард (Jackie Sheppard), Коле Ангеловски, Вајт Хелмер (Veit Helmer), Борис Каваца (Boris Cavazza), Киро Урдин, Боро Стјепановиќ (Boro Stjepanović), Љупка Џундева, Борис Геретс (Boris Gerrets), Карпо Година (Karpo Godina), Ларс Хенрик Гас (Lars Henrik Gass), Славко Штимац (Slavko Štimac), Владимир Блажевски, Тимоти Џон Бајфорд (Timothy John Byford), Салаетин Билал (Salaetin Bilal), Лајла Пакалнина (Laila Pakalniņa), Жарко Радиќ (Žarko Radić), Боро Драшковиќ (Boro Drašković), Мигел Ермосо (Miguel Hermoso), Рангел В'лчанов (Рангел Вълчанов), Лордан Зафрановиќ (Lordan Zafranović), Карољ Вичек (Vicsek Károly) и Бранко Гапо.

18 Покрај официјалната, во ретроспективната програма имаше и неколку впечатливи кусометражни остварувања од изминатите години на Фестивалот, меѓу кои и филмови на авторите Стефан Шашков и Јани Бојаџи, на авторките Билјана Гарванлиева, Ана-Марика Графманс (Anne-Marieke Graafmans), Тамара Суламанисе (Tamara Sulamanidze) и Хуанита Вилсон (Juanita Wilson), но и оние на тандемот Претсел–Мекдауел(Pretsell–McDowall), како и на Ено Милкани (Eno Milkani).

кас Бергер (Lukas Berger) и Марио Гаџо де Карваљо (Mario Gajo de Carvalho).[19] Интернационалното стручно жири кое одлучуваше за „Златната“, „Сребрената“ и „Бронзената потковица“ беше составено од филмологот Маријан Цуцуи (Marian Ţuţui, Букурешт), продуцентката Елени Чандриноу (Eleni Chandrinou, Брисел) и режисерот Горан Радовановиќ (Goran Radovanović, Белград) и донесе едногласна одлука: „Златна потковица“ за најдобар краток игран филм доби грчкиот „Мари“ (“Μαρία”) на Панајотис Краварис (Παναγιώτης Κράββαρης)[20]. Според жирито, тој филм маѓепсува со приказната за предрасудите и љубовта на прв поглед, едноставна и веродостојна, но којашто содржи извесен шарм и прилично изненадувачки крај. „Сребрена потковица“ за најдобар краток анимиран филм доби норвешко-шведскиот „Потеклото на човекот“ (“Origin of Man”) на Пјотр Сапегин (Pjotr Sapegin). Според жирито ова е прекрасно направен филм за меморијата и идентитетот преку навидум едноставна, но сепак длабока приказна. „Бронзена потковица“ за најдобар краток документарен филм доби белгиско-конгоанскиот (ДРК) „Зомбија“ (“Zombies”) на Балоџи (Baloji). Според жирито, уметникот во овој филм ни нуди критички поглед, не само на нашите односи со технологијата, туку и на политиката на целиот континент. Специјалната награда „Ацо Алексов“[21] му припадна на рускиот „Телефонско дежурство“ на Ленар Камалов за прикажување на изненадувачки емотивната слика за модерната војна, а специјалната награда „Ѓорги Абаџиев“[22] му припадна на хрватскиот „Еден од многуте“ (“Jedan od mnogih”) на Петра Злонога (Petra Zlonoga) за имагинативниот експериментален анимиран филм.[23]

Последното, шеснаесетто издание на Фестивалот за краток филм „Астерфест“ се одржа од 13 до 15 август оваа година во Амфитеатарот во Струмица, под мотото „Нови мотивации“. Во каталошката публикација е наведена важноста за авторското водење на креативната мотивација во кусометражната селек-

19 Меѓу другото, во рамките на програмата се одржа и зум онлајн дискусија под наслов „Краткиот филм како форма и суштина“, на која што земаа учество филмските работници Омар Абу ел Руб, Весела Данчева, Габор Пинтер, Александар Штиглиќ и др.

20 Ден по завршувањето на XVI „Астерфест“, на ТВ каналот ВИС во прајм-тајм беше емитуван минатогодишниот фестивалски победник, краткиот игран филм „Мари“.

21 Ацо Алексов (3.XI.1932 – 13.I.2005) е режисер од Струмица кој дипломирал актерство на Театарската академија во Белград. Тој е доајен на ТВ, филмската и театарската режија во Македонија. До своето пензионирање работи во Македонската телевизија (ТВ Скопје). Поважни режии на филмови му се „Премиера“ и „Бог да ги убие шпионите“, а ги режирал и ТВ-сериите „Волшебното самарче“, „Белото Циганче“, „Шути и рогати“, драмите „Парадоксот на Диоген“, „Грдиот Нарцис“, „Романса за обесениот“, „Крчмите“ и други играни проекти. Има напишано и неколку драми и сценарија, од кои повеќето самиот ги режирал. Една од нив е драмата „Гревови на љубовта“. Во Народниот театар „Антон Панов“ режирал 39 претстави. Честопати струмичките актери биле дел од неговите филмски проекти. Од 2010 г. на „Астерфест“ се доделува Награда за најдобар филмски автор што го носи името „Ацо Алексов“.

22 Покрај тоа што дојранчанецот Горги Абаџиев (7.10.1910-2.8.1963) е еминентен писател на разнородни книжевни трудови, тој е сценарист на долгометражниот игран филм „Мис Стон“ (1958, р.: Ж. Митровиќ) и е косценарист на ТВ-драмата „Пустина“ (1967, р.: Д. Наумовски). Негова е идејата за филмот „Република во пламен“ (1969, р.: Љ. Георгиевски), а според расказот „Табакерата“ е снимен истоименот краток игран филм (1972, р.: Д. Наумовски). Филмовите инспирирани од неговите дела беа темел на македонската кинематографија и имаат огромен придонес во развојот на играната продукција на Македонската телевизија (ТВ Скопје). Во неговата историска белетристика има мноштво пацифистички пораки, а неговото творештво е податливо за вредна екранизација и аудиовизуелно раслојување. Од 2012 година „Астерфест“ востанови уметничка награда од редот на фестивалските признанија, што го носи името на големиот Абаџиев.

23 Изјава на Маријан Цуцуи: прогласување на наградените, 31 август 2020.<https://youtu.be/aK6VuDBFCVM> пристапено на: 30.8.2021.

ција: „Потеклото и делото на авторот се идентификациски предуслов за лоцирање на неговата уникатна појава. Авторовата личност постојано создава нови мотивации што во процесот на градба/разградба на филмското дело значат иницијален мост кон визуелната уметност и естетиката на убавото. Мотивациските погледи се засновани врз начелото *ѓарс ѓро тото*, односно свртување на интересот врз мали парчиња што водат кон целината. Тоа е мошне важна одлика за филмското создавање, при што полето на објективот на камерата е одредено токму од мотивацискиот авторски пристап. Карактеризацијата на иконичкиот филмски знак укажува на тоа дека филмската слика треба да се третира како знак, а разложувањето на стварносните објекти дава можности на претставување во различни размери, времиња и простори.“



Јан Качер, лауреат на наградата „Астер“ за животно дело

Годинашен лауреат на наградата „Астер“ за животно дело беше Јан Качер (Jan Kačer). Качер (роден на 3 октомври 1936 година во Холице) е еден од најеминентните чешки и европски актери и режисери. Завршил режија на ДАМУ во Прага. Има играно и режирано во многу чешки театри, како и на сцените во Осло, Базел, Загреб итн. Инсценирал дела од Еврипид, Шекспир, Ибзен, Брехт, Чехов, Голдони, Горки, Гоголь, Вилијамс, Ростан, Ванчура, Незвал, Чапек и др. Меѓу другите, во неговата кариера мошне важна е соработката со претставникот на новиот чехословачки филмски бран, режисерот Евалд Шорм. Некои од антологиските актерски креации на Качер се улогите во: „Смртта се вика Енгелхен“ (“Smrt si říká Engelchen”) на Јан Кадар и Елмар Клос, „Секојдневна храброст“ (“Každý den odvahu”) на Евалд Шорм, „Долината на пчелите“ (“Údolí včel”) на Франтишек Влачил и многу други. Режисер е на долгометражниот „Јас сум

небо“ (“Jsem nebe”) и на повеќе ТВ-филмови. Мошне интересна е и една од последните негови ролји во краткиот филм „И(с)згубени“ (“Z(s)tracený”) на режисерот Антонио Вељаноски. Автор е на три книги и бил долгогодишен педагог.

На XVI „Астерфест“ во официјална интернационална конкуренција беа 24 кусометражни играни, документарни и анимирани филмови. На отворањето на Фестивалот, градоначалникот на Струмица Коста Јаневски му ја врачи наградата „Астер“ за животно дело на Пиро Милкани, кој го одржа минатогодишното ветување и од Тирана пристигна на сцената во Амфитеатарот во Струмица, пред големото филмско платно. П. Милкани пред аудиториумот го сподели задоволството за оддаденото признание и им се заблагодари на домаќините.

Веднаш потоа беа прикажани филмовите „Господата од Современа“ на Ана Алексовска, „Конструкт 42“ на Никола Ангелкоски и „И(с)згубени“ на Антонио Вељаноски, како и 7 документарни филмови од категоријата „Астердокс“: „Заборави ги дланките“ (“Давай забудем о ладонях”), „Мирот на нашата Богородица“ (“Mir naše Gospe”), „Навраќање“ (“The Throwback”), „Најдобриот град воопшто не е град“ (“The Best City is No City at All”), „Нема тело“ (“No Body”), „Светливо како злато, топливо како снег“ (“Glimmers Like Gold, Melts Like Snow”) и „Традиција“ (“Традиция”). Авторката Ана Алексовска со видеопорака од Белград ги поздрави гледачите, а аниматорот Никола Ангелкоски пред публиката зборуваше за неговото искуство со анимираниот филм. Како куриозитет на отворањето, најновиот „Астер“ лауреат Јан Качер имаше обраќање преку видеопорака што ни ја обезбеди Антонио Велјаноски од Прага.[24]

ЈАН КАЧЕР: (...) Видете, човек на постари години не се среќава често со пријатни изненадувања. Односно, повеќе се среќава со изненадувања што не му се баш пријатни. Веста за наградата ме зачуди и воопшто не сфаќам како сум ја заслужил таа чест. Таа вест ме направи многу радосен, затоа што работата со млади, кои почнуваат во светот на филмот и театарот, отсекогаш ме интересирала и сум уживал во неа. А уживав и во работата на филмот „И(с)згубени“. Секако беше интересна и работата со песот, иако никогаш не сум имал домашен миленик. Со госпоѓата Дурнова, со којашто играв во филмот, се знам скоро 60 години. Работата со неа беше многу пријатна и ме врати назад во младите години. И многу сум среќен што некаде далеку, каде што никогаш не сум бил, има луѓе што го гледале моето актерство. Ви благодарам за почитта и за наградата. (...)

Филмската програма продолжи на 14 август (сабота) од 20:30 часот, со проекција на филмовите од категоријата „Глобална фикција“: „Вдовицата Саверини“ (“The Saverini Widow”), „Долгото збогум“ (“The Long Goodbye”), „За една девојка“ (“About a Girl”), „Крајот на земјата“ (“Finis Terrae”), „Осигурен живот“ (“An Insured Life”), „Трансференција“ (“Transference”) и „Благодарам“ (“Faleminderit”). Третата компетитивна вечер, на 15 август (недела) од 20:30 часот, имаше проекција на филмовите од категоријата „Анимоушн“: „Матилда и резервната глава“ (“Matilda and the Spare Head”), „Минувачот“ (“The Passerby”), „Самотник“ (“Solitaire”), „Тој не може да живее без космосот“ (“Он

24 Ристо Тасев и Омер Џафери, „Во Струмица почна Фестивалот на краток филм ‘Астерфест’“, МИА, 14 август 2021. <https://mia.mk/vo-strumica-pochna-festivalot-za-kratok-film-asterfest/> пристапено на: 30.8.2021.

не может жить без космоса"), „Трона Пинаклс" ("Trona Pinnacles"), „Чичко Томас: водејќи сметки за деновите" ("Uncle Thomas: Accounting for the Days") и „Шергар" ("Shergar"). Последната вечер, како премиерно изненадување беше прикажан и „Влакна" на авторката Милена Виитман според сценарио што го потпишува заедно со Верица Недеска, двеминутен филм за „двајца пријатели и нивната борба за опстанок во џунглата на современата уметност". По завршетокот на филмскиот блок, во 22 часот, жирито составено од режисерите Ено Милкани, Панајотис Краварис и актерката Јулија Милкова ја соопшти својата едногласна одлука за наградите на XVI „Астерфест".

„Златна потковица" (Гран при)

– Најдобар краток игран филм – „Вдовицата Саверини" на Лоик Гајар (Loïc Gaillard, Франција)

Визуелно елегантно, придружено со реалистична глума, ја нурнува публиката во минатото и изнесува на виделина избори што мора да бидат направени во секојдневниот живот.

„Сребрена потковица"

– Најдобар краток документарен филм – „Најдобриот град воопшто не е град" на Кристоф Шварц (Christoph Schwartz, Австрија)

Естетски волшебно во секоја секвенца, таму каде што луѓето се борат за она што е најдобро: екологија, економија или религија.

„Бронзена потковица"

– Најдобар краток анимиран филм – „Минувачот" на Питер Кудизер (Pieter Coudyzer, Белгија)

Исклучителен начин на раскажување приказна и давање на знаење дека понекогаш судбината е неправедна. Пример што може да се раскаже само со користење на бои и уникатна анимациска техника.

Награда „Дацо Алексов" за најдобар автор

– „Мирот на нашата Богородица" на Владимир Перовиќ (Vladimir Perović, Црна Гора)

Прекрасно снимено, со неверојатен звучен дизајн, прикажувајќи многу повеќе од животот на црквата. Психолошка студија за модерниот туризам, којашто е целосно дигитализирана.

Наѓрада „Ѓорѓи Ѓаџиев“ за најдобро сценарио

– „Тој не може да живее без космосот“ на Константин Бронзит (Русија)

Одлично сценарио за анимација, но со многу чувство на љубов кон идниот човек, чиишто избори во животот понекогаш тешко можат да се разберат и проголтаат.[25]

*

* *

На најновиот „Астерфест“ триумфираше кусометражна фикција според антологискиот расказ „Една крвна одмазда“ (“Une vendetta”, 1883) на Ги де Мопасан (Guy de Maupassant). „Бонифачо, 1883, на крајниот југ на Корзика. Вдовицата на покојниот Саверини живее во изолирана куќа близу карпите, со својот син единец Антоан и своето куче. Во текот на денот им помага на жените коишто се пораѓаат во градот. Една ноќ, нејзиниот син е убиен во тепачка. Убиецот бега во Сардинија. Светот ѝ се распаѓа...“ Филмот „Вдовицата Саверини“ на Лоик Гајар е исклучителен аудиовизуелен продукт кој истовремено кореспондира со минатото и сегашноста.

Битисувањето во ерата на современите технолошки предизвици беше мотивација што „Астерфест“ го водеше и во овие вонредни, кризни години за целото човештво и за целата наша планета. Со тоа повторно се покажува неоспорна премисата за нескршливоста и опстанокот на филмската уметност, која во многу нешта е понапред од сите други видови уметности.

Глобалните текови и движења се извесни, а уште поизвесни се патеките на тивериополскиот „Астерфест“, со нови и чисти мотивации пред балканскиот филмски крстопат.

25 Наградените филмови од „Астерфест“ беа прикажани на XI Balkan Film Food Festival во Пограделц, Албанија, од 1 до 5 септтември 2021 година.

Извори:

1. Веб-сајт на Фестивалот на краток филм „Астерфест“. <https://www.asterfest.com/> пристапено на: 30.8.2021.
2. *Движења, патеки / Moves. Paths: Каталог на XIV Интернационален фестивал на краток филм „Астерфест“ – 28-31 август 2020, Струмица*, Револутион, Скопје, 2020.
3. Изјава на Јан Качер (Jan Kačer), 13 август 2021. <https://youtu.be/ia1ztuB-myg> пристапено на: 30.8.2021.
4. Изјава на Мораг Меккинон (Morag McKinnon), 28 август 2020. <https://youtu.be/Tf1xpnEX0g8> пристапено на: 30.8.2021.
5. Изјава на Пиро Милкани (Piro Milkani), 28 август 2020. <https://youtu.be/5ulnrjJA_SU> пристапено на: 30.8.2021.
6. „Изложба и промоција на материјали од архивата на ‘Астерфест’ во неколку светски филмски центри“, *Република*, 20 февруари 2019. <https://republika.mk/vesti/kultura/izlozba-i-promocija-na-materijali-od-arhivata-na-asterfest-vo-nekolku-svetski-filmski-centri/> пристапено на: 30.8.2021.
7. „Кинематографските проблесоци во Струмичко: трудови поднесени на истоимениот симпозиум одржан во Струмица“, *Киноѕис*, бр. 39/40(21), 2010, 12-58.
8. *Кратки резови / Short Cuts: Каталог на XIV Интернационален фестивал на краток филм „Астерфест“ – 26-29 јули 2019, Струмица,* Револутион, Скопје, 2019.
9. Мицева, Сузана, „Златна потковица за ‘Вдовицата Саверини’ на Лоик Гајар од Франција“, *Телевизија ВИС*, 15 август 2021. <https://www.kanalvis.com/zlatna-potkovica-za-vdovicata-saverini-na-loik-gajar-od-francija/> пристапено на: 30.8.2021.
10. Н. И. Т., „Чешкиот актер Јан Качер, лауреат на наградата за животно дело „Астер“, *Вечер*, бр. 17691/LVIII, 12 август, 2021, 16.
11. *Нови мотивации / New Motivations: Каталог на XIV Фестивал на краток филм „Астерфест“ – 13-15 август 2021, Струмица*, Револутион, Скопје, 2021.
12. „Нови мотивации за кратката филмска форма“, *Културен печат*, бр. 93, 14-15 август 2021, стр. 14.
13. „По шеснаесетти пат ‘Астерфест’“, *Лик / Нова Македонија*, бр. 25298/LXXVI, 11 август 2021, 13.
14. „Соопштени наградите на 16. ‘Астерфест’“, *Југоинфо*, 15 август 2021. <https://jugoinfo.mk/soopshteni-nagradite-na-16-asterfest/> пристапено на: 30.8.2021.
15. Тренчовски, Горан, *Парс про тото: студија за кратkиот филм и други текстови*, Улис, Скопје, 2008.
16. Тренчовска, Софија, „Зограф на филмското актерство“, *Премин,* бр. 139-140/XIX, 2019, 65-67.

Доставените материјали треба да бидат до еден печатарски табак, односно 11 страници печатен текст со кирилична поддршка во Times New Roman, фонт 11. Материјалите се доставуваат по е-пошта. Ракописите не се хонорираат.

ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

Издавач:

Друштво за наука, литература, култура и уметност

„Иван Василевски“ - Струмица

Адреса

Списание за наука, литература, култура и уметност „Зенит“
ул. „Стив Наумов“ бр.40 Струмица

Е-адреса

zenitspisanie@gmail.com
Тел: 071/245-155

Трансакциска сметка

Халкбанка: 270-0729532401-07

Компјутерска и графичка подготовка

Боро Рунчев

Печати

Европа 92, Кочани

Тираж

300

ВЕЗИЛКА

Везилке, кажи како да се роди
проста и строга македонска песна
од ова срце што со себе води
разговор ноќен во тревога бесна?

- Два конца парај од срцето, драги,
едниот црн е, а другиот црвен,
едниот буди морничави таги,
другиот копнеж и светол и стрвен.

Па со нив вези еднолична низа,
песна од копнеж и песна од мака,
ко јас што везам на ленена риза
ракав за бела невестинска рака.

Судбинско нешто се плело за века
од двете нишки, два созвучни збора,
едната буди темница што штрека,
другата буди вкрвавена зора.

2.

Везилке, крени наведена лика,
погледај небо во претпладне златно:
се шари таму и чудесна блика
твојата везба на синото платно.

За тебе нема ни вечерен запад,
ти - морно око на трепетна срна.
Две бои таму ти горат и капат,
две шарки твои - црвена и црна.

Зар не се плашиш од јаркоста нивна,
и најмил спомен дека ќе ти згасат?
Зошто се губиш, ти строга, ти дивна,
дните ти минат, прокоби се гласат.

- И најмил спомен што в душа ми блеска
се гаси од нив ко цвеќе без боја.
Но ти што ловиш звук на чудна песна,
ти си ја кажа судбината своја.

ISSN 2671-3217